ФЈОДОР М. ДОСТОЈЕВСКИ

БЕДНИ ЉУЂЕ

ДВОЈНИК

ФЈОДОР М. ДОСТОЕВСКИ

БЕДНИ ЉУЂЕ
ДВОЈНИК

Наслов на оригиналот

Ф. М. ДОСТОЕВСКИЙ
БЕДНЫЕ ЛЮДИ ДВОЙНИК

Превеле од руски
СИМОН ДРАКУЛ
СПИРО НАКЕВ

Лектура и коректура
ЛИЗА БАРСОВА
ЕЛИСАВЕТА БЕЖАНОВСКА

Ликовно обликување
ВОЈА МИЛИЌ

Уредувачки одбор
ВАСКО АНАСТАСОВ
СЛАВКО ЈАНЕВСКИ, претседател
БОЖИН ПАВЛОВСКИ
БРАНКО ПЕНДОВСКИ
ДУШКО ЦРВЕНКОВСКИ

Печат
Графички завод
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Скопје

Ф. М. ДОСТОЕВСКИ

БЕДНИ ЛУЃЕ
ДВОЈНИК

МИСЛА
МАКЕДОНСКА КНИГА
НАША КНИГА
КУЛТУРА
1980

ДОСТОЕВСКИ И НЕГОВОТО ДЕЛО

Излишно е да се подвлекува фактот за непрестајната актуелност и длабокото универзално значење на творештвото на Достоевски. Цел еден век по појавата на неговите крупни романсиерски дела, естетичари и филозофи, психолози и медицинари, социолози, книжевни критичари и историчари, теолози и футуролози посегнуваат по неговите таинствени зборови и пророштва, ги испитуваат неизодливите лавиринти и тајни на човековата психа со кои е исполнето неговото творештво, подзастануваат пред гомарните метафизички распони низ кои тој го поставува централниот егзистенцијален проблем на човекот: како да се прифати и оправда животот на постхристијанската цивилизација? Има ли животот воопшто некаква смисла? Каде се неговите вистински вредности? Во што се состои вистинскиот напредок на човештвото?

ДЕТИНСТВО И МЛАДОСТ

Предодреденоста која во романите на Достоевски игра толку значајна улога и во неговиот живот како да се потскажува со еднаква законитост. Фјодор Михајлович Достоевски е роден на 30 октомври 1821 година во една болница за бедни, во Москва, на улица Божедомка, каде што татко му повеќе години бил главен лекар. Биографот забележува: „Во оваа болница (наречена Мариинска, поради милосрдната закрила што им ја давала на најбедните жени на Москва – заб. наша) ги прибираа само најбедните, тешко болни жени. Покрај нив растеше малиот Достоевски стекнувајќи ги своите први претстави за животот. Во вечерните часови додека татко им ги средуваше болничките листи, синовите Михаил и Фјодор покрај него читаа и ги подготвуваа своите лекции. Тие не можеа да не знаат за страдањата, немаштијата и бедата на тие луѓе што ги срекаваа во болничката градина, каде што одеа да играат. Фјодор имаше обичај да стапува во разговор со болните – на тој начин во него рано се разви интересирање за луѓето бедни и пропаднати, притиснати од животот . . .*“ Впрочем, крајот во кој се наоѓала Мариинската болница бил еден од најзапоставените во сета Москва. Исполнет со милосрдни домови, сомнителни прибежишта и мрачни крчми, низ неговите улици сновеле луѓето од дното на животот: ситни занаетчии и трговци, селани што бараат работа, крадци, питачи и проститутки. Идниот свет на јарките светло-темни контрасти помеѓу непресметливите богатства и бедата, на расчекорите и апсурдите на животот што ги доведуваат малите жители на големиот град до беспомошност и очај, преплашените Голјаткини и амбициозните Раскољникови се веќе тука покрај него, во најраните години на неговото не многу радосно детинство окружено од сивите големоградски видици низ кои дефилира грдата беда, страдањето, несфатливите разлики помеѓу луѓето.

Достоевски како дете живее во семејни околности не особено поволни и хармонични. Пренагласената чувствителност на младиот Достоевски, која толку често се истакнува,

---

* М. Чус. Идеи и образы Ф. М. Достоевского, Москва, 1962, стр. 14.

обично се доведува во врска со неговото кревко здравје. Неговите фотографии од раната доба како и писмата што им ги пишува на своите блиски не го потврдуваат овој впечаток. Напротив – неговата физичка состојба е натпросечна, во споредба со другарите тој е поотпорен, поиздржлив, способен да поднесе најтешки лишувања. Потешки последици врз неговата психа оставаат околностите на семејниот живот. Татко му на Достоевски, Михаил Андреевич, дворјанин кој подоцна ја раскинал врската со својата класа, завршил медицинска академија и во Татковинската војна од 1812 служел како воен лекар, го опишуваат како строг, суров, неодмерен човек со тежок карактер. Мајка му, Марија Фјодоровна Нечаева се споменува како нежна, сензибилна личност, мошне религиозна и склона кон мистични застранувања. Во најрани години, по една случајност, Достоевски открива дека во бракот на неговите родители нема хармонија: душевниот мир на мајка му е нарушен од грубата подозрителност на сопругот. Таа рано се разболува од туберкулоза и умира. За Достоевски потоа настапуваат тешки денови, но и пред тоа нивниот живот не бил многу весел. Единствена светла струја во раните детски години е дружбата со постариот брат Михаил и летните ваканции во селото Даровое. Во најрани години Достоевски бил окружен од луѓе со конзервативни сфаќања. Такви биле, главно, и сфаќањата на неговите родители. Чиновничката плата била мала и животот го поминувале мошне скромно. Но таткото имал извесни амбиции во однос на образованието на синовите. Михаил Андреевич по сопствена иницијатива организирал домашни читања во слободните вечери. Една од првите книги која им била прочитана и протолкувана на неговите синови била Историјата на Стариот и Новиот завет, специјално приспособена за децата. Но тука беа и делата на Державин, Жуковски и Карамзин, потоа – Пушкин, писателот кој ги плени умовите на Михаил и Фјодор во текот на сиот нивни живот. Очигледно страста кон читањето се разбудува во Достоевски многу рано. За тоа особено придонесе Французинот Сушард, еден од нивните домашни учители преку кого за кусо време браќата го совладаа францускиот јазик. Александар Дима, Евжени Сју, Е. Т. А. Хофман, Фенимор Купер се автори кои најчесто се споменуваат во раната лектира на Достоевски. На чело на таа листа е Шилер

со драмата „Разбојници". Значи ли тоа дека романтизмот ги исцрпува книжевните интересирања на младиот Достоевски? Одвај. Во 1834 година Достоевски стапува со брат му Михаил во приватниот пансион на Чермак каде што учи неколку години. Литературата и тука е за него пред сите други предмети. За време на летниот престој во Даровое тој ги открива пламените статии на Белински. Го поразуваат мудрите оценки на непогрешливиот арбитар на руската литература, но уште повеќе страсната категоричност на Белински, неговата девиза за „грозниот збор на вистината". Во лектирата на Достоевски ненадејно влегува авторот чии дела длабоко ќе ги вознемират неговите рани години: за време на една од последните зими поминати во Москва тој го чита романот на Оноре де Балзак „Чичкото Горио" кој го импресионира. Набргу ги чита и другите негови дела, а по една случајност ја открива и Жорж Санд. Најверојатно дека во тоа време во него се појавуваат првите симптоми на неодложната внатрешна потреба да создава, самиот да пишува. За време на една болест тој составува во мислите фантастични романи без секаква врска со реалниот живот, со сложена сплеткана фабула, чита книги за далечните земји и сонува да ја посети Италија, особено – Венеција, а потоа Истанбул, градовите на стара Грција и Атина. Додека во пансионот, постариот брат Михаил неуморно сочинува стихови, а помладиот Фјодор се готви да напише роман „од венецијанскиот живот" од Петроград доаѓа поразната вест: нивниот идол Пушкин, по несреќниот дуел со Дантес не е веќе меѓу живите. Во нивната тага сепак се вплетува нишка радосна светлина: татко им веќе донел одлука да ги испрати на школување во градот каде што згасна Пушкин.

ПЕТРОГРАД

Мај, 1837 година. Тие патуваат во кочија со денови низ бескрајните пространства кон северната руска престолнина. Доживуваат патем најразлични истории, се фасцинираат од најнеобични глетки. Татко им ќе ги остави во пансионот на Костомаров за да се подготват за прием во Воено-инженерското училиште и набргу ќе се врати во запуштеното Даровое каде што го очекува алкохолот и – смртта. Браќата остануваат сами во огромниот град. Михаил наеднаш забо-

лува од туберкулоза и тргнува по други патишта. Фјодор успева да се подготви и да ги положи приемните испити. Во Воено-инженерското училиште, поместено во осамениот дворец што го беше изградил императорот Павел за да се обезбеди од своите непријатели и во кој наспроти сите мерки беше грозно убиен, Достоевски ќе остане цели пет години, таму конечно ќе биде решена неговата писателска судбина. Сивиот, огромен и многу населен Петроград на бреговите на Нева станува инкарнација на сите негови младешки фантазии, поприште на неговите литературни сновидења, вистинскиот кошмарен амбиент на сè она што во него се акумулира со години и што сака да му го довери на светот. Не, не се тоа светлините и живоста на големиот град што го фасцинираат, (Невскиот проспект, таа неизодлива прекрасна магистрала го одбива!), туку малите улички, скриените засолништа во кои живеат поттурнатите анонимни луѓе со својата тајна што го дразни и ја распалува неговата фантазија „Јас сум фантазер, јас сум мистик, – пишува во едно свое признание Достоевски, – и не можам да не признаам дека Петроград, не знам зошто, отсекогаш ми прилегал на некоја тајна. Уште во детството, речиси изгубен во него, јас некако се плашев од него. Паметам, еден настан што страшно ме беше поразил... Беше тоа во една зимска приквечерина кога брзајќи од Виборгската страна се враќав дома. Бев тогаш уште многу млад. Откако дојдов до Нева, запрев за момент и погледнав низ реката во зимската замрзнато-матна далечина. И наеднаш, ми се стори дека новите зданија се креваат и лебдат над старите, еден нов град се формира во воздухот и сиот свет, со сите негови слаби и силни жители, со сите куќи, со сите засолништа за питачите и позлатените дворци и палати, во тој приквечерен миг заприлега на фантастичен волшебен сон, на мечта што вмиг ќе исчезне и како пареа ќе летне кон темно-синото небо."

Фантасмагоричноста на Петроград го опседнува младиот Достоевски. Уште пред да стапи во строгото училиште, наоѓајќи се во пансионот на Костомаров, тој ги доживува улиците и каналите на чудесниот град како откритие, како сновидение, како храна за неговата врела младешка фантазија. Чекорејќи по неговите скриени улички, минувајќи низ мостовите што ги спојуваат неговите безбројни канали тој си вообразува најразлични нешта: замислува дека е Перикле,

Марие, христијанин од времето на Нерон, рицар на некој од големите турнири, но најмногу сонува за идната голема писателска слава што ќе дојде како награда, како откуп за сите навреди и жртви, маки и страдања што ги поднесувал во името на литературата!

ПОЧЕТОКОТ

Неколкуте години поминати во Воено-инженерското училиште се детално објаснети како од неговите бројни биографи, така и во писмата на Достоевски од тој период. Од нив дознаваме: дека тој немал многу другари и пријатели (освен Григорович, Бережицки, Ризенкампф), тешко ги поднесувал закачките и навредите на постарите колеги; кон началството бил посебно затворен, повлечен, недружељубив. Но и покрај сето, кон наставата се однесувал мошне сериозно, бидејќи материјалната беда постојано му се заканувала, од татко му доаѓале мрачни писма од кои заклучувал дека работите во Даровое (каде што се повлекол по смртта на жената) не одат на арно. Имотот пропаѓал; притиснат од грижи и тешки настроенија стариот му се оддал на алкохолот, селаните му се заканувале . . . Достоевски е принуден да се обрати за извесна помош до другите роднини, но без некој резултат. Живее во голема беда што го следи сиот живот, повлечен во себе и затворен за другите. Единствена оддишка за него во тие денови е преписката со братот Михаил. Во едно од тие писма читаме: „Пријателе мој! Ти филозофираш како поет. И како што душата не може да издржи преголем напон на вдахновението, така е неверна и неодмерена твојата филозофија. За да се *знае* повеќе, треба помалку да се чувствува и обратно. Да се сфати природата, душата, бог, љубовта . . . Тоа може да се стори преку срцето, а не преку разумот . . . Нема да спорам со тебе, но ќе речам дека не сум согласен со твоето мислење за поезијата и филозофијата . . . Последнава не можеме да ја сфатиме како проста математичка задача, каде што непознатиот број е – природата . . . Поетот во екстазата на вдахновението го досегнува бога, што значи дека, ја исполнува предназначеноста на филозофијата.“

Кругот на лектирата на младиот Достоевски, и онака широк, уште повеќе се продлабочува во годините кога де-

финитивно созрева неговата писателска вокација. Пушкин и Гоголь сè уште се на врвот на листата од современата руска литература. Ним им се придружува Белински, со својот страстен и бескомпромисен збор. Списокот на западните писатели што тој едноподруго ги открива е веќе тешко изодлив: тука се најзначајните светски автори од Хомер и Шекспир до Бајрон и Ламартин. На врвот од пирамидата е Шилер со своите романтичарски дела, пред сè драмата што го опседнува: „Разбојници"! Во пансионските денови Достоевски најинтензивно општи со Виктор Иго („Никој не може да се спореди со него!"), со Корнеј („Само ангели можат да зборуваат така!"), со Жорж Санд („Кога ја читав првпат треперев од треска цела ноќ!"), со Балзак. Од тој длабок сон на афективна дружба со мајсторите на перото го разбудува страшната вест: по една кавга во Даровое селаните го убиваат татко му. Се истакнува дека по ова известување Достоевски го добил првиот епилептичен напад, – започна болеста што тешко ќе го измачува до крајот на животот. Впрочем, не толку неразјаснетите околности на ова грозно убиство, колку противречните побуди во самиот него даваат извесни основи за такви претпоставки. Зар потсвесно и самиот не ја посакувал оваа смрт? Зар отсекогаш не чувствувал кон својот груб, суров и скржав родител студен респект, помешан со омраза и одбивност? Некои биографи повлекуваат директна линија помеѓу оваа смрт и болното чувство за вина и самоукорување кај него. Дури, со повеќе или помалку отвореност ќе го прогласат Михаил Андреевич за прототип на омразните ликови во творештвото на Достоевски – Свидригајлов од „Злостор и казна", Фјодор Павлович од „Браќата Карамазови"! Во секој случај, врската на овој настан со темата на таткоубиството што често се среќава кај Достоевски, особено во неговиот последен роман, е несомнена. Последиците негови врз психата на Достоевски се мошне тешки. Чувството на полна осаменост го притиснува со уште поголема тежина, во него се одигрува душевен пресврт кој го прави незаинтересиран за надворешното и го гони кон засилена внатрешна концентрација. Тој станува уште помолчалив и позатворен кон другите. Освен белетристиката, сега го привлекуваат книгите од филозофијата врз кои долго размислува. Најверојатно дека во тие месеци се појавуваат и неговите први литературни обиди. Дежурните

во собата во која спие забележуваат кај него чудни навики. Тој легнува меѓу првите и веднаш заспива. Но кратко потоа се разбудува и станува, се наметнува со ќебето и оди во амбразурата на прозорецот што гледа на Фонтанка. Таму, при слаба светлина на лоена свеќа, седи задлабочен над своите книги и нешто запишува. „Човекот и неговите страсти, ете ја тајната што пред сè треба да ја одгатне! Но, што претставува, најпосле, тој таинствен и недофатлив човек?. Надвиснал ли над него прародителскиот грев што го притиска, или пак пред него се открива јасен и светол пат? Добар ли е или лош по својата природа, заслужува ли доверба, или има потреба од узда? Може ли тој, самиот, со сопствени сили да ги открие законите на заедничкиот живот и доброто, или е, напротив, бессилен и осуден вечно да војува со сличните на себе, да биде извор на злото и страдањето? На кој начин може човекот да се усоврши: должен ли е да ги потиснува своите страсти, како што тврди религијата и традиционалниот морал, или, напротив, треба да ги задоволува, како што учат француските социјалисти и многуте други големи писатели што вистински и длабоко го сакаат животот?“*

БЕДНИ ЛУЃЕ

„Беше мај месец илјада осумстотини четириесетипеттата година, – пишуваше многу подоцна Достоевски за деновите на своето литературно раѓање. Во почетокот на зимата наеднаш ги започнав „Бедни луѓе“, мојот прв расказ; дотогаш сè уште немав ништо напишано. Кога го завршив расказот не знаев што да правам со него и кому да му го дадам. Писатели не познавав, освен Д. В. Григорович, но и тој уште ништо немаше напишано, освен една мала работа, „Петроградски верглаши“ во некое списание. Ми се чини дека тој тогаш се готвеше да отпатува на село, а дотогаш живееше кај Некрасов. Кога намина кај мене ми рече: „Донесете го ракописот. (Тој сè уште не го беше прочитал) Некрасов има намера идната година да издаде еден зборник, и јас ќе му го покажам“. Му го однесов. Некрасов го видов само за миг. Се ракувавме. Ме збуни помислата дека сум тука заради мојата творба, па речиси избегав, не впуштајќи се во разговор. Малку се надевав на некаков успех, а од

* Според: Д. Брегова, Дорога исканий, (молодость Достоевского), Москва, 1962

„партијата на „Татковинските записи“, како што тогаш ја наречуваа, многу се плашев. Белински веќе неколку години го читав со занес, но тој ми изгледаше страшен и грозен. – Ќе ги исмее тој моите „Бедни луѓе“ – помислував одвреме навреме. Но тоа само понекогаш: бидејќи, јас нив ги пишував со страст, речиси со солзи. Не може да биде сето тоа, сите тие моменти што со перо в рака ги доживував над тој расказ – сето тоа да биде лага, измислица, невистинито чувство?“

Така помислував, но сомневањата одново се појавуваа. Вечерта на денот кога го дадов ракописот, појдов некаде далеку, кај еден од моите поранешни пријатели. Цела ноќ зборувавме за „Мртви души“ и ги читавме по којзнае кој пат...

Се вратив дома околу четири часот по белата и како ден светла петроградска ноќ. Беше прекрасно топло време, и кога влегов во станот, не отидов да спијам, туку го отворив прозорецот и седнав покрај него. Наеднаш – ѕвонец. Тоа мошне ме зачуди и – ...Григорович и Некрасов летаат да ме прегрнат воодушевени – и обајцата само што не плачат. Сношти седнале да го читаат мојот ракопис, за проба: „Ќе се види веќе по десетина страници“. Откако прочитале десет страни, решиле да прочитаат уште десет; а потоа, не прекинувајќи читале цела ноќ сè до изутрина, читале на глас, сменувајќи се откако едниот ќе се изморел... Кога завршиле, веднаш решиле да дојдат кај мене. „Што ако спие; ќе го разбудиме; ова вреди повеќе од сонот.“

Останаа кај мене не повеќе од половина час, но за тоа време само господ знае за што сè разговаравме, разбирајќи се со недоречени зборови, со извици, во занес. Зборувавме и за поезијата, и за вистината, и за „тогашната состојба“; се разбира – и за Гоголь, цитирајќи делови од „Ревизор“ и од „Мртви души“, но најмногу – за Белински. „Уште денес ќе му ја однесам вашата новела и ќе видите каков човек е тој! Ќе се запознаете и ќе видите каква душа е тој!“ – зборуваше возбудено Некрасов, тресејќи ме за рамениците со обете раце. „А сега, спијте, спијте. Ние си одиме, а утре вие дојдете кај нас.“

Зар можев да заспијам кога си отидоа!... Каква воодушевеност, каков успех! Се чувствував прекрасно. Јасно се сеќавам за тоа: „И другите имаат успех, ги фалат, ги бараат, им честитаат; но овие дотрчаа со насолзени очи, во

четири часот да ме разбудат, бидејќи тоа значи повеќе од сонот... Ах, извонредно е сето тоа!" И, се разбира, помислив: нема ништо од сонот!

Некрасов уште истиот ден му го однесе ракописот на Белински... „Се појави нов Гоголь;" – извикал тој, влегувајќи кај Белински со моите „Бедни луѓе". „Кај вас Гоголи растат како габи!", строго му забележал Белински, но го зел ракописот. Кога вечерта Некрасов пак навратил кај него, Белински го пречекал мошне возбуден: „Доведете го, доведете го што поскоро!"

По два дена ме одведоа кај него. Си споменувам дека ме беше вчудовидела неговата надворешност: неговиот нос, челото; не знам зошто, но јас си го замислував поинаков „тој ужасен, тој страшен критичар". Ме пречека доста студено и воздржано. „Така можеби мора да биде," си помислив, но не помина ни минута кога сè се преобрази. Таа сериозност не беше сериозност на лицето, ниту сериозност на големиот критичар кој прима еден дваесет и двегодишен писател-дебитант, туку таа произлегуваше од почитта кон оние чувства што брзаше да ми ги искаже, кон оние важни зборови што мошне брзо сакаше да ми ги каже.

Почна да зборува пламено, а очите му блескаа: „Дали вие самите сте во состојба да сфатите – повторуваше и по обичај извикуваше – што сте напишале?... Вие можевте само со непосредното чувство, како уметник, тоа да го напишете. Но дали самиот во доволна мера ја сфативте страшната вистина на која ни укажавте? Не е можно на дваесетгодишна возраст да сте го сфатиле тоа. Тој ваш несреќен чиновник – толку многу се наслужбувал, што самиот, поради некоја потчинетост, стасал дотаму што да не смее ни да се смета за несреќен, да ја смета за голема слободоумност и најмалата поплака, да не смее да си го признае дури и правото на несреќа; и, кога добриот човек, неговиот генерал, му ги дава оние сто рубли – тој е поразен, уништен до безумство: како може некој како него да биде сожален од „нивното превосходство", не неговото превосходство, туку „нивното превосходство", како што тој кај вас се изразува... Па она скинато копче, па моментот кога му ја целива раката на генералот – тука не постои само сожалување кон тој несреќник, тоа е веќе ужас, ужас! Во таа негова благородност е ужасот. Тоа е трагедија. Вие се задла-

бочивте до суштината на нештата, најглавното го покажавте веднаш . . . Ние публицистите и критичарите само расудуваме, настојуваме да објасниме со зборови, а вие, како уметник, со една црта, со еден потег на сликата ја откривате самата суштина, со рака да може да се дофати и наеднаш да му стане јасно дури и на оној читател кој не знае ни малку да мисли. Тоа е тајната на уметноста, тоа е вистината во уметноста. На таков начин уметникот ѝ служи на вистината. Вам, како на уметник, вистината ви е откриена, вие сте ја добиле како дарба; ценете ја вашата дарба, бидете ѝ верен и ќе станете голем писател."

„Сето тоа тој ми го зборуваше тогаш. Сето тоа тој подоцна им го кажуваше и на мнозина други кои се живи и денеска и можат да го посведочат. Излегов од него како опијанет. Застанав на аголот од неговата куќа. Гледав небо, светол ден, луѓе што минуваат и сиот, со сето мое битие чувствував: дека во мојот живот се случи еден свечен чин, преломен засекогаш, дека почнува нешто сосема ново, нешто што не можев да го замислам ни во најстрасните свои мечтаења."*

Романот „Бедни луѓе" се појави во 1846 година во „Петроградскиот зборник" на Некрасов. Белински се одзва на него со восторжена критика, поздравувајќи го извонредниот талент на младиот писател и наречувајќи го неговото дело „прв обид за социјален роман во руската литература", дело што ја продолжува линијата на критичкото прикажување на животот што први ја зацртаа Пушкин и Гоголь. Така младиот Достоевски стапи во литературата.

По форма првото дело на Достоевски претставува интересен обид да се наслика животот на малите луѓе во големиот град, низ преписката што ја водат двете главни личности: бедниот чиновник Макар Девушкин и, исто така, сиромашната и беззаштитна девојка Варенька Добросјолова. Епистоларната форма му служи на младиот автор длабоко да проникне во душевноста на своите осетливи јунаци, потенцирајќи ги нивните субјективни црти, овозможувајќи им слободно и спонтано да се изразуваат и да ги пројавуваат своите најинтимни мисли и емоции. Но пораката на ова дело е многу поширока: во животот на големиот град, ни вели Достоевски, луѓето како Макар Девушкин и Варенька

* Ф. М. Достоевский, „Дневник писателя" за 1877 г.

Добросјолова се честа појава. Тие живеат мошне тешко, материјалната положба им е мизерна, се мачат, гладуваат, изложени се на чисти навреди од богатите и властни луѓе, често заболуваат и загинуваат без трага. Но покрај сето тоа, она што е најдобро во нив, – извонредните душевни својства, тие не ги извалкале, туку ги сочувале под сите можни тегоби, навреди и искушенија. Зад мизеријата и страдањата на кои се подложени стојат кристално чисти и високи човечки и етички особини: бедните луѓе се благородни, одзивчиви кон туѓата несреќа, готови да се жртвуваат, способни за чиста, непресметлива и сеоддајна љубов.

Романот на Достоевски, исполнет со возвишена страст на неговите рани младешки години поминати во бујни мечтаења и размислувања за несправедливоста на големоградскиот живот, претставуваше прв обид за рехабилитација на потиснатите луѓе, за нивното природно човечко право, предоаје за убавината и кристалот на она најпозитивното што тие го сочувале под калта и мизеријата на нечовечниот и мрачен големоградски живот. Иако во него социјалната поента избива појако од кое било друго подоцнежно негово дело, веќе првиот печатен текст на Достоевски го донесе на виделина неговиот нездржлив афинитет за светот на „понижените и навредените", неговата определеност за месечевата, ноќната страна на човековата егзистенција, неговото решавачко определување на респект и сочувство кон паднатиот човек.

ДВОЈНИК

Со „Бедни луѓе" патот кон литературата му беше широко отворен на Достоевски. Едноподруго, во кусиот период од 1846 до 1849 (до заминувањето на робија) се појавуваат бројните раскази и повести: „Двојник", „Домаќинка", „Господинот Прохарчин", „Роман во девет писма", „Слабо срце", „Бели ноќи", „Неточка Незванова" и др. Најважна помеѓу нив е секако повеста „Двојник". По начинот како е напишана, како и по својата тема, таа укажува на натамошното диференцирање на писателската физиономија на Достоевски кој се оформуваше како автор со извонредна сила на психолошка опсервација, но со своите иновации таа придонесе и за слабеењето на врските со Белински, сè до конечниот раскин.

Во центарот на повеста е одново малиот петроградски чиновник (Голјаткин). Овојпат, тоа е болно пречувствителен човек кој сонува за повисоко место во чиновничката хиерархија и насекаде гледа опасности. Стравот од средината дотаму надвладува во неговата психа што тој започнува да ги избегнува луѓето и во полното повлекување во себе бара безбедно засолниште. („Му се причинува дека сите го навредуваат – со зборови, со погледи, со гестови, дека против него насекаде плетат интриги, му подметнуваат стапици“ итн. итн.) Неспособен да се адаптира тој го измислува својот двојник „Голјаткин-помладиот“, кој како негов антипод треба да му обезбеди продор во светот на лицемерите и подлеците. Но и оваа аберација не го донесува очекуваното. Голјаткин-постариот, поради својата вродена плашливост и малодушност не посегнува да ги примени во живот принципите на својот помлад колега. Конфликтот уште повеќе нараснува. На крајот, немоќен да се справи со душевната конфузија, главниот јунак умствено се побркува.

Белински отпрвин позитивно се одзва за новата творба на Достоевски, но подоцна остро ја критикуваше, замерувајќи му на авторот за преопширната психолошка дескрипција, за развлеченоста на композицијата, но најмногу – за елиминацијата на социјалниот контекст и изобилното присуство на фантастичните елементи. Според него, младиот автор се одделил со своето ново дело од најдобрите традиции на социјалниот реализам и руската „натурална школа“. Очигледно, дека оценката на Белински беше пред сè идеолошки интонирана. Иновациите до кои толку спонтано и силно доаѓаше Достоевски во „Двојник“ во тој момент нему му беа несфатливи и дивергентни од неговиот идејно-естетски систем. „Двојник“, како тип на модерна психолошка повест која со својата фасцинантна аналитичка студија на потсвеста на главниот јунак ги антиципира резултатите на модерната психоанализа очигледно дојде преурането за руската литература, останувајќи несфатена од своите современици. Но за моделот на книжевната структура на идните дела на Достоевски таа е од капитално значење.

Јунакот на „Двојник“ е првиот од многуте „петроградски мечтатели“ за кои Достоевски пишувал во различни варијанти во своите пократки прози од периодот до 1849. Тие раскази не ја достигнуваат потресноста на „Бедни луѓе“,

ниту психолошката длабочина на „Двојник", но во нив срекаваме интересни, често мошне необични, гротескно-фантастични истории на младите луѓе од Петроград. Некои од нив, „Белите ноќи", на пр. сè уште се во состојба да нè пленат со флуидноста и прозрачноста на својата поетска убавина. Сите нив ги поврзува присуството на ликот на младиот човек мечтател за кого Достоевски пишуваше и во своите многубројни фељтони што во 1847 година ги издаде во книга под наслов „Петроградски летопис". Според него, станува збор за луѓе распнати помеѓу стремежи за полезна општествена активност и ненаоѓање патишта за примена на својата благородна енергија, т.е. за една нова варијанта на типот на „излишниот човек". „Мечтателот" е широко распространета појава всреде петроградската младина и „сите ние, вели Достоевски, сме повеќе или помалку мечтатели".

ВО КРУЖОКОТ НА ПЕТРАШЕВСКИ

Под влијание на сè поизразитите разлики во сфаќањето во почетокот на 1847 година, Достоевски го напушти кружокот на Белински. Скоро потоа тој започна да ги посетува тајните собири што секој петок се одржуваа во станот на чиновникот на министерството за надворешни работи Михаил Василевич Буташевич – Петрашевски. Учеството во овој кружок имаше крупно значење за натамошниот животен и творчки пат на Достоевски. На 29 април 1849 година Достоевски беше уапсен заедно со другите учесници по наредба на императорот Николај I и затворен во Петропавловската тврдина. По осуммесечна истрага, групата Петрашевски, помеѓу кои се наоѓаше и Достоевски, беше изведена на Семјоновскиот плоштад во Петроград, каде што им беше соопштено дека се осудени на смртна казна со стрелање. Грозниот ритуал веќе започнал да се одигрува, Петрашевски со двајцата свои едномисленици бил веќе облечен во посмртна облека и поставен на срамниот столб, кога гласникот донел вест дека Императорот смртната казна на осудените им ја заменува со повеќегодишна робија во Сибир.

Петрашевците ја претставуваа образованата елита на револуционерно настроениот слој на руската интелигенција. Под влијание на француските социјал-утописти Сен-Симон, Фурие и Кабе, тие сонуваа за радикални преобразби на зао-

станатата царистичко-чиновничка, самодржавна и крепосна Русија. Иако не се работело за никаква организирана група, прашањата што на тајните собири биле третирани, социјалниот радикализам со кој им приоѓале на насушните проблеми на руското општество, укажуваат дека всушност станувало збор за тајно друштво што го означува теориското и идејниот почеток на социјализмот во Русија. На собирите Достоевски го читал забранетото писмо на Белински до Гоголь. Членовите на кружокот го осудуваа постојниот систем во Русија и се залагаа за идно социјалистичко општество кое, според Петрашевски, „неизбежно ќе настапи како реакција на човечкиот дух против анархичните разрушувачки принципи и противприродните појави во животот". Занимливи се исказите на Достоевски пред истражната комисија: за револуционерната литература:

„Социјализмот предлага илјада начини за тоа како да се организира општеството и, бидејќи сите тие книги се напишани умно, пламено и неретко со искрена љубов кон човештвото, јас со интерес ги читав . . ."

за социјализмот:

„Социјализам – тоа е наука во движење, тоа е хаос, тоа е алхемија пред хемијата, астрологија пред астрономијата – макар што, како што ми се чини – од сегашниот хаос ќе се создаде подоцна нешто хармонично, благоразумно и полезно за сето општество, онака како што од алхемијата се создаде хемија, од астрологијата – астрономија".

НА РОБИЈА

Достоевски помина цели четири години како затвореник во Омската зандана, а потоа беше префрлен како обичен војник во една воена единица во Семипалатинск. Робијата остави доживотни и длабоки траги врз него. Пред сè – таа придонесе за заострувањето на неговата тешка болест – епилепсијата, од која тој мачително ќе страда до крајот на животот. Покрај тоа, за време на робијата се одигра решавачкиот пресврт во него, во неговите филозофски и книжевни сфаќања кои се изменија коренито. Достоевски ги напушти своите поранешни погледи за што секако придо-

несе општата клима и разочарувањето што ги опфати европските духови по револуцијата од 1848 год. (Изненадува како и во најтешки услови на робија Достоевски успеал да дојде до книгите преку кои го одржувал духовниот континуитет со сè што е актуелно на книжевен и филозофско-политички план во Русија и Европа!). На робија Достоевски доаѓа во неспореден контакт со обичните војници и селани, разговара и се зближува со нив. Во него зреат нови мисли и сознанија: тој доаѓа до заклучок дека помеѓу идеалите на граѓанските филозофи и идеолози и копнежите на народот нема совпаѓање, дека духовните сили на народот доминираат над идеите на социјалните реформатори и револуционери и дека основните црти на народната мудрост не се бунтарскиот дух и готовноста за востание, туку религиозноста, способноста за саможртва, прифаќање на идејата за општата „греовност" на сите луѓе. Отаде, по долгогодишни и мачителни преиспитувања борбата против самодржавјето и угнетувањето Достоевски ја замени со проповед за моралното усовршување и смирување на гордиот и непокорен човек.

ПОНИЖЕНИ И НАВРЕДЕНИ

Симптомите на тој пресврт се одвај видливи во првите творби што Достоевски ги пишува по отслужената робија. („Сонот на чичкото", „Селото Степанчиково и неговите жители"). Но затоа, веќе во неговиот прв крупен роман „Понижени и навредени" (1861) овој свиок е недвосмислено присутен. Дејството на романот се одвива во Петроград, во крајот на 50-те години. Градот е и овде основа, тегобен фон врз кој се отсликува трагичната, безизлезна положба на двете сиромашни семејства упропастени од бескрупулозниот богаташ, кнезот Валковски. Значи – одново осуда на големоградската отуѓеност во духот на „Бедни луѓе" и другите раскази од раниот период. Но, овде, разликите се веќе битни. Изворот на злото и причините за страдањата на малите луѓе во новото дело на Достоевски не се некои апстрактни, неидентифицирани сили, туку, – човекот, кнезот Валковски, прикажан како олицетворение на севкупното, „општочовечкото" зло. Ликот на Валковски има притоа широко, обопштувачко значење за сиот опус на Достоевски:

со него отпочнува темата *за моралното распаѓање на личноста,* основна тема на сето негово творештво. Во извесна смисла, тука е веќе нуклеусот на основната филозофско-идејна дилема на писателот, која како црвена нишка минува низ сите негови крупни романи – злото во човекот не е обусловено од надворешните социјално-историски околности. Тоа избива како болна страст во моментот кога душата ќе го изгуби своето главно морално упориште – верата, религијата. Неговата жртва не се само нечовечните разуздани и неморални аристократи. Тоа е болест што му се заканува, а делумно веќе му е својствена на сето руско образовано општество.

ЗАПИСИ ОД МРТВИОТ ДОМ

Романот „Записи од Мртвиот дом" претставува оаза во новата идејна ориентација на Достоевски. Епската линија во него е поизразена отколку во кое било друго дело од постсибирскиот период: романот претставува детална, објективна слика на затвореничкиот живот со сите негови хронолошки подробности – од стапувањето во ќелијата, преку затворската бања, болницата, секојдневноста, тажните затворски празници, сè до пуштањето на слобода. Описот на затворот открива галерија ликови со извонредни човечки својства. Никој дотогаш толку потресно и беспоштедно не ја беше насликал вистинската состојба и животот во царистичката зандана. Но тежиштето на реалистичката опсервација е одново врз субјектите на затвореничкиот круг. Достоевски не штеди зборови укажувајќи на високото чувство за справедливост и на огромната енергија скриена и неискористена во луѓето што од разни причини се нашле на робија. Книгата на Достоевски е, пред сè, потресно сведоштво за една малу позната стварност, за која литературата дотогаш, дури и онаа најдобрата (Иго, Балзак) имаше само снисходлива насмевка, сликајќи преувеличени, романтизирани херои. Во центарот на писателовото внимание се одново обичните луѓе, зад чија скромна надворешност и неупадливост се кријат силни карактери, крепки души, необични истории. Романот вонредно го потврди насетувањето и онаа душевна ведрина со која Достоевски тргна на робија, пишувајќи му на брата си: „Не сум малодушен и не паднав

со духот. Животот е насекаде живот, животот е во нас самите, а не во надворешното. Околу мене ќе бидат луѓе, и, да се биде човек помеѓу луѓето и да се остане таков засекогаш, во какви-годе несреќи да не очајуваш и да не паднеш – ете во што се состои животот, неговата задача . . .“ Херцен ги споредуваше „Записите од Мртвиот дом“ со „Пеколот“ на Данте, со фреските на Микеланџело. Книгата содржи при сето тоа една силна и дискретно проткаена катарза: во мрачната куќа на Мртвиот дом Достоевски догледува живи луѓе во дното на животот и ја доловува светлата радосна нишка што тлее во дното на секој човек. Крајот на Записите е ведар и оптимистички: секаде каде што минува човекот, дури и во Мртвиот дом постои една светла и радосна трага што го осветлува патот.

ЗЛОСТОР И КАЗНА

Романот „Злостор и казна“ предизвика бурни полемики, но истовремено му донесе и големи признанија на Достоевски. Цели дваесет години по блескавиот почеток со „Бедни луѓе“, едно негово дело одново се најде во центарот на вниманието на книжевната јавност на Русија. Според мнозина, романот „Злостор и казна“ е најкарактеристичното и најзначајно дело на Достоевски. Сето напишано до овој роман прилега на подготовка, присобирање на силите, градење на основите врз кои треба да израсне синтезата, врвот.

Големиот град, со неговата жестока убавина и противречности, светлото и темното на многуилјадното живеалиште во кое бедата и мизеријата протечуваат напоредно со најврелите копнежи и мечти за успех и слава, тоа е социјалниот и психолошкиот амбиент среде кој се одвива драмата на личниот живот на главните јунаци на ова извонредно дело. „Достоевски, – вели Лукач, – стана прв и најзначаен писател на модерниот капиталистички велеград.“ Потсетувајќи дека и Дефо и Дикенс и Балзак знаеја да ни ја прикажат големоградската осаменост, Лукач забележува: „Но Достоевски е сепак првиот и ненадминат мајстор што ги наслика психолошките деформации што ги раѓа големиот град. Тој, притоа, не се задоволува со обична монографија, опис и анализа на тие состојби. Тој едновремено ја слика нивната генеза, дијалектика и перспектива.“ Токму таквиот

пристап е вткаен во романот „Злостор и казна“. Сликајќи го бедниот студент Раскољников, како тежок осаменик кој живее во една сиромашна мансарда на Петроград, со малку пари и многу врели соништа за идниот подвиг и своето сопствено животно значење, Достоевски ја развива својата тема низ една полифониски осмислена романсиерска структура: во почетокот акцентот е врз социјалната компонента (животната положба на главниот јунак, мотивите на убиството што го готви); потоа се јавува психолошкиот заплет што нараснува градуирано со текот на дејството (злосторот, рушењето на теоријата на Раскољников поради последиците што престапниот чин ги предизвика во него самиот); за на крајот, низ врската на Раскољников со Соња Мармаладова и неговата решеност да го признае злосторот и „да се покае“, психолошката драма да се финализира во еден чисто идеолошки расплет („смири се, горд човеку!“) во духот на христијанскиот мироглед на сепроштавањето низ кој зборува самиот автор. Без оглед на исходот и решението што го нуди авторот и кое е најмалку уверливо, темата на овој голем роман, историјата на бедниот студент Родион Раскољников и безумната теорија за силната личност во името на која тој ја убива недолжната старица е само првиот слој на значењата што ги содржи во себе неговиот богат контекст. Не е тешко да се открие дека вистинската негова тема е универзалната положба на човекот и неговата судбина воопшто, сè до метафизичките дилеми што го предизвикуваат одново и одново да ја преиспитува својата моќ и да ја потврдува својата трагика: Што може човек? Што смее тој? Што знае тој за себеси? Одговорот на Достоевски на овие прашања во романот е главно негативен, но начинот и универзалноста на кои се тие овде поставени, импресивни се и трајно вознемирувачки. Но овие значења, како и во другите крупни романсиерски платна на Достоевски имаат своја јасно издиференцирана конкретно-социјална рамка, широка стварносна основа. Теоријата на Раскољников, опседнатоста од Наполеоновата личност, соништа за успех и слава имаат реална подлога во атмосферата на социјалниот живот на Русија од пореформскиот период на 60-тите години. Раскољников во тој поглед не е ништо друго, туку еден од типичните претставници на младиот човек од втората половина на 19 век. Сонувајќи во својата осаменичка мансарда

за животот и местото на силната личност во него, тој постапно доаѓа до своја „теорија“ за луѓето. Според него, постојат две категории луѓе: едни, „обични луѓе“, кои го поминуваат животот во послушност, покорувајќи им се на животните околности и, други, „необични“ и силни луѓе кои преминуваат преку законите и општоважечките норми, не мислејќи многу за средствата и методите со кои се служат. Развивајќи ја својата теорија за силната личност, Раскољников доаѓа до заклучок дека на таквите луѓе им е дозволено сè дури и да ги пречекоруваат и кршат моралните норми, само за да остварат повисоки цели. Развитокот на човештвото, смета Раскољников, барајќи потврди за својата теза во историјата, и бил овозможен поради фактот што големите луѓе, историските личности не ги почитувале, туку ги рушеле моралните норми, пропишани за масите. Оттука, јунакот на Достоевски заклучува дека силната личност *има право* да ја наруши моралната норма и да мине, доколку е потребно, и преку човечки жртви за да ја оствари благородната цел. За да провери и докаже дека и самиот им припаѓа на „необичните“ и „силни“ луѓе Раскољников решава да ја убие старата лихварка.

Сето она што се случува во романот по стореното убиство треба всушност да го покаже сломот на теоријата на Раскољников. Казната започнува со саморазрушувањето на личноста, со сознавањето на големата заблуда. Ситни детали при извршувањето на злосторот добиваат опоменувачки, злокобни значења: рационалната шема, педантната подготовка на страшниот чин се демантирани веќе во мигот на злосторството. Покрај старицата-лихварка Раскољников е принуден да ја убие и нејзината придружничка Лизавета. Со тоа неговата „испланирана“ идеја е разнишана. Животот се покажува посложен, понепредвидлив од каква било рационалистичка шема. Сведувајќи ја суштината на нихилизмот кон „наполеонизмот“ и теоријата за силната личност, писателот ја сведува и изедначува рационалната замисла на злосторството со позитивистичките проекти за разумно уредување на животот. Сломот на злосторникот треба да го имплицира сломот на сличните рационални потфати кои „во името на општеството и напредокот“ го доведуваат човека до морална запустеност и душевен хаос. Раскољников е исфрлен од цврстото стојалиште на својата идеја, како што

веќе истакнавме, поради низа непредвидливости кои го збунуваат. Но неговото вистинско душевно распаѓање е плод на основната непредвидливост на последиците што стореното злосторство ќе ги предизвика во него самиот. Казната за него е најмалку во сенката на одмаздата што однадвор му се заканува. Казната е страшилиште што свива легало во најинтимниот кат од неговата душа и таму копа, рие, уништува. Во прво време тој сè уште мисли дека она што се случува со него е времена психолошка конфузија. Во очекувањето таа да се разбистри тој сè уште верува во својата теорија и во последиците на злосторството ја испитува нејзината употребливост. Му се присторува дека она што се случува со него не ја порекнува теоријата за „правото на силниот", туку само докажува дека тој е слабак и ништожество т.е. погрешно одбран субјект за нејзина проверка. Подоцна, тој сфаќа дека нема сили да ја продолжи во нејзините консеквенци. Затоа ќе рече: „Јас не убив човек, туку принцип". Натамошниот тек на романот го разоткрива пустошот што го преплавил. Тој пустош е токму казната, онаа најтешката. Лишувајќи од живот две човечки суштества, решавајќи сè за грозниот чин, тој се разединува од она што му било најблиско. Наеднаш открива дека е нечувствителен и рамнодушен кон мајка си и сестра си. Кон оние чија зла судбина му служеше како аргумент да се реши на злосторство! Поставувајќи се надвор и над законите на општеството, тој се отуѓи од самиот себеси! Соња Мармеладова поради тоа најдобро ќе го сфати: „Мислеше да ја убие старицата, а се уби самиот себеси". Отуѓеноста на Раскољников е, секако, најтешката последица на казната што го очекува злосторникот. Сè може да се поднесе, како да сака да ни каже Достоевски, само не и можноста понатаму да се живее со злосторството во себе. Во писмото до Катков тој ќе напише: „Раскољников *е принуден* сам да се пријави. Принуден е бидејќи, макар и да загине на робија, за него е најважно одново да им се приближи на луѓето. Чувството на разбиеност, на разединетост со сето човештво што го сети веднаш по извршувањето на злосторството го исцрпува до крајни граници". Од сето речено станува јасно дека проблемот на *казната* Достоевски го гледа многу пошироко од неговата јурисдистичка основа. За него таа е првенствено во моралното и психолошкото оптоварување кое во романот бара ка-

тарзисно разрешување. Тоа разрешување авторот го дава во финалниот дел каде што отворено доаѓа до израз неговата идеолошка тенденција. Покајувањето на Раскољников како смирување на гордиот човек во духот на христијанската етика, претставува, според Достоевски единствено можен крај за драматичната историја на осамениот и честољубив злосторник кој на робија треба да ја сфати и откупи својата голема заблуда. Таквиот крај е всушност почеток на новиот морален и духовен развој на главниот јунак на романот.

ИДИОТ

Во април 1867 година, притиснат од материјални долгови и обврски кон издавачите, Достоевски заминува на Запад со својата нова сопруга Ана Григорјевна Сниткина. Овојпат тоа нема да биде краток излет, туку долгогодишно изгнанство. Цели четири години тој ќе биде одделен од Русија, престојувајќи во Италија, Чехословачка, Австрија, Швајцарија и најмногу – во Германија. Неговата материјална положба никогаш не била потешка, животот никогаш не бил понесреден, но под строгата контрола на рационалната и умна Ана Григорјевна, неговата состојба започнува да се поправа, тој сè поорганизирано пристапува кон работата. Годините поминати во странство за него не останаа попусти: нови идеи, крупни замисли и видлив подем на творечка енергија придонесуваат од Запад да се врати со две нови творби, капитално важни за неговиот опус, за литературата воопшто.

Првата од нив е знаменитиот роман „Идиот“. Суштината на ова извонредно дело произлегува од кругот на идеите покренати во двете негови претходни книги „Записи од Мртвиот дом“ и „Злостор и казна“. Спорот започна во првата со „архитектите“ на новиот живот, заснован исклучиво врз законите на разумот и свеста, овде се продолжува изразен во сугестивни уметнички облици – преку карактерот и поведението на главниот јунак, антирационалниот кнез Мишкин. Јунакот на Достоевски, за разлика од сите негови претходни дела, овде е конципиран како концентрирана синтеза на позитивни, прекрасни човечки својства. Тоа е најпозитивниот јунак во сето творештво на Достоевски. Со

таквите свои својства тој се оцртува како лик спротивставен на револуционерно настроената руска младина и во извесна смисла претставува антипод на рационалниот радикализам на Раскољников.

Иако самиот обид за идеализација (исклучиво „позитивен јунак") раѓаше опасност за поедноставување и тенденциозност животната уверливост на Мишкин не подлежи на сомневање. Неговото однесување во романот има зад себе широко образложен фон: Мишкин живее и се оформува во неруска средина каде што престојува подолго време поради слабо здравје. На тој начин, тој е незасегнат од фалшот на големосветскиот руски живот, а со тоа и од вирусот што беше ја зафатил руската младина. Освен тоа, тој е оптоварен од тешка, неизлечива болест – тој страда од епилепсија. Човек кој го познава страдањето од најрани години не може да нема разбирање за другите, особено за оние кои поради едни или други причини, исто така се осудени да страдаат. Кнезот Мишкин е префинета, умствено високо развиена личност чиј карактер претставува вистинска апотеоза на сочувството. Неговата сеоддајност и готовност за саможртви немаат граници. Неговата сеодзивчивост нема никакви објаснувања надвор од неа самата, таа е врвен израз на човековото духовно и етичко совршенство што на одреден начин треба да ја постулира централната филозофска мисла на Достоевски за вредноста на човекот како апсолутна човекољубивост изразена низ спонтаниот диктат на срцето. При сето тоа, кнезот и неговото возвишено меѓучовечко комуницирање не можеме докрај да го објасниме надвор од идејно-филозофскиот контекст на самиот Достоевски. „Свеста е вистинска болест", – повторуваше Достоевски а физички болниот Мишкин, отфрлувајќи го разумот и постапувајќи исклучиво по законите на срцето претставува инкарнација на вистинското духовно здравје и нормалното однесување! Врз овој парадокс Достоевски ја гради сета идејна арматура на својот извонреден роман.

Фрлен во вријавецот на усвитените страсти – среде луѓето опседнати од жед за пари, сладострасност и сплетки, Мишкин дејствува практично и донкихотски со своите обиди секому да му угоди, секого да го сфати, на секого да му помогне. Тој е сеопштиот примирител, свесен за бесплодноста на своите напори. Погледнато низ еден прагмати-

стички биланс, неговото дејствување е безрезултантно, рамно на нула: тој не го симнува товарот на мачителните дилеми од несреќната убавица Настасја Филиповна, не прави ништо за да го предодврати нејзиното убиство и самиот потклекнува пред осверениот и бесчовечен свет во кој се вмешал: паѓа со духот, се побркува. Но дури и како корифеј на една бесплодна добрина и човештина, кнезот Мишкин се оцртува како извонредна светлосна трага на идеалот. Вториот истакнат позитивен лик кај Достоевски, Аљоша Карамазов, ќе се движи кон идеалот градејќи цврста мисловна и филозофска основа, иако е и самиот обременет од дилеми. Во „Идиот" Достоевски го остава својот главен јунак во состојба на беспомошност. Тој самиот одлично ја сфаќа тешкотијата со која се судрил во својот обид да создаде идеален човек. Од бележникот на Достоевски дознаваме дека ликот на Мишкин тој го идентификирал со ликот на Христоса. Во писмото до својата внука Иванова, објаснувајќи го својот роман, Достоевски пишуваше: „Главната мисла на мојот роман е – да се наслика позитивниот, прекрасен човек. Нема ништо потешко на светот од тоа. Особено денес... Тоа е задача безмерна... Прекрасното е идеал, а идеалот, ниту нашиот, ниту оној на цивилизираната Европа, ни оддалеку не е оформен..."

ДЕМОНИ

Романот „Демони" се изделува во сиот опус на Достоевски како отворено тенденциозно, памфлетско дело. Работејќи врз него, во месец април 1870 година, во писмото кон Мајков, Достоевски пишуваше: „Тоа што го пишувам сега е тенденциозна работа. Ќе свикаат по мене и нихилистите и западниците и ќе ме наречат ретрограден. Нека одат по ѓаволите, јас ќе го кажам своето до последниот збор!" За појдовна точка на својот обемен роман – памфлет Достоевски ја зема вистинската историја на рускиот народник-терорист Нечаев чиешто дејствување претставуваше една од најмрачните страници на рускиот анархизам и чиишто нехумани методи ја згрозија сета руска општествена јавност. Но како и во другите случаи вистинскиот волумен и содржина на романот резултираат не од поводот, туку од транспозицијата

и надградбата на кои тој е подложен. Дејноста на Нечаев и неговите злосторства Достоевски ги крева на рамниште на симбол на сета револуционерна Русија, изречувајќи го својот немилосрден збор. Во Нечаев тој одбива да види маргинална појава, екстрем на руското прогресивно движење, туку прибегнува кон обопштување, го создава поимот „нечаевштина" кој им е, според него, иманентен на сите оние кои во Русија се борат за револуционерни промени. Но памфлетските намери на авторот во ова дело се уште пошироки: земајќи го за централен објект на својата уништувачка критика и жолчна иронија Нечаев и неговите макијавелистички методи Достоевски ја проширува својата пасквилска визија врз сето она што во текот на последниве три децении (1840–1870) на руска почва егзистираше како револуционерна ориентација. Достоевски се пресметува и со либералните западници од 40-тите години, и со Белински и со своите некогашни едномисленици од кружокот на Петрашевски. Во романот најде место и неговата нетрпеливост кон Тургенев (ликот на писателот Карамазинов) и на крајот неговата сурова пресметка со Нечаев и нечаевците како последен и најопасен потомак на револуционерната темна крв. Но памфлетскиот тон и нескриената тенденциозност не му дозволуваат на Достоевски својата замисла да ја реализира низ поголема уметничка оправданост и автентичност. Главните ликови во романот, останаа под нивото на неопходната уверливост и автентичност. Корифејот на „либералната мисла" Степан Трофимович Врховенски е бледа, сентиментална, карикатурална фигура а неговиот син Петар Верховенски (алиас: Сергеј Нечаев) шематична, еднонасочна конструкција, уметнички нерелевантна надвор од сижејниот контекст на романот. На слично или пониско уметничко рамниште се и другите нихилисти, припадници на нечаевската група: Липутин, Љамшин, Еркель и др. Но затоа два лика кои испаѓаат од памфлетската шема на романот се изделуваат по својата извонредна мисловна и сензибилна структура и се вредуваат помеѓу највпечатливите ликови на сето творештво на Достоевски.

Тоа се револуционерот-осаменик и атеистот-самоубиец Кирилов и алиенираниот благородник Николај Ставрогин.

Кирилов

Во галеријата на мисловните нихилисти, страсни истражувачи на вистината Кирилов е една од најнеобичните и најоригинални појави. Откако го прифати атеизмот тој доаѓа до идеја за самоубиството како единствена адекватна потврда на апсолутната слободна волја на поединецот. Откажувајќи се од господа човекот ја отстранува последната пречка на патот кон остварувањето на сопствената целосна лична слобода која може да се докаже само низ сопствена негација, бидејќи, „човекот и го измислил бога за да може да живее, не убивајќи се." Признавањето на бога, според Кирилов, значи целосно препуштање на човека на божјата волја. Негирањето на бога, меѓутоа, значи дека сè е во рацете на човекот кој е должен да ја пројави својата слободна волја. Се разбира, постојат и други можности за тоа пројавување, но за Кирилов главниот доказ кој човекот може да го предјави убедувајќи го светот дека расчистил со силата што стои над него е – самоубиството. Во својата декларација на слободната волја Кирилов – како страсен и непоткуплив фанатик во атеизмот гледа револуционерен чин, исполнување на значајна мисија за која токму тој е предодреден.

Развивајќи ја бизарната теорија на Кирилов Достоевски не пропушта да го прикаже својот јунак како револуционер-идеалист и визионер, оној кој доброволно го жртвува својот живот *во името на идејата.* Помеѓу Кирилов и другите нихилисти од кругот на Петар Верховенски постојат длабоки, непремостливи разлики. Кирилов пука во себе за да може прв да докаже дека човекот по отфрлувањето на бога навистина сам располага со себеси. Тој со одвратност ја одбива понудата на Верховенски својата слободна волја да ја изрази на тој начин што наместо себеси ќе убие некој друг: „Да убијам некој друг, тоа би била најниската точка на мојата слободна волја, а ти си сиот таков. Јас не сум ти; јас ја сакам највисоката точка и ќе се убијам себеси!"

Ставрогин

Ставрогин е, според Достоевски, **инкарнација на општото распаѓање** до кое доведува безверјето и одвојувањето од **народот. Господски син, благородник, син на богат генерал**

Ставрогин уште во својата младост се науживал до гадење, до презаситеност. Во душата тогаш му се вселила досада и некаква стравотна празнина која никогаш и со ништо не можел да ја исполни. За оние неколку дена што ги поминува во малото гратче во кое се одвива дејството на романот „Демони" тој до таа мера се држи необично и бизарно што донекаде има право еден критичар кога за него вели: „Ставрогин не е во состојба самиот себеси да се разбере, но и на другите не им допушта да го сфатат". Во својот живот а и во оние неколку денови што ја прават временската рамка на романот Ставрогин прави низа екстремни испади кои можат лесно да создадат впечаток за психички растроена личност. Но таквото толкување би било мошне упростено и погрешно. Ставрогиновата ексцентричност и отуѓеност Достоевски ја трансплантира врз својата памфлетска визија на рускиот нихилизам воопшто и неговите поразни последици внатре, во најинтимните катчиња на човечката душа. Иако нема ништо општо со нихилистите Ставрогин е конципиран како нивна скриена опачина, како нивни пандан на едно универзално и метафизичко рамниште. Поради тоа антрополошките аргументи не можат докрај да ни го објаснат Ставрогин. Тој „човек-идеја".

Ставрогин во никој случај не треба да го разбереме како човек со кој страстите владеат незадржливо, како човек кој престанал да му се опира на злото, зашто волјата му е ослабена. Неговата трагедија не е во слабоста, во немоќта злото да се совлада, туку во ништожеството, во бесчувственоста, во полното негирање на сè живо. Пред смртта Ставрогин покажува дека е свесен за својата тотална отуѓеност и разединетост од животот и луѓето. „Јас можам, вели тој во својата потресна исповед, секогаш да посакам да сторам добро дело и од тоа чувствувам задоволство. Напоредно со тоа, јас го сакам и злото и, исто така, чувствувам задоволство. Но и едното и другото чувство се во мене премногу површни и никогаш не се достатно силни. Моите желби се слаби; тие не можат да ме управуваат. Реката може на греда да се преплива, а на деланка – не."

Ставрогин е универзален нихилист. Кај него границите помеѓу доброто и злото се одамна избришани. Тој не е во состојба да се ангажира ниту на едната, ниту на другата страна, бидејќи во него самиот се исчезнати сите разлики.

Тој самиот не е во состојба да се справи со каква-годе сопствена побуда, желба или каприц. Отаде-нихилизмот кај Ставрогин е доведен до последните граници. Тој не е способен за никакви воодушевувања, за никакви полети; ни за каење, ни за омраза.

Во Ставрогин младиот господски син Достоевски ја отелотвори својата мисла за поразните последици што настануваат по одделувањето од народот и верата. „Вие сте атеист зашто сте господски син. Сте ја загубиле способноста да го разликувате доброто од злото, зашто повеќе не го познавате својот народ", му вели гласноговорникот на Достоевски во „Демони", јунакот Шатов. Достоевски сметаше дека најпламениот атеист стои само на неколку чекори од најдлабоката вера во бога. Но за најзакоравените, непоправливи атеисти ги сметаше рамнодушните. А Ставрогин им припаѓа токму ним. „Ставрогин, ако верува, тој не верува дека верува. А ако не верува, не верува дека не верува." Со оваа игра на зборови, која не е само тоа, Кирилов ја изрази суштината на безизлезниот атеизам на Ставрогин. Но и покрај сето овој лик зрачи незадржлива привлечност; сите јунаци со кои доаѓа во контакт гледаат во него исклучителна, чудесна личност; читателот е не помалку опседнат од него. Значењето на овој необичен лик ја надраснува христијанско памфлетската шема на Достоевски. Феноменот на отуѓеноста доби со него прва сјајна потврда во светската литература. Ставрогин е еден од најотуѓените ликови на сета книжевност од XIX век, првиот предвесник на модерните јунаци на „безразложниот чин.""

МОМЧЕ

Завршувањето на романот „Демони" се совпаѓа со враќањето на Достоевски во Русија. Неговите публицистички амбиции одново оживуваат и тој неколку години го уредува списанието „Граѓанин" („Гражданин"), каде што ги објавува првите поглавја на својот прочуен „Дневник на писателот". Паралелно тој работи над своето ново книжевно дело чиј план подолго време го измачува. Во почетокот на 1875 година органот на прогресивниот лагер, прочуеното списание „Татковински записи" го започнува публикувањето на неговиот нов голем роман „Момче". До крајот на годината целиот текст на романот ѝ стана познат на јавноста и крити-

ката. Романот наиде на мошне остри одзиви, овој пат, – од страна на реакционерниот лагер. Другата страна, на чело со Некрасов мошне поволно се одзва за него. Публиката беше до извеснен степен изненадена, бидејќи по „Демони“ писателот напиша творба со изразит антикапиталистички патос, со многу остри критички оценки за „другата страна на медалот.“ Буржоаскиот дух на времето, лакомоста, бескрупулозната трка по профити, распаѓањето на сите поранешни општествени норми и традиции го прават фонот врз кој се одвива доста сложениот сижетен заплет на романот. „Главна мисла на мојот роман, забележува Достоевски во ракописот, е распаѓањето, сеопштото распаѓање. Општеството хемиски се разложува...“ Во романот отсуствуваат впечатливи карактери и сугестивни ликови што ги среќаваме на страниците од другите крупни прози на Достоевски. Но затоа кругот на идеите содржани во него е не помалку занимлив и богат. Јунакот на романот, Аркадиј Версилов, незаконскиот син на богатиот благородник Версилов доаѓа во престолнината да си избори место во животот и притоа е опседнат како и Раскољников од една силна опсесивна идеја: тој сака да стане руски Ротшилд! Аркадиј – „момчето“, сака да стане сопственик на милиони, да биде почитуван, да се разликува од другите, да му се наметне на општеството. Но таа страсна желба за богатства, и „пари кои и најништожното човечко суштество го креваат во височини“ и му обезбедуваат примат во општеството на младиот Версилов созрева не како потреба за воспоставување власт над луѓето а како потврда на својата лична и духовна супериорност: со милионите Версилов сака да го откупи само чувството на доминација, сознанието за својата полна независност од луѓето, правото за „сопствен агол“, на горда изолација од животот, на рамнодушност за судбината на сите други луѓе! Версилов во еден момент дури ја допушта можноста, откако ќе се збогати наеднаш да го раздаде или фрли в кал сето свое богатство, бидејќи тоа би значело „да се достигне највисокиот степен на пројавената слободна волја“, бидејќи чувството на наполно слободната волја му значи на човека повеќе од какви било печалби, какви било богатства*.

* Филозофската линија на размислувањата на Версилов е мошне сродна со идеите на главниот јунак од памфлетската книга.

Плановите на младиот Версилов ни оддалеку не се остваруваат. Тој има можност да се увери дека патот кон збогатувањето води низ многубројни искушенија, помеѓу кои губењето на личното достоинство и моралната рамнодушност се секако најтешките. Барајќи одговор на прашањето „како да се живее?" тој се приклонува кон теоријата на православниот социјализам што ја проповеда религиозниот скитник Макар Иванович.

Со право се истакнува дека сето она што во „Демони" како беспоштедна критика беше свртено кон социјализмот во романот „Момче" се свртува кон капиталистичкиот поредок, кон моралниот хаос и кошмарниот меѓучовечки натпревар во стилот на „omnium bellum contra omnes". Секако дека за тоа многу придонесе долгогодишното отсуство на Достоевски од Русија, неговото судирање со новите забрзани промени на еден свет, за него, и во западната и во источната варијанта, неприфатлив и одбивен. Луѓето од неговиот идеен круг, оние кои веруваа дека помеѓу неговиот теизам и самодржавјето постојат допирни точки не го одобрија новиот роман, изјавувајќи дека се збунети и разочарани. Самиот тој, одново му се врати на својот „Дневник на писателот" во кој од почетокот на 1876 низ многубројни статии и две извонредни литературни остварувања, – расказите „Кротка" и „Сонот на смешниот човек" – продолжува да ја води својата напрегната полемика за Русија и човекот воопшто, со сите, а најмногу со себеси. Тој остар внатрешен спор кулминира во крајот на 70-тите години кога Достоевски го започнува своето најдлабоко дело, – големиот роман „Браќата Карамазови".

БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ

Последниот роман на Достоевски претставува синтеза на неговите филозофски и книжевно-естетски погледи, по својата сугестивност и длабочина, тој е – круна на сето творештво на Достоевски. Карактеристичното проседе – идеите

„Записи од Подземието" (1863) кој тврдеше: „Човекот, секогаш и секаде, сака да постапува онака како што сака, а не онака како што му вели разумот и корисноста... На човекот му е потребно само едно самостојно сакање без обзир колку скапо ќе ја плаќа таа своја самостојност и без обзир каде ќе го води таа него."

и нивните носители – ликовите, да не се дефинираат низ конечна определеност во рамките на одделни дела, туку да се пренесуваат, развиваат и растат како контрапункт во новите творби, во „Браќата Карамазови“ добива последна потврда, повпечатлива од сите претходни. Светската слава на ова дело, крупните универзални проблеми на човештвото што во него се покренати на еден неспоредливо силен начин, не ја прават второстепена неговата чисто руска основа. Напротив, „Браќата Карамазови“ доаѓаат како ново големо остварување на писателот по неговото континуирано десетгодишно престојување во Русија, по најинтензивна мисловна активност во истражувањето на своевидноста на „рускиот дух“, по илјадниците страници на „Дневникот на писателот“ каде што во текот на оваа деценија Достоевски со огромна енергија и задлабоченост ги третираше проблемите на рускиот живот, дефинирајќи го уште еднаш, пред крајот на својот живот сложениот систем на своите филозофски и естетски погледи. Сето тоа најде одраз и врз страниците на овој голем роман. Руската стварност, немирите и обидите да се пронајде правиот пат на Русија наспроти западните примери, да се откријат неопходните упоришта во „народниот дух“ и да се зачува интелектуалниот развој од моралното распаѓање карактеристично за капиталистичкиот Запад, атмосферата на напрегнати барања која ќе доживее свој климакс во крајот на седумдесетте години за да се разреши низ бруталната депресија под новиот владетел (Александар III) во почетокот на новата деценија, – сето тоа се одразува врз страниците на ова надахнато дело, напишано со забрзани инспиративни темпови, во кое Русија и светот, човекот и универзумот, неговата суштина и неговата егзистенција се проникнуваат и стануваат едно. Темата за таткоубиството и престапот, централниот сижетен пункт на романот, датира уште од времето на „Записите од Мртвиот дом“; идејниот комплекс на проблемите опфатени во него, меѓутоа, најверојатно уште од времето на создавањето на „Идиот“. Всушност, Достоевски имаше намера да напише голем роман во неколку дела, под заеднички наслов „Житие на големиот грешник“. Таа замисла еволуираше низ времето, но во целост таа никогаш не беше остварена поради предвремената смрт на писателот. Во „Браќата Карамазови“ треба да го гледаме само првиот дел на таа голема замисла

според која во почетокот требаше да станува збор за пламенен млад христијанин кој подоцна станува револуционер и атеист, за на крајот одново да се врати кон идеалите на својата младост, да се покае и да го прифати христијанството како конечно разрешување на своите мачителни дилеми. Тој јунак, даден во околностите на својата првобитна теистичка теза е Алексеј – Аљоша Карамазов, најмладиот син на семејството Карамазови. Таа недовршеност можеби придонесе, дејството на постојната верзија да се одвива доста невообичаено, во нетипична за Достоевски малоградска провинциска средина, во гратчето Скотопригоњевск, во чија непосредна близина е лоциран манастирот во кој живее старецот отец Зосима – духовниот татко на Аљоша Карамазов. Но, оваа околност мошне малку ѝ пречи на веродостојноста на ликовите и идеите што ги застапуваат тие. Јасно е дека длабоките и разорни мисли што се јавуваат во нивните глави се од големоградско потекло. Притоа, како во ниедно друго свое дело Достоевски воопшто не му обраќа внимание на амбиентот: речиси и не дознаваме за какво гратче станува збор, – никакви описи, ни податоци за пределот или природата. Сè е сконцентрирано околу ликовите и дејството. Очевидно дека на авторот му е нужен простор за бурните настани и секавичните промени и пресврти, тешко остварливи во големоградската затвореност. Освен тоа, тука е и манастирот со старецот Зосима, кој иако умира во првите поглавја од романот претставува главен идеен и филозофски аргумент во рацете на авторот.

Сижето на романот „Браќата Карамазови" е мошне едноставно: главата на семејството Карамазови, Фјодор Павлович, омразна и одбивна личност е убиен од еден од четворицата свои синови. Правдата не го открива вистинскиот злосторник (Смердјаков), туку невиниот Дмитриј кој по тешко обвинување и пресуда е испратен на робија. Обична историја на едно од многуте „случајни семејства", толку чести во романсиерскиот опус на Достоевски. Но секој еден од членовите на семејството Карамазови претставува поглавје за себе. Разликите што ги делат и распнуваат цели бездни помеѓу нив далеку ги надминуваат невидливите нишки на крвното сродство.

На чело се наоѓа омразениот лик на Фјодор Павлович Карамазов, – природа, болно зла, нечовечна, одвратна. Нај-

негативното низ сиот дотогашен опус на Достоевски како да се збрало во неговиот лик: лакејскиот дух на Фома Опискин од „Селото Степанчиково", цинизмот на „човекот од подземјето", злото во распаѓање, доведено до одвратност кон самиот себеси на Свидригајлов од „Злостор и казна". Полтрон и шут во младоста, паразит и забавувач на богатите дворјани во чија куќа го ужива гостоприемството на „нахљебник", потоа итар лихвар кој се збогатува низ мрачни зделки, за да се претвори во богат спахија и сладострасник при крајот од животот, – задржувајќи го лакејскиот дух тој како да им се одмаздува со навреди и бескрупулозни уценувања на сите луѓе од својата средина, за понижувањата што ги доживувал во младоста. И синовите за него не претставуваат никаков исклучок. Тој за нив впрочем никогаш не појавувал родителски интерес. Одгледани и воспитани од стариот слуга Григориј тие доаѓаат во контакт со него дури како зрели луѓе. Не е ни најмалку чудно што синовите чувствуваат омраза кон својот татко, омраза што кај одделни преминува во презир поради што тие дури ја посакуваат, свесно или несвесно, неговата смрт.

Карактерните црти на браќата Карамазови во ракописот од романот Достоевски вака ги распределил:

„Првиот брат – атеист и очајник.

Вториот – сиот фанатик.

Третиот – идното поколение, живата сила, новите луѓе."

Не е тешко да се одгатне дека во првиот случај станува збор за Иван, во вториот за – Дмитриј, во третиот за – Алексеј.

Иван

Ликот на Иван Карамазов претставува натамошна разработка на принципот за хипертрофираната свест што неминовно доведува до самоуништување на личноста. Назначен во ликот на Раскољников, доведен до апсурд во ликот на Кирилов, тој принцип низ ликот на Иван е развиен во универзален филозофски постулат. „На умниот човек – сè му е дозволено", вели Иван, но од ова тврдење до грозната опомена на Достоевски „моралноста без религијата е невозможна" има само еден чекор. Токму низ таа стрмнина мислата на Иван доживува деструкција и неповратен крах.

Рефлексивен ум, скептик и атеист, во своите натамошни мисловни консеквенци Иван доаѓа до тотална декомпозиција на своите филозофски упоришта, одречувајќи ја љубовта кон блискиот човек и секаквата морална одговорност на личноста пред општеството. Тој ги презира масите, но го потценува и човекот – не може да сфати како може да се сакаат блиските, кога сите луѓе се порочни и слаби. Своите идеи Иван ги излага најпоразно во двете во идеен поглед централни глави на сиот роман „Буна" и „Легенда за големиот инквизитор". Во нив Иван спори со помладиот брат Алексеј но тие се всушност страници исполнети со страсниот спор на писателот со самиот себеси кој уште еднаш ги подложи на строга беспоштедна проверка своите длабоки внатрешни дилеми. Својот главен аргумент дека на земјата е невозможно да се оствари „хармонија" сè додека неа човештвото треба да ја плати со цената на најневините суштества – децата, Иван го претвора во основен постулат на филозофскиот апсурд според кој „хармонијата" е неостварлива а животот невозможен. Сјајната критика на христијанската приказна и религиозниот морал кој ветува блаженство „на другиот свет" принудувајќи го човека да ја откупува својата „идна среќа" низ легализацијата на порокот и оправдувањето на бесмислените страдања на земјата не е во состојба да ги разреши мачителните јазли во Иван и да го приведе кон нужната еуфорија. Иван останува зазидан во својот апстрактен индивидуалистички систем, одвратен од светот, но и згрозен од самиот себеси. Достоевски го остава својот мисловен нихилист и очајник пред тотална душевна беспатица: животот е бесмислен, на умниот човек не му преостанува ништо друго, освен саморазрушувањето. За Иван не постои ни алтернативата на покајувањето (Раскољников) ни алтернативата на апсурдниот излез (Кирилов). Неговиот случај е последното остро предупредување на Достоевски за разорните последици на револуционерното посегање, на бунтарството, кое според него, секогаш завршува со самоуништувачкиот индивидуализам.

Дмитриј

Наспроти „чистата идеја без практика" (Иван) стои „чистата практика" ослободена од идеи во ликот на најстариот

брат Дмитриј. Фанатичка, незауздана природа, распнувана од своите нескротливи страсти способна на највозвишени, но и на најниски постапки, Дмитриј ни изгледа најприроден и најчовечен лик во романот, дистанциран од неговата идејно-филозофска шема. Расположите на неговата душевност, непредвидливоста на неговото поведение, стихијноста на неговиот темперамент се навистина импресивни. Ослободен од секаква рационална контрола, тој дејствува единствено под диктатот на своите импулси, не признава принципи, не знае за идеи, отфрла секакви притисоци. Во една вчудовидувачка сцена во почетокот на романот, идеалниот калуѓер и праведник, старецот Зосима, паѓа на коленици и му се поклонува на грешниот Дмитриј! Оваа симболичка сцена бездруго претставува клуч за идејната структура и смисла на сиот роман: „практиката е повозвишена, поисправна, почовечна и почиста од каква-годе „идеја“.“

Алексеј

Најмладиот Карамазов, според зборовите на М. Гус, треба да ја оствари „синтезата помеѓу двете противречни начела (Иван-Дмитриј) во духот на советите на старецот Зосима и да ја обедини мислата како верување низ акција.“ Четвртиот син Смердјаков во таа шема ја претставува „лошата синтеза“ на принципите на Иван и Дмитриј, соединувајќи ги идеите на првиот со дејствувањето на вториот низ злосторот (убиството на Фјодор Павлович) што го изврши. (Тука е шемата на злосторничкиот чин: Дмитриј е само невиниот заканувач; Иван – идеен инспиратор; Смердјаков – исполнител.) Благоста, одзивчивоста, устременоста кон идеалното се основните белези на карактерот на Алексеј. Тој минува низ инферналниот свет на „карамазовштината“, збунет, вчудовиден, но – чист и неизвалкан. Симпатиите на авторот се недвосмислено на негова страна. Тој чекори по стапките на својот идеолог Зосима кој проповеда смиреност и сепростување. Алексеј го прифаќа христијанското милосрдие како основен постулат на својот поглед на свет, а љубовта кон блискиот – како „spiritus movens“ на својата акциона програма: да се верува, но не низ контемплација, туку низ акција. „Акцијата“ е моралното усовршување, но не само за него, туку како пример и поука за Дмитриј и

Грушењка и децата кои така одеднаш се појавуваат во последните поглавја од романот, симболизирајќи го новото поколение. Достоевски, очигледно нарочно, го остава својот омилен јунак „недовршен"* ... И по ликот на Алексеј може да се заклучи дека писателот предвидувал продолжение на својот роман.

*

„Од најпламениот атеизам до најдлабоката вера има само еден чекор", вели еден од јунаците на Достоевски. Во писмото до својата пријателка Фонвизина од 20.II.1854 г. тој пишува: „Јас сум дете на векот, дете на неверувањето и сомневањата сè досега и дури (јас тоа го знам) сè до смртта. Доколку пострашни измачувања предизвикуваше во мене

---

* Не можеме да се сложиме со тврдењето на погоре цитираниот М. Гус дека најмладиот Карамазов е „само бестелесен дух, а не жив и реален човек", и дека пред сè претставува „гласноговорник" на идеите на самиот автор, кој не учествува во дејството, туку само присуствува на дејствувањето на другите јунаци од романот. Според нас, такво диференцирање во романот не постои. Во идејно-филозофската шема на „Браќата Карамазови" и таткото на семејството и сите негови синови имаат свој сопствен простор низ кој се остваруваат и со кој дејствуваат во хармонија. Во тој поглед Алексеј не се разликува *битно* од нив. Да се инсистира врз една поинаква естетска идентификација на овој лик, значи да се стои на становиштето дека романот „Браќата Карамазови" како *реализација* само стриктно ја покрива априорната идеолошка шема. Дури и во тој случај, помеѓу Иван и Алексеј, како два крајни пола на идејната полемика во крајниот биланс не би требало да има никаква разлика. Ние, обратно, сметаме дека литературната креација, а романот на Достоевски го сметаме како таква од највисок тип, секогаш ја надраснува авторската замисла, содржејќи значење и смисла пошироки од првобитната намера. In conclusio: ликот на Алексеј се идентифицира во нашата свест не само како проповедник на авторовите идеи што е несомнено, но и како лик-идеја, лик адекватен на една хуманистичка човекова алтернатива, лик свртен кон иднината во која предвидува остварување на човековата разотуѓеност. Алексеј е човек во својата конкретна и радикалистичка решеност да партиципира (на свој начин) во остварувањето на својот идеален свет базиран врз идеални меѓучовечки односи. Тој свој стремеж (засега) тој го потврдува со својот личен пример на етичка доблест. Не споримe дека вака конципиран Алексеј не се оцртува како еден сè уште апстрактен идеал. Но и како таков, тој нè освојува; бидејќи се залага и се стреми кон еден поубав и посовршен свет кој ќе го подготви човековото доослободување.

таа жед кон верата, дотолку таа стануваше сè посилна во мојава душа, дотолку повеќе во мене избиваат посилни докази". Потребен е нов, поголем простор за да се образложи комплексниот идеен систем на Достоевски, неговата чудна, често своеглава и дисхармонична содржина. Ќе забележиме само дека мислата на Достоевски, пред сè е, поприште на динамично спротивставени гледишта, арена на спорови, полемики во кои доказите се сменуваат со контрааргументи, тезите со антитези, верувањата со длабоката скепса, побуната против злото со неговите жестоки дијаболични инкарнации. Достоевски е сиот низ сите фази на својот животен, творечки и мисловен пат во вителот на исцрпувачките трагања по универзалната човечка вистина со строго издиференциран „етички епицентар" Овој примарен и, во својата основа длабоко трагичен „spiritus movens", еднакво иманентен на неговата личност, како и на неговото творештво, ја објаснува „естетската рамнотежа" на неговото дело единствено и осамено среде поларизациите карактеристични за руската литература во четириесетлетието 1840–1880. Достоевски никогаш, дури ни во времето на најблиското пријателство со Белински, не ја прифаќаше утилитаристичката естетичка програма. Нејзин противник беше и тогаш кога сонуваше за Револуција во кружокот на Петрашевски. Подеднакво туѓи му беа моделите низ кои и неговите современици руските народници го гледаат учеството на литературата во општествениот живот. Но тој еднакво никогаш не ги прифати ни апелите за чистата уметност, ларпурлартизмот му беше еднакво туѓ, а уметноста незаинтересирана за живите текови на стварноста, неприфатлива.

На Достоевски му припаѓаат зборовите кои и денес не ја изгубиле својата актуелност: „Уметноста е секогаш современа и стварносна, таа никогаш не била поинаква и, што е најважно, никогаш поинаква не може да биде."

„Браќата Карамазови" се последно литературно дело на Достоевски. Во годината што ги дели од неговиот животен крај, подготвувајќи се за нови остварувања, тој по обичај прави мала пауза во која одново се навраќа на горливите проблеми на Русија. По повод на Пушкинските празници на 8 јуни 1880 година во Москва Достоевски ја одржа својата прочуена Пушкинска реч која предизвика огромен впечаток и ја потресе сета интелектуална Русија. Поаѓајќи од

Пушкин, откривајќи во неговиот поетски гениј длабоко скриени мисловни пораки („... Пушкин единствен од сите светски поети ја носеше во себе способноста за универзална одзивчивост и на целосното овоплотување во гениjот на другите народи...") Достоевски доаѓа до заклучок дека „таа црта всушност му е својствена на сиот руски народ кој во својата душа ја носи таа склоност за внесување на себеси во другите, за светско одзивање и со тоа за сеопшто измирување."

„Неоспорно е, истакнуваше Достоевски во својата пламена беседа, дека значењето на рускиот народ е сеевропско и светско. Да се биде вистински Русин, да се биде полн Русин, тоа можеби единствено значи да им се стане брат на сите луѓе, да се стане сечовек, ако сакате."

Тоа треба да биде идната задача на Русија, во тоа е нејзината историска мисија.

Пушкинската реч одекна широко низ Русија и предизвика бурни реагирања. Ја оспоруваа и левите и десните општествени кругови – таа никого не го остави рамнодушен. Достоевски го готвеше новиот број на својот „Дневник на писателот" кога во јануари 1881 година тешко се разболе од пневмонија. Почина на 28 јануари во Петроград каде што е и погребан во Лаврата на манастирот Александар Невски. Над отворената могила, Владимир Соловјов, еден од најстрасните негови следбеници во својата вдахната реч забележа:

„Достоевски ја сакаше пред сè живата човечка душа, ја бараше во сè и насекаде... тој веруваше во нејзината бесконечна сила, во нејзината свечена победа над сите надворешни насилства, над сите внатрешни потклекнувања..."

*

Зимата 1968 година во трагање по местата на Достоевски во Ленинград запревме пред портите на Лаврата на Александар Невски. Беше облачен и намуртен ноемвриски ден. Чекоревме долго по патека од црна згура кога наеднаш застанавме пред паметникот на големиот писател – едноставен и страшен.

д-р Милан ЃУРЧИНОВ

БЕДНИ ЛУ́ГЕ

Ох, пак и тие ми се некакви раскажувачи! Не да напишат нешто корисно, пријатно, слаткозборно, туку тие и црното од под ноктот подземи го отпретуваат! . . . Еве јас би им забранил да пишуваат! А и на што прилега ова: читаш . . . не сакајќи ќе се замислиш, – а таму секакви штогодности ќе ти удрат во главата; што е право, јас би им забранил да пишуваат, ете така, просто сосем би им забранил.

Кн. В. Ф. Одоевски

8 април

Бесценета моја Варвара Алексеевна!

Вчера јас бев среќен, безмерно среќен, донемајкаде среќен! Барем еднаш во животот вие, своеглавко, ме послушавте мене. Вечерта, во осум часот, се разбудувам (вие знаете, душичко, дека јас сакам да поспијам по еден-два часа по службата), ја земам свеќичката, подготвувам хартија, го полнам перото, и наеднаш, ненамерно, ги поткревам очиве, – што е право, срцево почна да ми потскокнува еве вака! Најпосле, сепак, вие сфативте што сакав, што му се присакуваше на срценцево мое! Гледам, крајчето од перденцето на вашиот прозорец е поткренато и закачено за гранчето од балзаминот, онака крадешкум, како што ви наспомнував тогаш; во тој миг сè ми се стори дека и вашето лиценце се мерна во прозорецот, дека и вие од вашата соба гледате во мене, дека и вие мислите на мене. И толку многу бев лут, гулабе мој, дека

вашето миловидно лиценце не можев да го здогледам добро! Имаше едно такво време, кога и ние, душичко, гледавме јасно. Староста не е радост, родена моја! Еве и сега сè некако ми се шаренее пред очиве; ќе поработиш малку навечер, ќе попишуваш нешто, а наутро очите ќе ти се вцрват, и солзите течат, така што дури и ти е срамно пред луѓето да се покажеш. Па сепак во мојава претстава така засветка вашата насмевка, ангелче, вашата добра, љубезна насмевка; и во срцево мое имав јас токму такво чувство, како тогаш, кога ве бакнав вас, Варењка, — се сеќавате ли, ангелче? Знаете ли, гулапче мое, мене дури и ми се стори дека вие таму и со прстенцето ми се притопоривте? Така ли е, немирнице? Вие бездруго опишете ми го поподробно во вашето писмо сè ова.

Па, како ви се чини нашата досетка со вашето перденце, Варењка? Премило, не е ли така? Седнувам ли да работам, си легнувам ли да спијам, се разбудувам ли, а веќе знам, дека и вие таму на мене мислите, ме споменувате, а и вие сте, исто така, здрава и весела. Ќе го спуштите ли пердето — тоа значи, до гледање Макаре Алексеевич, време е за спиење! Ќе го поткренете ли — значи, добро утро, Макаре Алексеевич, како спиевте, или: како сте со здравјето, Макаре Алексеевич? Што се однесува до мене, јас, слава му на бога, здрава сум и добро ми е! Гледате ли, душичко моја, колку е остроумно смислено сето тоа; и писмата не се потребни! Итро, нели така? А еве, досетката е моја! А што велите, каков сум јас во овие работи, Варвара Алексеевна?

Ве известувам, душичко моја, Варвара Алексеевна, дека оваа ноќ јас, наспроти очекувањата, спиев добро, со што сум наполно задоволен; иако кога си во нов стан, сега доселен, секогаш некако не ти се спие; сето е некако така, а и не е така! Денес станав како некој јасен сокол — весело настроен! А колку убаво е утрово денес, душичко! Кај нас го отворија прозорчево; сонцено грее, птичкине чуруликаат, воздухов е полн со пролетни мризби, и целава природа оживува — па, и другото таму сето, исто така, му прилега на ова; сè во ред, како пролет. Јас денеска дури и помеч-

таев доста пријатно, и сè за вас беа мечтаењата мои, Варењка. Ве споредив со птичката небесна, за утеха на луѓето и за украс на природата што е создадена. Тука некаде помислив, Варењка, дека и ние, луѓево, што живееме во грижи и силни возбуди, мораме, исто така, да им завидуваме за безгрижната и невина среќа на небесните птици, – па, и другото беше сето такво, прилегаше на ова; то ест јас сè вакви оддалечени споредби правев. Кај мене овде се наоѓа една книшка, Варењка, и така во неа ова истово онака сосем подробно опишано. Јас тоа му го припишувам на разните мечтаења, душичко. А, еве, сега е пролет, од тоа и мислите се сè такви пријатни, остри, досетливи, и мечтаењата се нежни; а, впрочем, сево ова јас од книшката и го зедов. Таму составувачот открива иста таква желба во стихчињата и пишува.

„Зошто не сум, птица, не сум стрвна птица!“

Па, итн. Таму има и други разни мисли, господ да им биде напомош, каде ли одевте вие денеска изутрина, Варвара Алексеевна? Јас уште не се готвев за на работа, а тука вие, сосем онака, како птичка пролетна, летнавте од собата и поминавте по дворот така веселичка. Колку бев весел тогаш, додека ве гледав! Ах, Варењка, Варењка! Вие не тагувајте; со солзи на несреќата не може да ѝ се помогне; тоа го знам, душичко моја, од опит го знам јас тоа. Сега вие сте толку мирна, што и здравјето малку ви се поправило. – Па, како е вашата Фјодора? Ах, колку добра жена е таа! Вие, Варењка, напишете ми мене, како живеете сега со неа таму, и дали сте задоволна од сè? Фјодора си е по малку и зловолна, но вие не обрнувајте му внимание на тоа, Варењка. Господ нека ѝ е напомош! Таа е толку добра.

Јас веќе ви пишував за тукашнава Тереза, – исто така, и добра и верна жена. И толку многу се беспокоев за нашите писма! Како ли ќе се препраќаат? А еве ти ја Тереза, чиниш господ ја испрати за наша среќа! Таа е добра, кротка, незборлива жена. Но нашава стопанка е проста безмилосна. Ја гмечи во работата, како да е некаква ветошина.

Ете, во какво зафрлено место попаднав јас, Вар-

вара, Алексеевна! И тоа е некаков стан! Порано, ете, јас живеев како некој тетреб, сама знаете: мирно, тихо; кај мене, можеше да се чуе и мува како лета. А тука, врева, викотница, лелек! Па вие уште и не знаете како е наредено сево тука. Претставете си, на пример, еден долг коридор, сосем темен и нечист. На десната страна има само ѕид, а на левата се протегнуваат само врати и врати, како ќелии, сè така со ред. Па, ете, тие ќелии и се даваат под наем, а во секоја од нив по една собичка; во една живеат и по двајца, и по тројца. За редот не прашувајте – Ноев ковчег! Впрочем, се чини луѓето се добри, образовани, учени. Има еден службеник (тој е таму некаде по литературното дело), човек начитан: а за Хомер, и за Брамбеус, и за разни други сочинители зборува, за сè зборува, – умен човек! Двајца офицери живеат и постојано играат карти. Има еден заставник, Англичанец – учител, исто така. Почекајте, јас ќе ве развеселам, мајчице; во идното писмо ќе ги опишам сатирично, то ест такви, какви што сами по себе, се со сите подробности. Стопанката наша е многу малечка и чиста старичка, по цел ден се влечка и во шлафрок оди и цел ден постојано ѝ вреска на Тереза. Јас живеам во кујната, или многу поправилно ќе биде ако се рече еве вака: тука, до кујната, има една соба (а кај нас, потребно е да ви го наспомнам тоа, кујната е чиста, светла, многу е добра), собичката е малчка, едно такво скромно катче... то ест, или уште подобро е да се рече, кујнате е голема, со три прозорци, така што јас имам прегратка покрај попречниот ѕид, така што се добива уште нешто како соба, чиј номер е прекуброен; сè е просторно, удобно, има и прозорец, и сè, – со еден збор, сè е удобно. Па, ете, тоа е моето катче. Но, вие, душичко, не мислете дека тука има нешто поинакво и дека тука постои некаква таинствена смисла; дека, ете, сакам да речам, кујна! – то ест јас, молам, токму во таа соба зад прегратката живеам, но тоа не е ништо; јас од сите нив одделно си живеам по малку, крадешкум си живеам. Си наместив тука кај мене кревет, маса, комода, два стола, портрет закачив. Навистина, има и подобри станови, – можеби има и

многу подобри, но удопството е најглавно, а сево ова јас само заради удопство, и вие немојте да мислите дека заради нешто друго. Вашето прозорче е отспротива, преку дворот; и дворот е тесничок, можам на поминување да ве видам – сè повесел сум несреќников јас, а и поевтино е. Кај нас тука последната соба, со маса, чини триесет и пет рубли во асигнации. Не ми одговара цебов! А мене мојов стан ме чини седум рубли во асигнации, и масата уште пет, еве ти дваесет и четири и пол, а порано триесет цели плаќав, затоа и од многу работи се откажував; не секогаш пиев чај, а сега еве и за чај и за шеќер се снајдов. Па вие знаете, родена моја, дека е срамно да не се пие чај; тука сиве се имашливи и така, срамно е. Го пиеш заради луѓето, Варењка, заради изгледот, заради тонот; а мене ми е сеедно, јас не сум мераклија. Претпоставете вака, пари за трошење – сè за нешто ќе притребаат – па некакви чизмичиња, облека – многу ли ќе остане? Ете, тоа е и сета моја плата. Но, јас не се бунам и задоволен сум. Доста ми е тоа: Еве веќе неколку години доста ми е; исто така, има и награди. – Па, до гледање, ангелче мое. Јас таму купив и двечки грнченца со балзаминче и со геранијка – не е скапо. А вие, можеби, и резедата ја сакате? Па и резеда има, само вие напишете; па знаете ли, сè, колку што можете поподробно напишете. Вие, меѓу другото, немојте да си помислите нешто и не сомневајте се, душичко, во мене, за тоа што јас ваква соба зедов под наем. Не, удопството ме натера, и само удопството ме соблазни мене. Та јас, мајчице, пари собирам, печалам; кај мене паричките се множат. Вие немојте да гледате на тоа дека јас сум, ваков тихичок што, се чини, дека и мувата со крилото ќе ме скрши. Не, душичко, јас не сум во заблуда за себеси, и имам совршено таков карактер, како што му прилега на човек со тврда и тивка душа. До гледање, ангелче мое! Сум ви се распишал јас вам за малку, па на два листа, а одамна е време да одам на служба. Ги бакнувам вашите прстиња, душичко, и останувам, ваш покорен слуга и најверен пријател

Макар Девушкин.

• P. S. Молам за едно: одговорете ми, ангелче мое, колку што можете поподробно. Јас со ова ви испраќам, Варенька, една фунтичка бонбони; засладете се со нив за здравје и, живи бога, не грижете се и не лутете ми се мене. Значи, така, проштавајте, мајчице.

8 април

Почитуван Макаре Алексеевич!

Знаете ли дека, најпосле, ќе бидам принудена сосем да се скарам со вас? Ви се колнам, добар Макаре Алексеевич, дека мене дури и ми е тешко да ги примам вашиве подароци. Јас знам колку ве чинат вас, какви лишувања и одрекнувања од најнеопходното за себе. Колкупати сум ви зборувала, дека мене не ми е потребно ништо, сосем ништо; дека јас не сум во состојба да ви се оддолжувам и за оние добрини, со кои и досега ме опсипувавте. И зошто ми се овие грнци? Да речеме за балзаминчињава и така и така, но зошто ми е геранијава? Треба само едно зборче да се изрече во невнимание, како, на пример, за оваа геранија, и вие уште веднаш ќе го купите тоа; па ова, бездруго, е скапо? Колку прекрасни се цветовите на неа? Како крв црвени, крстосани. И каде ли ја изнајдовте оваа олку прекрасна геранија? Ја ставив на средината од прозорецов, на највидно место; на подов пак ќе ставам клупа, а на клупата ќе ставам уште цветови; почекајте само додека се збогатам и јас! Фјодора не може да се изнарадува; кај нас во собава сега е вистински рај, – чисто, светло! А пак бонбониве, зошто? Навистина, јас уште по писмово погодив, дека кај вас нешто не е како што треба – и рај, и пролет, и мириѕби летаат, и птичките чуриликаат. Што му е ова, си мислам, да нема тука и стихови? И навистина, уште само стихови му недостасуваат на вашево писмо, Макар Алексеевич! И нежни чувствувања, и мечти во розов превез – сè има тука! За перденцево не ни мислев; тоа, бездруго, само се запнало, додека ги местев грнченцата; ете, тоа ви е!

Ах, Макаре Алексеевич! Што и да зборувате вие

таму, колку и да ги пресметувате вашите доходи за да ме прелажете, за да ми покажете дека сите тие исцело одат само и единствено за вас, но од мене вие нема да премолчите ни да скриете ништо. Јасно е дека вие се лишувате од неминовното заради мене. На пример, зошто ви текнало вам да земете под наем таков стан? Та вас ве беспокојат, ве тревожат; вам ви е тесно, неудобно. Вие ја сакате осаменоста, а тука – уште што нема околу вас! А вие, судејќи според вашата плата, би можеле многу подобро да си живеете. Фјодора вели дека вие порано сте живееле каде-каде подобро одошто сега. Зар вие сте го преживеале целиот свој живот така во осаменост, во лишувања, без радости, без пријателски убав збор, по туѓите луѓе катчиња најмувајќи? Ах, пријателе мој, колку ми е жал за вас! Штедете го барем своето здравје, Макар Алексеевич! Вие велите дека и очите ви заслабнуваат, тогаш не пишувајте на свеќа; зошто да се пишува? И без тоа вашата ревност кон службата им е позната на вашите началства.

Уште еднаш ќе ве замолам, не растурајте по мене толкави пари. Знам дека ме сакате, но и вие самиот не сте богат . . . Денес јас, исто така, се разбудив весела. Ми беше толку убаво; Фјодора веќе одамна работеше, па и мене ми најде работа. Толку многу се израдував; отидов само свила да купам, а потоа се фатив за работа. Цело утро ми беше толку лесно на душава, толку бев весела! А сега пак сè само црни мисли, тажно; сè ме тишти срцево.

Ах, што ќе биде со мене, каква ли ќе биде оваа моја судбина! Тешко е тоа, што сум во ваква неизвесност, што немам иднина, дека јас не можам дури ни да претпоставувам што ќе стане со мене. Назад е страшно дури и да се погледне. Таму е сè една таква жалостија, што срцето само при едно потспомнување се раскинува надве. Довека ќе плачам јас поради лошите луѓе, што ме погубија!

Се стемнува. Време е за работа. Би сакала да ви напишам за многу работи, но се нема време, работава ми е со рок. Треба да се брза. Најпосле, писмата се убава работа; со нив не е толку здодевно. А зошто пак

вие никогаш самите не наминувате кај нас? Зошто тоа, Макаре Алексеевич? Ете, сега ви е блиску, па и време слободно понекогаш ви се наоѓа. Дојдете, повелете! Јас ја видов вашата Тереза. Таа, се чини, уште е таква, болна; ми се здожали за неа, ѝ дадов дваесет копејќи. Да! за малку ќе заборавев: бездруго напишете ми сè, колку што можете поподробно, за вашето живеење. Какви луѓе се тие покрај вас, и добро ли живеете со нив? Јас многу сакам сето тоа да го знам. Вардете, бездруго напишете ми! Денес јас нарочно ќе го подигнам крајчето од перденцево. Легнете си порано, синоќа дури до полноќ гледав како светеше кај вас. А сега, збогум. Денес е и горко, и здодевно, и тажно! Таков ќе биде, бездруго, денот! Збогум.

Ваша
Варвара Добросјолова

8 април

Почитувана Варвара Алексеевна!

Да сакана, да, родена моја, бездруго и денов се зададе ваков поради мојата црна судбина! Да си поиграте подбишега со мене, со старецов, Варвара Алексеевна! Впрочем, самиот сум виновен, уште како виновен! А што ми требаше и мене на стари години со побелено перче во разни амори и други штогодности да се впуштам... И ќе речам уште, сакана: чуден е понекогаш човекот, многу е чуден. И, светци мои! за што ли уште не ќе зазборува, во што ли не ќе се занесе понекогаш! А што произлегува, што се добива, ете, од тоа? Па сосем ништо не се добива, а излегува таков прав и пепел, што господ да те чува! Јас, мила, јас не се лутам, туку само не ми е многу мило да се потсетувам на сето, непријатно, оти јас ви напишав вам така фигуративно и глупаво. И на работа јас денес отидов како некој фодул; имав една таква светлина во срцево. Без причина, во душава ми се беше разгрнал таков празник; весело беше! Се заграбив распалено за актите – и што излезе најпосле од тоа! Само што се обѕирнав околу себе, наеднаш сè стана

како порано – и сиво и матно. Насекаде истите црнки од мастило, истите маси и хартии, а и јас, исто така, истиот; онаков, каков што бев, наполно таков и сум останал, – тогаш што ми требаше да јавам на оној Пегаз? И од што се роди сето тоа? Што назирна сонценцето и што се полеа небото со лазур! од тоа ли? Па и какви се оние миризби, кога во нашиот двор, под прозорците, се случува сешто! Сето тоа мене, бездруго, поради лудоста ми се стори така. Па, ете, му се случува понекогаш на човека да заскита така во своите сопствени чувства и да заталка во бесмислени штогодности. Тоа не произлегува од ништо друго, туку од излишниот, глупав жар во срцето. Дома јас и не си дојдов, туку се довлечкав: без никаква причина ме заболе глава; па тоа, се разбира, си оди едно со друго. (Сум настинал, во плеќиве.) И се израдував на пролетта, будала низаеден, и во лесната шинела излегов. И во моиве чувства сте се прелагале вие, родена моја! Нивниот излив вие сте го сфатиле од сосем погрешна страна. Мене ме понесе татковската наклоност, само чистата татковска наклоност! Варвара Алексеевна, бидејќи јас го заземам кај вас местото на роденият татко, бидејќи вие сте кутра сиротица; од душа го велам ова, од чисто срце, како роднина. Како и да биде, но јас сум ви вам далечен роднина, па макар, како што вели пословицата и деветта вода – киселина, па сепак роднина, и сега најблизок роднина и покровител; поради тоа што онаму, каде што отсекаде најмногу имавте право да барате покровителство и заштита, вие најдовте предавство и навреда. А што се однесува до стихчињата, ќе ви речам јас, душичко, дека не ме личи мене на стари години да се занимавам со составување стихови. Стиховите се штогоде! Заради стихови денес и дечињата во училиштата ги тепаат . . . ете, така е тоа, родена моја.

Зошто ми пишете, Варвара Алексеевна, за удопствата, за спокојството и за разните работи? Мила моја, јас не сум гнаслив и не сум строг, никогаш подобро отсега не сум живеел; тогаш зошто би пребирал на стари години? Јас сум сит, облечен, обуен; па какви други барања да имам! Не сум од некој грофов-

ски сој! Мојот родител не бил од дворјанско потекло и со целото свое семејство тој бил победен од мене по доход. Јас не сум разгаленко! Впрочем, ако зборуваме за правина, мене во стариот стан ми беше каде-каде подобро; позгодничко ми беше, мила. Се разбира, и сегашниов стан мене ми е добар, во некои работи дури и повесел и, ако сакате, поразнообразен; јас ништо не велам против тоа, па сепак, ми е жал за стариот. Ние, стариве, то ест повозрасниве луѓе, привикнуваме кон старите работи, како кон нешто родено. Станчето беше, знаете, онака малечко; ѕидовите беа . . . туку, што има да се зборува! ѕидовите беа како сите други ѕидови, не станува збор за нив, а ете, спомените за сето мое поранешно ми носат тагувања . . . Чудна работа – тешко, а пак спомените се некако пријатни. Дури и она што не чинеше, за што понекогаш се лутев и тоа во сеќавањата некако се исчистува од неубавината и му се претставува на моево паметење во својот привлечен вид. Тихо си живеевме ние Варењка; јас и мојата стопанка, старичката, покојницата. Еве дури и за старичката моја со тажно чувство си приспомнувам сега! Добра жена беше таа и не бараше скапо за станот. Понекогаш знаеше од парталки со плетачки игли и по цели ќебиња да исплете; таа само со тоа и се занимаваше. Ние со неа заедно го држевме огнот, така што и на една маса работевме. Таа имаше една внучка Маша – ја паметам уште како детенце – денес треба да е веќе девојче од тринаесет години. Таква палавица беше, веселичка, постојано нè смееше: ете така, ние тројцата и си живеевме. Се случуваше, во долгата зимна ноќ, да заседнеме околу кружната маса, ќе го испиеме чајот, а потоа ќе се зафатиме за работа. А старичката, за да не ѝ биде здодевно на Маша и за да не биде немирна палавицата, ќе почнеше, ете така, приказни да ѝ раскажува. И какви сказни беа тие! Не само детето, туку и умниот и разумен човек ќе се вслуша. Што! се случуваше, јас самиов, ќе си запалам цигара и така ќе се заслушам, што дури и работата ќе ја заборавам. А детето, таа палавицата наша, ќе се призамисли; ќе се потпре со раката на розовиот образ, ќе ја отвори својата убава

устичка и, ако е страшна сказната, тогаш таа ќе се притиска, притиска кон старата. А нам ни беше мило да гледаме во неа; нема ни да забележиш, како догорела свеќата; нема ни да чуеш како надвор понекогаш беснее виулицата и завејува пепелницата. Добро ни беше нам да си живееме Варењка; и, ете така, ние, без малку, дваесет години заедно си поживеавме. Но, што сум се раздрдорил јас тука! Вам, можеби, ваквата материја на ви се допаѓа, па и мене не ми е толку лесно да се потсетувам, особено сега. Приквечерина е. Тереза се мачи со нешто; мене ме боли глава, па и плеќиве по малку ме болат, па и мисливе ми се некакви чудни, како и тие, исто така, да болат; тажно ми е мене денеска, Варењка! Што е ова што ми пишете вие, родена моја? Та како ќе дојдам јас кај вас? Гулапче мое, а што ќе речат луѓево? Та ете, ќе мора да се помине преку дворов, нашиве ќе забележат, ќе почнат да се распрашуваат, – ќе почнат да озборуваат, ќе почнат да сплеткарат, на работата ќе ѝ дадат друга смисла. Не, ангелче мое, подобро јас вас утре на вечерната служба да ве видам; тоа ќе биде поблагоразумно и подобро за обајцава. И немојте да ми се лутите, душичко, што вакво писмо ви напишав; штом го прочитав, уште веднаш видов, дека сево ова е само една бркотница. Јас сум, Варењка, стар, неук човек; кога бев млад не се школував, а сега не ми доаѓа на умов ништо друго, освен одново да почнам да учам. Сознавам, душичко, дека не сум мајстор да опишувам, и знам, без туѓите укажувања и потсмевања, дека, ако посакам со поголема намисла да напишам нешто, тогаш ќе треснам што-годе. Ве видов денес на прозорецот, ве видов како го спуштивте пердето. Збогум, збогум, господ да ве чува! Збогум, Варвара Алексеевна.

Вашиот несебичен пријател
Макар Девушкин.

P. S. Јас, родена моја, за никого не пишувам сатири сега. Остарев јас, душичко, Варвара Алексеевна. Попусто е отсега да покажувам заби! и ќе ми се на-

смеат, според руската пословица: како што се вели, оној, што му копа гроб на друг, самиот тој ... во него.

9 април

Длабоко почитуван Макаре Алексеевич!

Како не ви е срам, пријателе и благодетелу мој, Макаре Алексеевич, така да се нажалите и закаприцирате. Зар сте се навредиле! Ах, јас често сум невнимателна, но не мислев дека вие ќе ги земете моите зборови како боцкава шега. Бидете сигурен дека јас никогаш нема да се осмелам да се шегувам со вашите години и со вашиот карактер. Сето тоа се случи поради мојата ветерничавост, а уште повеќе поради тоа што е ужасно здодевно, а од здодевноста јас за што не би се прифатила? Јас претпоставував дека и вие самиот во вашето писмо сакавте да се посмеете. Мене ми стана ужасно тажно, кога видов дека вие сте незадоволен од мене. Не, добар мој пријателе и добротвору, вие грешите, доколку се сомневате оти сум јас бесчувствителна и неблагодарна. Јас можам да ценам во моево срце сè, што сторивте за мене вие, заштитувајќи ме од лошите луѓе, од нивните прогонувања и од омразата. Јас за вас вечно ќе му се молам на бога, и доколку мојава молитва доаѓа до бога и небото ја прима, тогаш вие ќе бидете среќен.

Денес се чувствувам многу нездраво. Имам де огница, де студени морници. Фјодора е многу растревожена за мене. Вие попусто се срамите да дојдете кај нас, Макаре Алексеевич. Каква работа имаат тука другите! Вие се познавате со нас, и крај! ... Збогум, Макаре Алексеевич. Сега веќе немам за што друго повеќе, а и не можам: ужасно ми е лошо. Ве молам уште еднаш да не се лутите и да бидете сигурен во ова постојано почитување и во оваа привржаност, со која имам чест да бидам најверната и најпокорна слугинка ваша

Варвара Добросјолова.

12 април.

Длабоко почитувана, Варвара Алексеевна!

Ах, скапа моја, што се случува со вас! Та вие секој ден така ме исплашувате. Ви пишувам во секое писмо да се чувате, да се завиткувате, да не излегувате кога е времето лошо, да бидете внимателна во сè, – а вие, ангелче мое, воопшто не ме слушате мене. Ах, гулапче мое, та вие навистина како да сте некое дете! Та вие сте слабичка, слабичка сте како сламчичка; го знам јас тоа. Само некое малечко ветерче, и вие се разболувате. Значи, треба да се чувате, само за себе да се грижите, опасностите да ги избегнувате и своите пријатели да не ги нажалувате и растажувате.

Вие изјавувате желба, скапа моја, во подробности да дознаете за моево живеење и за сè, што ме опкружува мене. Со радост брзам да ви ја исполнам вашата желба, родена моја. Ќе почнам отпочеток, скапа моја: ќе има подобар ред. Прво, кај нас дома скалите се наоѓаат надвор на чист воздух и се сосем пристојни; особено главниот влез е чист, светол, широк, само од ковано железо и црвено дрво. Но затоа пак за споредниот влез немојте ни да прашувате: скалите се извиени, влажни, нечисти, скалилата се искршени и оградите се толку мрсни, што раката просто ти се лепи, кога ќе се допреш на нив. На секое чардаче стојат сандаци, маси и испокршени долапи, разресавени партали, испокршени прозорци; стојат кофи со разни нечистотии, со кал, со ѓубре, со лушпи од јајца и со меури од риби; миризбата е страшна . . . со еден збор, лошо е.

Јас веќе ви го опишав распоредот на собите; ова, нема што да се рече, удобно е, вистина е тоа, но во нив е некако задушно; то ест не да речеш сосема мириса лошо, туку онака, ако може така да се рече, малку нагнило, некоја остросладникава миризба. Отпрвин впечатокот е незгоден, но сето тоа не е ништо; потребно е само неколку минути да се остане кај нас, и тогаш тој веќе поминува и нема ни да почувствуваш како сè ќе помине, поради тоа што и самиот некако

ќе почнеш да мирисаш тешко и облеката ќе промирисa, и рацете ќе промирисаат, и сè ќе промирисa, – па, тогаш и ќе свикнеш. Кај нас канарките умираат така. Заставникот веќе петтата ја купува, – не ботеат тие на нашиов воздух, и тоа ти е. Нашата кујна е голема, широка, светла. Навистина, наутро е малку чадливо, додека ја печат рибата или говедското, па и истураат и наквасуваат насекаде, но затоа пак навечер е рај. Во нашава кујна на сицимки секогаш висат стари алишта; а бидејќи мојата собичка не е далеку, то ест просто се допира до кујната, тогаш миризбата од алиштата мене ме беспокои по малку; само ништо: ќе поживееш и ќе свикнеш.

Уште од најрано утро, Варенька, кај нас започнуваат да се сноваат; стануваат, одат, тропаат, – стануваат сите оние, што треба да станат, што се на служба, или така, само од себе; сите започнуваат да пијат чај. Самоварите кај нас се од стопанката; тие ни се малку, и сиве ние се држиме за редот; а оној, што ќе попадне без ред со својот чајник, него уште веднаш ќе го искараат како што треба. Ете и јас првиот пат попаднав така, но... впрочем, што има да се пишува тука! Токму тогаш јас и се запознав со сите нив. Прво со заставникот се запознав; тој е онака отворен; тој ми раскажа сè: за татка си, за мајка си, за сестричката, што е мажена за некој тулски член на собранието, и за градот Кронштат. Ми вети дека ќе ме заштитува во сè и уште веднаш ме покани на чај. Го изнајдов јас него токму во онаа соба, каде што кај нас обично играат карти. Таму тие мене ми дадоа чај и бездруго сакаа со нив јас хазардна игра да играм. Се потсмеваа ли со мене, или не, јас не знам; но тие самите целата ноќ докрај ја преседаа играјќи, и кога си отидов јас, тие, исто така, играа. Креда, карти, а таков чад се пластеше по собата, што и очите ги штипеше. Јас не сакав да играм карти и тие уште веднаш ми ставија забелешка дека зборувам за филозофија. Потоа сето време веќе никој и не зборуваше со мене; а јас, право да си кажам, бев задоволен со тоа. Сега нема да појдам кај нив; таму е хазард, чист хазард! А ете, и кај службеникот по литературно дело се одржуваат наве-

чер состаноци. Па сепак, кај него е добро, скромно, невино и деликатно; сè е на тенка нога.

Значи, Варењка, патем уште ќе ви споменам, дека нашата стопанка е многу грозна жена, а згора на тоа уште и вистинска вештица. Вие сте ја виделе Тереза. Ете, па речете, каква е, всушност, таа? Мршавичка, како искубано запечено пиленце. Во куќава има сè на сè двајца слуги: Тереза и Фальдони, слугата на стопанката. Јас не знам, тој, можеби има и некакво друго име, само што тој и на ова се одзива; него сите го викаат така. Тој е лисест, некаков си Чухонец[1]) таму, клор, чпртонос, неделкан: постојано војува со Тереза, за малку што не се степуваат. Воопшто речено, тука не може да се рече дека мене ми е многу добро за живеење... Да речеме, да се случи некогаш ноќе наеднаш да позаспијат сите и да се смири –тоа ниеднаш не се случува. Вечно некаде седат и играат, а понекогаш се случуваат и такви работи, што дури е и срамно да се раскажува. Сега јас сум поднавикнат сепак; а еве, се чудам, како можат да се соживеат во ваквата Содома и семејни луѓе. Едно цело семејство на некој бедник има земено под наем една соба, од нашата стопанка, но не до другите соби, туку на другата страна, во аголот, одделно. Мирни луѓе! За нив нема чуено никој ништо. Си живеат тие сите во една собичка, се оградиле во неа со преграда. Тој е некаков службеник без служба, пред седум години го нападиле од работа за нешто. Неговото презиме е Горшков; со белузлива коса, малечок; оди во таква исповалкана, таква разресавена облека, што болно е и да се гледа: каде-каде полошо од мене! Толку е за жалење. Запечен е, (се сретнуваме ние понекогаш со него во коридорот) коленцата му се тресат, рацете му се тресат, главата му се тресе, од болест ли, некаква, којзнае, господ ќе знае; плашлив е, од сите се плаши, оди настранечки; и јас сум понекогаш срамежлив, но овој е

---

[1]) Вулгарно така ги викаат Финците, Карелците, Естонците и другите неруски жители на поблиските и подалечната Петербуршка околина.

уште полош. Семејството му е жената и три деца. Поголемото детенце, целото на татка си, исто така е запечено. Жена му некогаш била многу убава, и сега тоа ѝ се гледа; оди кутрата во такви жалосни партали. Тие, сум чул, се задолжиле кај стопанката; таа не е многу ласкава со нив. Сум чул, исто така, дека самиот тој Горшков има некакви непријатности, поради кои и службата ја изгубил... дали поради тужба, или не, дали е под суд, или не, под некаква истрага, што ли, не знам точно да ви кажам. Сиромашни се, сиромашни – господ да чува и да брани! Кај нив во собата е секогаш тивко и мирно, како божем никој да не живее. Дури ни децата не се слушаат. И никогаш не се случува барем дечињата да спалаваат, да почнат да си играат, а тоа е веќе лош знак. Еднаш мене онака навечер ми се случи да поминам покрај нивната врата; во тој миг во сета куќа стана некако необично тивко; слушам липкање, потоа шепот, потоа пак липкање, исто како кога се плаче, само толку тивко, толку жално, што мене срцево почна сето да ми се кине, и потоа целата ноќ мене не ме оставше мислата за овие бедници, така што не успеав ни да заспијам добро.

Па, збогум, пријателко моја бесценета, Варенька! Ви опишав сè, онака, како што умеев. Денеска јас цел ден постојано само за вас мислам. За вас мене, родена моја, срцево ми вене. Та еве, јас знам, душичко моја, дека вие немате топло палто. Па и овие петербуршки пролети, ветрови, па и дождови со лапавица, – па тоа е мојата смрт, Варенька! Толку е расчистен воздухов, што господ да чува и да брани! Немојте да се лутите, душичко моја, поради писмово; немам стил, Варенька, никаков стил немам. Барем да имав некаков, каков било! Пишувам, што ќе ми дојде на ум, така, за да ве поразвеселам со нешто. Ете, барем кога би учел нешто, друга работа; а ваму колку сум учен јас? Ни за дробни пари дури.

Ваш секогашен и верен пријател

Макар Девушкин.

25 април

Почитуван Макаре Алексеевич!

Денес ја сретнав мојата братучетка Саша! Ужас! и таа ќе пропадне, кутрата! Исто така, сум чула отстрана, дека Ана Фјодоровна сите ги распрашува за мене. Таа, се чини, никогаш нема да престане да ме прогонува. Таа вели, дека сака да ми прости мене, да го заборави сето поминато, и дека самата, бездруго, ќе ме посети. Вели, дека вие не сте ми биле никаков роднина, дека таа ми била мене поблиска роднина, дека вие немате никакво право да влегувате во нашите семејни односи и дека е срамно и неприлегано од мене да живеам од вашата милост и од вашата помош... Зборува дека јас сум го заборавила нејзиното гостопримство, дека мене со мама, можеби, таа од умирачка од глад нè избавила, дека таа нè поела и нè хранела, и дека нешто повеќе од две и пол години трошела заради нас, и дека згора на сето тоа таа нам и долгот ни го простила. Ни мајка ми таа не сакала да ја поштеди! А кога би знаела, кутрата моја мајчица, што сторија со мене тие! Господ е сведок!... Ана Фјодоровна вели, дека јас поради својата глупост не сум умеела срекáта да си ја зачувам, дека таа за ништо не е виновна, и дека јас самата не сум умеела, а можеби и не сум сакала, да ја бранам својата чест. А кој е тука виновен, господе личен! Таа вели, дека господин Биков е сосем прав, и дека не може да се жени со секоја, што... но, што има да се пишува! Жестоко е да се слуша таквата невистина, Макаре Алексеевич! Јас не знам што станува со мене сега. Јас треперам, плачам, липам; ова писмо два часа сум ви го пишувала. Јас мислев дека таа најпосле ќе ја осознае пред мене својата вина; а таа сега гледајте како! Живи бога, немојте да се тревожите, пријателе мој, единствен добропожелателу мој! Фјодора сето тоа го презголемува: јас не сум болна. Јас само малку поднастинав вчера, кога одев на Волково за да ѝ дадам задуша на мајка ми. Зашто не појдовте заедно со мене; јас толку многу ве молев. Ах, кутра, кутра моја

мајчице, кога би можела ти да станеш од гробот, кога би знаела ти, кога би видела ти, што направија со мене тие! . . .

В. Д.

20 мај

Гулапче мое, Варењка!

Ви испраќам малку грозјенце, душичко; за оние што здравеат, велат, тоа било добро, а и докторот препорачува заради гаснење на жедта, единствено значи заради жедта. Некни Вие ружички присакавте, мила; еве јас нив ви ги испраќам сега. Имате ли апетит, душичко? – ете, што е најважно. Впрочем, слава му на бога, што помина сè и што заврши и дека нашите несреќи, исто така, сосема завршуваат. Да му ја искажеме благодарноста на небото! А што се однесува до книшките, засега одникаде не можам да ги најдам. Велат дека тука има една убава книшка, и напишана сосем со висок стил; велат била добра, јас самиов не сум ја читал, а тука многу ја фалат. Јас ја барав за себе; ми ветија дека ќе ми ја препратат. Туку вие ќе ја читате ли неа? Во тоа вие сте ми пребирливка; тешко е да му се погоди на вашиот вкус, јас веќе ве знам, вие гулапче мое; вие, бездруго, сето стихотворство би го сакале, воздишките, аморите, – туку, јас ќе изнајдам и стихови, сè ќе изнајдам; таму има една тетратка препишана.

Јас добро живеам. Вие, душичко ве молам, не беспокојте се за мене. А тоа, дека Фјодора ме озборувала, сето е бесмислено; вие кажете ѝ, дека таа изналагала, бездруго речете ѝ, дека изналагала, бездруго речете ѝ, на сплеткарката! . . . Јас воопшто не сум го продал својот вицмундир. Па и зошто, расудете сама, зошто да го продадам? Еве, велат, мене како награда ми се паѓаат четириесет рубли, тогаш зошто да го продадам? Вие, сакана, не беспокојте се; таа е сомнежлива, Фјодора де, таа е сомнежлива. Ќе зживееме ние, гулапче мое! Само вие оздравувајте, ангел-

че, живи бога оздравувајте, не огорчувајте го старецов. Кој е тој што ви вели дека сум ослабнал? Клевета, пак клевета! здравичок сум и сум се здебелил така, што дури и ми е срам, сит сум и задоволен до гуша; ете, само уште вие да оздравеете! Па, до гледање, ангелче мое; ги бакнувам сите ваши прстиња и останувам

ваш вечен, најверен пријател

Макар Девушкин

P. S. Ах, душичко моја, навистина што е ова што сте зеле да го пишувате? . . . за што ли бладате вие! та како можам да доаѓам јас кај вас толку често, сакана, како? ве прашувам јас. Дали темнината ноќна да ја ползувам, та еве сега речиси ни ноќите ги нема: такво е времево. Јас и вака, сакана моја, ангелче, вас речиси ниеднаш не ве напуштив сето време на вашата болест, сето време на вашата несвестица; но и тука јас ни самиов не знам, како сите тие работи ги правев; но, затоа пак потоа јас престанав да ви доаѓам; та почнаа да стануваат љубопитни и да се распрашуваат. Тука веќе и без тоа се заплеткала некаква си сплетка. Јас се надевам во Тереза, таа не е дрдорлива; па сепак, вие расудете сама, сакана, како ќе биде, кога ќе дознаат тие сè за нас? Што ќе помислат тие тогаш и што ќе речат? Значи така, вие стегнете го малку срценцето, сакана, и причекајте до оздравувањето; а потоа ние веќе онака, надвор од дома, некаде, ќе се здоговориме за рандеву.

1 јуни

Најљубезен Макаре Алексеевич!

Мене толку ми се присакува да сторам за вас нешто угодно и пријатно за сите ваши грижи и маки околу мене, за сета ваша љубов кон мене, што јас решив, најпосле, да ја пребарам во здодевноста мојата комода и да ја најдам мојата тетратка, која сега јас и ви ја испраќам вам. Јас сум ја почнала неа уште во

среќното време од мојот живот! Вие често со љубопитство се распрашувавте за мојот поранешен поминок, за мајка ми, за Покровски, за мојот престој кај Ана Фјодоровна и, најпосле, за неодамнешните несреќи мои, и така нестрпливо очекувавте да ја прочитате оваа тетратка, каде што јас имав намислено, господ знае зошто, да забележам понекои мигови од мојот живот, и јас не се сомневам дека ќе ви направам големо задоволство со мојава пратка. Мене некако ми беше да го препрочитувам ова. Ми се чини, дека јас веќе двапати сум постара од тоа време, кога во овие забелешки го напишав последниот ред. Сево ова е пишувано во разни времиња. До гледање, Макаре Алексеевич! Мене сега ми е ужасно здодевно, и бессоница. Многу здодевно оздравување!

В. Д.

I

Имав само четиринаесет години, кога умре татко ми. Моето детство беше најсреќното време од мојов живот. Тоа започна не овде, туку далеку одовде, во провинцијата, во зафрлен крај. Татко ми беше управник на огромниот имот на кнезот П-ски, во Т-ската губернија. Ние живеевме во едно од селата на кнезот, и живеевме тивко, нечујно, среќно... Јас бев едно толку немирно девојче; понекогаш само трчав по полињата, по шумичките, по градината, а за мене не се ни грижеше некој. Тате постојано беше зафатен со работите, мама се занимаваше со домаќинството; мене на ништо не ме учеа, а јас токму на тоа и му се радував. Се случуваше, уште од најрано утро да истрчам или на езерото, или во шумата, или на ливадата, или кај жетварите – и ништо да не пречи што сонцето пече, што можеш да истрчаш од населбата без и самата да знаеш каде да се изгребеш од грмушките, да ја испокинеш својата облека; дома после ќе ме караат, но јас не се грижам толку.

И ми се чини дека би била толку среќна кога би требало ако сака и сиот свој живот да го поминам, без

да го оставам селото и живеејќи на едно место. А, меѓутоа, јас уште како дете бев присилена да ги оставам родните места. Имав само дванаесет години, кога преминавме во Петербург. Ах, колку тажно се сеќавам за нашите несакани подготвувања за пат! Колку плачев, кога се проштавав со сето она, што му беше толку мило на срцево мое. Паметам, дека јас му се фрлив на вратот на татка ми и со солзи го молев да останеме на село барем уште малку. Тате ми се развика, мама плачеше; велеше дека се мора, дека работите го бараат тоа. Стариот кнез П-ски умре. Наследниците го отпуштија татка ми од работа. Тате имаше малку пари во промет во рацете на приватни лица во Петербург. Надевајќи се дека ќе си ја поправи состојбата, тој го сметаше неминовно своето лично присуство тука. Сето тоа јас подоцна го дознав од мама. Ние се населивме овде во Петербуршка страна и проживеавме на едно место дури до самата смрт на татко ми.

Колку ми беше тешко привикнувањето кон новиот живот! Ние допатувавме во Петербург есента. Кога го напуштивме селото, денот беше толку светол, топол, блескав; селските работи се довршуваа; на гумната веќе беа натрупани огромни грмади жито и се насобраа развревени јата птици; сето беше толку јасно и весело, а тука, кога влегувавме во градот, дожд, гнила есенска мразливост, невреме, лапавица и толпа нови, непознати лица, негостоприемливи, незадоволни, лути! Некако се сместивме. Се сеќавам, сите ние некако брзавме, сите се трудевме, го уредувавме новото домаќинство. Татета постојано го немаше дома, мама немаше ниедна мирна минута – мене сосем ме заборавија. Тажно ми беше да станам утрината по првата ноќ во нашиот нов стан. Нашите прозорци гледаа во некој жолт плот. На улицата беше постојано кално. Минувачите беа ретки, и сите тие толку дебело се иззавиткуваа, на сите толку многу им студеше.

А кај нас дома по цели денови беше страшно тажно и здодевно. Роднини и блиски познати ние скоро и немавме. Со Ана Фјодоровна тате беше скаран. (Тој ѝ беше должен нешто.) Доста често кај нас доаѓаа луѓе по работа. Обично спореа, зборуваа,

викаа. По секоја посета тате стануваше толку незадоволен, налутен; се случуваше по цели часови да оди од едниот агол до другиот, намуртен, и ни збор со никого не проговорува. Мама тогаш немаше смелост ни да му подрече нешто и молчеше. Јас седев некаде во аголот над книшката – мирно, тивко, се случуваше да не смеам ни малку да мрднам.

Три месеци по нашето доаѓање во Петербург мене ме дадоа во пансион. Колку тажно ми беше отпрво кај туѓите луѓе! Сè е толку суво, студено, – гувернантките толку врескави, госпоѓиците такви потсмешливки, а јас таква дивјачка. Строго, многу се бара! За сè има определно, сите задено јадат, здодевни учители – сето тоа во почетокот ме растргнуваше, ме измачи. Јас таму не можев ни да спијам. Понекогаш така ќе плачам по цела ноќ, долга, здодевна, студена ноќ. Понекогаш навечер, сите ги повторуваа или ги учеа уроците; јас седам над конверзациите или над зборовите, не смеам ни да мрднам, а во себе постојано си мислам за нашето домашно катче, за татета, за мама за мојата стара гледачка, за нејзините сказни . . . ах, како се растажувам! За најпразната ситна работа дома и за неа со задоволство се потсетуваш. Мислиш, мислиш: ете колку би било убаво сега дома! Би седела во нашата малечка собичка, крај самоварот, заедно со моите; би ја прегрнала сега мама, цврсто-цврсто, горешто-горешто! Мислиш, мислиш, а после и ќе заплачеш тихичко од тага, потискајќи ги солзите во градите, и не ти доаѓаат ни на ум зборовите, што треба да ги запаметиш. А бидејќи не ќе ги научиш уроците за утре, тогаш целата ноќ го сонуваш учителот, мадам, госпоѓиците: целата ноќ во сонот ги повторуваш уроците; а другиот ден ништо не знаеш. Ќе те стават на колена, ќе ти дадат едно јадење. Јас бев толку невесела, здодевна. Отпрво сите госпоѓици ми се смееја, ме прекинуваа додека ги раскажував уроците, ме дразнеа, ме штипеа, додека одевме во редица на ручек, или на чај, ѝ се жалеа од мене на гувернантката за ништо. Затоа пак каков рај е понекогаш во собата навечер кога ќе дојде гледачката по мене. Понекогаш така, во настап на радост, дури и ја прегрнувам мојата старичка. Таа

ќе ме облече, ќе ме иззавитка, патем поттрчнува по мене, а јас постојано зборувам, зборувам, раскажувам. Дома ќе си дојдам весела, радосна, цврсто ќе ги прегрнам нашите, како божем по десеттодишна разделба. Ќе почнат зборувања, разговори, раскажувања; со сите се поздравуваш, се смееш, се кикотиш, трчаш, скокаш. Со тате ќе започнат сериозни разговори, за науките, за нашите учители, за францускиот јазик, за граматиката на Ломонд – и сите ние сме толку весели, толку задоволни. Јас и сега се потсетувам за тие минути со радост. Со сите сили се мачев да учам и да му угодувам на татко ми. Гледав, дека тој последното го даваше за мене, а самиот се мачеше сам господ знае како. Со секој ден тој стануваше сè помрачен, сè понезадоволен, сè полут; неговиот карактер сосем се расипа; работите не му одеа, имаше една грмада долгови. Мама понекогаш се плашеше и да се расплаче, збор да рече се плашеше, за да не го налути татета; стана некако болна; постојано слабееше, слабееше и почна лошо да кашла. Понекогаш, јас ќе дојдам од пансионот –. сè онака тажни лица; мама тихичко плаче, тате се лути. Ќе почнат карачки, прекори. Тате ќе почне да зборува дека јас не му носам никакви радости, никакви утехи; дека тие и од последното се лишуваат заради мене, а јас сè досега не знам да зборувам француски; со еден збор насекаде неуспеси, насекаде несреќи, сè, сè се истураше врз мене и врз мама. А како беше возможно да се мачи кутрата мамичка? Кога гледав во неа, срцето ми се раскинуваше, ете ваква: образите ѝ имаа една таква офтикава боја. Јас го извлекував најдебелиот крај. Секогаш започнуваше со ситници, а потоа веќе господ знае до каде стасуваше. Јас често дури и не сфаќав за што станува збор. Што ли не ми се припишуваше! . . . И францускиот јазик, и дека сум голема будалка, и дека сопственичката на нашиот пансион е невнимателна, глупава жена; дека таа не се грижи за нашиот морал; дека тате сè досега не може да си најде работа, и дека граматиката на Ломонд е лоша граматика, а дека многу е подобра таа на Заполски; дека на мене се фрлени попусто многу пари; дека јас, очигледно, сум

бесчувствителна, од камен, – со еден збор, јас кутра, со сите сили се мачев, учејќи ги разговорите и зборовите, а бев виновна за сè, одговорна за сè! И сево ова воопшто не поради тоа што тате не ме сакаше: тој душата ја даваше за мене и за мама. Но, тоа е веќе така, таков му беше карактерот.

Грижите, загорчувањата, неуспесите го изнамачија докрај сиромавиот тате: тој стана недоверлив, жолчен; често беше блиску до очајот, почна да го пренебрегнува и своето здравје, настина и наеднаш се разболе, боледуваше кусо и умре така одненадеж, така набрзина, што ние сите неколку дена не можевме да си дојдеме на себе од ударот. Мама беше толку вчудовидена; јас дури се плашев за нејзиниот разум. Само штом се прости тате, кредиторите надојдоа кај нас, како од земјата да се покажаа, нагрнаа како здоговорени. Сè што имавме, сè дадовме. Нашата куќичка на Петербуршка страна, која тате ја купи половина година по нашето доселување во Петербург, исто така беше продадена. Не знам како се среди другото, но ние самите останавме без покрив, без пристан, без издршка. Мама боледуваше од измачувачката болест, не можевме ни да се прехраниме, немаше од што да се живее, пред нас беше гибел. Јас тогаш само што бев наполнила четиринаесет години. Ете токму тогаш нас нè посети Ана Фјодоровна. Таа постојано зборува дека е некаква поседничка и дека ни се паѓа некаква роднина. Мама, исто така, велеше дека таа ни е роднина нам, само многу далечна. Додека беше жив тате, таа кај нас ниеднаш не доаѓаше. Се појави со солзи на очите, зборуваше дека ни искажува многу големо сочувство; сочувствуваше во болката со нашата загуба, за нашата бедна состојба, и додаде дека тате самиот си бил виновен: дека тој живеел не според своите можности, дека одел предалеку и премногу се надевал во својата сила. Изрази желба дека би сакала да се здружи поблиску со нас, предложи да се заборават меѓусебните непријатности; и кога мама изјави дека никогаш не чувствувала ништо лошо кон неа, тогаш таа и просолзи, ја поведе мама в црква, и одреди за-

душа за гулапчето (така таа се изрази за татета). Потоа таа свечено се помири со мама.

По долгите уводи и предуводи, Ана Фјодоровна, откако ја претстави со силни бои нашата бедна состојба, сиромаштијата, безнадежноста, нѐ повика, како што се изрази сама, да се приберемe кај неа. Мама се заблагодари, но долго не се решаваше; меѓутоа, ете, се немаше што да се прави, и инаку никако не можеше да се нареди, и тогаш таа, најпосле, ѝ рече на Ана Фјодоровна дека ние со благодарност го прифаќаме нејзиниот предлог. Како сега го паметам утрото, во кое се преселуваме од Петербуршка страна на Василевскиот Остров. Утрото беше есенско, јасно, суво, мразливо. Мама плачеше; мене ми беше ужасно тажно; градите ми се расцепуваа, душата ми ја гмечеше некаква необјаснива, страшна горчина... Тешки времиња беа...

II

Отпрво, уште додека ние, то ест јас и мама, не бевме соживеани во новиот стан, од самотијата ни беше некако страв, чудно кај Ана Фјодоровна. Ана Фјодоровна живееше во својата куќа, во Шестата линија[1]). Во куќата имаше сè на сè пет чисти соби. Во трите од нив живееја Ана Фјодоровна и мојата братучетка, Саша, која кај неа се воспитуваше, детенце, сираче, без татко и без мајка. Потоа живеевме во една соба, и најпосле, во последната соба, покрај нас, беше сместен еден беден студент Покровски, станар кај Ана Фјодоровна. Ана Фјодоровна живееше многу добро, побогато отколку што можеше да се претпостави; но нејзиниот имот беше таинствен, исто онака како и нејзините зделки. Таа постојано брзаше, постојано беше загрижена, излегуваше и се одвезуваше по неколкупати на ден; но што работеше таа, за што се

[1]) Паралелни улици во Петроград кои не се означени со имиња туку со броеви.

грижеше и од што беше незадоволна, тоа јас никако не можев да го погодам. Нејзините познати беа многубројни и најразлични. Кај неа, се случуваше, постојано да доаѓаат гости и сè господ ќе ги знае какви не луѓе, секогаш по некаква работа и само за многу кусо време. Мама мене секогаш ме внесуваше во нашата соба, секогаш, штом ќе заѕвонеше ѕвончето. Ана Фјодоровна ужасно ѝ се лутеше на мама поради тоа и без прекин тврдеше дека ние сме премногу горди, дека сме горди повеќе отколку што ни достасуваат силите, дека би требало барем да имаме со што да се гордееме, и по цели часови не замолчуваше. Јас тогаш не ги сфаќав тие прекорувања за гордоста; јас дури сега дознав токму, или барем претпоставувам, зошто мама не се решаваше да живее кај Ана Фјодоровна. Лоша жена беше Ана Фјодоровна; таа без прекин нè измачуваше нас. До ден денешен за мене е тајна поради што нè покани кај себе. Отпрвин таа беше доста љубезна кон нас, а потоа веќе си го покажа многу добро својот вистински карактер, откако виде, дека ние навистина сме сосем беспомошни и дека немаме каде. Подоцна таа кон мене стана пак сосем љубезна, дури и некако грубо љубезна, до ласкање, но отпрвин и јас страдав заедно со мама. Постојано нè прекоруваше; вездеи ни префрлаше заради својата благодарност. Пред други нè претставуваше како свои сиромашни роднини, вдовица и сираче беспомошни, кои таа од милост, заради христијанска љубов, ги прибрала кај себе. На трпезата, секој залак, што ќе го земевме, го следеше со очите, а пак ако не јадевме, тогаш одново започнуваа приказните: велеше дека ние сме се гнаселе; немојте да наоѓате мани; што дал господ тоа е на софра; па кај вас нека биде и подобро! Татета постојано го напаѓаше; зборуваше дека тој сакал да биде подобар од другите, а ете, сè се свртило на лошо; велеше дека тој, ете, ги оставил жената и ќерката питачки, и ако не се најдела роднината, благородна, христијанска сожалива душа, тогаш господ знае, дали тие не ќе мораа, можеби и сред улицата да згинат од глад. И што ли уште не зборуваше таа! Не беше толку горко, колку што беше гнасно да ја слушаш.

Мама вездeн плачеше, нејзиното здравје стануваше од ден на ден сè полошо; таа на очиглед се сушеше, а меѓутоа, ние со неа работевме од утро до мрак. наоѓавме луѓе, што ни порачуваа работа, шиевме, тоа воопшто не ѝ се допаѓаше на Ана Фјодоровна; таа вездeн зборуваше дека кај неа дома не е никаков моден магазин. Но, беше потребно да се облекуваме, потребно беше за непредвидените расходи да се подготвуваме; нужно и неминовно беше да се имаат и свои сопствени пари. Ние за секој случај собиравме, надевајќи се, дека со време можеби и ќе можеме да преминеме на некое друго место. Но, своето последно здравје мама го изгуби во работата: таа со секој ден беше сè послаба. Болеста, како црвец, наочиглед ѝ го гризеше животот и ја наближуваше кон гробот. Јас сè гледав, сè чувствував, претргав сè, сето тоа беше пред моиве очи.

Деновите поминуваа еден по друг, и секој ден личеше на вчерашниот. Живеевме тихо, како да не бевме в град. Ана Фјодоровна по малку стивнуваше, станувајќи сè посигурна во својата власт. Нејзе, впрочем, никој и никогаш не ни мислеше да ѝ се спротивставува. Во нашата соба ние си бевме одделени од нејзината половина со коридорот, а веднаш до нас, како што спомнав веќе, живееше Покровски. Тој ја учеше Саша по француски и германски јазик, историја, географија – сите науки, како што зборуваше Ана Фјодоровна, и за тоа тој добиваше од неа стан и храна. Саша беше бистра девојка, иако беше немирница и ѓаволеста; палавка, таа тогаш имаше тринаесет години. Ана Фјодоровна ѝ наспомна на мајка ми дека не би било лошо, кога би почнала и јас да учам, поради тоа што во пансионот јас не доучив. Мама се согласи со радост и јас цела година учев кај Покровски заедно со Саша.

Покровски беше беден, многу беден млад човек; нему здравјето не му дозволуваше да оди редовно да учи, и кај нас само онака, по навик, го викаа студент. Тој живееше скромно, мирно, тивко, така што не можеше ни да се чуе од нашата соба. Имаше многу чудна надворешност; одеше толку несмасно, толку не-

смасно се поклонуваше, зборуваше толку чудно, што јас не можев ни да гледам во него без да се насмеам. Саша постојано правеше со него шеги особено кога тој ни ги држеше уроците. А згора на тоа тој имаше уште и раздразлив карактер, постојано се лутеше, за секоја ситница беше надвор од себе, викаше на нас, се жалеше од нас и често, без да го дозаврши урокот, разлутен, си одеше во својата соба. Тој уште понекаде подучуваше, добиваше по некоја каква-годе плата, така што, штом кај него ќе се најдеа малку пари, тој уште веднаш одеше да си купи книги.

Со време јас го запознав него подобро, поодблизу. Тој беше најдобриот, најдостојниот човек, најубавиот од сите што сум имала можност да ги сретнам. Мама него многу го почитуваше. Потоа тој и мене ми беше најдобриот пријател, – се разбира, по мама.

Отпрво јас, такво големо девојче, палавеев, заедно со Саша, и ние понекогаш по цели часови ги чукавме главите, како да го разлутиме и да ја совладаме неговата стрпливост. Тој ќе лутеше ужасно смешно, а нам тоа ни беше премногу забавно. (Мене дури ми е срам и да се потсетувам за тоа.) Еднаш ние го раздразнивме со нешто дури до солзи, и јас јасно чув, како тој прошепна: „Лоши деца“. Јас наеднаш се збунив; ми стана и срамно, и горко, и жал за него. Паметам дека поцрвенив до уши и речиси со солзи на очи почнав да го молам да се смири и да не се навредува од нашата глупава палавост, но тој ја затвори книгата, без да го доврши урокот, и си отиде во својата соба. Целиот ден се раскинував од каење. Мислата за тоа, дека ние, деца, со своите жестокости, го доведовме дури до солзи, беше неиздржлива за мене. Ние бездруго, и ги очекувавме неговите солзи. Нам, бездруго, токму тие и ни беа потребни; ние бездруго, успеавме да ја совладаме и последната стрпливост на несреќникот, бедникот, потсетувајќи го за неговата лута злосреќност! Целата ноќ не спиев од лутина, од тага, од каење. Велат дека каењето ја олеснува душата – напротив. Не знам како се примеша и суетата кон мојата несреќа. Не сакав тој мене да ме смета дете. Тогаш веќе имав петнаесет години.

Од тој ден почнав да ја измачувам својата фантазија, ковејќи илјадници планови, на кој начин да го натерам Покровски наеднаш да го измени своето мислење за мене. Но, понекогаш јас бев срамежлива; во сегашната своја состојба не можев на ништо да се решам и се ограничував само на мечтаењата (и господ знае какви сè мечтаења). Само престанав да палавеам со Саша; тој престана да ми се лути; но за мојата суета сето тоа беше малку.

Сега ќе кажам неколку збора за еден човек, најчуден, најинтересен и најдостоен за живеење од сите, кои кога и да било сум имала можност да ги сретнам. Зборувам за него токму сега, токму на ова место од моиве забелешки, поради тоа што сè до ова време јас речиси не му обрнував никакво внимание; така наеднаш ми стана интересно сè, што се однесуваше на Покровски!

Понекогаш во нашата куќа ќе се појавеше едно старче, измачкано, лошо облечено, малечко, белокосо, тромавичко, несмасничко, со еден збор донемајкаде чудно. Уште со првиот поглед во него возможно беше да се помисли дека тој како да се срамеше од нешто, како да му беше непријатно од самиот себе. Поради тоа тој сè некако се наежуваше, некако се искривуваше; тој имаше такви движења, такви гримаси, што можеше, скоро без да се погреши, да се заклучи, дека тој не е како што треба. Понекогаш ќе дојде кај нас и ќе стои во тремот пред стаклената врата, а во куќата не смее да влезе. И штом ќе поминеше крај него некој од нас – јас, или Саша, или некој од слугите, за кого тој знаеше дека е подобар кон него, – уште веднаш ќе почне да мавта, да го повикува кон себе, да дава разни знаци, и штом ќе му кимнеш со главата и ќе го повикаш – условен знак дека во куќата нема никаков туѓинец и дека тој штом ќе посака, може да влезе, – дури тогаш старчето тихичко ја отвораше вратата, радосно се насмевнуваше, ги триеше рацете од задоволство и напрстечки заминуваше право во собата од Покровски. Тој му беше татко.

Подоцна јас ја дознав целата историја на оваа бедно старче. Тој некогаш служел некаде, бил без

најмалечка способност и заземал најпоследно, најбезначајно место во службата. Кога умрела неговата прва жена (мајка му на студентот Покровски), тогаш тој намислил по вторпат да се жени и се оженил за граѓанка. Во куќата со новата жена сè тргнало надолу; никој од неа немал живот; таа сите ги пикнала в шише. Студентот Покровски тогаш бил уште детенце, десетгодишно. Маштеата го замразила. Но судбината, била дарежлива кон малечкиот Покровски. Спахијата Биков, кој го познавал службеникот Покровски и кому некогаш му сторил добрина, го прибрал детенцето под свое покровителство и го сместил во некакво училиште. Тој се интересирал за него поради тоа, што ја знаел неговата покојна мајка, која уште како девојченце била под благодетелството на Ана Фјодоровна и била омажена од неа за службеникот Покровски. Господинот Биков, пријател и близок познат на Ана Фјодоровна, покренат од великодушноста, дал за невестата пет илјади рубли мираз. Каде отишле тие пари – не се знае. Така мене Ана Фјодоровна ми го раскажуваше сето тоа – самиот тој пак, студентот Покровски, не сакаше никогаш да зборува за својата семејна состојба. Велат дека неговата мајка била многу убава, и мене ми стои чудно зашто таа се омажила така несреќно за таков безначаен човек . . . Таа умрела уште на млади години, четири години по својата мажачка.

Од училиштето младиот Покровски стапил во некаква гимназија и потоа на универзитетот. Господинот Биков, кој доста често доаѓал во Петербург, и тука не го оставил него без своето покровителство. Поради своето растроено здравје Покровски не можел да го продолжи школувањето на универзитетот. Господинот Биков го запознал него со Ана Фјодоровна, самиот го претставил и го препорачал, и на тој начин младиот Покровски бил примен на издршка, со договор да ја учи Саша во сè, што ќе биде потребно.

А стариот Покровски, од горчина поради својата жестока жена, му се предал на својот неубав порок и речиси секогаш бил во нетрезна состојба. Жената го тепала, го истерала да живее во кујната, и го довела

дотаму, што тој најпосле свикнал на тоа да биде тепан и на лошиот однос не се ни жалел. Тој не беше уште ни многу стар човек, но поради лошиот порок речиси и со умот не беше токму. Единствен признак за неговите човечки благородни чувства во него беше неговата безгранична љубов кон синот. Зборуваа дека младиот Покровски, како две капки вода една на друга, бил сличен на својата покојна мајка. Којзнае дали не беа тоа спомените на својата поранешна, добра жена, што во срцето на изгубениот старец ја имаа родено таквата бескрајна љубов кон него? Старецот повеќе не можеше ни да зборува за ништо друго освен за синот, и постојано по двапати во неделата го посетуваше. Почесто тој не смееше да доаѓа, поради тоа што младиот Покровски не можеше да ги поднесува татковите посети. Од сите негови недостатоци, сигурно, прв и најголем беше неговото непочитување кон татка си. Впрочем, понекогаш и старецот си беше најнеподнесливото суштество на светов. Прво, тој беше ужасно љубопитен, второ,со разговорите и со распрашувањата, кои беа најбесмислени и најпразни, тој понекогаш му пречеше на синот да работи и, најпосле, понекогаш доаѓаше и во пијана состојба. Синот по малку го одучуваше старецот од пороците, од љубопитството и од постојаното бладање и, најпосле, беше стасал дотаму, што овој го слушаше него во сè, како пророк, и уста не смееше да отвори без негова дозвола.

Бедниот старец не можеше да му се нагледа и да му се нарадува на својот Пеќењка (тој така го викаше сина си). Кога доаѓаше кај него на гости, речиси секогаш имаше некаков загрижен, несигурен изглед, веројатно поради неизвесноста како ќе го пречека синот, обично долго не се решаваше да влезе, и ако се најдев тука јас, тогаш тој понекогаш и дваесетина минути ќе ме распрашуваше – како му е, што му е на Пеќењка? Здрав ли е? Во какво настроение е неговиот дух, и не е ли зафатен со нешто важно? Што работи тој? Пишува ли, или пак е зафатен со некакви размислувања? А откако јас достатно ќе го ободрев и смирев, тогаш старецот, најпосле, се решаваше да влезе, тивко-тивко, кроце-кроце ја отвораше вратата, ја

провруваше најпрво само главата, и кога ќе видеше дека синот не му се лути и му кимнува со главата, тогаш тивко ќе влезеше во собата, ќе ја соблечеше својата шинелка, шапката, која постојано му беше изгмечена, парталава, со отчешната стреа, – сето тоа го обесуваше на клинецот, сето го правеше тивко, нечујно; потоа седнуваше некаде претпазливо на столот, не спуштајќи ги очите од синот, ловејќи ги сите негови движења, сакајќи да го погоди настроението на духот на својот Пеќењка. Ако синот беше малку-малку недобро настроен и ако старецот го забележеше тоа, тогаш тој уште веднаш стануваше од местото и објаснуваше „еве, вели, јас само онака, Пеќењка, јас само за една минутка. Јас, еве, далеку бев, минував покрај и наминав да здивнам". И потоа без збор, покорно, си ја земаше својата шинелка, шапкичката, пак пополека ја отвораше вратата, и си одеше насмевнувајќи се сосила, за да ја задржи насобраната горчина во душата и да не му ја покаже неа на синот.

Но, понекогаш, кога синот ќе го примеше татка си добро, тогаш старецот сиот се изгубуваше од радост. Задоволството стоеше на неговото лице, во неговите гестови, во неговите движења. Ако синот почнеше да зборува со него, тогаш старецот секогаш потстануваше по малку од столот и одговараше тихо, ропски покорно, речиси со страхопочит, и секогаш мачејќи се да употребува најодбрани, то ест најсмешни изрази. Но, говорливоста не му успеваше: постојано ќе се збуни и ќе се засрами, така што не знае каде да ги стави рацете, каде да се пикне самиот себеси, и после уште долго сам ќе си го шепне одговорот, сакајќи да се поправи. Ако успее пак да одговори добро, тогаш старецот се разубавува, поправајќи си го елечето на себе, врската, фракот и си го враќаше изгледот на своето сопствено достоинство. А се случуваше да се ободри дури дотаму, дури дотаму да ја распростре својата смелост, што тивкичко стануваше од масата, се доближуваше до полицата со книгите, земаше некаква си книшка и дури и тука прочитуваше по нешто, без обзир на тоа каква беше книгата. Сето тоа го правеше со една преправена рамнодушност и лад-

нокрвност, како божем секогаш да можеше така да господари со книгите од сина си, како пријатноста на синот да не му е никакво чудо. Но, еднаш мене ми се случи да видам колку се исплаши кутриот тој, кога Покровски го помоли да не ги чепка книгите. Тој се збрка, се разбира, ја стави книгата ничкум, потем, сакаше да се поправи, ја поправи и ја стави со резот надвор, се насмевнуваше, црвенееше, и не знаеше со што да го замачка својот престап. Со своите совети Покровски помалку го одучуваше старецот од лошите склоности и, штом ќе го видеше трипати едноподруго во трезвена состојба, тогаш при првата посета му даваше на разделбата по една чевртинка, половина рубља, или повеќе. Понекогаш му купуваше чизми, врска, или елече. Затоа пак старецот беше горд како петел со својата подновеност. Понекогаш тој свраќаше кај нас. Ни носеше мене и на Саша медени петленца, јаболка и секогаш постојано разговараше со нас за Пеќењка. Нè молеше да учиме внимателно, да слушаме, зборуваше дека Пеќењка е добар син, примерен син, и згора уште и учен син. Тогаш тој тука смешно ни поднамигнуваше со левото окце, така интересно криејќи се, што ние не можевме да се здодржиме да не се насмееме и од душа му се кикотевме. Мама многу го сакаше. Но, старецот ја мразеше Ана Фјодоровна, иако пред неа беше потих од водата, помал од тревата.

Набргу јас престанав да учам кај Покровски. Тој мене како и порано продолжуваше да ме смета детиште, немирно девојченце, во ист ред како Саша. Мене тоа ми причинуваше болка, затоа што јас со сите сили се мачев да си го поправам своето поранешно држење. Но, тој не ме ни забележуваше. Тоа сè повеќе и повеќе ме лутеше. Јас речиси никогаш и не зборував со Покровски надвор од наставата, а и не можев да зборувам. Поцрвенував, се збунував, и потоа некаде во аголот плачев од лутина.

Не знам со што ќе се завршеше сето тоа, ако на нашето зближување не му помогнеше една чудна случајност. Еднаш навечер, кога мама седеше кај Ана Фјодоровна, јас тивко влегов во собата од Покровски.

Знаев дека него го нема дома и, што е право, не знам што ми текна да појдам кај него. Дотогаш јас никогаш не бев ни sирнала кај него, макар што ние имавме проживеано едно до друго веќе повеќе од една година. Овојпат срцево ми биеше толку силно, што ми се чинеше дека сака од градиве да ми скокне. Разгледував наоколу со некакво особено љубопитство. Собата на Покровски беше наместена сосем бедно, имаше малку ред. На sидовите беа исковани пет долги полици со книги. На масата и на столовите лежеа хартии.

Книги и хартија! Ми дојде една чудна мисла, и заедно со тоа некакво непријатно чувство на лутина завладеа во мене. Ми се стори дека моето пријателство, моето срце што сакаше, му беше малку. Тој беше учен, а јас бев глупава и ништо не знаев, ништо не читав, ни една книга... Тогаш јас со завист погледнав во долгите полици, што просто се кршеа под книгите. Во мене завладеа лутина, тага, некаков бес. Добив желба и уште веднаш решив да ги прочитам неговите книги, сите до една, и колку што е возможно поскоро. Не знам, јас можеби мислев дека, кога ќе научам сè, што знаеше тој, ќе бидам подостојна за неговото пријателство. Се нафрлив кон првата полица; не мислејќи, без да се здржам, го грабнав в раце првиот испрашен и стар том, што ми дојде до рака и, црвенејќи, пребледнувајќи, треперејќи од разбрануваност и од страв, ја однесов украдената книга во својата соба, решена да ја прочитам ноќта, крај ноќната светилка, кога ќе заспие мама.

Но, каква беше мојата лутина, кога, доаѓајќи во нашата соба, бргу-бргу ја отворив книгата и здогледав некакво старо, полуизгниено, целото изедено од молци, латинско четиво. Се вратив без да губам време. Уште штом повтев да ја оставам книгата на полицата, во коридорот се чу шум, и нечии блиски стапки. Се разбрзав, се исплашив, но неподносливата книга толку беше набиена во редицата, што, кога сум ја извлекла едната, сите други сами од себе така се раширила и така се збиле, та сега немаше никакво место за нивата поранешна другачка. Не ми достасу-

ваа сили да ја пикнам книгата. Па сепак, јас ја притиснав со сета сила, колку што можев. 'Рѓосаниот клинец, на кој се држеше полицата, и кој, бездруго, како нарочно да го чекаше овој миг, за да се скрши, – и се скрши. Полицата, летна со едниот крај надолу. Книгите со тресок се истурија на подот. Вратата се отвори и Покровски влезе во собата.

Треба да се одбележи дека тој не можеше да поднесува кога некој господареше со неговиот имот. Тешко на оној, што ќе ги чепнеше неговите книги! И сега судете самиот за мојот ужас, кога книгите, малечките, големите, со севозможни формати, со севозможна големина и дебелина, се стровалија од полицата, полетаа, заскокаа под масата, под столовите, по целата соба. Добив желба да избегам, но беше доцна. „Свршено е, си мислам свршено! Јас пропаднав, загинав! Јас сум палава, беснеам како дете од десет години; јас сум глупаво девојче! Јас сум голема будалка!!“ Покровски ужасно се разлути. „Па еве, само уште тоа недостасуваше! – повика тој. – И не ви е срам така да се шегувате! . . . Ќе ви дојде ли некогаш умот?“ – и самиот се спушти да ги собира книгите. Јас се наведнав да му помогнам. „Не треба, нѐ треба, – повика тој. – Вие подобро би сториле, кога не би доаѓале онаму, каде што не ве викаат“. Но, впрочем, смекнат по малку од моето покорно движење, тој веќе потивко продолжуваше, во неодамнешниот наставнички тон, користејќи се со неодамнешното право на учител. „Значи, кога ќе ви дојде вам умот, кога ќе се приберете? Па, ете, само погледнете се, та вие веќе не сте дете, не сте малечко девојченце, та вие имата веќе петнаесет години!“ И тука, веројатно сакајќи да провери, дали е вистина тоа, дека јас веќе не сум малечка, тој погледна во мене и поцрвенеа до ушите. Јас не сфаќав; јас стоев пред него и со широко отворени очи и со избезуменост гледав во него. Тој се подисправи, се доближи кон мене со збунет изглед, ужасно се збрка, почна нешто да зборува, се чинеше дека се извинува поради нешто, можеби за тоа, дека тој дури сега забележуваше оти јас сум толку голема девојка. Најпосле, јас сфатив. Не се сеќавам што се случи со

мене тогаш; се збркав, се изгубив, поцрвенеав уште повеќе од Покровски, го покрив лицево со раце и истрчав од собата.

Не знаев што ми преостануваше да правам, каде да се пикнам од срам. Само поради тоа, што тој ме затече во својата соба! Цели три дена јас не можев ни да погледнам во него. Поцрвенував до солзи. Најчудни мисли, смешни мисли, ми се вртеа во главата. Една од нив, највртоглавата, беше онаа, што јас сакав да одам кај него, да се објаснам со него, да му признам сè, отворено да му раскажам, и да го убедам, дека не постапив како глупаво девојченце, туку со добра намера. Јас веќе сосем се бев решила да појдам, но, слава му на господа, ми недостасуваше смелост. Си претставувам што можев да сторам! Мене и сега ми е срам да си помислам за тоа.

По неколку дена мама одеднаш многу опасно се разболе. Таа веќе два дена не стануваше од постелата и веќе трета ноќ беше огничава и морничава. Една ноќ јас веќе не бев спала, дворејќи ја мајка ми, седната до нејзиниот кревет, ѝ принесував пиење и ѝ давав лекови во определениот час. Втората ноќ бев сосем скапната. Одвреме навреме ме преборуваше сонот, ми позеленуваше пред очиве, главава ми се вртеше, и јас секој миг бев готова да паднам од премаленост, но слабите стенкања на мама ме разбудуваа, тогаш се стресував, се разбудував за миг, а потоа дремката пак ме совладуваше. Се мачев. Не знам – не можам да се присетам – но некаков страшен сон, некакво ужасно привидение ми дојде во растроената глава во мачната минута на борбата на сонот со јавето. Се разбудив во ужас. Во собата беше темно, ноќната ламбичка изгаснала, одблесоците светлина де ја заплискуваа целата соба, де пак одвај трепкаа по ѕидот, де сосем исчезнуваа. Ми стана страв од нешто, некаков ужас ме обзеде; мојата фантазија беше растревожена од ужасниот сон; штама ми го обзеде срцево... Скокнав од столот и несакајќи вреснав од некакво мачно и страшно тешко чувство. Во тој миг ќе отвори вратата, и Покровски влезе во нашата соба.

Се сеќавам само на тоа, дека се освестив на него-

вите раце. Тој внимателно ме намести во фотељата, ми подаде чаша вода и ме засипуваше со прашања. Не се сеќавам што му одговарав. „Вие сте болна, вие самата сте многу болна, – рече тој, земајќи ме за рака, – вие имате оган, вие се убивате себеси, вие не си го штедите здравјето; смирете се, легнете, заспијте. Јас ќе ве разбудам по два часа, смирете се малку... Легнете де, легнете!“ – продолжуваше тој, не давајќи ми да проговорам ни едно зборче на спротивставување. Измореноста ми ги имаше одземено и последните сили; очиве ми се затвораа сами од слабост. Прилегнав во фотељата, согласувајќи се да заспијам само половина час, и преспав до утрото. Покровски ме разбуди дури тогаш, кога требаше на мама да ѝ се даде лек.

Утревечерта, кога јас, одморена малку дента, се подготвував пак да седам на столот крај постелата на мајка ми, тврдо решена дека овојпат нема да заспијам, во единаесет часот, Покровски потропа на вратата од нашата соба. Јас му отворив. „Вам ви е тешко да седите сама, – ми рече тој, – еве ви една книга; земете; сепак нема да ви биде толку тешко“. Јас ја зедов; не се сеќавам каква беше таа книга, којзнае дали ја погледнав тогаш, иако не спиев целата ноќ. Чуден внатрешен немир не ми дозволуваше да спијам, не можев да останам на едно место; неколкупати станував од фотељата почнував да одам низ собата. Некакво внатрешно задоволство ми се разлеваше по целово суштество. Толку бев радосна од вниманието на Покровски. Се гордеев со неговото беспокојство и со неговата загриженост за мене. Ја премислив и ја ископнеав целата таа ноќ. Покровски повеќе не навраќаше; и јас знаев, дека тој нема да дојде, и почнав да правам претпоставки за идната вечер.

Следната вечер, кога во куќата веќе си легнаа сите, Покровски ја отвори својата врата и, застанат на прагот од својата соба, почна да разговара со мене. Сега не паметам ниеден збор од тоа, што си го рековме тогаш еден на друг ние, паметам само дека треперев, се збунував, се лутев на себеси и со нетрпение го очекував завршувањето на разговорот, и покрај тоа

што самата со сите сили го сакав, целиот ден сонував за него и ги составував моите прашања и одговори . . . Од таа вечер првпат се заврза нашето пријателство. Во текот на целото мамино боледување ние секоја ноќ по неколку часа поминувавме заедно. Малку по малку јас ја совладував својата срамежливост, макар што по секој наш разговор постоеше сè уште по нешто, поради кое можев да си се лутам себеси. Впрочем, јас со скришна радост и со гордо задоволство видов, дека тој поради мене ги заборавил своите неподносливи книги. Случајно, на шега, разговорот заскита на нивното паѓање од полицата. Мигот беше чуден, јас некако п р е м н о г у бев отворена и чистосрдечна; распаленоста, чудното воодушевување ме понесе, и јас му признав сè . . . и тоа, дека сакав да учам, по нешто да знам, дека мене ми беше тажно што ме сметаат девојче, детиште . . . Повторувам дека бев во многу чудно душевно расположение; срцево ми беше меко, во очиве ми стоеја солзите, – јас не криев од него ништо и му раскажав сè, сè, – за мојата дружба кон него, за желбата да го сакам, да живеам со него заедно, со срцето да го утешувам, да го успокојувам. Тој некако чудно погледна во мене, збунето, избезумено, и не ми рече тогаш ни збор. Наеднаш, ме обзеде ужасна болка и мака. Ми се стори дека тој не ме сфаќа, дека можеби, и ми се смее. Наеднаш се расплакав, како дете залипав, самата себеси не можев да се здржам, како да имав некаков напад. Тој ги дофати моиве раце, ги бакнуваше, ги притискаше кон своите гради, ме советуваше, ме тешеше; тој беше многу трогнат; не се сеќавам што сé ми зборуваше тој, само знам дека и плачев, и се смеев, и пак плачев, црвенеев не можејќи да проговорам ни збор од радост. Впрочем, без оглед на мојата возбуденост, јас забележав, дека кај Покровски сепак останува некаква збунетост и принуденост. Ми се чини дека тој не можеше да се изначуди поради мојот занес, мојата воодушевеност, толку неочекуваното, горешто, пламено чувство. Можеби отпрвин му беше само интересно; подоцна неговата нерешителност исчезна, и тој, со исто такво едноставно искрено чувство, како мене, ја прифаќаше мојата

приврзаност кон него, моите љубезни зборови, моето внимание, и одговараше на сето тоа со исто такво внимание, исто така дружељубиво и љубезно, како мој искрен пријател, као мој роден брат. Во срцево ми беше толку топло, толку убаво! . . . Јас ништо не таев, ништо не криев; тој сето тоа го гледаше и со секој ден сè повеќе и повеќе се приврзуваше кон мене.

И навистина, не се сеќавам за што ли разговаравме со него во тие тешки, а заедно со тоа и слатки часови на нашите средби, ноќе, на треперливата светлина од ламбичката, и речиси во самата постела на мојата болна мајчица? . . . За сè, што ни доаѓаше на ум, што се откинуваше од срцето, што бараше да биде изречено, – и ние речиси бевме среќни . . . Ох, тоа беше и тажно, и радосно време, – сето заедно; и јас и сега чувствувам и тага и радост, кога ќе се сетам за него. Спомените, радосни ли, горчливи ли, секогаш се мачни; барем мене ми се такви; но и ова измачување е слатко. И кога на срцето му станува тешко, болно, штамовно, тажно, тогаш спомените го освежуваат и го оживуваат него, како капката роса во влажна вечер, по горешт ден, што го освежува и го оживува кутрото исушено цветче, потпечено од дневната горештина.

Мама оздраве, но јас сè уште продолжував да седам во ноќите крај нејзината постела. Покровски често ми даваше книги; јас читав, отпрво за да не заспијам, потоа повнимателно, потоа со жед; пред мене наеднаш се откриваа многу нови работи, досега незнајни, непознати за мене. Нови мисли, нови впечатоци наеднаш во силен пороj нагрнаа кон моево срце. И колку повеќе немири, колку повеќе збунетост и мака ми требаше за да ги примам тие нови впечатоци, толку помили ми беа тие мене, толку послатко ми ја потресуваа мојава душа. Тие одеднаш, со еден замав, нагрнуваа во моево срце, без да му дадат да здивне. Некаков чуден хаос почна да го збунува целото мое суштество. Но ова духовно насилство не можеше и немаше сили сосем да ме растрои. Јас бев преголема мечтателка, и тоа ме спаси.

Кога заврши боледувањето на мама, нашите вечерни средби и долгите разговори се прекинаа; поне-

когаш ни успеваше да размениме само по некој збор, често празен и со малечко значење, но јас сакав на сè да му давам свое значење, своја цена, особена, подразбирлива. Мојот живот беше полн, јас бев среќна, мирно, тихо среќна. Така поминаа неколку недели . . .

Некако во тоа време кај нас сврати старецот Покровски. Тој долго зборуваше со нас, беше како секогаш весел, бодар, разговорлив; се смееше, се шегуваше на свој начин, најпосле ја разреши тајната на својот занес и ни изјави, дека токму по една недела ќе биде роденденот на Пеќењка и дека по тој повод тој неминовно ќе дојде кај синот; дека тој ќе го облече новото елече и дека жена му му ветила да му купи нови чизми. Со еден збор, старецот беше сосем среќен и дрдореше за сè, што ќе му паднеше на ум.

Неговиот роденден! Овој роденден ни дење, ни ноќе не ми даваше мир. Јас цврсто решив да го потсетам Покровски на своето пријателство и да му подарам нешто. Но, што? Најпосле намислив да му подарам книги. Знаев, дека тој имаше желба да ги има полните собрани дела на Пушкин од последното издание, и се решив да го купам Пушкин. Имав триесет рубли свои сопствени пари, заработени со рачна работа. Овие пари ги чував за нова облека. Уште веднаш ја испратив нашата готвачка, старицата Матрјона, да дознае колку чини целиот Пушкин. Несреќа! Цената на сите единаесет книги, кога ќе се пресмета тука и цената за подврзувањето, изнесуваше барем шеесет рубли. Каде да се најдат пари? Мислев-мислев и не знаев на што да се решам. Не сакав да барам од мама. Мама, бездруго, ќе ми помогнеше; но тогаш сите од куќата ќе дознаеја за нашиот подарок; а со тоа овој подарок ќе се претвореше во благодарност, во плата за целата година труд на Покровски. Имав желба да му подарам сама, скришум од сите. А за неговиот труд околу мене јас сакав засекогаш да му бидам оддолжена без каква и да е плата, освен со мојата дружба. Најпосле, јас смислив како да ги совладам тешкотиите.

Знаев дека понекогаш кај антикварите кај Гостински Двор може да се купи книга за половина

цена, ако се попазариш малку, често малку употребувана и речиси сосем нова. Решив на секој начин да одам во Гостински Двор. Така и се случи; утредента и ние и Ана Фјодоровна имавме потреба од тоа. Мама сè поболуваше, Ана Фјодоровна како за моја среќа ја беше фатила мрза, така што сите порачки мораа да ми ги дадат мене, и јас заминав заедно со Матрјона.

За среќа, јас сосем бргу го најдов Пушкина, и во сосем убава подврска. Почнав да се пазарам. Прво побараа поскапо отколку во книжарниците; но потоа, впрочем не без мака, одејќи си неколкупати, јас го доведов трговецот дотаму, што тој ја спушти цената и ги ограничи своите барања само на десет рубли во сребро. Колку ми беше весело да се погаѓам! . . . Кутрата Матрјона не сфаќаше што се случува со мене и зошто бев намислила да купам толку многу книги. Но, ужас! Целиот мој капитал беше триесет рубли во асигнации, а трговецот никако не се согласуваше да спушти подолу. Најпосле, јас почнав да го молам, го молев, молев, и на крајот го измолив. Тој попушти, но само две и половина, и се заколна, дека таа отстапка ја прави само заради мене, оти сум јас таква добра госпоѓица, и дека за кој било друг тој никако не би спуштил подолу! Недостасуваа две и пол рубли! Јас бев готова да се расплачам од лутина. Но, една најнеочекувана згода ми помогна тогаш во маката.

Недалеку од мене, крај другата маса со книгите, го видов старецот Покровски. Околу него се беа насобрале четворица или петмина антиквари; тие го имаа сосем збркано, сосем му беа здодеале. Секој од нив му ја нудеше својата стока, и што уште не му продаваа тие нему, и што уште тој не сакаше да купи! Кутрото старче, стоеше меѓу нив како заборавено, и не знаеше за што да се зафати од она, што му го нудеа. Се доближив до него и го прашав – што прави тука? Старецот многу се израдува; тој безумно ме сакаше, можеби не помалку од Пеќењка. „Па еве, купувам книги, Варвара Алексеевна, – ми одговори тој, – на Пеќењка книги му купувам. Еве, набргу ќе биде неговиот роденден, а тој книшките ги сака, па еве јас нему и му ги купувам“ . . . Старецот секогаш смешно се

изразуваше, а сега згора на тоа беше и ужасно збркан. За што и да се прашаше, сè чинеше сребрена рубља, две рубли, три сребрени рубли; тој за големите книги дури не ни прашуваше, туку само погледнуваше во нив со завист, пребираше со прстите по ливчињата, ги вртеше низ рацете, а потоа пак ги оставаше на нивното место. „Не, не, тоа е скапо, – зборуваше полугласно тој, – а, еве, можеби овде ќе има нешто“, – и тогаш почнуваше да пребира низ техничките тетратки, песнарките, алманасите; сето тоа беше многу евтино „Но, зошто го купувате сево ова, – го прашав јас, – сево ова е ветер и магла“. – „Ах, не, – одговори тој, – не, само погледнете какви убави книшки има овде; многу, многу убави книшки има!“ И последните зборови тој толку жаловито ги оптегна, потпевнувајќи ги, што ми се стори дека тој е готов да се расплаче од лутина, зашто убавите книшки се скапи, и дека еве, сега, ќе му се стркала солзичка по бледите образи на црвениот нос. Го прашав има ли многу пари? „Па еве, – тука, бедникот тој ги извади сите свои пари, завиткани во маслосана книшка од весник, – еве половинка, двегривеник, дваесет копејки во бакар“. Јас уште веднаш го повлеков кон мојот антиквар. „Тука цели единаесет книги чинат сè на сè триесет и две рубли и пол; јас имам триесет; додадете уште две и пол, и ние ќе ги купиме сиве овие книги и заедно ќе ги подариме“. Старецот се избезуми од радост, ги истури сите свои пари, и антикварот му ја натовари нему целата наша заедничка библиотека. Моето старче ги наполни сите свои џебови со книги, ги натовари на двете раце, под мишките и сите ги однесе кај себе, давајќи ми збор дека утредента сите тие книги скришум ќе ги донесе кај мене.

Утредента старецот дојде кај сина си, неколку мига поседа кај него, како обично, а потоа сврати кај нас и приседна до мене со еден и премногу комичен и таинствен изглед. Отпрвин со насмевка, триејќи ги рацете од гордост и задоволство на човек што има некаква тајна, тој ми рече дека сите книги најнезабележано се пренесени тука и стојат во аголот од кујната, под покровителството на Матрјона. Потоа разговорот

природно премина на очекуваниот празник, потем старецот почна надолго и нашироко за тоа, како ќе го даваме подарокот, и колку повеќе се задлабочуваше во својот предмет, колку повеќе зборуваше за него, мене толку позабележливо ми стануваше јасно дека тој има на душата нешто, за што не може, не смее, дури и се плаши да проговори. Јас само чекав и молчев. Тајната радост, тајното задоволство, што досега лесно го читав во неговите чудни движења, во гримасите, во поднамигнувањата со левото окце, исчезнаа. Тој понекогаш стануваше толку немирен и натажен; и најпосле не издржа:

– Слушнете, – почна плашливо, со половина глас тој – слушнете, Варвара Алексеевна . . . знаете ли што, Варвара Алексеевна? . . . – Старецот беше ужасно збркан. – Видете: вие, кога ќе дојде роденденот, ќе земете десет книги и самите ќе му ги подарите, то ест од себе; тогаш јас ќе ја земам единаесетата и дури тогаш ќе ја подарам од себе, то ест сопствено, од своја страна. Ете така, како што гледате – и вие ќе имате што да подарите, и јас ќе имам што да подарам; ние двајцава ќе имаме да подариме по нешто. – Тука старецот се збрка и замолкна. Јас погледнав во него; со плашлив немир тој го чекаше мојот одговор. „Но, зошто пак сакате да не му го дадеме подарокот заеднички, Захар Петрович?“ – „Па така, Варвара Алексеевна, ете така . . . јас, еве, ова . . .“ Со еден збор, старецот се збрка, поцрвенеа, се зајазли во својата реченица и не можеше да се помрдне од местото.

– „Видете, – објасни најпосле тој. – Јас, Варвара Алексеевна, понекогаш јас се разгалувам . . . то ест сакам да ви кажам, дека јас постојано сум разгален и секогаш се разгалувам . . . се придржувам кон она, што не чини . . . то ест, знаете, ете така, надвор такви студови фаќаат, исто така и разни непријатности стануваат, или таму којзнае како некако тажно станува, или којзнае нешто недобро се случува, и тогаш јас не се здодржувам понекогаш и ќе се разгалам, и се напивам понекогаш и отповеќе. На Петруша тоа му е многу непријатно. Тој, ете, гледајте, Варвара Алексеевна, се лути, ми забранува и разни морали ми

чита. И така јас сега имам желба самиот со мојот подарок да му докажам дека се поправам и дека почнувам да се владеам добро. Дека јас, еве, сум собирал, за да му купам книга, долго собирав, поради тоа што јас речиси никогаш и немам пари, единствено ако не се случи Петруша овде-онде да ми даде. Тој го знае тоа. Значи, тој ќе види како ги употребив јас парите и ќе знае, дека сето тоа го правам само заради него".

Мене ужасно ми се здожали за старецот. Мислев сосем кусо. Старецот ме гледаше растревожено. „Па слушнете, Захар Петрович, – реков јас, – вие подарете му ги сите нив". – „Како сите? то ест тие книшки? . . ." – „Да, да, сите". – „Од себе". – „Само од себе? то ест од свое име?" – „Да, да, од свое име . . ." Јас, ми се чинеше, сосем јасно објаснував, но старецот многу долго не можеше да ме сфати.

„Па да, – зборуваше тој, замислувајќи се, – да! тоа ќе биде многу добро, тоа би било сосем добро, само како ќе биде со вас, Варвара Алексеевна?" – „Па, па јас нема да подарам ништо." – „Како! – повика старецот, скоро исплашувајќи се, – значи вие на Пеќењка нема да му подарите ништо, значи, вие не сакате да му подарите ништо?" Старецот се исплаши; во тој миг, ми се чини, беше готов да се откаже од својот предлог, за да можам и јас со нешто да го дарувам неговиот син. Добродушен беше тој старец! Јас го уверував, дека би била задоволна да му подарам нешто, но дека не сакам да му го одземам задоволството нему. „Ако вашиот син биде задоволен, – додадов јас, – и вие ако бидете радосен, тогаш и јас ќе бидам радосна, зашто што потајно, во моево срце, ќе чувствувам, дека и јас навистина сум подарила". Со ова старецот сосем се смири. Тој остана кај нас уште два часа, во сето тоа време не можеше да остане на едно место, стануваше, шеткаше, вревеше, се шегуваше со Саша, крадешкум ме бакнуваше мене, ме штипкаше за ракава и скришум ѝ правеше гримаси на Ана Фјодоровна. Ана Фјодоровна го спобрка, најпосле, од куќата. Со еден збор, старецот така се распаша од воодушевеност, како што, можеби, уште никогаш не му се беше случило нему.

На празничниот ден тој дојде токму во единаесет часот, право од црковната служба, во фрак, прилегано закрпен, и навистина во ново елече и со нови чизми. Во обете раце тој имаше по еден пакет книги. Сите ние тогаш седевме во салата на Ана Фјодоровна и пиевме кафе (беше недела). Ми се чини дека старецот почна со тоа дека Пушкин бил сосем добар стихотворец; потоа, губејќи се и збркувајќи се, наеднаш прејде на тоа, дека е потребно да се има добро поведение и дека, ако човекот не се држи добро, тоа значи дека се разгалува; дека лошите склоности го погубуваат и го уништуваат човекот; набројa дури и неколку гибелни примери на нездодржување и заклучи со тоа, дека тој од некое време сосем се прибрал и дека сега тој се владее сосем примерно добро. Дека тој и порано ја чувствувал правичноста на барањата на својот син, дека тој одамна го чувствувал сето тоа и сето присрце го земал, но дека сега почнал и на дело да се придржува, во доказ на што тој подарува книги од своите пари, заштедени во тек на подолго време.

Јас не можев да ги задржам солзите и смеата, слушајќи го кутрото старче; та тој умеел и да изналаже, кога е потребно! Книгите беа пренесени во собата на Покровски и ставени на полицата. Покровски уште веднаш се досети за вистината. Старецот го поканија да руча. Тој ден сите ние бевме толку многу весели. По ручекот игравме жандарм, карти; Саша палавееше, јас не заостанував зад неа. Покровски беше внимателен кон мене и постојано бараше можност да проговори насамо со мене, но јас го избегнував тоа. Тоа беше најубавиот ден во сите тие четири години од мојот живот.

А сега ќе потечат едноподруго само тажни, тешки спомени, ќе почне историјата на моите црни дни. Ете зошто, можеби, моево перо започнува да се движи пополека и како да откажува да пишува понатаму. Можеби токму поради тоа јас и со такво задоволство и со таква љубов ги преминував во сеќавањата сите малечки подробности на мојата малечка живеачка во моите среќни денови. Тие денови беа толку куси; ги

смени горчина, црна горчина, која само еден господ знае кога ќе заврши.

Моите несреќи започнуваат со болеста и со смртта на Покровски.

Тој се разболе два месеца по последните настани, што јас ги опишав тука. Во тие два месеца тој неуморно работеше врз средувањето на животот, иако досега тој немаше никаква одредена положба. Како сите офтикави, тој до својата последна минута не се разделуваше од надежта дека ќе живее многу долго. Некаде беше нашол место за учител, но тој занает му беше одвратен. Да служи некаде во државна служба тој не можеше поради своето здравје. Потоа мораше многу долго да се чека до неговата прва плата. Накусо, Покровски насекаде гледаше само неуспеси; неговиот карактер се расточуваше. Здравјето му се растројуваше; тој не го забележуваше тоа. Настапи есента. Секој ден излегуваше со својата лита шинелка да ги брка своите работи, да бара и да измолува некаде место за себе, тоа него внатрешно го измачуваше; се наводенуваше во нозете, искиснуваше под дождот и, најпосле, легна в постела, од која после веќе не стана ниеднаш. Тој умре во длабоката есен, на крајот од месец октомври.

Јас речиси и не ја напуштав неговата соба за сето време на неговото боледување, го дворев и го понадував. Често не спиев цели ноќи. Тој ретко беше свесен: често бладаше; зборуваше господ знае за што, за своето место, за своите книги, за мене, за татка си . . . и дури тука јас чув за него многу работи, кои порано не сум ги знаела, и за кои дури и не сум насетувала. Во првото време на неговата болест сите наши во мене гледаа некако чудно; Ана Фјодоровна кимаше со главата. Но, јас им погледнав на сите право во очите, и за моето сочувство кон Покровски веќе престанаа да ме осудуваат – барем не мајка ми.

Покровски понекогаш ќе ме препознаеше, но тоа беше ретко. Тој речиси сето време беше во бессознание. Понекогаш по цели ноќи тој зборуваше со некого долго, со нејасни, темни зборови; неговиот зарипнат глас глуво се носеше низ неговата тесна соба, исто

како во гроб; мене тогаш ме фаќаше страв. Особено последната ноќ тој беше како во некоја збеснетост; ужасно се мачеше, тагуваше; неговите стенкања ми ја расчешнуваа душава. Сите во куќата беа во некаква исплашеност. Ана Фјодоровна постојано се молеше, господ поскоро да си го прибере. Повикавме доктор. Докторот рече дека до изутрина болниот бездруго ќе умре.

Старецот Покровски целата ноќ ја помина во коридорот веднаш до самата врата од синовата соба; тука му беа послале некаква рогозинка. Тој понекогаш влегуваше во собата; страшно беше да се гледа во него. Болот така го убиваше, што изгледаше сосем бесчувствен и бесмислен. Главата му се тресеше од страв. Тој сиот трепереше и постојано шепотеше по нешто за себеси, а нешто расудуваше самиот со себе. Ми се чинеше дека од жал ќе се мрдне од умот.

Пред да се раздени, старецот, изморен од душевната болка, заспа како заклан на својата рогозинка. Во осумте часот синот почна да умира, јас го разбудив таткото. Покровски беше наполно свесен и се прости со сите нас. Чудно! Јас не можев да плачам, но душатава ми се расчешнуваше на парчиња.

Но, најповеќе од сè ме раскинаа и ме измачија неговите последни мигови. Тој постојано молеше нешто долго, долго, со својот јазик, што му се скочануваше, а јас од неговите зборови не можев да разберам ништо. Срцево ми се распаруваше од болка! Цел еден час тој беше немирен, постојано тагуваше за нешто, се мачеше да направи некаков знак со своите остинати раце и потоа пак почнуваше жаловито да моли, со зарипнатиот, глув глас; но неговите зборови беа само несврзани звуци, и јас пак не можев да разберам ништо. Му ги доведував сите наши, му давав да пие; но тој постојано кимкаше со главата. Најпосле сфатив што бара. Тој бараше да се крене завесата и да се отворат капаците. Нему, бездруго, му се сакаше да погледне последен пат во денот, во божјиот свет, во сонцето. Ја тргнав завесата; но денот, што се раѓаше, беше тажен и жалосен, исто како бедниот живот на човекот, што умираше, што изгаснуваше. Немаше

сонце. Облаците го покриваа небото со маглива пелена; тоа беше толку дождливо, намуртено, тажно. Ситен дождец се ронеше врз стаклата и ги измиваше со струички студена валкана вода; беше сиво и мрачно. Во собата одвај навлегуваа зраците на бледиот ден и одвај ја надвладуваа растреперената светлина од кандилото, запалено пред иконата. Човекот на смртното легло погледна тажно-тажно во мене и занишка со главата. По една минута умре.

За закопот се погрижи самата Ана Фјодоровна. Купија ковчег, сосем едноставен, и зедоа товарна кола. За да ги осигури трошоците, Ана Фјодоровна ги собра сите книги и сите други работи од покојникот. Старецот спореше со неа, вревеше, ѝ зеде колку што можеше од книгите, ги наполни со нив сите свои џебови, ги напотиска во шапката, каде што стаса, се меткаше со нив сите три дена и не се раздели од нив дури ни тогаш, кога требаше да се оди в црква. Сите тие денови тој беше како избезумен, како збудален, и со некаква чудна загриженост постојано го вардеше ковчегот: де му го поправаше венчето на умрениот, де ги палеше или ги изгаснуваше свеќите. Се гледаше дека неговите мисли не можеа да се задржат како што треба на ништо. Ни мама, ни Ана Фјодоровна не беа на опелото во црквата. Мама беше болна, а Ана Фјодоровна веќе беше сосем зготвена, но тогаш се скара со стариот Покровски и не дојде. Бевме само јас и старецот. За време на службата мене ме нападна некаков страв – чиниш некакво претчувство за она, што ме чека. Одвај успеав да достојам во црквата. Најпосле, сандакот го затворија, го заковаа, го товарија на колата и го завозија. Јас го проследував само до крајот на улицата. Коларот потера раван. Старецот трчаше по него и наглас плачеше; неговиот плач трепереше и се испрекинуваше од дождот, дуваше ветер; студот го сечеше и го боцкаше по лицето. Старецот како да не го чувствуваше лошото време и со плач истрча од едната страна на колата кон другата. Полите на неговиот стар сјуртук[1]) се развеваа на ветрот,

[1]) Француски збор: црн капут за излегување – Заб. на ред.

како крилја. Од сите џебови му се гледаа книги; во рацете цврсто држеше некоја огромна книга. Минувачите ги симнуваа своите капи и се крстеа. Понекои застануваа и му се чудеа на бедното старче. Понекогаш нему книгите му паѓаа од џебовите во калта. Го запираа, му покажуваа на она што го изгубуваше: тој ги земаше нив и пак тргнуваше по сандакот. На аголот од улицата се придружи кон него да го следи заедно закопот некаква стара питачка. Колата најпосле сврте зад аголот и ми се скри од пред очите. Заминав дома. Во страшниот жал јас ѝ се фрлив на градите на мама. Ја притискав цврсто-цврсто во своиве раце, ја бакнував, липав и плачев, плашливо притискајќи се во неа, чиниш мачејќи се да го задржам во својата прегратка мојот последен другар и да не ѝ го дадам на смртта... Но смртта веќе лебдеше над мојата кутра мајчица!

.....

.....

11 јуни

Колку многу сум ви благодарна за вчерашната прошетка на островите, Макаре Алексеевич! Колку е свежо, убаво, какво зеленило има! Јас толку одамна не сум го видела зеленилото; додека бев болна, постојано ми се чинеше, дека ќе морам да умрам и дека бездруго ќе умрам; тогаш пресудете самиот што сум морала да сеќавам вчера, како да чувствувам! Вие не лутете ми се за тоа, што вчера бев толку тажна; мене ми беше многу добро, многу лесно, но и во моите најубави минути мене секогаш ми е од нешто тажно. А тоа дека плачев, тоа се глупости; и самава јас не знам зошто моите впечатоци се болникави. Безоблачното, бледо небо, зајдисонцето, вечерната тишина – сето тоа, – јас веќе не знам, – но некако така бев настроена вчера сите впечатоци да ги примам тешко и мачно, така што срцево ми се преисполни, и душава бараше солзи. Но, зошто ви го пишувам вам сево ова? Сево ова со тешко срце се кажува, а уште потешко се прераскажува. Но вие, можеби, и ќе ме сфатите мене.

И тага и смеа! Навистина, колку сте добар вие, Макаре Алексеевич! Вчера вие така гледавте во моиве очи, за да прочитате во нив што чувствувам јас, и се воодушевувавте со мојот занес. Грмушка ли, алеја, вирвода – вие сте тука; и така стоите пред мене, се дотерувате, и постојано ми се загледувате во очиве, исто како да ми го покажувавте во тој миг својот имот. Тоа докажува дека вие имате добро срце, Макаре Алексеевич. Поради тоа и ве сакам. Па, догледање. Денес јас пак сум болна; вчера ги намокрив нозеве и настинав од тоа; Фјодора, исто така, е болна од нешто, така што сега ние обете боледуваме. Не заборавајте ме, навратувајте почесто.

Ваша
В. Д.

12 јуни

Гулапче мое, Варвара Алексеевна!

А јас пак мислев, дека вие мене сето она од вчера ќе ми го опишете со вистински стихови, а ваму кај вас излезе само едно просто ливче. Јас кон тоа додавам, дека вие, и покрај тоа што во вашево ливче напишавте малку, но затоа пак необично убаво и слатко сте го опишале тоа. И природата, и разните селски пејзажи, и сето друго за чувствата – со еден збор, сето тоа вие сте го опишале многу добро. А еве, јас пак таков талент немам. Ако сакаш и десет страни начкртај, никогаш ништо не се добива, ништо не можеш да опишеш. Јас веќе сум се обидувал. – Вие ми пишувате, родена моја, дека сум добар човек, незлобен, неспособен за пакост на ближниот, и дека ја разбирам благоста господова, што се јавува во природата, најпосле, разни пофалби ми давате вие мене. Сето тоа е вистина, душичко, сето тоа е совршена вистина; јас навистина сум таков, како што велите вие, тоа и самиов го знам; но штом ќе го прочиташ ова, како што пишувате вие, тогаш, и без да сакате, ви милее на срцето, а потоа разни тегобни мисли надоаѓаат. А еве,

послушајте ме мене, душичко, јас ќе ви раскажам по нешто, родена моја.

Ќе почнам со тоа, дека имав само седумнаесет годинки, кога се јавив на служба, и еве, веќе речиси триесет години ќе наполнам како службеник. Но нема што да се каже, сум износил јас достатно вицмундири; се замажив, заумив, луѓе се нагледав; поживеав, можам да речам, доста поживеав на светов, така што мене еднаш дури ме предложија и за добивање крст. Вие можеби не верувате, а јас ви кажувам како што беше. Туку, што можеш, душичко, – во сето тоа се најдоа и лоши луѓе! А ќе ви кажам јас вам, родена моја, дека, макар што сум јас прост човек, глупав човек, молам, но јас имам такво срце, какво што има секој друг. А знаете ли вие, Варенька, што ми направи лошиот човек? Срамно е да се каже, што ми стори тој; прашајте – зошто го стори? Та поради тоа што јас сум тивничок, та затоа што сум добричок! Не им се допаднав, и ете, така ме снајде мене. Отпрво започна со тоа што „вие, вели, Макар Алексеевич, де ова де она“; а потоа стана – „што, вели, Макар Алексеевич и не прашувајте го“. А сега заклучија со тоа, дека „па да, секако, тоа Макар Алексеевич!“ Еве, душичко, гледате ли како одеа работите: сè по Макара Алексеевич, тие само толку можеа да сторат, што во целата наша установа го внесоа во пословица Макара Алексеевич. Па малку им е тоа, што од мене пословица и без малку забранет збор направија, – до чизмиве, до мундиров, до косава, до мојава фигура се добраа, сè не им се допаѓа, сè треба да се преправи! И ете, сето тоа од незапаметени времиња секој божји ден се повторува. Свикнав, поради тоа што јас свикнувам на сè, поради тоа што сум мирен човек, поради тоа што сум малечок човек; но сепак, зошто сето тоа? Што лошо сум му сторил некому? Чинот ли сум му го презел некому, што ли? Пред повисоките ли сум го оцрнил некого? Награда ли сум пребарувал? Да не сум замачкал некој акт, што ли? Па гревота е и да се помисли нешто такво, душичко! Па од каде кај мене сето тоа? Та вие само погледнете, родена моја, имам ли јас достатно способности за сплетки и честољубија? Тогаш

зошто се овие напасти врз мене, господе прости ми? Ете вие наоѓате дека сум достоен човек, а вие сте многу подобра од сите нив, душичко. Еве каква е најголемата граѓанска среќа? Некни, во приватен разговор, Ефстафиј Иванович изјавија, дека најголемата граѓанска среќа се состои во тоа да се знае да се заработуваат пари. Зборуваа тие на шега (јас знам дека е на шега), наравоучението е во тоа, дека не треба да се биде оптоварување за никого, а јас никого не го оптоварувам! Јас си имам свое парче леб; навистина обично парче леб, понекогаш и тврдо, но тоа е тука, заработено со мака, законито и без прекор го употребувам. И што да се прави! Јас, еве, и самиов знам, дека не правам многу со тоа, што препишувам; па сепак, јас се гордеам со тоа: јас работам, јас пот пролевам! Што, гревота ли е да се препишува, што ли? „Тој, вели, препишува!“ „Тој, вели, службеник-стаор, препишува!“ Па, што има нечесно тука? Ракописов ми е ваков, читлив, убав, пријатно е да се гледа, и неговото превосходство се задоволни, јас за нив ги препишувам најзначајните книги. Но, стил немам, ете, тоа јас и самиов го знам, дека го немам него, проклетникот; ете, токму поради тоа јас и служба не зедов, и дури и вам сега, родена моја, ви пишувам просто, без да кријам, и онака, како што ми наложуваат мислата и срцето . . . Јас сето тоа го знам, а, меѓу другото, кога би почнале да сочинуваат сите, тогаш, кој ли ќе препишуваше? А еве, какво прашање поставувам, и ве молам да ми одговорите на него, душичко. И како ќе дознаам јас сега дека сум потребен, дека сум неопходен и дека нема зошто човек со насамарувања да се натерува да се збуни. Па, молам, нека сум и стаорец, ако изнашле некоја сличност! Па и стаорецот е нужен, па стаорецот е, исто така, полезен, па за тој стаорец и се држат, па на овој стаорец и награда му се паѓа, – ете, каков е тој стаорец! Впрочем, достатно е за оваа материја, родена моја; јас и немав намера да зборувам за ова, но ете, и се распалив малку. Сепак, пријатно е одвреме навреме да се биде справедлив кон себе. Простете, родена моја, гулапче мое, утешителко вие најдобра моја! Ќе дојдам, без-

друго ќе дојдам кај вас, ѕвездичко моја. А вие дотогаш не нажалувајте се. Книга ќе ви донесам. Па, збогум, Варењка.

Срдечно ви го сака доброто, вашиот

Макар Девушкин.

20 јуни

Почитуван Макаре Алексеевич!

Ви пишувам набрзина, брзам, работава навреме треба да ја завршам. Видете во што е работата: може нешто добро да се купи. Фјодора кажува, дека кај нејзиниот познајник се продава некој вицмундир од униформа, сосем новичок, долна облека[1]), елече и шапка, и, велат, сето е сосем евтино; па, ете, кога би ги купиле вие. Сега вие немате нужда од ништо друго, а и пари имате; вие самиот велите дека имате. Немојте, ќе ве молам, да бидете скржав; та сево ова е потребно. Погледнете се, во каква стара облека одите. Срамно! целата е испокрпена. Вие немате ново; тоа го знам, и покрај тоа што ме уверувате дека имате. Сам господ знае каде го имате раздадено. И така, послушајте ме мене, купете го, ќе ве молам. Сторете го тоа заради мене; ако ме сакате мене, тогаш купете го.

Сте ми испратиле како подарок долна руба; но послушајте, Макар Алексеевич, та вие се упропастувате себеси. Шега ли е тоа, колку имате истрошено за мене, – ужас, толку пари! Ах, колку сакате вие да растурате! Мене не ми е потребно; сето тоа беше сосем излишно. Јас знам, јас сум сигурна дека вие ме сакате; навистина, непотребно е да ме потсетувате со подароци на тоа, а мене ми е тешко да ги примам нив од вас; јас знам, колку ве чинат тие. Еднаш засекогаш – доста е; слушате ли? Ве молам, ве заколнувам. Вие, Макаре Алексеевич, ме молите да ви го испратам

[1]) Даликатно речено за панталони.

продолжувањето од моите забелешки; барате, јас нив да ги докрајчам. Ни самата не знам како успеав да го напишам и тоа, што сум го напишала! Та мене не ми достасуваат сили да зборувам за моето минато; не сакам ни да мислам на него; мене од тие спомени ми станува страшно. Да се зборува за мојата кутра мајчица, која своето бедно дете им го остави во плен на оние чудовишта, најтешко ми е од сè. Мене срцево ми се облева со крв уште при самата помисла за тоа. Сето тоа е уште толку свежо; јас не сум успеала ни да престанам да мислам, а не пак да се смирам, и покрај тоа што оттогаш има повеќе од една година. Но, вие знаете сè!

Ви зборував за сегашните мисли на Ана Фјодоровна; таа ме обвинува за неблагодарност и отфрла секакво обвинување за нејзиното соучество со господинот Биков! Таа ме повикува кај себе; вели дека сум станала питачка, дека на лоши патишта сум. Вели дека, кога би се вратила кај неа, тогаш таа зема на себе да ја намири сета работа со господин Биков, и ќе го натера да ја покрие пред мене сета негова вина. Таа вели, дека господин Биков сакал да ми даде мираз. Господ нека му е на помош! Мене ми е добро и тука со вас, кај мојата добра Фјодора, која со својата приврзаност кон мене ме потсетува за мојата покојна гледачка. Вие, иако сте мој далечен роднина, ме заштитувате со своето име. А јас нив не ги знам; јас ќе ги заборавам, само да можам. Што сакаат уште од мене тие? Фјодора вели дека сето тоа се само сплетки, дека тие, најпосле, ќе ме остават на мира! Дај боже!

В. Д.

21 јуни

Гулабичке моја, душичко!

Сакам да пишувам, а не знам од каде да почнам. Та ете, колку е тоа чудно, душичко, што ние сега вака си живееме со вас. Јас зборувам за тоа, дека ниеднаш своите денови не сум ги поминувал во ваква радост. Па, исто како со куќа и со семејство да ме благосло-

вил господ! Вие сте моето детенце, убавичко! па што е тоа што го велите вие за оние четири кошулки, што ви ги пратив. Та тие ви беа потребни, – јас тоа од Фјодора го дознав. Па мене, душичко, тоа ми претставува особена среќа, да ви направам задоволство; та тоа е моето задоволство, и оставете ме мене, душичко; не чепкајте ме и не спротивставувајте ми се. Со мене никогаш не се случувало нешто вакво, душичко. Па еве сега јас сум се впуштил во светот. Прво, живеете сосем блиску до мене и за мое задоволство; второ, денес ме повика на чај еден станар, мојот сосед, Ратазјаев, токму оној службеник, кај кого се одржуваат писателските вечери. Денес има состанок; литература ќе читаме. Ете како си живееме сега ние, душичко, – ете! Па, збогум. Сево ова јас го напишав онака, без секаква видлива цел и единствено за да ве известам за мојата среќа. Вие, душичко, сте ѝ изјавиле на Тереза, дека ви е потребна шарена свила за везење; ќе купам, душичко, ќе купам, и свиличка ќе купам. Утре ќе ја имам таа наслада да ви го исполнам задоволството. Јас знам и каде да ја купам. А самиов сега останува да бидам

ваш искрен пријател

Макар Девушкин.

22 јуни

Почитувана Варвара Алексеевна!

Ќе ве известам, родена моја, дека во нашиов стан се случи еден многу жален настан, достоен за највистинската жалост! Денес во пет часот изутрина му умре малечкиот на Горшков. Јас не знам само од што, од скарлатина ли, којзнае каква, господ ќе го знае! Јас ги посетив тие Горшкови. Ама е бедно кај нив, душичко! И каков нèред! Па и не е за чудење: целото семејство живее во една собичка, која само заради пристојност е разделена со завеси. Та кај нив дури и сандачето мртовечко е – простичко, но доста убавичко сандаченце; го купиле готово, малиот имаше девет годинки, велат дека било надежно. А жално е да се

гледа во нив, Варењка! Мајката не плаче, но толку е тажна, кутрата. Ним, можеби, и полесно им е, што еден, ете, им го олесни товарот; а кај нив останаа уште две, едно доенче и едно малечко девојченце, онака, околу шест години ќе има. Навистина, каква пријатност има во тоа да се гледа како тука страда детенце, и уште родено твое детенце, а ти не можеш да му помогнеш со ништо! Таткото седи на скршениот стол во стариот измрсен фрак. Солзите му течат, а тие можеби и не се од жал, туку онака, по навик, очите лиштат. Таков чуден е тој! Постојано црвенее, кога ќе проговориш со него се збркува, и не знае што да одговори. Малечкото девојче, ќеркичката, стои потпрена на ковчежето, и таква е, кутрата, собрана, тажна! А јас не сакам, душичко Варењка, кога ќе се задума детенце; непријатно е да се гледа! Кукла некаква од парталчиња лежи на подот крај неа, – не си игра; прстенцето на усните го држи; се здржува – да не се помрдне. Стопанката ѝ даде бонбона; ја зеде, но не ја јадеше. Жално, Варењка, – а?

Макар Девушкин

25 јуни

Најљубезен Макаре Алексеевич! Ви ја испраќам назад вашава книшка. Тоа е најлошата книшка! – ни в раце не треба да се зема. Само од каде ја изнајдовте вие оваа скапоценост? Шегата настрана, зар навистина ви се допаѓаат вам ваквите книшки, Макар Алексеевич? Ми ветија дека деновиве ќе ми најдат нешто за читање. Ќе ви дадам и вам, ако сакате. А сега до гледање. Навистина, немам кога повеќе да ви пишувам.

В. Д.

26 јуни

Мила Варењка! Работата е во тоа дека јас навистина не сум ја читал оваа книгичка, душичко. Навистина, прочитав малку, гледам дека е будалштилак,

онака само заради смехотворство е напишано, луѓето да ги насмејува; и си мислам, ќе мора навистина да биде весело; можеби и на Варењка ќе ѝ се допадне; зедов и ви ја пратив.

А еве, мене ми вети Ратазјаев дека ќе ми даде да прочитам нешто вистински литературно, па ете, вие ќе имате книгички, душичко. Ратазјаев се разбира од тие работи, – опитен е; тој и самиот пишува, ух, како пишува тој! Едно такво живо перо, а стилот чудесија; то ест, еве вака на секој збор – каде каде – и во најпразниот, дури и во најобичниот, најподол збор, кој јас ли, Фаљдони, или Тереза, некогаш сме го рекле, па и тука кај него има стил. Јас и на вечерите кај него одам. Ние пушиме тутун, а тој ни чита, по пет часа чита, а ние само слушаме. Слатка работа, а не литература! Убавина таква, цвеќе, просто цвеќе; од секоја страница китка врзана! Тој е толку дружељубив, добар, милозлив. И што сум јас, покрај него, што сум? Ништо. Тој е човек со репутација, а кој сум јас? Просто не постојам; а и мене ме своева. Јас нему му препишувам по нешто. Само вие не мислете, Варењка, дека тука има некаква итроштина, дека тој, ете, токму поради тоа и ме своева мене, затоа што препишувам. Вие немојте на сплетките да им верувате, душичко, не верувајте им на тие подли сплетки! Не, тоа јас сам од себе, по своја волја, за негово задоволство го правам, а тоа, дека тој ме своева мене, тогаш тој тоа заради моето задоволство го прави. Јас ги сфаќам, душичко, деликатните постапки. Тој е добар, многу добар човек и писател, со кого никој не може да се мери.

А убава работа е литературата, Варењка, многу убава; тоа јас од нив веќе третиот ден го дознав. Длабока работа! Срцата на луѓето ги закрепнува, ги поучува, и – уште разни таму работи за сево ова во една негова книшка се напишани. Многу добро е напишано! Литературата – тоа е слика, то ест на некој начин слика и огледало; страстите се одразени, онака тенка критика, напатствие за поучување и документ. Сето тоа јас кај нив го научив. Ќе ви кажам отворено, душичко, дека, еве, седиш меѓу нив, слушаш (исто како нив, цигара палиш молам) – а кога ќе почнат да се

натпреваруваат и да спорат за разни материи тие, тогаш јас просто се повлекувам, тука мене и вам, душичко, едноставно да се повлекуваме ни останува. Тука јас дрво на дрво се покажувам, самиот од себеси се срамам, така што целата вечер имаш желба во сета таа заедничка материја барем половина зборче да подречеш, но, ете, и тоа половина зборче како за инает го нема! И ќе пожалиш, Варенька, за себеси, дека не знаеш ни зборче да откасаш; како што вели поговорката – кај расло, кај пасло. А еве што правам јас во слободното време? – Спијам, будала никаков. А наместо непотребното спиење би можел да се зафатам со нешто; па, еве вака, малку и да попишувам. И за себеси корисно, и за другите убаво. Па, ете, душичко, вие само погледнете, колку земаат тие, господ да им прости! Еве, на пример, Ратазјаев, што добива тој! Што му треба нему да напише еден лист? Па тој по некој ден и по пет листа напишувал, а вели дека по триста рубли за еден лист зема. Таму некаква си анегдотичка или нешто интересно – петстотини, сакаш дај – сакаш не давај, но дај! а ако не – тогаш ние и по илјада во џебов пикаме! Како ви се гледа, Варвара Алексеевна? И што! Таму тој тетраткичка со стихови има, и стихчето му е сè такво неголемко, – седум илјади, душичко, седум илјади, душичко, седум илјади бара, помислете. Па тоа е неподвижен имот, капитален дом! Вели дека пет илјади ќе му дадат, но тој нема да земе. Јас го учам на разум, земете ги – велам, братче, тие пет илјади од нив, и плукнете им, – та пет илјади се пари! – не, вели, ќе дадат седум никаквеците! Лукав е, навистина е таков!

А штом стана за тоа збор, душичко, тогаш јас вам, нека биде, ќе ви препишам едно местенце од „Италијанските страсти“. Тоа е едно негово дело, така се вика. Вие прочитајте го, Варенька, и просудете и самата.

„. . . Владимир потрепери, и страстите бесно заклокоткаа во него, и крвта му закипе . . .

– Грофице, – повика тој, – грофице! Знаете ли вие колку е ужасна оваа страст, колку е безгранично ова безумство? Не, моите мечти не ме лажеа! Јас сакам,

сакам во занес, бесно, безумно! Сета крв на твојот маж нема да го прелее бесниот, клокоткав занес на мојата душа! Ништожните пречки нема да го задржат пеколниот оган, што сè победува, што ја пара мојава измачена глад! О, Зинаида, Зинаида! . . .

– Владимир! . . . – прошепна графицата надвор од себеси, наведнувајќи се на неговото рамо . . .

– Зинаида! – повика воодушевено Смељски.

Од неговите гради се испари здивот. Пожарот пламна со силен пламен на олтарот на љубовта и ги распара градите на несреќните страдалници.

– Владимир! . . . – шепотеше графицата во занес. Градите ѝ се надигнуваа, образите ѝ поцрвенуваа, очите ѝ гореа . . .

Новиот, ужасен брак беше извршен! . . .

. . . . . .

. . . . . .

По половина час стариот гроф влезе во будоарот на својата жена.

– А зошто, душичко, да не заповедаме за скапиот гостин самоварот да го постават? – рече тој, потчукнувајќи ја жена си по образот.

И еве, ќе ве прашам јас вас, душичко, по сево ова – па, како ви се гледа? Навистина, малку е слободно, нема спор за тоа, но затоа пак е убаво. Што е убаво – убаво! А еве, дозволете, јас уште една одломка ќе ви препишам од повеста „Ермак и Зјулејка“.

Претставете си, душичко, дека козакот Ермак, дивиот и страшен освојувач на Сибир, е вљубен во Зјулејка, ќерката на сибирскиот цар Кучум, која тој ја пленил. Настанот е токму од времето на Иван Грозни, како што гледате. Еве го разговорот меѓу Ермак и Зјулејка.

– Ти ме сакаш, Зјулејка! О, повтори, повтори! . . .

– Јас те сакам, Ермак, – прошепна Зјулејка.

– Небо и земјо, ви благодарам! јас сум среќен! . . . Вие ми дадовте мене сè, сè, кон што уште од детските години се стремеше мојов тревожен дух. Ете, значи, каде си ме водела мене ти, моја ѕвездо патеводна; ете, значи, зошто си ме довела ти мене тука, зад Камениот Појас! Јас ќе му ја покажам на целиов свет мојата

Зјулејка, и луѓето, бесните чудовишта, нема да имаат смелост да ме обвинат! О, кога би можеле тие да ги сфатат овие тајни страдања на нејзинава нежна душа, кога би биле тие способни да ја видат целата поема во една солзичка на мојава Зјулејка! О, дај ми да ја избришам таа солзичка со моиве бакнежи, дај ми да ја испијам, таа небесна солзичка . . . ти неземнице!

– Ермак, – рече Зјулејка, – светов е лош, луѓето се неправични! Тие ќе нè прогонат, тие ќе нè осудат нас, мил мој Ермак! Што ќе прави кутрата девојка, израсната сред родните снегови на Сибир, во јуртата[1]) на својот татко, во вашиот студен, леден, бездушен, самољубив свет? Луѓето нема да ме сфатат мене, сакан мој, љубен мој!

– Тогаш козачката сабја ќе се извие над нив и ќе свирне! – повика Ермак, диво блудејќи со очите".

Каков е Ермак сега, Варењка, кога ќе дознае, дека неговата Зјулејка е заклана. Слепиот старец Кучум, користејќи ја темнината на ноќта, се прикрал, во отсуство на Ермак, во неговиот чадор и ја заклал својата ќерка, сакајќи да му нанесе смртен удар на Ермака, кој го лишил од скиптерот и круната.

„ – Сакам да шаркам со железо по камен! – повика Ермак во дива крвожедност, точејќи ја својата сабја димискија на шаманскиот[2]) камен. – Мене ми е потребна нивната крв, крвта! Тие треба да се сечат, сечат, сечат!!!"

И по сето тоа Ермак, бидејќи е бессилен да ја оживее својата Зјулејка, се фрла во Иртиш, и тоа сè се завршува.

Да, а еве пак, на пример, така, малечок извадок, во шеговито описен вид, нарочно напишан заради смехотворство:

„Го знаете ли вие Ивана Прокофјевич Жолтопуз? Па, тоа е токму оној, што го касна за ногата Прокофија Иванович. Иван Прокофјевич е човек со тврд

---

[1]) Колиба – живеалиште на северните сточари, направена од кожа.

[2]) Шаман – свештеник, народен лекар кај некои монголски народи.

карактер, но затоа пак редок добротвор; наспроти тоа, Прокофиј Иванович вонредно сака репка со мед. Додека со нив беше уште познатата Пелагеја Антоновна . . . А вие ја знаете ли Пелагеја Антоновна? Па тоа, е токму онаа, што секогаш наопаку го облекува здолништето."

Па тоа е навистина да умреш од смеење, Варенька, просто да умреш! Ние се скинавме од смеење, кога ни го читаше ова. Таков е тој, господ да му прости! Впрочем, душичко, тоа е, вистина, малку тинствено и по малку игриво, но затоа пак е невино, без и најмалечка слободоумност и либерални мисли. Треба да се забележи, душичко, дека Ратазјаев има прекрасно држење и затоа е вонреден писател, а не како другите писатели.

А што би станало, навистина, ми доаѓа понекогаш во главава мисла . . . што би било, кога би напишал и јас нешто, што ќе стане тогаш? Па ете, на пример, да претпоставиме, кога наеднаш, без причина, би излегла книгичка под наслов – „Стихотворби од Макар Девушкин"! И, што би рекле тогаш вие, ангелче мое? Како би ви се сторило и како би ви се претставило тоа вам? А јас за себе ќе ви речам, душичко, дека штом би излегла на бела виделина мојата книшка, тогаш јас воопшто не би можел да се појавам на Невски. Та како би било тоа, кога секој би можел да рече, дека еве, ја, доаѓа составувачот на литература и поетот Девушкин, дека, ете, вели, тоа е токму тој Девушкин! И, на пример, што би правел тогаш јас со моиве чизми? – Тие мене ми се, патем ќе ви споменам, душичко, речиси целите во крпеници, па и пенчињата, право да ви кажам, се одлепуваат понекогаш сосем непристојно. И, што би било тогаш, кога би дознале сите, дека ете, писателот Девушкин има испозакрпени чизми! Некаква си таму контеса – ѓушеса[1]) би дознала и, што би рекла таа, душичката? Таа можеби и не би го забележила тоа; та, како што чинам јас, контесите не се занимаваат со чизми, кон тоа уште и службенички чизми (зашто и чизмите се разликуваат едни од

[1]) Графица

други), но нејзе сè би ѝ израскажале, би ме издале моите сопствени пријатели. Па ете, прв би ме издал Ратазјаев; тој оди кај грофицата В.; вели дека секој ден е кај неа и онака едноставно ја посетува. Вели, таква душичка била таа, литературна, вели, ете, таква дама. Веселник е тој Ратазјаев!

Но, впрочем, достатно е за оваа материја; јас, еве ова сè онака го пишувам, ангелче мое, поради разгаленост, за да ве разведрам. Збогум, гулапче мое! Јас тука многу ви изнаредив, но тоа е токму затоа, што денес сум во највесело душевно расположение. Ручавме ние сите заедно денес кај Ратазјаев, онака (шегации се тие, душичко!) почнале да пијат таква романеа[1]) .. и, што има да ви пишувам за тоа! Вие само вардете, немојте да си помислите нешто за мене, Варењка. Јас сево ова само онака. Книшки ќе ви испратам, сигурно ќе ви испратам . . . Овде од рака на рака се пренесува едно дело од Пол-де Кок, но Пол-де-Кок не прилега. За него велат, душичко, дека тој сите петербуршки критичари на благородничко гнасење ги терал. Ви испраќам една фунтичка бонбончиња – наречно за вас ги купив. Каснете си ги, душичко, и при секоја бонбонка потсетете се на мене. Но кандисот немојте да го гризете, туку само исцицајте го, инаку запчињата ќе ви се разболат. А вие, можеби, сакате и шеќерлеми? – напишете ми. Па тогаш, збогум, збогум. Христос со вас гулапче мое. А јас останувам засекогаш ваш најверен пријател

Макар Девушкин

27 јуни

Почитуван,
Макаре Алексеевич!

Фјодора вели дека, кога би сакала јас, тогаш некои луѓе со задоволство би се зазеле за мојава состојба и би ми нашле многу убаво место во една куќа,

[1]) Пијалак направен од рум.

како гувернантка. Што мислите вие, пријателе мој – да одам, или да не одам? Најпосле, јас вам нема повеќе да ви бидам оптоварување, а и местото, се чини, дека е згодно; но, од друга страна, некако се плашам да одам во туѓа куќа. Тие се некакви спахии. Ќе почнат да се интересираат за мене, ќе се распрашуваат, ќе пројавуваат љубопитство – па што ќе речам тогаш? Згора на тоа јас сум толку срамежлива од луѓе, дива; сакам да се заседам на едно место, на кое сум свикнала долго. Некако поубаво е онаму, каде што си свикнал: и ако живееш наполовина и со горчина, а сепак е побуаво. Згора уште и во друго место; па уште и господ знае каква ќе биде работата; можеби ќе морам просто дечиња да чувам. Па и луѓето се такви: за две години веќе трета гувернантка менуваат. Посоветувајте ме вие, Макаре Алексеевич, живи бога, да одам, или не? И зошто вие самиот некогаш не наминете кај мене? понекогаш само очите ќе ги покажете. Тукуречи само во неделите, за време на службата црковна, се гледаме ние. Каков недружбен човек сте вие! Ист сте како мене! А еве, јас сум ви дури и роднина. Не ме сакате вие мене, Макаре Алексеевич, а мене само понекогаш ми станува тажно. Понекогаш, особено во приквечерина, си седиш вака сама – осаменичка. Фјодора ќе отиде некаде. Седиш, мислиш, мислиш, – се сеќаваш на сето поминато, и радосно, и таговно, – сè ти доаѓа пред очите, сè се мерка, како низ магла. Познати лица се јавуваат (јас речиси и најаве почнувам да ги гледам), – мама ја гледам најчесто од сè друго . . . А какви се моите соништа! Чувствувам дека здравјево ми е растроено; толку сум слаба; еве и денес, изутрина, кога станав од постелата, мене ми се слоши; згора на тоа јас имам толку неубава кашлица! Чувствувам, знам, дека набргу ќе умрам. Кој ли ќе ме закопа? Кој ќе тргне да оди по мојот ковчег? Кој ќе пожали по мене? . . . И ете, може да се случи да умрам на туѓо место, во туѓа куќа, во туѓ некој кат! . . . Боже мој, колку е тажно да се живее, Макаре Алексеевич! . . А зошто вие мене, пријателе мој, постојано со бонбонки ме храните? Јас, навистина, не знам од каде земате вие толку многу

пари? Ах, пријателе мој, чувајте ги парите, живи бога, чувајте ги. – Фјодора ќе го продаде ќилимов, што го направив јас; ќе дадат педесет рубли во асигнации. Тоа е многу убаво: јас мислев помалку ќе биде. На Фјодора ќе ѝ дадам три сребрени и ќе си сошијам облека за себе, онака простичко, потопличко. Вам ќе ви направам елече, сама ќе ви го сошијам, и материја ќе одберам убава.

Фјодора ми ја најде книшката – „Сказните на Белкин", која јас ви ја испраќам, ако сакате да ја прочитате. Ве молам, само немојте да ја извалкате и да не ја задржите: книгава е туѓа, – тоа е дело од Пушкин. Пред две години ние ги читавме сказниве заедно со мама, и мене сега толку жално ми беше да ги препрочитувам. Ако имате кај вас некакви книги, тогаш испратете ми ги, – само ако не сте ги добиле од Ратазјаев. Тој бездруго ќе ви даде некое свое дело, доколку има објавено нешто. Како тоа вам да ви се допаѓаат неговите дела, Макаре Алексеевич? Такви глупости . . . Па, збогум! како сум се раззборувала јас! Кога ми е мачно, толку многу сакам да зборувам, па макар и за што-годе. Тоа е лек: веднаш ми станува полесно, а особено ако искажеш сè, што ти лежи на срцето. Збогум, збогум, пријателе мој!

Ваша
В. Д.

28 јуни

Скапа моја, Варвара Алексеевна!

Доста се жалевте! Како не ви е срам. Та немојте, ангелче мое; како ви доаѓаат само таквите мисли? Не сте вие болна, душичко, воопшто не сте болна: вие цутите, навистина, вие расцутувате; малку сте бледничка, па сепак цутите. И какви се тие ваши соништа и тие ваши привиденија! Срамно, гулапче мое, доста е; вие плукнете на тие соништа, просто плукнете. Еве, јас зошто спијам добро? Еве, мене зошто ништо не ми станува? Та погледнете ме мене, душичко. Си живеам,

си спијам спокојно, здравичок, јунак, јуначки, да ти е мило да ме погледнеш. Достате, достате, душичко, срамно е. Поправете се. Еве, јас вашата главичка ја знам, душичко, малку нешто да ви се случи, и вие веќе ќе земете да мечтаете и да тагувате за нешто. Престанете заради мене, душичко. Кај луѓе да појдете? – никогаш. Не, не и не! Па и од каде ви доаѓа на памет нешто такво, што ве тера на тоа! И уште и далеку оттука! Но не, душичко, нема да дозволам јас, ќе ѝ се спротивставам со сите сили на таквата намера. Мојот фрак, стариов, ќе го продадам и само по кошула по улиците ќе почнам да одам, но вие нема да ми бидете во некаква немаштија. Не, Варењка, не; та јас веќе ве знам вас! Тоа е лудост, вистинска лудост! А што е право, тогаш тука, во сево ова, само Фјодора е виновна: таа очигледно, глупава жена, ве убедила за сето тоа. А вие, душичко, немојте да ѝ верувате. Та вие, сигурно, уште, не знаете сè, душичко? .. Таа е глупава жена, кавгацивка, непромислена; таа и својот маж, покојникот, го истера по бел свет. Или пак таа, сигурно, ве има разлутено со нешто таму? Не, не, душичко, никако не! И тогаш, што ќе биде со мене тогаш, што ќе ми остане мене да правам? Не, Варењка, душичко, исфрлете го вие од главичката тоа. Што ви недостасува кај нас? Ние не можеме да ви се израдуваме, вие нè сакате нас, – тогаш и живејте си таму мирничко; шијте си, или читајте, ако сакате и немојте да шиете, – сеедно, само живејте со нас. А инаку, вие просудете и сама на што ќе прилега тогаш сево? .. Еве јас книги ќе ви изнајдам, а потоа, молам, пак некогаш ќе појдеме и ќе се прошетаме. Само вие немојте, душичко, немојте, соберете си го умот и немојте да правите глупости! Јас ќе дојдам кај вас, и тоа во најскоро време, само за тоа вие примете го моево вистинско и отворено признание: не е убаво, душичко, воопшто не е убаво! Јас сум, најпосле, неучен човек и самиов знам дека сум неучен, дека сум се учел само за дробни пари, па јас и не го вртам зборов кон таму, мене тука и не ми е целта, а за Ратазјаев се застапувам, како што милувате. Тој ми е пријател, ете, поради тоа јас и ќе се застапам за него. Тој пишува

добро, многу, многу и уште еднаш многу добро пишува. Не се согласувам со вас и никако не можам да се согласам. Пишувано е шаренолико, катмерно, со фигури, има разни мисли; многу добро! Вие можеби сте го читале без чувства, Варенька, или не сте биле добро настроена, додека сте го читале, за нешто на Фјодора сте ѝ се налутиле, или пак нешто лошо ви се случило таму вам. Не, прочитајте го вие тоа со чувство, поубаво, кога сте задоволна и весела и во пријатно душевно расположение наоѓајте се, ете, на пример, кога држите во устата бонбонка, – ете тогаш прочитајте го. Јас не се спротивставувам (кој е против тоа), има и подобри писатели од Ратазјаев, има дури и многу подобри, но и тие се добри, и Ратазјаев е добар, тие добро пишуваат, и тој добро пишува. Тој е за себе, тој за себеси си пишува толку добро, и многу добро прави што пишува. Па, збогум, душичко; повеќе јас не можам да пишувам; треба да се брза, работа имам. Вардете, душичко, ѕвездичко моја неизнагледана, смирете се, и господ нека е со вас, а јас останувам

Ваш верен пријател

Макар Девушкин.

P. S. Благодарам за книшкава, родена моја, ќе го прочитам и Пушкина; а денес јас, приквечерина бездруго ќе наминам кај вас.

1 јули

Мил мој Макаре Алексеевич!

Не, пријателе мој, јас меѓу вас немам живот. Јас размислив и решив, дека постапувам многу лошо, се одречувам од едно толку згодно место. Ако ништо друго, таму јас ќе имам барем сигурно парче леб; ќе се трудам, ќе ја заслужам пофалбата на туѓите луѓе, ќе се помачам дури и да го изменам карактеров, ако биде потребно тоа. Ова, секако, болно и тешко е да живееш меѓу непознати, да бараш туѓа милост, да се

криеш и да се присилуваш себеси, но господ ќе ми помогне. Та нема да останам осаменичка цел век. Со мене веќе се случувале такви работи. Се сеќавам кога бев уште малечка еднаш одев во пансион. Се случуваше целата недела дома да бидам немирница, скокам, понекогаш мама и ќе ме искара – сето тоа не е ништо, сето тоа му е добро на срцето, светло на душата. Ќе почне да надоаѓа вечерта, и ќе налегне смртна тага, во девет часот треба да се оди во пансионот, а таму е сè туѓо, студено, строго, во понеделник гувернантките се така налутени, што, ете, те тишти понекогаш во душата, ти доаѓа да плачеш; ќе појдеш во некој агол и ќе поплачеш, сама – осаменичка, солзите ги криеш, – ќе речат, мрзливка; а јас воопшто и не плачам заради тоа, зашто е потребно да се учи. И, што? свикнав, а потоа, кога си одев од пансионот, исто така плачев, додека се поздравував со другачките. Па и не е убаво што правам, што живеам на грбот на вас двајца. Таа мисла за мене е измачување. Јас сево ова отворено ви го велам, поради тоа што свикнав да бидам отворена со вас. Зар не гледам јас како Фјодора станува рано-рано секој ден и се зафаќа за своето перење и работи така до полноќ? – а старите коски бараат мир. Зар не гледам јас, дека вие се упропастувате заради мене, последната копејка ја стискате и за мене ја трошите? тоа не им одговара на вашите услови, пријателе мој! Вие пишувате дека ќе го продадете последното, но мене нема да ме оставите во немаштија. Верувам, пријателе мој, верувам јас во вашето добро срце – но тоа вие сега само онака го зборувате. Сега имате неочекувани пари, сте добиле награда: а после? Вие самиот знаете – јас сум постојано болна; јас не можам онака, како вас, да работам, и покрај тоа што душава ми сака, па и работа нема секогаш. И што ќе ми остане мене? Да се раскинувам од тага, гледајќи ве вас обајцата, блиските. Со што можам да ви бидам барем малку полезна? И зошто сум ви јас толку многу потребна вам, пријателе мој? Што добро сум ви сторила? Јас само сум ви приврзана со целава душа, ве сакам силно, цврсто, со целово срце, – но, горката судбина моја! – јас умеам да сакам

и можам да сакам, но само тоа, а не да правам добрини, не да ви платам за вашите добротворства. Не задржувајте ме повеќе; поразмислете и кажете си го своето мислење. Останувам во исчекување.

љубејќи Ве
В. Д.

1 јули

Бладање, бладање, Варењка, просто бладање! Ако ве остави човек така, тогаш вие со својата главичка којзнае уште што не ќе измислите. И ова не е така и она не е така! А јас сега гледам, дека сето тоа е бладање. Но, па што ви недостасува кај нас, душичко, вие само кажете го тоа! Вас ве сакаат, вие нас нè сакате, ние сиве сме задоволни и среќни – тогаш што повеќе. А! што ќе правите кај туѓите луѓе? Та вие бездруго уште не знаете, што е тоа туѓ човек? .. Не, повелете тогаш, прашајте ме мене, и јас ќе ви кажам што значи тоа туѓ човек. Го знам јас него, душичко, добро го знам; ми се случувало и неговиот леб да го јадам. Лош е тој, Варењка, лош, толку многу е лош, што твоето срце ќе го снема, така тој ќе го растргне со укорување, со прекори и со смуртениот поглед. Вам ви е топло кај нас, добро, – исто како да сте се прибрале во некое гнездо. Па и нас вие како без глава ќе нè оставите. И тогаш, што ќе правиме ние без вас? јас, старецов, што ќе правам, тогаш? Вие не сте ни биле потребна? Вие не сте биле полезна? Не душичко, вие, расудете само, како да не сте полезна. Вие мене сте ми многу полезна, Варењка. Вие имате такво благотворно влијание ... Ете, јас сега мислам на вас, и сум весел ... Јас некогаш ќе ви напишам писмо и во него ќе ги изнесам сите чувства, на што ќе барам од вас поподробен одговор. Гардеробичка ви насобрав, шапка ви направив; ако посакате и некоја мисија, јас и мисијата ... Не, како тоа вие да не сте биле полезна? Па и што ќе правам јас сам на старост, за што ќе

бидам погоден? Вие можеби и не сте помислиле на тоа, Варењка; не, вие помислете токму на тоа – дека, ете, речете си, за што ќе биде погоден без мене тој? Свикнав на вас, родена моја. А ваму што ќе биде без тоа? Ќе дојдам до Нева, и работата е свршена. И навистина, тоа ќе се случи, Варењка; што ќе ми остане да правам друго без вас! Ах, душичко моја, Варењка! Вие, очигледно, сакате, мене некој колар на Волково да ме одвезе; таму некаква питачка старичка – опашкарка мојот ковчег сама да го следи, мене таму да ме запретаат со песок, и да си појдат понатаму, и таму сам да ме остават. Грешно, грешно, душичко! Навистина грешно, жими бога грешно! Ви ја враќам вашава книшка, друшко моја, Варењка, доколку вие, душичко моја, ме прашате за моето мислење за вашава книгичка, тогаш јас ќе ви кажам дека во мојов живот не ми се случило да читам вакви славни книги. Сега јас се прашувам себеси, душичко, како сум можел да живеам досега, таков глупчо, господ да ми прости, Што сум правел? Од какви шуми сум јас? Та јас ништо не знам, душичко, ама навистина јас не знам ништо! сосем ништо не знам! Јас вам, Варењка, отворено ќе ви кажам, – јас сум човек неучен; до ова време јас сум читал малку, многу малку сум читал, па речиси и ништо: „Сликата на човекот", умно дело, сум го читал: „Момчето, што прави разни игри со звончиња" сум ја читал и „Жеравите на Ивик" – и, ете, тоа ти е сето, а повеќе не сум читал никогаш ништо. Сега јас „Станичниот надзорник" тука во вашава книгичка го прочитав; и еве, ќе ви кажам, душичко, се случува така, да живееш, а да не знаеш дека таму, крај тебе, стои книшка, каде што сиот тој живот како на прсти е набројан. Па и за она, за што порано не си се ни досетувал, и тоа сега тука, штом ќе почнеш да читаш таква некоја книга, сето тоа само пополека ќе ти дојде во сеќавањето, и ќе побараш, и ќе разгатнеш. И, најпосле, еве зошто ја засакав јас вашава книшка: по некои дела, какви што ги има, читаш-читаш, а понекогаш ако сакаш и да пукнеш – така е итро, што речиси и како да не го разбираш. Јас, на пример, – јас сум тупав, јас уште по својата

природа сум тупав, така што не можам многу важните сочиненија да ги читам; а ова го читаш, – исто како самиот да си го напишал; исто како, на пример, моето сопствено срце, какво и да е тоа, да си го зел на луѓето наопаку да си им го превртил, и си опишал сѐ поподробно – да, ете така! Па и делото е едноставно, жими бога; а што има! што е право, и јас би го напишал така, а зошто пак да не го напишам? Еве, јас го чувствувам истото тоа, и тоа токму онака, како што е во книшкава, па јас и самиов во исти такви состојби понекогаш сум се наоѓал, како на пример, да речеме, оној Самсон Вирин, кутриот. Па и колку Самсони Вирини чекорат меѓу нас, исти такви несреќници по срце! И колку убаво е опишано сето! Мене за малку што не ми потекоа солзи, душичко, кога прочитав дека тој се запил, грешниот, така, што умот си го изгубил, станал горчлив и си спие дома по цел ден под овчиот ложник, и својата тага ја труе со пунч, и плаче жално, бришејќи си ги солзите со валканата пола, кога ќе се потсети за заблудената своја овчичка, за ќерката Дуњаша. Не, тоа е натурално! Прочитајте го; тоа е натурално! тоа живее! Јас самиов сум го видел тоа, – сето тоа живее околу мене; еве ако сакате Тереза – што има далеку да се оди! – еве ако сакате и нашиот беден службеник, – ете, и тој е, можеби, ист таков Самсон Вирин, само што има друго семејно име, Горшков. Оваа работа е заедничка, душичко, и со вас и со мене може да се случи. И грофот, што живее на Невски или по кејот, и тој ќе биде истото тоа, само ако се рече да биде друг, поради тоа што кај нив е сѐ по свое, по некој подигнат тон, но и тој ќе биде истото тоа, сѐ може да се случи, и со мене истото тоа може да се случи. Ете, во што е работата, душичко, а вие тука уште и од нас да си отидете сакате; па гревот, Варењка, може да ме најде мене. И себеси, и мене, можете да ме погубите, родена моја. Ах, ѕвездичке вие моја, мавнете ги, живи бога, од својата главичка сите тие слободоумни мисли и не расчешнувајте ме попусто. Та каде вие, птичко моја слабичка, необрасната со пердувки, каде можете вие сама себеси да се прехраните, од гибелта себеси да се

извардите, од злосторниците да се заштитите! Доста е, Варењка, поправете се; лошите совети и наговарања не слушајте ги, а вашата книшка уште еднаш да ја прочитате, со внимание прочитајте ја: тоа ќе ви биде од полза.

Јас му зборував за „Станичниот надзорник“ на Ратазјаев. Тој ми рече дека сето тоа е старо и дека сега сите тргнале на книшки со сликички и со разни описи; а пак јас, навистина, не сфатив добричко што сакаше тој да ми каже. Заклучи тој дека Пушкин е добар, и дека тој ја прославил света Русија, и уште многу нешта зборуваше за него. Да, многу добро, Варењка, многу добро; прочитајте ја книшкава уште еднаш внимателно, правете онака како што ве советувам и со својата послушност мене, старецов, направете ме среќен. Тогаш и сам господ ќе ве награди, родена моја бездруго ќе ве награди.

Вашиот искрен пријател

Макар Девушкин

6 јули

Почитуван Макаре Алексеевич!

Фјодора денес ми донесе петнаесет рубли во сребро. Колку беше радосна таа, кутрата, кога ѝ дадов три неначнати! Ви пишувам набрзина. Сега јас вам ви го кројам елекот, – колку е прекрасна материјава, – жолтичка со цветчиња. Ви праќам една книшка; тука има различни историјки; јас прочитав некои од нив; прочитајте ја едната од нив со наслов „Шинела“. – Ме каните да појдеме заедно на театар; нема ли да биде скапо сето тоа? Барем некаде во галеријата. Јас веќе одамна не сум била на театар, па и, навистина, не се сеќавам од кога. Само пак сè се плашам, нема ли да нè чини скапо оваа намера? Фјодора само нишка со главата. Таа вели дека вие сте почнале да живеете многу бедно; па јас и сама го гледам тоа; само за мене да не биде несреќа. Фјодора и онака веќе ми зборуваше за некакви слухови, дека сте имале, ми се чини,

спор со вашата стопанка за неплаќање пари; јас многу се плашам за вас. Па, збогум; јас брзам. Имам малку работа; ќе ги променам лентите на шапкава.

В. Д.

P. S. Знаете, ако појдеме на театар, тогаш јас ќе ја ставам мојава новичка шапка, а преку раменатa црн шал. Ќе биде ли добро така?

7 јули

Почитувана Варвара Алексеевна!

. . . А јас, еве, пак за вчерашното. Да, душичко, и нас во свое време нè обземале бладања. Се зацапав јас во таа глумичка, до уши се зацапав, но тоа уште не беше ништо; туку најчудното тука беше тоа, што јас речиси и ја немав видено и на театар бев појден само еднаш, а сепак, и покрај тоа, јас се зацапав. Живееја тогаш преку еден ѕид до мојата соба петмина млади, полетни луѓе. Се задружив со нив, без да сакам се задружив, иако секогаш бев на прилегано растојание од нив. Но, за да не бидам поназад од нив, јас во сè им идев по писката. И ми изнараскажаа тие за таа артистка! Секоја вечер, штом има претстава во театарот, целата компанија – за потребните работи тие ниеднаш немаа ни грош – целата компанија одеше на театар, во галеријата, и веќе ракоплескаат – ракоплескаат, ја повикуваат-повикуваат таа артистка – просто полудуваат! А потоа не ти даваат ни да заспиеш; целата ноќ без остаток за неа зборуваат, секој ја наречува мојата Глаѓа, сите единствено во неа се вљубени, за сите е таа единствената канарка на срцето. Ме распалија тие и мене, ваков беззаштитен; тогаш јас уште бев младичок. Ни самиов не знам, како се најдов наеднаш заедно со нив на театар, на четвртиот кат, во галеријата. Од гледање јас само крајчето од завесата го гледав, затоа пак слушав сè. Артистката имаше навистина убаво гласче – ѕвонливо, славејско, медно! Нам рацете ни трпнеа од плескање,

викавме-викавме, – со еден збор, за малку што не нè поткачија, едниот, навистина, и го одведоа. Си доаѓам дома, – како низ чад одам! во џебов само уште една сребрена рубља ми останала, а до платата има уште десет добри денови. А како мислевте вие, душичко? другиот ден, пред да појдам на работа, свратив кај парфимерот – Французинот, купив кај него некакви мириси и миризлив сапун за целиот капитал – веќе ни самиов не знам зошто го изнакупував јас тогаш сето тоа? Та не ручав дома, туку постојано покрај нејзините прозорци шетав. Таа живееше на Невски, на четвртиот кат Си дојдов дома, некој час одморив таму, а потоа пак заминав на Невски, само за да поминам крај нејзините прозорци. Одев така месец и пол, се влечкав по неа; пајтонџии со брзи коњи секоја минута земав и постојано ги терав крај нејзините прозорци: сосем се заплеткав, се задолжив, а потоа веќе и ја отсакав: ми здодеа! Ете, значи, што е во состојба да направи една артистка од прилеганиот човек, душичко. Впрочем, младичок, сосем младичок бев тогаш јас . . .

М. Д.

8 јули

Почитувана моја Варвара Алексеевна!

Вашата книшка, која ја примив на 6-ти овој месец, брзам да ви ја вратам, и заедно со тоа во ова мое писмо брзам да се објаснам со вас. Не е убаво, душичко, не е убаво тоа, што ме ставивте вие мене во таква крајност. Дозволете, душичко: секоја состојба е определена од севишниот, за несреќа на човекот. На овој му е речено да биде со генерални еполети, на овој да служи како титуларен советник; на едниот да заповеда, на другиот безропотно и со страв да слуша. Тоа е веќе пресметано според човечките способности; едниот е способен за едно, другиот за друго, а способностите се наредени од самиот бог. Веќе околу триесет години си ја работам јас својава служба; служам без прекор, со трезвено поведение, ниеднаш не сум забележан неуреден. Како граѓанин, се сметам себеси со

своето сопствено сознание, за човек, кој си има свои недостатоци, но заедно со тоа и добри особини. Ме ценат претпоставените, и самото превосходство се задоволни со мене; и макар што тие досега сè уште не покажале особени знаци на благорасположение, но јас знам, дека тие се задоволни. Сум доживеал до бели коси; за себеси голем грев не знам. Најпосле, пак, кој не е грешен во ситниците? Секој е грешен, дури и вие сте грешна душичко! Но, во големи престапи и за дрскости никогаш не сум забележан, нешто онака против наредбите или во нарушувањето на општественото спокојство, во тоа јас никогаш не сум забележан, такво нешто не се случило; дури и крстенце ми се паѓаше – па зошто да не! Сето тоа вие би требало совесно да го знаете, душичко, и тој би морал да го знае; уште штом зел да опишува, тој морал да знае сè. Не, јас ова не го очекував од вас, душичко; не, Варенька! токму, ете, од вас јас не очекував нешто вакво.

Како! Па по ова не може ни да се живее мирно во своево катче, – каков сака нека си биде тој, – живеј без водата да ја матиш, според поговорката, никого не чепкај, знаејќи за стравот господов, и себеси самиот, за и тебе да не те чепкаат, за ни во твојата пештера да не ти се доберат и да не назират – така велат; како си ти, кога си си дома, имаш ли, на пример, убаво елече, се наоѓа ли кај тебе што следува од долната облека; имаш ли чизми, па и со што се потковани тие; што јадеш, што пиеш, што препишуваш? . . . Па што има тука такво, душичко, оти, еве, да земеме и јас, каде што е лоша калдрмата и напрстечки понекогаш ќе поминам; дека чизмиве си ги чувам! Зошто да се пишува за другиот, дека тој, ете, понекогаш е во немаштија, дека чај не се напива? А токму сите ли се должни толку задолжително да пијат чај! И зар јас секому му гледам во устата, ете, да речеме, каков залак џвака тој таму? Кого сум го навредил јас? Не, душичко, зошто да се навредуваат другите, кога тие тебе не те ни чепкаат! Па, ете, на пример, Варвара Алексеевна, еве што значи тоа: служиш-служиш, ревносно, усрдно, – уште како! – и самото началство те цени (па

како сака нека е, а сепак те цени), – и, еве, некојси таму под самиот твој нос, без секакви видливи причини, ни пет ни шест, ќе ти склепа тебе пасквил. Се разбира, ќе си сошиеш понекогаш за себеси и по нешто ново, – се радуваш, не спиеш, туку се радуваш, новите чизми, да земеме, со таква сладострасност ги обуваш – тоа е вистина, јас сум почувствувал, зашто е пријатно да си ја видиш својата нога во тенката гизделинска чизма, – тоа е верно опишано! Но јас сетики вистински се чудам, како Фјодор Фјодорович ја пропуштиле без внимание оваа ваква книшка и за себе не се застапиле. Навистина, тој е уште млад достоинственик, и сака понекогаш и да подвикне; туку пак и зошто да не подвикне? Зошто и да не потскара, кога нашиот брат бара понекогаш да биде и искаран? Па да претпоставиме, и онака, на пример, поради тонот да искара – па и поради тонот може; треба да се подучува; треба и да се казнува за пример; заради тоа што – ова нека остане меѓу нас, Варењка, – нашиот брат без казна ништо нема да стане, секој се мачи само некаде на број да биде, дека, ете, јас сум таму и таму, а од работата да е малку понастрана. А ваму, ете, и разни чинови се наоѓаат, и секој чин бара сосем одредена респекција според чинот, тогаш природно дека по ова и тонот на респекциите излегува разночинен, – тоа е во редот на нештата! Па, ете, токму на тоа и светов се држи, душичко, што сиве ние еден пред друг го држиме тонот; што секој од нас еден другиот го респектира. Без оваа предострожност и светов не би се држел и ред не би имало. Навистина се чудам како Фјодор Фјодорович без внимание пропуштиле ваква навреда!

И зошто е потребно да се пишува нешто вакво! Кому му е потребно тоа? Да не ми направи некој од читателите шинела поради ова? Нови чизми ли некој ќе ми купи мене? Не, Варењка, ќе го прочита и уште и продолжение ќе побара. Се притајуваш понекогаш, се притајуваш, го криеш она, што го немаш, се плашиш понекогаш и носот да го покажеш – каде и да било, трепериш поради тоа, што можат да те пресудат, поради тоа што од што и да е на светов, од сè

тебе пасквил ќе ти направат, а ваму веќе сиот твој граѓански и семеен живот низ литературата се движи, сè е отпечатено, прочитано, исмеано, пресудено! Па тука ни на улицата не можеш да се покажеш; па сето тоа тука е така докажано, што нашиот брат ќе можеш да го препознаеш само по одот. И, ќе беше добро тој пред крајот барем малку да се поправеше, нешто да потсмекнеше, да станеше, на пример, макар и по оној пункт, кога му ги истураат книгите под главата: дека тој, да речеме, при сето тоа е добронамерен, добар граѓанин, таквиот однос од своите другари не го заслужил, бил послушен пред постарите (туку би можел и некаков пример), никому лошото не му го сакал, верувал во бога и умрел (кога оној би сакал, тој бездруго да умре) – оплакан. А најдобро од сè би било да не се остави да умре, кутриот, туку да се направи така, да му се изнајде шинелата, за оној генерал, кога ќе дознае поподробно за неговите добрини, да го повика во својата канцеларија, да му го зголеми чинот и да му даде добар додаток на неговата плата, така што, ете видете како би било тоа: лошото би било казнето, а доброто би триумфирало, и другарите од канцеларијата сите би останале со прстот в уста. Јас, на пример, би сторил така, а вака што особено има кај него, што има убаво тука? Онака, некаков си празен пример од секојдневниот, подол живот. Туку, како се решивте вие да ми испратите една ваква книшка, родена моја. Па тоа е злонамерна книшка, Варенька; ова просто не е вистинито, поради тоа што не може ни да се случи да има таков службеник. Па, ете, по нешто вакво треба да се направи жалба, Варенька, формално да се направи жалба.

Вашиот најпокорен слуга

Макар Девушкин.

27 јули

Почитуван Макаре Алексевич!

Последните настани и писмава ваши ме исплашија, ме поразија и ме фрлија во недоумица мене, а ра-

скажувањата на Фјодора ми објасниј сè. Но, зошто требаше да се очајува толку и наеднаш да се падне во една таква бездна, во каква сте паднале вие, Макаре Алексеевич? Вашите објаснувања сосема не ми беа достатни мене. Видете, дали бев прав јас, кога сакав да го прифатам она место, што ми го предлагаа. Потоа и моето последно доживување без шега ме плаши. Вие велите, дека вашата љубов кон мене ве терала да се криете од мене. Јас и тогаш гледав, дека многу ви должам, кога ме уверувавте, дека ги трошите за мене само своите резервни пари, кои, како што велевте, сте ги чувале за секој случај во штедилницата. А сега, кога разбрав дека вие воопшто не сте имале никакви пари, дека вие, дознавајќи случајно за мојава бедна состојба, и трогнати од неа, сте решиле однапред да ја земете својата плата, а сте ја продале дури и вашата облека, додека бев болна, – сега, со откривањето на сево ова, јас сум ставена во една таква мачна состојба, што ни досега не знам како да го примам сето ова и што друго да мислам за него! Ах! Макаре Алексеевич! вие сте морале да застанете на своите први добрини, кои ви ги внушило сочувството и роднинската љубов, а не и потоа уште да ги растурате парите на ненужни работи. Вие ја изневеривте нашата дружба, Макаре Алексеевич, поради тоа што не бевте отворен со мене, и сега, кога гледам дека последното, што сте го имале, отишло за мојата промена, за бонбони, за прошетки, за театар и за книги, – тогаш за сето тоа јас скапо ќе платам со сожалување за својата непростлива ветерничавост (бидејќи јас примав од вас сè, без да се грижам за вас); и сето она, со кое вие сакавте да ми направите задоволство, сега се престори во горчина за мене и остави по себе само едно бесполезно сожалување. Во последно време јас ја забележав вашата тага, и самата тажно очекував нешто, но ова, што се случи сега, ни на ум не ми доаѓаше мене! Како можевте вие до таков степен да паднете со духот, Макаре Алексеевич! Но, што ќе помислат сега за вас, што ќе речат за вас сега, сите што ве познаваат? Вие, кого јас и сите ве почитуваа поради

добрината на душата, скормноста и благоразумноста, вие сега наеднаш сте попаднале во таков одвратен порок, во кој, ми се чини, ниеднаш порано не сте биле забележан. Што стана со мене, кога Фјодора ми раскажа, дека ве нашле на улицата во нетрезна состојба и ве донесле во станот со полиција! Јас се скочанив од избезуменост, и покрај тоа што чекав нешто необично, поради тоа што ве немаше четири дена. Но, помисливте ли вие, Макаре Алексеевич, што ќе речат вашите началници, кога ќе ја дознаат вистинската причина за вашето отсуство? Вие велите, дека сите ви се смееле; дека сите дознале за нашата врска и дека вашите соседи во своите потсмешки и мене ме споменувале. Не обрнувајте внимание на тоа, Макар Алексеевич, и, живи господа, смирете се. Мене ме плаши уште и вашата историја со тие офицери; за неа јас нешто нејасно сум слушнала. Објаснете ми што значи сево ова? Пишувате дека сте се плашеле да ми се отворите, дека сте се плашеле со вашето признание да не ја изгубите мојава дружба, дека сте биле очаен, не знаејќи со што да ми помогнете во мојава болест, дека сте продале сè за да ме поткрепите и да не ме пуштите в болница, дека сте се задолжиле колку што можело да се задолжите, и имате секојдневни непријатности со стопанката, – но, криејќи го од мене сето тоа, вие сте го одбрале полошото.Но, еве, сега јас сето тоа го дознав. Вие сте се срамеле да ме натерате да бидам свесна, дека сум причината за вашата несреќна состојба, а сега со своето држење вие толку повеќе горчина ми нанесувате. Сето тоа ме вчудовиди, Макаре Алексеевич. Ах, пријателе мој! несреќата е заразна болест. Несреќните и бедните треба да бегаат еден од друг, за уште повеќе да не се заразат. Јас ви донесов такви несреќи, за кои вие порано не сте ни знаеле во вашиот скромен и осаменички живот. Сето тоа ме измачува и ме убива мене.

Напишете ми сега отворено сè, што се случило со вас и како сте се решиле на таква постапка. Успокојте ме, ако е возможно. Не е самољубието она што ме тера сега мене да ви пишувам за спокојството,

туку мојата дружба и љубовта кон вас, кои со ништо не можат да се избришат од моево срце Макаре Алексеевич, вие лошо сте мислеле за мене.

Срдечно Ве сака

Варвара Добросјолова

28 јули

Моја бесценета Варвара Алексеевна!

Па, ете, сега, кога е свршено сè и кога сето малку по малку си доаѓа во поранешната состојба, еве што ќе ви кажам јас вам, душичко: вие се беспокоите поради тоа, што ќе помислат за мене, за што брзам да ви изјавам, Варвара Алексеевна, дека мојата амбиција ми е поскапа од сè друго. Поради што и, известувајќи ве за моиве несреќи и сите оние безредија, ви јавувам дека од началството уште никој не знае ништо, па и нема да дознае, така што сите тие и понатаму ќе ја имаат кон мене поранешната почит. Се плашам од едно: од сплетките се плашам. Дома кај нас стопанкава вреска, а сега, кога со помошта на вашите десет рубли ѝ платив еден дел од долгот, таа само грчи и ништо повеќе. Што се однесува до другите, тогаш и тие немаат што; кај нив само што не треба да се бараат назаем пари, инаку и тие ништо. А во заклучок на моиве објаснувања ќе ви речам, душичко, дека вашето уважување го сметам за повисоко од сè на светов и со тоа се утешувам сега, во времето на мојава несреденост. Слава му на господа, што првиот удар и првите недоразбирања поминаа и вие го примивте тоа така, што не ме сметате мене за вероломен другар и себељубец, поради она, што се претставував пред вас, немајќи достатно сили да се разделам од вас, и сакајќи ве, како мое малечко ангелче. Сега вредно се фатив за службата и почнав да си ја вршам добро својата должност. Ефстафиј Иванович не рече ни зборче, кога поминував вчера крај него. Јас нема да скријам од вас, душичко, дека мене ме убиваат

моите долгови и лошата состојба на мојава гардероба, но тоа е пак ништо, и за тоа, исто така, ве молам вас – не очајувајте душичко. Ми испраќате уште половина рубљичка, Варењка, и оваа половина рубљичка мене срцѐво ми го пронижа. Значи, ете, како се сврте сега, гледај како! то ест не јас, стариот будала, вам, на ангелчето, да ви помогнувам, туку вие, сиротицо моја кутричка, мене! Добро сторила Фјодора, што зела назаем пари. Сега засега јас немам никакви надежи, душичко, дека ќе добијам, а доколку и ќе се појават некои малечки надежи, ќе ви јавам за сè поподробно. Но сплетките, сплетките мене најповеќе од сè ме беспокојат. Збогум, ангелче мое. Ја бакнувам вашата рачичка и ве молам да оздравите. Ви пишувам не многу подробно, затоа што брзам за на работа, бидејќи со грижливост и со полетност сакам да ги загледам сите мои грешки, поради запуштањето на службата; понатамошните раскажувања за сите настани и за доживувањата со офицерите ги одложувам довечер.

Ве почитува и срдечно Ве љуби

Макар Девушкин.

28 јули

Ех, Варењка, Варењка! Еве сега гревот е токму на вашата страна и останува на вашата совест. Со ова свое писменце вие мене сосем ме дотеравте во незгода, докрај ме сметовте, и тоа токму сега, кога во слободното време во внатрешноста на своето срце проникнав, и така видов дека бев прав, дека бев сосем прав. Јас не зборувам за својата распуштеност (да би не била, душичко, да не би не била!)., туку за тоа, дека јас ве сакам вас и дека сосем не беше неблагоразумно да ве сакам вас, сосем не беше неблагоразумно. Вие, душичко, ништо не знаете; а ете, кога би знаеле само, зошто е сето тоа, од каде јас сум должен да ве сакам вас, тогаш вие не би рекле така. Вие сето тоа само ре-

зонски го велите, така а јас сум уверен, дека во срцето ваше сосем не е така.

Душичко моја, ни самиов јас не го знам и не го паметам добро, сето она, што стана меѓу мене и офицерите. Треба да ви наспомнам, ангелче мое, дека сѐ дотогаш јас бев во најужасна збунетост. Претставете си, дека веќе цел месец, така да се каже, само на едно конче се држев. Положбата беше најнеубава. Од вас јас криев сѐ, па и дома, исто така, но мојата стопанка накрена врева и викотници. Тоа мене и не ме засегаше. Нека вика таа лоша жена, но едно што е срамота, а друго, што таа, господ ќе ја знае како, дознала за нашава врска и за неа такви работи низ целава куќа врескаше, што јас занемев и ушиве си ги затворав. Но, работата е во тоа, што другите не ги затвораа своите уши, туку напротив, ги отвораа. Јас и сега, душичко, не знам каде да фатам пустина . . .

И еве, ангелче мое, сево ова, сета таа прс и плева на секакви несреќи и ме дотолкоја докрај мене. Наеднаш чудни работи слушам од Фјодора јас, дека кај вас во куќата дошол недостојниот побарувач, и дека ве навредил вас со недостојниот предлог; дека тој ве навредил, длабоко ве навредил, јас по себеси судам, душичко, поради тоа што и самиов сѐ навредив длабоко. Тогаш јас, ангелче мое, се збрлавев, токму тука јас и се изгубив и пропаднав сосем. Јас, другару мој, Варењка, во тој бес се најдов на нешто нечуено, јас сакав кај него грешникот да одам, јас веќе и не знаев што сакав да сторам, поради тоа што јас не сакам вас, моето ангелче, да ве навредуваат! И, горко беше! а во тоа време дожд, лапавица, штама беше страшна! . . . Јас веќе сакав да се вратам . . . И токму тука паднав, душичко. Емелјан го сретнав тогаш, Емелјан Илич, тој е службеник, то ест беше службеник, а сега веќе не е службеник, поради тоа што го истераа откај нас. Јас веќе и не знам што работи тој, некако таму се мае; и ете ние појдовме со него. Тогаш — но, зар вам, Варењка, ви причинува задоволство да читате за неволите на пријателот, за неговите несреќи, да ја читате историјата на искушенијата, што ги претрпел? На третиот ден, вечерта, на тоа мене веќе

Емелјан ме натера, и јас појдов кај него, кај тој офицер. Адресата ми ја кажа нашиот домар. Јас, душичко, кога сме веќе тука, уште одамна го барав тој јунак; го следев уште додека живееше во нашиов стан. Сега гледам дека сум направил неприлежна работа, поради тоа што не бев како што треба кога ме најавија кај него. Јас, Варењка, по право и ништо не паметам; паметам само толку, дека кај него имаше многу, многу офицери, или пак само така ми се гледаа мене по двајца – господ знае. Исто така не паметам ни што зборував, само знам дека многу сум зборувал во мојот благороден гнев. Па тогаш и ме избркаа, тогаш мене и по скалите ме турнаа, то ест да не речеш ме турнаа, туку само ме спотераа така. Вие веќе знаете, Варењка, каков сум се вратил јас; па ете, тоа е сè. Всушност, јас се изгубив, и мојата амбиција настрада, но тоа, ете не го знае никој, никој од другите, освен вас, не го знае: и, а во таков случај сето тоа е исто како и воопшто да не било. Можеби тоа е и така, Варењка, што мислите вие? Бидејќи мене ми е познато добро, дека ланската година кај нас Аксентиј Осипович, исто така, посегна по личноста на Петар Петрович, но само тајно, тој тоа го стори тајно. Тој го повика него во стражарската соба, јас сето тоа низ прозорецот го видов, таму тој сè како што си му е редот стори, но на благороден начин, поради тоа што никој не виде, освен мене; да, а јас ништо; то ест сакам да речам, дека јас никому не му го кажав тоа. Па потоа Петар Петрович и Аксентиј Осипович – како ништо да не било. Петар Петрович, знаете, е таков, амбициозен, и ете, тој никому не му кажа, така што тие сега и се поклонуваат, и рацете си ги стискаат. Јас не спорам, јас Варењка не смеам да спорам, со вас, јас паднав ниско и, што е уште поужасно, јас самиот пред себе си изгубив многу, но тоа, сигурно, мене така уште од раѓање ми било пишано, тоа е, бездруго судбина, – а од судбината не се бега, самите знаете. – Значи, ете го и подробното објаснување на моите несреќи и неволи, Варењка, ете – сето е такво, што би било подобро и да не се чита. Јас сум малку болникав, душичко моја, и лишен сум од сета игривост на

чувствата. По сево ова сега, сведочејќи ви ја својата приврзаност, љубовта и почитта, останувам, милостива господарко моја, Варвара Алексеевна.

најпокорен слуга Ваш

Макар Девушкин

29 јули

Почитуван Макаре Алексеевич!

Јас ги прочитав обете ваши писма, и така воздивнав! Послушајте ме, пријателе мој, вие или премолчувате од мене нешто и сте ми напишале само дел од вашите непријатности, или . . . навистина, Макаре Алексеевич, во вашиве писма уште се чувствува некакво растројство . . Дојдете кај мене, живи господа, дојдете денес; и чујте, знаете, дојдете кај нас право на ручек. Јас веќе не знам како живеете вие таму и како сте ги наредиле работите со вашата стопанка. За сето тоа вие не ми пишувате ништо и како божем намерно да го премолчувате. Значи, до гледање, пријателе мој; наминете бездруго денеска кај нас; но вие уште подобро би сториле кога би доаѓале секој ден на ручек кај нас. Фјодора многу добро готви. Збогум.

Ваша

Варвара Добросјолова.

1 август

Душичко, Варвара Алексеевна!

Вие сте задоволна, душичко, што ви даде господ можност и вие, од своја страна, на доброто со добро да ми вратите и да ми се заблагодарите мене. Јас верувам во тоа, Варењка, и во добрината на вашето ангелско срце верувам, и не ви зборувам за да ве прекорам, – само немојте да ме карате мене, како онојпат, оти сум се замотал на стари години. Е, па кога сакате тука да има таков грев, бездруго, тогаш нека има и

таков грев, што да се прави! – само кога ќе се чуе тоа од вас, душо моја, мене ми е многу мачно! А вие не лутете ми се мене, оти го велам тоа; мене во градиве, душичко, сè ме тишти. Бедните луѓе се капризни, – тоа веќе така природата го создала. Јас тоа и порано сум го чувствувал. Тој, бедниот човек, е пребарлив; тој и на светов господов поинаку гледа, и на секој минувач напоречки гледа, и околу себе со збунет поглед замавнува, притоа се вслушува во секој збор, – да речеме, дали таму нешто за него не се зборува? Ете, да речеме, зашто е тој таков неугледен? всушност, уште чувствува тој, навистина? Ете, на пример, каков ќе биде тој од другата страна, каков ќе биде од оваа страна? И секој знае, Варењка, дека бедниот човек е помал од ветошинка, и никаква почит од никого не може да добие, што сакаш пишувај! – кај бедниот човек сè ќе биде онака, како што си било. А зошто ќе биде сето како и порано? Та поради тоа, што кај бедниот човек, според нив, сè мора да биде ничкум; дека тој не смее да има ништо свето, некакви си амбиции таму, никако, никако! Еве некни Емелја велеше, дека некаде собирале за него, и така, што за секој гривеник, во еден вид, официјален претрес му правеле. Тие си мислат, дека му ги подаруваат своите гривеници, – но не: тие само платиле за тоа, што им го покажувале бедниот човек. Денес, душичко, и добрините се прават некако чудно . . . а можеби тие отсекогаш и се правеле така, кој го знае! Или тие не умеат да ги прават, или пак се големи мајстори – од двете едно. Вие, можеби, не сте го знаеле тоа, па ете така е! Со што друго, ако не со тоа, сме познати ние! А зошто пак бедниот човек го знае сето тоа и сè нешто такво мисли? А зошто? – Е, па од опит! Та од тоа, на пример, оти тој знае, дека покрај него иде еден таков господин, кој оди некаде во некој ресторан и самиот со себе си зборува: да, еве, вели, овој голтар-службеник, што ли ќе јаде тој денес, а јас соте, папилот ќе јадам, а тој, можеби, посна каша ќе јаде. А што се грижи тој, оти јас ќе јадам денес посна каша? Има такви луѓе, Варењка, ги има, кои само за тоа мислат. И одат тие, пасквиланти неприлегани, и гледаат, дали, да речеме, со це-

лата нога газиш над каменот, или само со врвот од чевелот; дека, ете, на тој и тој службеник, од таа и таа установа, титуларен советник, од чизмите голи прсти му sиркаат, дека нему, ете, му се испокинати лактите – и таму кај себе тие сето тоа го опишуваат и таквата нечистотија ја објавуваат . . . Но, што работа имаш ти тука, оти мене лактиве ми се искинати? И кога би ми го простиле вие мене, Варењка, грубиот збор, тогаш јас ќе ви речам, дека кај бедниот човек токму тоа е и оној вистинскиот срам, како и кај вас, да речеме, на пример, моминскиот. Сигурно дека вие пред сиве – простете за мојот груб збор – нема да земете да се рассоблекувате; ете, токму така и бедниот човек не сака да се загледуваат во неговата пештера и, сакам да речам, какви се, да речеме, неговите семејни односи – ете. Тогаш кому му беше потребно да ме навредува мене, Варењка, заедно со моите непријатели, оние, што посегнуваат врз честа и амбицијата на чесниот човек!

Па и во канцеларијата јас денеска седев како некое такво лиотче, како некое такво оскубано врапче, од срам што не умрев за малку. Ми беше срам, Варењка! Па и природно е да се чувствуваш незгодно, кога низ облеката голите лакти ти се гледаат и петлиците се нишкаат на кончињата. А кај мене, божем нарочно, сето тоа беше во таков неред! И без да сакаш душевно ќе паднеш. И што! . . . самиот Степан Карлович денес почна да разговара со мене по работата, зборува-зборува, па како божем случајно додаде: „Ех, вие, братко Макаре Алексеевич!“ па така и не го дорече она другото, на што мислеше тој, и само јас се досетив, за сето тоа и така се вцрвенав, што дури и ќелава црвена ми стана. Тоа, всушност, и не е ништо, па, сепак, вознемирува, и на тешки размислувања наведува. Да не се досетиле за нешто тие! А господ да чува, но, кога би се досетиле тие за нешто! Јас, признавам, се сомневам, многу се сомневам во едно човече. Но, што им е работа на тие злосторници! ќе ме предадат! целиот твој чесен живот за нецел грош ќе го продадат, – ништо свето не постои за нив.

Јас сега знам, чија беше таа работа: тоа е работа

на Ратазјаев. Тој е познат со некого во нашата установа, и сигурно, онака, меѓу другото, во разговорот, тој му го има предадено сето со додатоци; или, молам, раскажал тој во својата установа, а тоа дошло и до нашата установа. А во нашиот стан сите сето, до последната ситница, го знаат и со прсти кон вас во прозорецот покажуваат; јас веќе знам дека покажуваат. А вчера, кога дојдов кај вас на ручек, тие сите тогаш на прозорците се начичкаа, а стопанката рече, дека, еве, вели, ѓаволот со детенцето се здружил, па и вас потоа таа ве нарече онака неприлегано. Но, сето тоа не е ништо во споредба со гласните намери на Ратазјаев нас со вас да нè смести во својата литература и во тенка сатира да нè опише; тоа тој самиот го велел, а мене тоа ми го пренесоа добрите луѓе откај нас. Јас веќе на ништо и не можам да мислам, душичко, и ни самиов не знам на што да се решам. Нема зошто да го криеме гревот го разгневивме ние господа бога, ангелче мое! Вие, душичко, сакавте некаква книга, поради здодевноста, да ми испратите. Да би не била книшката, душичко! Што е таа, книшка? Тоа е измислица со лица! И романот е бесмислица, а поради бесмислицата е напишан, онака, да читаат празните луѓе поверувајте му, душичко, на мојов многугодишен опит поверувајте му. И што ако ви ги полнат ушите вам со некојси Шекспир таму, бидејќи, велат, ете, гледај, во литературата има и Шекспир, – тогаш и Шекспир е бесмислица, и сето е направено единствено и само заради пасквилот!

Вашиот

Макар Девушкин.

2 август

Почитуван, Макаре Алексеевич!

Немојте да се беспокоите за ништо: ќе даде господ, сè ќе биде добро. Фјодора изнајде и за себе и за мене еден куп работа, и ние премногу весело се зафативме за работа; сето, можеби, ќе го поправиме. Таа се сомнева, дека сиве мои последни непријатности не

ѝ се туги на Ана Фјодоровна; но сега мене сè токму ми чини. Јас сум денеска некако необично весела. Вие би сакале да земете назаем пари; господ да ве брани! после бел ден нема да видите, кога ќе треба да ги враќате. Подобро да живеете поблиску со нас, доаѓајте кај нас поначесто, и не обрнувајте ѝ внимание на вашата стопанка. Што се однесува, пак, до другите непријатели, и оние, што не го сакаат вашето добро, тоа јас сум сигурна, дека вие се измачувате со празни сомневања, Макаре Алексеевич! Видете, та јас, ете, ви зборував минатиот пат, дека стилот ваш е премногу нерамен. Па, збогум, до гледање.

Вашата

В. Д.

3 август

Ангелче мое, Варвара Алексеевна!

Брзам да ви соопштам, вам животецу мој, дека кај мене се родија некакви надежи. Та дозволете, ќеркичко вие моја, – пишувате, ангелче, да не правам заеми? Гулапче мое, невозможно е без нив; та и мене веќе тоа ми е грдо, па и со вас, каде што е добро, може наеднаш да не биде така! Ете, вие сте слабичка; поради тоа јас и ви пишувам, дека секако морам да земам назаем. И, така, значи, јас и продолжувам.

Ќе ви споменам, дека во канцеларијата седам веднаш до Емелјан Иванович. Тоа не е оној Емелјан, што го знаете вие. Тој е исто како мене, титуларен советник, и ние со него во сета наша установа сме речиси најстарите, најкоренитите службеници. Тој е добра душа, несебична душа, и уште е онаков неразговорлив и постојано како некоја мечка гледа. Но затоа е работлив, има перо – чист англиски ракопис, и ако се кажува сета вистина, тој не пишува полошо дури ни од мене, – достоен човек! Поблиску ние со него никогаш не сме се здружувале, туку само, според обичајот, до гледање и здраво; и доколку мене ќе ми потребало ноже, тогаш, се случувало, ќе помолам – ќе речам,

дајте ми го, Емелјане Иванович, ножето, со еден збор – само онолку, колку што барала заедничката живеачка. Ете, и тој ми вели денеска мене: „Макаре Алексеевич, вели, што сте се презамислиле толку многу?“ Јас гледам дека овој човек мене доброто ми го сака, па и му се открив јас нему – така и така, велам, Емелјане Иванович, то ест јас сето не му го искажав нему, господ да чува, јас тоа никогаш и нема да му го кажам поради тоа што јас немам ни дух, туку, ете, онака во по нешто му се открив, дека, ете, велам, сум стеснет и слично на тоа. „Па вие, братче, – ми вели Емелјан Иванович, – вие би можеле да си позајмите; еве, макар и кај Петар Петрович би можеле да си позајмите, тој дава со проценти, јас сум зајмувал: и процент зема пристоен – не е многу тежок“. И, Варењка, ми потскокна срцево мене. Мислам-мислам, можеби господ на благодетелот Петар Петрович ќе му ја отвори малку душата, и ќе ми даде тој назаем мене. И самиов веќе си пресметувам, дека, ете и на стопанката ќе ѝ платам, и вам би ви помогнал, па и самиов би се подновил сосем та вака срамота ми е: тешко ми е дури и на едно место да седам, освен тоа што нашите шерети веќе ми се смеат, господ да им прости! Па и неговото превосходство понекогаш крај масава наша поминуваат; и, господ да чува, да фрлат поглед на мене и да забележат, дека јас сум непристојно облечен! И кај нив главното е – чистотата и уредноста. Тие, секако, можеби и нема да речат ништо, но јас, ете, ќе умрам, од срам – ете, како ќе биде тоа. По што јас, земајќи здив и криејќи го својот срам во испокинатиот џеб, тргнав кај Петар Петрович и, полн со надежи, и ни жив ни мртов од очекување – сето тоа заедно. Па, што има, Варењка, сè бесмислено се заврши! Тој беше нешто зафатен, зборуваше со Федосиј Иванович. Јас му пријдов отстрана, и го потргнав за ракавот, велам, Петар Петрович, па Петар Петрович! Тој се сврте, а јас продолжувам: ете, велам, вака и вака, триесет рубли итн. Тој отпрво како да не ме разбра, а потоа, кога му објаснив сè, тогаш тој и се присмеа, и ништо, замолкна. Јас нему пак истото тоа. А тој мене – залог имате ли? А самиот ја пикнал главата

во својата книга, пишува таму и не гледа во мене. Јас малку се позасрамив. Не, велам, Петар Петрович, залог немам, – па потоа му објаснувам – дека, ете, велам, кога ќе биде платата, тогаш ќе му вратам, бездруго ќе му ги вратам, за прв долг ќе го сметам тоа. Него тогаш некој го повика, јас го потпричекав, тој се врати, и тогаш зеде перото да си го остри, а мене како и да не ме забележува. А јас продолжувам со своето – дека, велам, Петар Петрович, не би можело ли некако? Тој молчи и како да не ме слуша; јас постојав-постојав, па, си мислам, ќе се обидам за последен пат, и го поттргнав за ракавот. Тој барем нешто малку да подречеше, го изостри перото и зеде да пишува; тогаш јас си отидов. Тие, душичко, гледате ли, можеби и сите се достојни луѓе, и горди, многу горди, – што имам јас со нив! Каде би се мереле ние со нив, Варењка! Јас поради тоа и ви го пишував сево ова, – Емелјан Иванович исто така се поднасмеа, и понишка со главата, со тоа тој мене ми дава надежи, срдечниот Емелјан Иванович е достоен човек. Ми вети дека ќе ме препорача кај некој човек; тој човек, Варењка, на Виборшка живее, исто така дава на проценти, некојси од четиринаесеттата класа. Емелјан Иванович вели дека тој веќе сигурно ќе ми даде; утре јас, ангелче мое, ќе појдам, – а? Што мислите вие? Па страшно е ако не позајмам! Стопанката за малку што не ме избркала од станот и не се согласува ручек да ми се дава. Па и чизмиве ми се страшно лоши, душичко, па и петлици немам... па и други нешта немам! А ако некој од началството ја забележи ваквата неприлеганост? Несреќа, Варењка, несреќа, просто несреќа!

Макар Девушкин.

4 август

Љубезен Макаре Алексеевич!

Живи бога, Макаре Алексеевич, колку што можете поскоро зајмете колку што можете пари; јас за ништо на светов не би побарала од вас помош во се-

гашниве услови, но само кога би знаеле вие во каква положба се наоѓам јас! Во овој стан ние никако не можеме повеќе да останеме. Мене ми се случија ужасни непријатности, и кога би знаеле вие, колку сум растревожена и растроена сега! Претставете си, пријателе мој, денеска изутрина влегува кај нас еден непознат човек, во постари години, речиси старец, со ордени. Јас се избезумив, не сфаќајќи што бара тој од нас? Фјодора во тоа време излезе до продавницата. Тој почна да ме распрашува де како живеам, де што работам и, без да го дочекува одговорот, ми изјави дека тој му бил чичко на оној офицер; дека тој му е многу лут на својот внук поради неговото лошо држење и за тоа, дека тој нас нè разгласил низ целата куќа, рече дека внукот негов е детиште и ветрогонец и дека тој е готов да ме земе мене под своја заштита; не ме советуваше да ги слушам младите луѓе, дека тој сочувствува со мене како татко, дека тој има кон мене татковски чувства и дека е готов да ми помага во сè. Јас целата поцрвенував, не знаев што да помислам, но не брзав да му се заблагодарам. Тој сосила ме зеде за рака, ме потчукна по образов, рече дека сум премногу убава и дека тој е вонредно задоволен со тоа, што јас на образите имам смејалки (господ ќе го знае, што сè зборуваше!), и, на крајот, тој посака да ме бакне, зборувајќи дека тој е веќе старец (тој беше толку одвратен!). Тогаш дојде Фјодора. Тој малку се збрка и почна да зборува пак дека чувствува кон мене почит поради мојата скромност и благодушност и дека многу сака јас од него да не се отуѓам. Потоа тој ја повика Фјодора настрана и под некаков чуден предлог тој сакаше да ѝ даде нејзе малку пари. Фјодора, се разбира, не ги зеде. Најпосле тој се зготви да си оди дома, ги повтори уште еднаш сите свои уверувања, рече дека ќе дојде уште еднаш кај мене и ќе ми донесе обетки (ми се чини дека и тој самиот беше многу збунет); ме советуваше да го менам станот и ми препорача еден прекрасен стан, кој му паднал в очи, и кој мене ништо нема да ме чини; рече дека тој мене многу ме засакал, поради тоа што сум била чесна и благоразумна девојка, ме советуваше да се држам понастрана

од развратната младеж и, најпосле, изјави дека ја знае Ана Фјодоровна и дека Ана Фјодоровна му зарачала да ми рече дека таа и самата ќе ме посети. Тогаш јас сфатив сè. Не знам што се случи со мене; првпат во животов почувствував такво нешто; јас заборавив на себе; јас сосем го посрамотив него, Фјодора ми помогна и речиси го истурка од станот. Ние заклучивме дека сето тоа е дел на Ана Фјодоровна; инаку од каде би можел тој да дознае за нас?

Сега јас се обрнувам кон вас, Макаре Алексеевич, и ве молам да ми помогнете. Не оставајте ме, живи господа, во ваква положба! Позајмете, ве молам, колку што ќе можете; испратете ги парите, ние немаме со што да се отселиме од станов, а овде повеќе не можеме да останеме; и Фјодора така советува. Нам ни се потребни најмалку барем дваесет и пет рубли; јас вам ќе ви ги вратам овие пари; јас ќе ги заработам нив; Фјодора деновиве ќе ми најде уште работа, така што, ако ви задржуваат големи проценти, тогаш вие немојте да гледате на тоа и согласете се на сè. Јас сето тоа ќе ви го вратам, само, живи бога, немојте да ме оставете без помош. Јас се чувствувам многу незгодно што ве беспокојам сега, кога се наоѓате во таква состојба, но единствено во вас е сета моја надеж! Збогум, Макаре Алексеевич, помислете на мене, и господ нека ви даде среќа!

В. Д.

4 август

Гулапче мое, Варвара Алексеевна!

Ете токму сите овие неочекувани удари ме потресуваат! Ете токму таквите страшни неволи го убиваат мојов дух! Настрана тоа, што збирштината од таквите опашкари и разни старчишта, што се навредени за вас, ангелчето мое, сакаат да ве кутнат болна на постелата, освен сето тоа – и мене, тие никаквеци, сакаат да ме убијат. И ќе ме убијат тие, клетва давам дека ќе ме убијат! Та ете, сега јас сум готов поскоро

да умрам, отколку да не ви помогнам вам! Ако не ви помогнам, тоа би било смрт за мене. Варењка, тоа би било чиста, вистинска смрт, а кога ќе ви помогнам, тогаш вие ќе одлетате од мене, како птичката од седелцето, која овие утки, стрвници птици, се собрале да ја исколват. Ете токму тоа и ме мачи мене, душичко. Па и вие, Варењка, колку сте жестока и вие! А како се може тоа, а? Вас ве мачат, вас ве навредуваат, вие, пиленце мое, се мачите, па уште и тагувате, оти требало да ме беспокоите мене, па уште и ветувате дека ќе го заработите долгот, то ест, право речено, ќе се убивате со вашето слабичко здравје, за мене во одредено време да ми вратите. Па навистина, вие, Варењка, помислете само што зборувате! Па зошто ви е да шиете, зошто да работите, својата бедна главичка со грижи да ја измачувате, вашите убави очички да ги расипувате и своето здравје да го убивате? Ах, Варењка! гледате ли, гулапче мое, јас не сум за никаде и самиот знам дека не сум за никаде, но јас ќе сторам така, што ќе бидам погоден за нешто! Сè ќе совладам јас, самиот јас ќе најдам работа отстрана, ќе им ги препишувам книгите на разни литератори, ќе појдам кај нив, самиов ќе појдам, ќе се зафатам за работа: поради тоа што токму тие, душичко, бараат добри пишувачи, јас знам дека бараат, а вам нема да ви дозволам да се измачувате; нема да ви дозволам таквата своја погубна намера да ја исполните. Јас, ангелче мое, бездруго ќе земам назаем, и побргу ќе умрам, отколку да не зајмам. И пишувате уште, вие, гулабичко моја, дека јас не треба да се исплашам, од големиот процент – и нема да се исплашам, душичко, нема да се исплашам, сега јас од ништо. Јас, душичко, ќе побарам четириесет рубли во асигнации; тоа не е многу, Варењка, како мислите вие? Може ли мене на прв збор да ми се доверат четириесет рубли? То ест, сакам да речам, ме сметате ли вие мене способен на прв поглед да ја внушам таквата доверба и сигурност? По физиономијата, на прв поглед, може ли на благопријатен начин за мене да се суди? Потсетете се, ангелче, дали сум способен за едно такво внушување? Што мислите вие таму? Знаете ли, некако ми е страв,

– ме боли, прӓво речено ме боли! Од четириесетте рубли дваесет и петте ги оставам за вас, Варењка, две сребрени рубли на стопанката, а другото е определено за сопствена потрошувачка. Видете, на стопанката би требало да ѝ се даде повеќе, дури е и неминовно; но вие претставете си ја целата работа, душичко, ајде пресметајте ги сите мои потреби, и тогаш ќе видите, дека никако не е возможно повеќе да се дадат, значи дека нема што да се зборува за тоа, дури не е потребно ни да се споменува. За една сребрена рубља ќе купам чизми; јас веќе не ни знам, дали ќе бидам способен во стариве да се јавам на работа утре. Шалче исто така би ми било неминовно, бидејќи на старово набргу ќе му мине година; но бидејќи вие ми ветивте дека од вашата стара престилка не само шалче, туку и градник ќе ми сошиете, тогаш за шалче јас повеќе нема ни да мислам. Значи, чизми и шалче веќе имам. Сега петлиците, пријателче мое! та вие ќе се согласите, малечка моја, дека јас не можам да бидам без петлици; а кај мене веќе речиси половина ширит се разресавил! Треперам кога ќе помислам дека неговото превосходство можат да го забележат таквиот неред и ќе речат – па што ќе речат! Јас, душичко нема ни да чујам, што ќе речат тие, бидејќи ќе умрам, наместо ќе умрам, ете така, од срам ќе умрам, само од мислата! Ох душичко! Па ете, од сите неопходности ќе ми остане уште една трорубљовка; тоа, значи, ќе биде за живеачка и за половина фунтичка тутунче; поради тоа што, ангелче мое, без тутун јас не можам да живеам, а еве веќе деветти ден како не сум ставил цигаре в уста. Јас, зборувајќи совесно би купил, и вам ништо не би ви кажал, но се срамам. Та кај вас таму е немаштија, вие од последното се лишувате, а јас тука со разни задоволства се насладувам; така, значи, ете, сево ова ви го кажувам вам за да не ме гризе совеста, да не ме мачи. Отворено ви признавам, Варењка, јас сум сега во крајно бедна положба, то ест нешто слично на ова мене никогаш не ме снаоѓало. Стопанката ме презира, од никого никакво почитување немам, најстрашна немаштија, долгови; а на службата, каде што од својот брат службеник јас и

порано не сум можел да кренам глава, – сега, душичко, нема ни што да се зборува. Јас кријам, јас од сите највнимателно кријам сè, и самиов се кријам, и кога влегувам на работа, и тогаш настрана-настрана, се поттргнувам од сите. Ете, уште само тоа, да си признам, ми ја дава мојата душевна сила... А што пак, ако не даде! Но не, подобро, Варенька, и да не се мисли на тоа и со таквите мисли да не се убива предвреме својата душа. Поради тоа и ви го пишувам ова, за да ве зачувам вас, за да не мислите многу и вие на тоа и со лошите мисли да не се измачувате. Ах, боже мој, што ли ќе биде тогаш со вас! Вистина е и тоа, дека вие тогаш нема да си отидете од тој стан и јас ќе бидам со вас, – но не, тогаш ни јас нема да се вратам, јас просто ќе загинам некаде, ќе ме снема. Ете, тука сум ви се распишал вам, а би требало да се избричам, тоа е сето пристојно, а пристојноста секогаш умее да се најде. Па, нека даде господ! Ќе се помолам и на пат!

М. Девушкин

5 август

Најљубезен Макаре Алексеевич!

Кога не би очајувале барем вие! Малку ли се другите јадови? Ви испраќам триесет копејки во сребро; повеќе никако не можам. Купете си го таму она, што ви е најмногу потребно, барем до утре некако да преживеете. Ни кај нас самите веќе речиси не остана ништо, а не знам што ќе биде утре. Тажно, Макаре Алексеевич! Впрочем, не тагувајте; не ви успеало, па што да се прави! Фјодора вели дека и не е толку лошо, дека може некое време да се остане и во овој стан, дека и кога би се преселиле, пак не би добиле многу, и дека ако посакаат секаде ќе нè најдат. Само што е некако неубаво да се остане тука сега. Да не ми е тажно, можеби и ќе ви напишев нешто.

Каков чуден карактер имате вие, Макаре Алексеевич! Вие премногу блиску до срце примате сè; од тоа вие секогаш ќе бидете најнесреќниот човек. Јас сите ваши писма највнимателно ги читам и гледам, дека во

секое писмо вие толку се мачите и се грижите поради мене. Сите, конечно, ќе речат, дека вие имате добро срце, но јас ќе речам, дека тоа е премногу добро. Јас ви давам вам Макаре Алексеевич пријателски совет. Јас сум ви благодарна, многу благодарна за сè, што сте сториле за мене, сето тоа јас го чувствувам многу; расудете, значи, самиот, како ми е мене, дека вие и сега, по сите ваши несреќи, за кои јас бев причина и без да сакам, – дека и сега вие живеете само со она, со што живеам и јас; со моите радости, со моите тагувања, со моето срце! Ако се зема присрце сето туѓо така и ако се сочувствува толку силно со сè, тогаш, навистина, и имате од што да бидете најнесреќниот човек. Денес, кога влеговте кај мене по службата, јас се исплашив, додека ве гледав. Вие бевте толку блед, преплашен, очаен; вие немавте лице, – и сето само затоа, што се плашевте да ми раскажете за својот неуспех, се плашевте да не ме растажите, да не ме исплашите мене, а кога видовте дека јас за малку што не се насмеав, тогаш вам речиси сето ви се тргна од срцето. Макаре Алексеевич! не ражалувајте се, не очајувајте, бидете поблагоразумен, – ве молам, ве колнам за тоа. И ќе видите, дека сè ќе биде добро, сè ќе се измени кон подобро; инаку тешко ќе ви биде да живеете, вечно тагувајќи и боледвајќи ја туѓата несреќа. Због им, пријателе мој; ве молам, не беспокојте се многу заради мене.

В. Д.

5 август

Гулапче мое Варењка!

Па добро, ангелче мое, добро! Вие сметате дека не е голема несреќа, што јас не најдов пари. Па добро, јас сум спокоен, јас сум среќен што се однесува до нас! Дури и се радувам, што вие мене, старецов, не ме напуштате и што ќе останете во тој стан. Па ако треба да се рече, сè тогаш моево срце се исполни целото со радост, кога видов, дека вие во своето пи-

сменце за мене сè така убаво сте напишале и должната пофалба на моето чувство сте му ја дале. Ова јас не го зборувам од гордост, туку поради тоа, што гледам како ме сакате, како за срцево мое толку многу се беспокоите. Па добро; што има да се зборува сега за срцево мое! Срцето си е срце; а, еве, вие барате од мене, душичко, да не бидам слабодушен. Да, ангелче мое, молам, јас и самиов ќе речам, дека не е потребна таа, слабодушноста; но при сето ова решете сама, душичко моја, со какви чизми утре ќе појдам јас на работа! Ете во што е работата, душичко; а една ваква слична мисла е да го погуби човека, сосема да го погуби. А главно е, родена моја, дека јас не се жалам себеси, не страдам заради себе; за мене е сеедно, ако сака и во мразот кога пука каменот без шинела и без чизми да одам, јас ќе издржам сè и сè ќе поднесам, мене не ми е ништо; јас сум си прост човек, малечок, – но што ќе речат луѓето? Моите непријатели, тие лоши јазици, што сè ќе изнаречат тие, кога ќе тргнеш без шинела? Та токму поради луѓето и носиш шинела, па и чизмите ги носиш за нив. Во ваквиот случај чизмите мене, душичко вие моја, ми се потребни заради поткрепување на честа и доброто име; во испокинати чизми и она другото пропаѓа, – поверувајте ѝ, душичко, на мојава долгогодишна опитност поверувајте ѝ; мене, старецов, кој го знае светот и луѓето, почујте ме, а не некакви си дрдорковци и чкрткала таму.

А јас уште не сум ви ни раскажувал во подробности, душичко, всушност, како се случи сето тоа денеска, што сè претрпев денеска јас. А толку се изнамачив, толку душевни тегоби во една утрина поднесов, што понекои ни за цела година не поднесуваат. Еве како беше тоа: тргнав јас отпрво рано-раничко, за и него да го престасам, а и на служба да стигнам. Таков дожд врнеше, таква кашавица беше денеска! Јас, ѕвездичко моја, сум се иззавиткал во шинелата, одам-одам и постојано мислам: „Господе прости ми, велам, за моите прегрешувања, и испрати ми исполнување на желбите“. Поминав покрај .... ската црква, се прекрстив, се покајав за сите гревови, сите,

и се потсетив, дека сум недостоен со господа бога да се дозборувам. Се собрав во себеси, не ми се сакаше ни да погледам во ништо; и така, не гледајќи ни во патот, јас тргнав. На улиците беше празно, а оние што се сретнуваа, сите беа заземени, загрижени, па и не е чудо: по вакво време и во таква ранина кој ќе оди да се прошета! Тајфа извалкани работници се сретнаа со мене; селани ме избуткаа! ме обзеде страв, ми стана незгодно, јас веќе на парите не сакав ни да мислам навистина, – што сака нека биде! Крај самиот Воскресенски Мост пенчето ми остана, така што јас веќе ни самиов не знам, на што доодев. А тука нашиот писар Ермолаев ме сретна, се оптегнал стои, ме следи со очите како да ми бара за вотка; ех, братче, помислив јас, за вотка, каква ти вотка таму! Ужасно бев изморен, подзастанав, здивнав малку, а после продолжив понатаму. Нарочно барав, кон што со мислите да се прилепам, да се заборавам, да се подободрам: но нема – ниедна мисла, кон ништо не можев да се прилепам, па згора на тоа и се искалавив така што почнав самиот од себеси да се срамам. Најпосле, оддалеку, јас ја видов дрвената, жолта куќа, со мезанин сличен на белведер – па, си мислам така, значи, тука сме, така велеше Емелјан Иванович, тоа ќе е куќата на Марков. (Тоа е токму оној Марков, душичко, што дава со интерес.) Јас тука се збркав; и самиот знаев, дека е тоа куќата на Марков, а сетики го прашав чуварот – чија е, велам, оваа куќа, братко? Чуварот е таков неделкан, зборува без желба, исто како да се лути на некого, зборовите низ заби ги процедува – па така речи од немајкаде, тоа е вели, куќата на Марков. Сите чувари се така нечувствителни, – но што имам јас со чуварот. А ете, сè некако имав еден лош, непријатен впечаток, сè едно до едно; од сето изведуваш нешто слично на својата положба, и тоа секогаш така бидува. Покрај куќата јас трипати поминав по улицата, и колку повеќе одам, толку полошо станува, – не, си мислам, нема да ми даде, воопшто нема да ми даде! И како човек сум непознат, и несигурна е мојава работа, и не пленувам со некаква си фигура, – но, си мислам, како што ќе реши судбината; само за

после да не се кајам, та само поради обидот, тие нема да ме изедат, – и така ја отворив кроце вратичката. А тука друга несреќа: се запна за мене едно парталаво, глупаво домашно кученце; од кожата излегува, разлаано! И ете, токму некои вакви подли, ситни случки и го разбеснуваат човека, душичко, и му носат плашливост, и сета решителност, која тој си ја измислил, отпорано ја уништуваат; така што во куќата влегов јас ни жив ни мртов, влегов и право нагазив уште на една несреќа, – не погледнав, што се наоѓа долу во мракот зад прагот, згазив и се сопнав на некаква си жена, а жената од котлето за молзење цедеше млеко во грнчињата и нејзе ѝ се истури сето млеко. Завреска, завика таа глупава жена, – кај се пикаш ти, бакушка, вели, што бараш? и зеде врашки пцости да реди. Јас, душичко, ова го одбележувам затоа, што со мене секогаш слично се случувало при работите од ваков карактер; ми се чини дека така ми е судено: вечно јас се закачувам за нешто безначајно. На вратата се покажа старата вештица и Чуканка домаќинката, јас право кон неа, – тука, велам, живее Марков? Не, вели таа; постоја, ме погледна подобро мене. „А, вие што барате кај него?“ Јас ѝ објаснувам дека, велам, така и така, Емелјан Иванович, – па, за другото, имам работа, велам. Старичката ја повика ќерка си – влезе и ќерката, поголемко девојче, босонога, – „Викни го татка ти; горе е, кај станарите, – повелете“. Јас влегов. Собата обична, по ѕидовите висат слики, сè портрети на некакви генерали, диван, кружна маса, резеда, балзаминки, – си мислам-мислам, дали да избегам, доста ми е, нека ми е наздравје, да си одам, или да останам? и, ете жими сè, душичко, посака да си избегам! Подобро, си мислам, да си дојдам; утре и времето поубаво ќе биде, и јас ќе попричекам, а денес надвор млекото е истурено, и генераливе гледаат вака налутено . . . И токму јас кон вратата, а тој веќе влезе – ете, онака, побелен, очичките онака крадачки, во измрсено халатче и опашан со врвка. Се распраша, што барам и како, а јас нему: така и така, велам, ете, Емелјан Иванович, – четириесет рубли, велам; таква ми е работата, – па и не стасав ни да дозборувам. Од

очите му видов, дека работата е изгубена: „Не, вели, што е, право, јас и немам пари; а што, имате ли вие некаков залог, такво нешто?“ Јас веќе бев почнал да објаснувам, дека, имам нужда. Откако ислуша сè, – не, вели, каков ти Емелјан Иванович! Јас немам пари. Па, си мислам, тоа пак тоа; го знаев јас ова, го претчувствував – и, просто, Варењка, ќе беше подобро земјата да зинеше под мене, таква студенина, нозете ми се скочанија, морнички ми поминаа по грбов. Јас гледам во него, тој гледа во мене и само што не ми вели, братче, оди си тука немаш веќе никаква работа, – така што, кога би ми се случило другпат нешто такво, јас сосем би се посрамотил. „А, што зошто ви се потребни пари?“ (гледате ли што прашува, душичко!) Јас веќе ја имав отворено устава, само за да не стојам онака попусто, но тој не ме ни слушаше – не, вели, пари немам; инаку јас, вели, со задоволство. Јас веќе му објаснував, објаснував, му велам дека, ете, не барам многу, и дека јас и предвреме ќе му ги вратам, и дека тој може да стави процент каков што милува, и дека јас, жими господа, ќе му го дадам. Мене, душичко, во тој миг ми текна за вас, за сите ваши несреќи и за сета ваша немаштија ми текна, за вашата половина рубличка се потсетив, – но не, вели каков интерес, кога би имале залог! За пари, вели, јас немам пари, жими бога немам, инаку јас, вели, со задоволство, – уште и се заколна во господа, разбојникот!

И, тука веќе, родена моја, јас и не се сеќавам како си излегов, како одев низ Виборшка, како стасав на Воскресенски мост, ужасно се изморив, изземнав, ме стресе, и дури во десетте часот успеав да појдам на работа. Сакав малку да се подисчистам од калта, само Снегирјов, стражарот, рече дека не може, дека ќе ја расипам четката, а четката е, вели, господине, државна. И ете, така, душичко, така што сега јас за тие господа за малку што не сум некој партал, од кој тие си ги бришат нозете. Ете, Варењка, што ме убива мене. Мене не ме убиваат парите, туку само овие животни тревоги, сите овие шепоти, потсмевања, подбишеги. Неговото превосходство би можеле некогаш патем да

се изразат некако на моја сметка, – ох, душичко, поминаа моите златни времиња! Денес јас ги препрочитав сите ваши писма; тажно, душичко! Збогум, родена, господ да ве брани!

М. Девушкин

P. S. Своиве јадови, Варењка, јас сакав да ви ги опишам во полушеговит тон, само, очигледно, не ми се вдава таа, шегата мене. Сакав да ви угодам. Ќе наминам кај вас, душичко, бездруго ќе наминам, утре ќе наминам.

11 август

Варвара Алексеевна! гулапче мое, душичко! пропаднав јас, ние двајцава пропаднавме, двајцава заедно, бесповратно сме пропаднати. Мојата репутација, амбицијата – сè е изгубено! Загинав јас, и вие загинавте, душичко, и вие, заедно со мене, бесповратно загинавте! Јас, јас ве вовлеков во овој гибел! Мене ме бркаат, душичко, ме презираат, ме земаат за смеа, а стопанкава мене почна просто да ми се руга; викаше, викаше на мене денеска, ме кореше, подолен од иверче ме направи. А вечерта кај Ратазјаев некој од нив почнал гласно да чита еден концепт од едно мое писмо, кое јас ви го имав напишано и во невнимание то ми паднало од џебов. Мајчице моја, каква поруганија била нафрлена врз мене! Нè крштавале нас, не крштавале, хохокале, хахакале, предавниците! Јас влегов кај нив и го обвинив Ратазјаева за вероломство; му реков, дека тој е предавник! А Ратазјаев ми одговори, дека самиов јас сум предавник, бидејќи се занимавам со разни конкрети[1]); вели, вие сте се криеле од нас, вие, вели, сте Ловелас; и сега сите ме викаат мене Ловелас; јас сега веќе немам ни друго име! Слушате ли, ангелче мое, слушате ли, – сега тие

[1]) Напаѓање (франц.)

веќе знаат сè, со сè се запознати, и за вас, родена моја, знаат, и за сè, што имате вие, за сè знаат! А што! и Фаљдони е тука, и тој е заедно со нив; го испратив денес него кај колбасарницата, онака, да ми донесе нешто; не оди, ете, имам работа, вели! Но ти си должен, – му велам. „А не, вели, јас не сум ви должен, та вие на мојата господарка, ете, парите не ѝ ги плаќате, и така јас не сум ви должен вам“. Не можев да ја издржам навредата од него, од необразованиот мужик, и му реков дека е будала, а тој мене – „од будала го чув тоа“. Јас мислам, дека тој поради пијанство таквата грубост ми ја рече, па му велам, ти, му велам, си пијано мужичиште никакво! а тој мене: „Што, вие да не сте ме почестиле нешто. Вие немате што да се поднапиете ни самите; вие и самите од некојаси понекоја гривеничка просите, – па уште и додаде: – Ех, вели, а уште сте ми и некаков господин!“ Ете, душичко, до каде стасаа работите! Ми е срам да живеам, Варењка! како некое плашило да сум; полошо, отколку некој скитник без документи! Тешки несреќи! Јас загинав, просто загинав! бесповратно загинав јас!

М. Д.

13 август

Најљубезен Макаре Алексеевич! Нè прогонуваат само несреќи, јас веќе ни сама не знам што да правам! Што ќе стане сега со вас, а и за мене надежите се лоши; денес јас со пеглата си ја изгорев левава рака; ми падна несакајќи, се удрив, и се изгорев, сето заедно. Никако не можам да работам, а Фјодора, еве, трет ден боледува. Јас сум во мачно беспокојство. Ви испраќам триесет сребрени копејки; тоа е последното, што го имаме, а сам господ гледа, колку би сакала да ви помогнам во вашата немаштија сега. До солзи ми е тешко! Збогум, пријателе мој! Многу ќе ме утешите, ако денес дојдете до нас.

В. Д.

14 август

Макаре Алексеевич! што е тоа со вас? Вие не се плашите од бога; токму тоа! Вие просто ќе ме побудалите. Не ви е ли срам! Вие си се погубувате себеси; па помислете малку на својата репутација! Вие сте чесен човек, благороден, амбициозен – и, што ќе дознаат за вас сите! Па вие просто морате да умрете од срам! Или не си ја жалите својата побелена коса? И од бога вие не се плашите ли? Фјодора рече, дека отсега веќе нема да ви помогнува повеќе, па и јас исто така, нема повеќе ни пара да ви дадам. До каде ме доведовте мене, вам ви е сеедно. Зошто се држите толку лошо? Вие уште не знаете, што поднесувам јас поради вас! Сега не можам ни да поминам по нашиве скали: сите во мене гледаат, со прст ме покажуваат и такви страшни работи зборуваат; да, токму така зборуваат, дека јас со пијаница сум се сплеткала! Кога ве донесуваат, тогаш сите жители покажуваат на вас со презир: ете, велат, оној службеникот го донесоа! А јас немам сили ни да ви кажам колку многу се срамам поради вас. Ви се колнам, дека ќе се преселам оттука. Ќе појдам кај било, како слугинка, како перачка, но тука нема да останам. Ви пишував да дојдете кај мене, но вие не дојдовте. Зар не ви значат ништо моиве солзи и моиве молби, Макаре Алексеевич! И од каде најдовте пари? Живи господа личен, завардете се! Та ете, ќе пропаднете, ќе пропаднете за ништо. За срамота, за срамота. Стопанката вчера не сакала ни да ве прибере, вие сте преноќевале во тремот: јас знам сè. Кога би знаеле колку тешко ми беше мене, кога го разбрав сево ова. Дојдете кај мене, кај нас ќе ви биде весело: ние заедно ќе читаме, ќе се сеќаваме за минатото. Фјодора ќе ни раскажува за своите богомолски патешествија. Заради мене, гулабе мој, не погубувајте се себеси и мене не погубувајте ме. Та јас само заради вас единствено и живеам, поради вас и останувам со вас. И вие сега така! Бидете благороден човек, тврд во несреќите; знајте, дека немаштијата не е порок. Па и што има да очајувате: сево ова е привремено! Ќе даде господ – сè ќе се поправи, само вие

здржете се сега. Ви испраќам двегривник, купете си тутун или сè што ќе ви се присака, само, живи бога, не трошете за лоши работи. Дојдете кај нас, бездруго дојдете. Вам можеби, како и порано, ќе ви биде срам, но не срамете се: лажен е тој срам. Кога би ни донесле вие нам поискрено покајување. Верувајте му на бога. Тој сè кон доброто ќе насочи.

В. Д.

Варвара Алексеевна, душичко!

Се срамам, ѕвездичко моја, Варвара Алексеевна, сосем се посрамотив. В прочем, што има тука нешто особено, душичко? Па зошто и да не го поразвесели човек своето срце? Тогаш јас и не мислам веќе на моиве пенчиња, поради тоа што пенчето е глупост и секогаш ќе остане да биде просто, подло, калливо пенче. И чизмите се глупост! И грчките мудреци оделе без чизми, и тогаш, пак, зошто нашиов брат со таква недостојна работа да го разгалуваме? И зошто да ме навредуваат, зошто да ме презираат во таков случај мене? Ех! душичко, најдовте што да ми напишете! А на Фјодора речете ѝ дека таа е задирлива жена, неспокојна, бујна и згора на тоа и глупава, неискажано глупава! Што се однесува до мојава побелена коса, и во тоа имате грешка, родена моја, поради тоа што јас воопшто не сум таков старец, како што мислите вие. Емелја ви се поклонува. Вие пишувате дека сте биле вчудовидена и дека сте плачеле; а јас ви пишувам дека и јас бев вчудовиден и дека плачев. На крајов ви пожелувам добро здравје и секаква среќа, а што се однесува до мене, тогаш јас сум, исто така, здрав и среќен и останувам ваш пријател, ангелче мое,

Макар Девушкин

21 август

Почитувана и љубезна пријателко моја,

Варвара Алексеевна!

Чувствувам дека сум виновен, чувствувам дека голема вина направив пред вас, но, според мене, нема

од тоа никаква полза, душичко, што јас го чувствувам сево ова, па како сакате – речете. Јас и пред мојата постапка го чувствував сето тоа, но, ете, паднав јас духовно, со чувство за вина паднав. Душичко моја, јас не сум лош, и немам жестоко срце; а за тоа, за да се раскине вашето срце, гулабичко моја, потребно е да се биде ни помалку ни повеќе туку стрвен тигар, да, а јас имам срце од овца, и јас, како што ви е познато и вам, немам наклоност кон крвожедност; според тоа, ангелче мое, јас и не сум сосем виновен во мојава постапка, исто така, како што не се виновни ни срцево, ни мисливе мои; и ете така, јас и не знам, каде лежи вината. Таква темна е оваа работа, душичко! Триесет копејки во сребро ми испративте вие мене, а потоа ми испративте двегривенче; срцево почна да ме боли, гледајќи ги вашите сиромашки парички. Самите сте си ја изгореле својата рачичка, скоро и ќе гладувате, а пишувате јас тутун да купам. И, како можев да постапам во таков случај? Зар вака, без совест, како разбојник, вас, сираче, да почнам да ве ограбувам! И, ете тогаш јас паднав духовно, душичко, то ест уште отпорано чувствувајќи без да сакам, дека не ме бидува за ништо и дека јас не сум којзнае со што подобар од своето пенче, сметав за неприлегано да гледам на себе како на нешто позначајно, туку напротив, почнав самиов себеси да си се сметам колку што може понеприлегано и во извесен степен дури и недостојно. А кога веќе го изгубив почитувањето кон себе, кога му се предадов на одречувањето на добрите свои квалитети и на своето достоинство, тогаш сè почна да пропаѓа, тука веќе паѓањето е неизбежно! Тоа е од судбината одредено така, и јас не сум виновен за тоа. Јас прво излегов малку да се освежам. Тука веќе си дојде едно по друго? сè, и природата беше таква солзлива, и времето студено, и дождот, па и Емелја се најде тука. Тој, Варењка, заложил веќе сè што имал, сè кај него дошло на своето место, и кога го сретнав јас, тој веќе два дена ни афионово зрнце немаше ставено в уста, така што сакаше да го даде под залог и она, што не е можно да се заложи, поради тоа, што такви заложувања и не постојат. И, што можев, Ва-

рењка, отстапив јас повеќе од сочувство кон човештвото, отколку од својата сопствена наклоност. Значи, ете вака се случи тој грев, душичко! И колку многу плачевме со него ние! За сè си спомнувавме. Тој е добар, многу добар човек е тој и многу чувствителен. Јас, душичко, и самиов го чувствувам сето тоа; со мене токму поради тоа и се случуваат сиве овие работи, поради тоа што го чувствувам сето тоа. Јас знам, колку многу сум ви должен вам, гулапче мое! Откако ве запознав, јас почнав, како прво, и самиов себе подобро да си се знам, и вас почнав да ве сакам; а пред вас, ангелче мое, јас бев осамотен и како да спиев, а не живеев на светов. Тие, моите злосторници, зборуваа, дека дури и мојава фигура е неприлегана, и се гнасеа од мене, но и јас бев почнал да се гнасам од себеси; зборуваа дека сум тап, а и навистина јас мислев дека сум тап, а штом ми се јавивте вие, тогаш вие го осветливте целиот мој темен живот така, што и срцево и душава моја станаа светли, и јас го најдов душевниот мир и сфатив, дека и јас не сум полош од другите; дека само така, јас не блескотам со ништо, немам блесок, немам тон, но сепак сум човек, дека сум човек и со срце и со мисла. А сега почувствував, дека судбата ме прогонува, дека, понизен од неа, му се предадов на одрекувањето од своето сопствено достоинство, јас, претепан од своите несреќи, паднав духовно. И така, бидејќи вие сега знаете сè, душичко, тогаш со солзи на очи јас ве молам да не покажувате повеќе љубопитство за оваа материја; бидејќи ќе се распукне моево срце, и бидејќи е и горчливо, и мачно.

Ви ја посведочувам, душичко, мојата почит кон вас и останувам ваш верен

Макар Девушкин.

3 септември

Јас не го завршив минатото писмо, Макаре Алексеевич, бидејќи да пишувам ми беше многу тешко. Има моменти, кога сакам да бидам сама, да тагувам,

сама да жалам, без да споделувам, и таквите мигови почнуваат да ме обземаат сè повеќето и почесто. Во моиве сеќавања има нешто такво необјасниво за мене, кое толку несвесно, толку силно ме завлекува, што јас по неколку часа останувам бесчувствена кон сè што ме обиколува и заборавам на сè, на сè што постои. И во сегашниов мој живот не постои впечаток, ни пријатен, ни тежок, ни тажен, кој не би ме потсетувал за нешто слично во моето минато, и најчесто од сè на моето детство, моето златно детство! Но, по сличните вакви мигови мене секогаш ми станува тешко. Јас некако ослабнувам, мојата замечтаеност ме измачува, а моево здравје и без тоа станува сè полошо и полошо.

Но денес мене ме оживеа свежото, светлото, блескаво утро, какви што тука наесен има малку, и јас радосно го пресретнав него. И, ете така, кај нас е веќе есен! Колку ја сакав јас есента в село! Бев уште детенце, но и тогаш јас чувствував многу. Есенската вечер ја сакав повеќе, отколку утрото. Се сеќавам, на два чекора од нашата куќа, под гората, се наоѓаше езеро. Тоа езеро, – како и сега да го гледам – тоа езеро беше толку широко, светло, чисто, како кристал! Понекогаш, ако е вечерта тиха, – езерото е спокојно; на дрвјата, што растеа по неговите брегови, ни лист да шушне, водата е неподвижна, како огледало. Свежо! студено! Паѓа роса по тревјето, во куќарките на брегот се палат светлинки, стадото го дотеруваат – и тогаш јас тихичко ќе се извлечкам од дома, за да погледам малку во моето езеро, и ќе ми се случеше да се загледам. Рибарите запалиле нарамник суварки веднаш до самата вода, и светлината се разлева далеку, далеку по водата. Небото е онака студено, сино, и по краиштата е опточено насекаде со црвени огнени ленти, и тие стануваат сè побледи и побледи; огрева месечината; воздухот е звонлив, ќе првне ли некоја исплашена птичка, ќе засвони ли трската од тивкото ветре, или рибата ќе плесне во водата, – сè е чујно. По сината вода се крева бела пареа, тенка, прозирна. Далечините темнеат; сето некако тоне во магличката, а наблиску сето е толку остро опточено, чиниш пресечено со нож, – чунот, брегот, островите; некаква

бочва, фрлена, заборавена крај самиот брег, кроцекроце се нишка над водата, ветката од ракиданот со пожолтени лисја се заплеткува во трската, – прелетува задоцнел галеб, де ќе се пласне во ладната вода, де пак ќе се вивне и ќе потоне во магличката. Јас се загледувам, се вслушувам, – чудно ми е! А бев уште малечка, детенце! . . .

Толку ја сакав есента, – својата доцна есен, кога житата се завршени, се веќе собрани сите работи, кога во куќарките започнале седенките, кога сите веќе ја очекуваат зимата. Тогаш сè станува помрачно, небото се смуртува со облаците, жолтите лисја полегнуваат по патеките на краиштата од соголената шума, а шумата синее, црнее, – особено навечер, кога ќе се спушти сивата магла и дрвјата се покажуваат од маглата, како џинови, како безлични, страшни сеништа. Понекогаш ќе задоцниш на прошетка, ќе заостанеш од другите, чекориш сама, брзаш – незгодно! И самата трепериш, како лист; еве, си мислиш, мислиш, може секој миг од оваа дупка во дрвово да подназирне некој страшен. Во тоа време ветерот ќе се пронесе по шумата, ќе засвири, ќе зашумори, толку жаловито ќе завие, ќе откине еден куп лисја од голите ветки, ќе се развиори со нив по воздухот и по нив во долго, широко, развревено јато, со диви пронижувачки крикови, ќе се пронесат птиците, така што небото поцрнува и сето се постила со нив. Те опфаќа страв, а уште веднаш некако и ќе се засрамиш од некого, – нечиј глас, како божем некој од некаде да ти шепоти: „Трчај, трчај дете, не задоцнувај; сега е страшно да се биде тука, бегај, дете!“ – Ужас ќе ти премине по срцето, и ти трчаш-трчаш така, што здивот ти се залебнува. Ќе дотрчаш, заздишена, дома; дома е врева, весело; ќе ни раздадат нам, на сите деца, работа: да чукаме грав, или афион. Суровите дрвја трескотат во шушките; мамичка ја следи нашата весела работа; постарата гледачка, Улјана, раскажува за старите времиња, или страшни приказни за волшебниците и за мртовците. Ние децата се притискаме друшка до друшка, а сите на усните имаме насмевка. И наеднаш сите ќе замолкниме за миг . . .

чуј! шум! како некој да тропа! Не било ништо; тоа кај старата Фроловна свири чекрекот; колку многу смеа! А потоа ноќта не спиеме од страв; надоаѓаат страшни соништа. Ќе се разбудиш понекогаш, и не смееш ни да мрднеш, и додека не се раздени се таиш скочанета под покривачот. Утрината ќе станеш свежа, како цвеќенце. Ќе погледнеш низ прозорецот: мразот го опфатил сето поле; тенок, есенски окит се набесил по зголените гранки; со тенок, како лист мраз се покрило езерото; се дига бела пареа над езерото, кликтаат веселите птици. Сонцето грее наоколу со силни зраци, и зраците како стакло го раскршуваат тенкиот мраз. Светло, шарено, весело! Во печката пак трескоти огнот; сите наседнуваме крај самоварот, а низ прозорецот подназирка нашето преку ноќта премрзнато црно куче Полкан и љубезно мавта со опашот. Селанче на здраво коњче заминува крај прозорците кон шумата по дрва. Сите се толку задоволни, толку весели! . . Ах, колку златно беше моето детство! . .

Ете, завлечена од моиве сеќавања јас и се расплакав сега, како дете. Толку живо, толку живо се потсетив за сето, толку јасно ми стана пред мене сето минато, а сегашницава е толку темна, толку мрачна! . . Како ќе заврши ова, како ли ќе заврши сево ова? Знаете ли, имам една убеденост, дека оваа есен ќе умрам. Јас сум ногу, многу болна. Често размислувам за тоа дека ќе умрам, но сè некако не ми се сака да умрам така, – во тукашнава земја да лежам. Јас можеби пак ќе легнам в постела, како оној пат, пролетоска, а уште не успеав ни да се поправам. Еве и сега ми е многу тешко. Фјодора денес замина некаде за цел ден, и јас седам сама. А од некое време се плашам да останувам сама; сè ми се чини дека крај мене во собава како да има и некој друг, дека некој зборува со мене; особено кога ќе се замислам за нешто, и наеднаш ќе се освестам од замисленоста, така што ме фаќа страв. Ете зошто ви напишав вакво писмо; кога пишувам тоа ми поминува. Збогум; го завршувам писмово, поради тоа што немам ни хартија, а ни време. Од заработените пари за мојата облека и за шапката ми остана само уште една сребрена рубља. Вие на

стопанката ѝ дадовте две сребрени рубли; тоа е многу добро; сега-засега таа ќе замолкне.

Поправете си ја некако облеката. Збогум; толку сум изморена; не сфаќам, од што станувам олку слаба; најмалечката работа ме преморува. Ако најдам работа – како ќе ја работам? Ете, токму тоа и ме убива.

В. Д.

5 септември

Гулапче мое, Варењка!

Денеска јас, ангелче мое, имав многу впечатоци. Прво цел ден ме болеше глава. За да се освежам некако, излегов да се прошетам по Фонтанка. Вечерта беше толку темна, влажна. Веќе во шест часот се стемнува, – ете, како е сега! Не врнеше дожд, но затоа пак беше магливо, и не полошо од добар дожд. По небото, во долги, широки пруги, пловеа облаците. По кејот чекореше многу народ, и тој народ чиниш нарочно имаше такви страшни лица, што навеваат тага, пијани мужици, чпртоноси жени Чукотки, во чизми и гологлави, наемни работници, пајтонџии, нашите браќа по некоја работа; детишта, некаков браварски чирак во долга облека со пруги, испиен, запечен, со лице искапано со земјено масло, со брава во рацете; војник во оставка, висок еден сажен, ете каква беше публиката. Очигледно, часот беше таков, што друга публика не можеше ни да има. Пловниот канал Фонтанка! Толку многу чунови, што не сфаќаш, каде можеле да бидат сместени сите. На мостовите седат жени со мокри колачи и со гнили јаболка, и сите тие се некако калави, мокри жени. Здодевно е да се шета по Фонтанка! Мокриот гранит под нозете, од страните високи куќи, црни, исчадени; под нозете магла, над главата, исто така, магла. Таква тажна, таква мрачна беше денешната вечер.

Кога се вратив во Гороховата улица, тогаш веќе сосем се смрачи и започнаа плинот да го палат. Јас

уште од многу одамна не сум бил во Гороховата, – сè некако не стасував. Бучна улица! Какви дуќани, богати магазини; сето онака и блескоти и гори, материја, цветови под стаклата, разни шапки со ленти. Ќе помислиш, дека сето тоа е изложено онака, заради убавина – но не е така; ете, има луѓе, кои го купуваат и им го подаруваат на своите жени сето тоа. Богата улица! Многу германски фурнации живеат во Гороховa; исто така, како и многу имашлив народ. Колку карети поминуваат секој миг; како го поднесува плочникот сето тоа! Раскошни екипажи, стаклата, како огледало, внатре кадифе и свила; дворјански лакеи, со еполети, со мечови. Во сите карети се загледував, насекаде седат дами, онака разголени, и кнегинки, можеби, и грофици. Часот, бездруго, беше таков, што сите тие брзаа на балови и на приеми. Интересно е да се види одблиску кнегинка и воопшто позната дама; мора да е многу убаво; јас никогаш не сум видел; само понекогаш, ете вака, како сега, ќе се загледам во каретата. Тогаш се потсетив на вас. Ах, гулапче мое, родена моја! уште веднаш, штом ќе си спомнам за вас, срцево ме заболува! Зошто сте вие, Варењка, толку многу несреќна? Ангелче мое! но со што сте вие полоша од сите нив? Вие сте ми добра, прекрасна, учена; зошто вам таква зла судбина ви се падна? Поради што сето тоа се случува така, што, ете, еден добар човек се наоѓа во запустеност, а кон некој друг среќата се нафрла сама. Знам, знам, душичко, дека не е добро да се мисли вака, дека е тоа слободоумност; но искрено, по правината и по вистината, зошто некому уште во утробата на мајка му враната судбина му гракнала среќа, а другиот мора на светов божји од домот за најденчиња да излегува? И еве, се случува така, што честопати среќата му се паѓа на некој сретен-сметен. Ти, велат, сретенко-сметенко, прекопувај ги ќесињата дедовски, пиј, јади, весели се, а ти, и ваков – и таков, само оближувај се; ти, вели, и си погоден за тоа, ти братко си ете, токму таков! Грешно, душичко, знам дека е грешно да се размислува вака, но тука некако и несакајќи гревот на душата доаѓа. Кога би се возеле и вие во таква карета, родена моја,

ѕвездичко. Вашиот благонаклонен поглед би го ловеле генерали, – а не некој како мене; вие тогаш не би оделе во стара платнена облекичка, туку во свила и во злато. Вие не би биле слабичка, сувичка, како сега, туку како шеќерните фигурки, свежичка, румена, полна. А јас тогаш веќе и само со тоа би бил среќен, па макар и само од улицата кога би ве погледнал на силната светлина, кога би ја видел макар вашата сенка; само од мислата дека таму сте среќни и весела, вие, птичко моја убава, и јас би се развеселил. А што сега! Малку е тоа што вас ве погубиле лошите луѓе, па уште и некаков си таму никаквец, неранимајко, ве навредува. Од тоа што фракот му стои како на конте, од тоа што на вас гледа низ златна лорнетка, бесрамникот, затоа нему му оди од рака сè, така и неговата непристојна реч треба со снисходливост да се слуша! Доста, така ли, гулапчиња! А зошто е сето тоа? Та поради тоа, што вие сте сиромашна, од тоа, што вие сте беззаштитна, од тоа, што вие немате некој силен пријател, кој би можел пристојна поткрепа да ви даде. Но, а каков е тој човек, какви луѓе се тие, кои за ништо сакаат да ја навредат сиротицата? Тоа е таква ништожност, а не луѓе, просто ништожност; тие така просто се наборјуваат себеси, а на дело ги нема, и во тоа јас сум уверен. Ете какви се тие, ваквите луѓе! А според мене, родена моја, ете, оној питач со латерна, кого јас го сретнав на Горохова денес, побргу ќе биде достоен за почитување, отколку тие. Макар што тој по цел ден шетка и се смее, и го очекува лошиот, незгоден грош за своето прехранување, но затоа пак тој си е господин сам за себе, сам себеси се храни. Тој не сака да проси милост; затоа пак тој се мачи за задоволството на луѓето, како навиената машина, – еве, вели, со што можам, со тоа и ќе ви донесам задоволство. Питач, питач е тој, навистина, истиот оној питач; но затоа пак благороден питач; тој е изморен, тој е изземнат, но постојано се труди, макар и на свој начин, а сепак се труди. И има многу чесни луѓе, душичко, кои, и покрај тоа што заработуваат малку, според мерката и полезноста на својот труд, сепак, тие никому не му се поклонуваат, од никого не просат

леб. Та еве, и јас токму онака, како оној со латерната, то ест јас не сум тоа, сосем не така, како него, но во своја смисла, во оној благородниот, дворјанскиот однос, исто онака, како и тој, според своите сили се мачам со што можам, сакам да кажам. Јас немам ништо големо; а кога нема и не треба да се бара.

Почнав да зборувам за овој со латерната, душичко, поради тоа што мене ми се случи својата немаштија денеска двапати посилно да ја почувствувам. Застанав да го погледам латернистот. Такви мисли ми доаѓаа во главава, – и така јас, за да се заборавам, застанав. Стојам јас, стојат пајтонции, некаква девојка и уште некое малечко девојченце, целата онака измачкана. Латернистот се расположил пред нечии прозорци. Забележувам еден малечок, момченце, така на околу десет години; беше убавичко, и навидум онака болникаво, запечено, само во една кошула и уште во нешто, за малку па босо стои, слуша музика со отворена уста – детска возраст! се загледало, како танцуваат куклите кај германецот, а рацете и нозете му се скочаниле, трепери и крајчето од ракавот си го гризе. Забележувам дека во раката има некакво книвче. Помина еден господин и му фрли на свирачот некаква ситна монетка; монетката падна право во она сандаченце со оградичка, во која е претставен еден Француз, што танцува со дамите. Само што тропна монетката, моето детенце потрепери, се загледа плашливо наоколу и, очигледно помисли на мене, дека парите ги дадов јас. Дотрча тоа кон мене, рацете му треперат, гласчето му трепери, го подаде кон мене книвчето и вели: – писмо! Го отворив јас писменцето – и, се знае, сè е јасно: благодетели мои, вели, мајката на децата им умира, три дена гладуваат, така вие сега помогнете ни нам; а, ете, кога ќе умрам јас, поради тоа, што сега вие не сте ги заборавиле моиве деца, ни јас на оној свет нема да ве заборавам вас, благодетели мои. И што има тука; работата е јасна, работата е животна, а што имам да му дадам јас? Па и не му дадов ништо. А толку ми беше жал! Момчето е сиромашко, помодрено од студ, можеби и гладно, и не лаже, жими сè не лаже; ја знам јас таа работа. Но, не е

убаво само тоа, што тие лоши мајки не ги чуваат своите деца и што полуголи со писменца ги испраќаат на таквиот студ. Таа, можеби, е глупава жена, и нема карактер; и за неа, можеби, нема ни кој да се погрижи, и така седи таа, со подвиткани нозе, можеби и навистина е болна. Добро, па сепак, кога би се обрнала таа каде што е ред; а впрочем, таа е можеби и просто некаква бесрамница, го испраќа нарочно гладното и запечено момче да го прелажува народот, го тера да се разболи. И на што ќе се научи овој кутар малечок со овие писменца? Само срцето негово се ожесточува; оди тој, трча, проси. Поминуваат луѓето, но немаат кога. Тие имаат камени срца; зборовите им се жестоки. „Помини; мавни се! се шегуваш!“ – ете што слуша од сите тој, и се ожесточува срцето на детенцето, и попусто трепери кутрото на студот, тоа заплашено детенце, како птичка што испаднала од разурнато гнездо. Му семнат нему и рацете и нозете; здивот му застанува. Додека се свртиш, а тој веќе и кашла; тука нема многу што да се чека; и болеста, како нечестивиот, му заседнува во градите, а ваму, гледаш, и смртта веќе над него лебди, некаде во смрдливиот агол, неизбежна, беспомошна – и, ете, тоа е сиот негов живот! Ете каков бидува понекогаш тој, животот! Ох, Варењка, мачно е да се чуе: живи Христоса, и да се помине покрај и ништо да не се даде, и да сé рече: „Господ ќе даде“. Понекое: живи Христоса не значи ништо. (И „живи Христоси“ има различни, душичко.) Некои се долги, протегнати, по навик, научени, вистински питачки; но тоа не е толку многу мачно и да не му се подаде, тоа е стар питач, одамнешен, по занает питач, тој свикнал, си мислиш, тој ќе прејде преку тоа, и знае како да прејде. А понекое „живи Христоса“ е несвикнато, грубо, страшно, – ете онака како денес, кога јас го зедов писменцето од детенцето, тука некаде крај оградата стоеше некој, не питаше од сите, ми вели мене: „Дај, господине, еден грош, живи Христоса!“ – и со таков груб глас, што јас потреперив од некое страшно чувство, а грош не му дадов: немав. А богатите луѓе уште и не сакаат, кога бедните луѓе се жалат наглас за својата лоша

среќа: – велат, тие беспокојат, тие се здодевни! Па, немаштијата е здодевна, – дали им пречат ним во спиењето стенкањата на гладните!

Сакам да ви признам, родена моја, дека почнав да ви го опишувам ова, делумно за на срцево да му олеснам, а уште повеќе за да ви го покажам образецот на добриот стил на моите сочиненија. Поради тоа што вие, сигурно станувате и самата свесна, дека кај мене веќе од неодамна почнува да се оформува стилот. Но сега мене ме обзеде таква тага, што и самиов на моиве мисли почнав од длабината на својата душа да им сочувствувам и макар што и самиов знам, душичко, дека со тоа сочувство ништо не може да се постигне, сепак, на некој начин покажуваш справедливост кон самиот себеси. И навистина, родена моја, честопати без никаква причина самиот себеси се уништуваш, не се почитуваш себеси ни колку за две пари и подолу од сламка се сотираш. А кога би се изразило со споредба, тогаш тоа, можеби, произлегува оттаму, што јас и самиов сум заплеткан и спотеран, исто како и она малечко дете, што питаше од мене милост. Сега јас вам, на пример, ќе ви покажам сликовито, душичко; еве, послушајте ме: ми се случува, родена моја, рано наутро, брзајќи за на работа, да се загледам во градов, како тој таму се разбудува, станува, чади, кипи, грми, – понекогаш така се смалуваш, пред таквата глетка исто како од некого да си добил удар по љубопитниот нос, и така ќе се изгубиш по својот пат, одмавнувајќи со рака, потих од водата, помал од тревата! И сега загледајте се што се случува во овие црни, зоврени, големи капитални куќи, вникнете во тоа, и тогаш расудете сама, дали е правично без размислување да се навредувате себеси и да попаѓате во возбуда, која не ви прилега. Знајте, Варенька, дека јас зборувам во алегорија, а не во директна смисла. Па, да погледам што е она, што се наоѓа во овие куќи? Таму во некој зачаден агол, во некоја сива дупка, која, по потреба, се смета и за живеалиште, некој занаетчија се разбудил од сон; а во неговиот сон, примерно зборувајќи, целата ноќ тој ги сонувал чизмите, кои вчера несакајќи ги пресекол, како да мора токму

таа глупост да му се сонува на човека. Добро, а тој е, ете, занаетчија, тој е чевлар: нему му се проштава постојано за еден свој предмет да мисли. Нему таму децата му плачат и жената му е гладна; и не сонуваат понекогаш така само чевларите, родена моја. Тоа не би било ништо, не би било вредно ни да се пишува за тоа, но ете, што се случува друго тука, душичко: токму тука, во истата таа куќа, еден кат погоре или подолу, во позлатените одаи, и на најбогатата личност истите тие чизми, можеби, му се всониле ноќта, то ест чизми од друг манир, со друг фазон, па сепак чизми, бидејќи во оваа смисла, на која мислам јас, душичко, сиве ние, родена моја, излегува дека по малку сме чевлари. И сево ова не би било ништо, туку лошо е само тоа, што нема никого покрај тоа богато лице, што нема човек, кој би му шепнал на увото нему, дека е доста, да рече, само за тоа размислувавте, само за себе размислувавте, само за себеси живеете итн., да му рече, не си чевлар, тебе децата ти се здрави и жената не бара јадење; поразгледај се наоколу, нема ли да најдеш многу поблагородни предмети за своите грижи од своите чизми! Ете што сакав јас да ви кажам алегорично, Варенька. Тоа, можеби, е по малку слободна мисла, родена моја, но понекогаш доаѓа таквата мисла, понекогаш ја имаме и тогаш несакајќи од срцето со горешт збор избива. И поради тоа нема зошто себеси за петпари да си се цениш, да се исплашиш само од врева та и од грмежот! Ќе заклучам со тоа, душичко, дека вие, можеби, ќе помислите, оти јас ви зборувам клевета, или дека тоа онака некаква штама ме снашла, или дека јас ова сум го препишал од некоја книшка. Не, душичко, не верувајте му на тоа, – не е тоа: од клеветите се гнасам, штама не ме опфатила, и од ниедна книшка јас не сум препишувал ништо – така е тоа!

Си дојдов јас во тажно душевно расположение дома, приседнав до масава, си го подгреав чајникот, и се подготвив да се напијам една-две чашки чај. Наеднаш гледам, влегува кај мене Горшков, нашиот сиромашен состанар. Уште изутрина забележав дека тој постојано околу станарите нешто се плетка и кон

мене сакаше да се доближи. А потем ќе ви кажам, душичко, дека нивната живеачка е и од мојава кадекадем многу полоша! жена, деца! Така што кога би бил Горшков, тогаш јас ни самиот не знам што би сторил на негово место! Па, ете вака, влезе мојот Горшков, се поклонува, солзичката, како и секогаш, нараснува на неговите трепки, шарка со нозете, а ниедно зборче не може да каже. Јас го седнав на столот, навистина на скршениот, но немаше друг. Му предложив чај. Тој се извинуваше, долго се извинуваше, најпосле, сепак, тој ја зеде чашата. Сакаше без шеќер да пие, почна пак да се извинува, кога почнав да го уверувам, дека треба да земе шеќер; долго се спротивставуваше, се откажуваше, најпосле, во својата чаша го стави најситното грутче, и зеде да ме уверува дека чајот е необично сладок. Ех, до какво понижување сиромаштијата ги доведува луѓето! „Па, како е, што има, братко?“ – му реков јас. „Па, ете, вака и вака, вели, благодетелу, мој Макаре Алексеевич, пројавете ја милоста господова, бидете му на помош на несреќното семејство; децата и жената немаат што да јадат; за таткото, за мене, што да се рече!“ Јас сакав да проговорам, но тој ме прекина: „Јас, вели, се плашам од сиве тука, Макаре Алексеевич, то ест не толку да речеш дека се плашам, туку онака, знаете, срамно; тие луѓе ти се некако горди и надуени. Јас, вели, вас, братко и благодетелу мој, немаше ни да ве оптоварувам: знам дека вие и самите имавте свои непријатности, знам дека ни вие не можете да ми дадете многу, но барем малку нешто кога би ми дале назаем; и поради тоа, вели, се осмелив да ве замолам, оти го знам вашето добро срце, знам дека вие и самиот во немаштија бевте, дека и самиот и сега ја поднесувате сиромаштијата, – и дека поради тоа вашето срце може да чувствува сожалување“. И тој заклучи со тоа дека, вели, простете за мојава дрскост и мојава неприлеганост, Макаре Алексеевич. Јас му одговорам, дека би бил радосен и дека од срце би му дал, но дека немам ништо, дека немам сосем ништо. „Братко мој, Макаре Алексеевич, – ми вели тој мене, – јас и не барам многу, туку, ете, тука, така и така

(тука тој сиот се вцрви) – жена, вели, деца, гладно е сè – макар некое гривениче". И тука веќе и мене срцево ме заболе. Каде, каде, си мислам, ме оставиле мене! А мене сè на сè ми беа останати само дваесет копејки, и јас сметав со нив; утре сакав за своите крајни потреби да ги дадам. „Немам, гулапче мое, не можам; ете, ваква и ваква е работата", – велам. „Братко, Макаре Алексеевич, колку што сакате, барем десет копејки". И, јас му ги извадив од сандачето и му ги дадов своите дваесет копејки, душичко, сепак е добирна! Ех, ти сиромаштијо! Поразговарав со него, и го прашувам, како сте осиромашиле толку, а при таква немаштија уште соба за пет сребрени рубли заземате? Тој ми објасни дека пред половина година ја зел и дека сите пари однапред за три месеци ги внел: а потоа, такви услови настанале, што веќе бедниот немало каде да оди. Тој чекал за тоа време неговото дело да се сврши. А тој има непријатно дело. Тој, видете, Варењка, се наоѓа за нешто пред судот, одговара. Се тужи со некојси трговец, кој се огрешил пред државата со кражба; измамата била откриена, трговецот под суд, а тој во ова свое разбојничко дело го замешал и Горшкова, кој некако, исто така, се нашол тука. А, ако зборуваме вистина, Горшков е тука виновен само поради невнимателност, поради непретпазливост и поради непростиво испуштање на државните интереси од предвид. Делото веќе неколку години се влечка; постојано пред Горшков некакви тешкотии се препречуваат. „А за нечесноста, заради која ме обвинуваат, – ми вели Горшков, – јас сум невин, сосем невин, за кражба и приграбување сум невин". Ова дело малку го извалкало; го избркале и од служба, иако не пронашле дека тој е капитално виновен, но за своето целосно оправдување тој и до денес не може со трговецот да исчисти некаква поголема сума пари, која го оптоварува, и за која паѓа на суд. Јас му верувам нему, но судот не му верува на збор; делото е такво, што сето е во некакви параграфи и јазли таму, кои сто години не можат да бидат отплеткани. Малку ќе ги расплеткаат, а трговецот уште еден параграф, па уште еден. Јас од сè срце со-

чувствувам со Горшкова, родена моја, го сожалувам. Човек без служба; поради недоверба не го примаат никаде; што имале резерва, изеле; делото е заплеткано, а, меѓутоа, мора да се живее, совршено несакајќи им се родило детенце, – па ете ти давачки, синот се разболе – давачки, умре – давачки; жената е болна; тој е нездрав од некаква застарена болест; со еден збор, настрадал човекот, сосем настрадал. Впрочем, тој вели дека деновиве очекува благопријатно решение на своето дело и дека сега веќе нема никакво сомневање во тоа. Го жалам, жалам, многу го жалам, душичко! Јас го утешив. Тој е изгубен, заплеткан; бара покровителство, и ете, затоа јас и го утешив. Па, засега збогум, душичко, Христос со вас, бидете здрава. Вие гулапче мое! Штом ќе си спомнам на вас исто како некој лек да ставам на мојава болна душа и, макар што страдам за вас, страдањето за вас мене ми е лесно.

Вашиот вистински пријател

Макар Девушкин.

9 септември

Душичко, Варвара Алексеевна!

Ви пишувам сиов избезумен. Сиов сум потресен од еден страшен настан. Главава ми се врти. Чувствувам, дека сè се врти околу мене. Ах, родена моја, што да ви раскажам сега! Ете, ние не го ни претчувствувавме тоа! Не, јас не верувам дека не сум претчувствувал, сето тоа го претчувствував јас. Сето тоа уште отпорано го насетуваше моево срце! Јас дури некни и на сон видов такво нешто.

Еве што се случи! Ќе ви раскажам не со стил, туку онака, како што ќе ми стави на душава господ. Тргнав јас денеска на работа. Дојдов, седнувам, пишувам. А треба да знаете, душичко, дека јас и вчера пишував, исто така. Па, ете така, доаѓа вчера кај мене Тимофеј Иванович и лично повелува да ми нареди, дека – ете, сака да каже, книгава е потребна, брза.

Препишете, вели, Макаре Алексеевич, почисто, побрзо и што погрижливо; денес оди на потпишување. Треба да ви одбележам, ангелче, дека за време на вчерашниот ден јас ни самиов не бев на свое место, немав желба да погледнам ништо; тага, чемер некој таков ме нападнал! На срцево ладно, на душава темно; во мисливе ми бевте само вие, ѕвездичко моја бедна. И така, јас се зафатив да препишувам; препишав чисто, убаво, само што не знам, како најточно да ви кажам, самиот да е скраја, ли ме збрка мене, или пак со некакви тајни судбини било одредено тоа, или пак така мораше да се случи, – само, ете, јас сум испуштил еден цел ред, смислата се изгубила, господ ќе знае како, не излегло просто ништо. Со актот вчера задоцниле и на потпис на неговото превосходство му го подале дури денеска. Јас, како ништо да не било, се јавувам денес во обично време и се сместувам крај Емелјан Иванович. Треба да ви одбележам, родена, дека јас од неодамна почнав двојно повеќе да се срамам, отколку порано, и да се засрамувам. Во последно време јас не ни погледнувам во некого. Треба само малку да зачкртка кај некого столот и јас веќе берам душа. Ете, токму така и денеска, сум се наведнал, сум се смирил, седам наежавен, и така Ефим Акемович (таков закачко, каков што пред него немало на светов) рече сите за да чујат: а зошто, вели, вие, Макаре Алексеевич, сте се собра́ле така у-у-у? и тука тој направи таква гримаса, што сите, што беа околу него и околу мене, просто се валкаа од смеење, и тоа, се разбира, на моја сметка. И разврзаа, и разврзаа! Јас и ушиве ги затнав и замижав, седам, не се ни помрднувам. Таков е веќе мојот обичај; така сите побргу ќе запрат. Наеднаш врева, трчаница, забрзаност; слушам – не ме лажат ли ушиве мене? ме викаат мене, ме бараат мене, го викаат Девушкин. Срцево ми се разиграло во градиве, и веќе ни самиов не знам од што се исплашив; знам само дека толку многу се исплашив, како што не ми се случило во мојов живот. Јас сраснав со столот, – и како ништо да не било, како да не сум јас. Но, ете, пак започнаа, сè поблиску и поблиску. И, еве, над самово мое уво: велат, Девушкин! Де-

вушкин! Каде е Девушкин? Ги покренав очиве: пред мене е Евстафиј Иванович; вели: „Макаре Алексеевич, кај неговото превосходство, поскоро! Во актот сте направиле збрки!“ Тој само тоа го рече, но достатно, не е ли така, душичко, достатно беше речено? Јас премрев, остинав, чувствата ми ги снема, тргнувам – но, просто веќе ни жив ни мртов одам. Ме водат низ едната соба, низ другата соба, низ третата соба, во кабинетот – се јавив! На што мислев тогаш јас не можам точно да ви кажам. Гледам, стојат неговото превосходство, околу него сите тие. Јас, ми се чини, не се ни поклонив; заборавив. Сум се здрвил така, што и усниве ми се тресат, и нозеве ми се тресат. Па и имаше, душичко, заради што. Прво, срамно е; јас погледнав десно во огледалото, и така просто имаше од што од памет да се излезе од она што таму го видов. А второ, јас секогаш се правев така, како мене воопшто да ме нема на светов. Така што неговото превосходство одвај да знаеле за моето постоење. Можеби чуле онака, патем, дека во нивната установа има и некојси Девушкин, но во поблиска врска со нив никогаш не сме доаѓале.

Почнаа гневно: „Како тоа вие, господине! Што гледате? потребен е акт, потребен е брзо, а вие го расипувате. И како тоа вие“, – тука неговото превосходство се обрнаа кон Евстафиј Иванович. Јас само слушам, како долетуваат до мене звуците на неговите зборови: „Небрежност! невнимателност! Донесувате непријатности!“ – Јас ја бев отворил устата нешто да кажам. Сакав да молам прошка; само не можев, да избегам – да се потонисам не смеев, а тука . . . тука, душико, се случи нешто такво, што јас и сега одвај го држам перово од срам. Мојава петлица – врагот да ја земе! – петлицава, што ми висеше на едно конче – наеднаш се скина, отскокна, почна да потскокнува (јас, очигледно, несакајќи, ја имам закачено), зазвони, се стркала и право, токму така право, проклетата, кон стапалата на неговото превсходство, и тоа сред општото молчење! Ете, тоа беше и сето мое оправдување, сето извинување, сиот одговор, сè што се готвев на неговото преводсходство да му речам! Последиците беа

ужасни! Неговото превосходство веднаш обрна внимание на мојава фигура и на мојот костум. Јас се потсетив, што видов во огледалото: се пуштив да ја ловам петлицата! Ме опфати лудило! се наведнав, сакам да ја земам петлицата, – се тркала, се врти, не можам да ја фатам, со еден збор, се прославив и со својата пргавост. И тогаш чувствувам дека веќе ме оставаат и последните мои сили, и дека сè е загубено! Сета репутација е изгубена, човекот пропаднал сиот! А тука во двеве уши без никаква причина и Тереза, и Фаљдони, и почна да ми се одзива од сите страни. Најпосле, јас и ја фатив петлицата, се исправив, се оптегнав, и барем да стоев така, мирно, а будала јас – со рацете по шевовите! Почнав петлицата на искинатите конци да ја местам, небаре така таа ќе може да стои; и уште се насмевнувам, уште и се насмевнувам. Неговото превосходство отпрво се сврти на другата страна, потоа пак погледна во мене – слушам, му зборуваат на Евстафиј Иванович: „Та како? . . . погледнете го, како изгледа! . . . како тој! . . . што е тој! . . .“ Ах, родена моја, што бара тука – каков е тој? и што е тој? се прославив! Слушам. Евстафиј Иванович вели: „Не е покуден, за ништо не е покуден, поведението му е примерно, платата достатна, според принадлежноста . . .“ – „Но, олеснете му некако, – вели неговото превосходство. – Дајте му однпаред . . .“ – „Но, зел велат, зел, ете, за толку и за толку време однапред зел. Условите, очигледно, му се такви, а има добро поведение и не е покуден, никогаш не е покуден“. Јас, ангелче мое, горев, јас во пеколен оган горев! Јас умирав! „Па,“ – велат гласно неговото превосходство, „– Нека се препише одново и поскоро; Девушкин, дојдете ваму, препишете го пак одново без грешки; и послушајте . . .“ Тука неговото превосходство се обрна кон дургите, издадоа разни заповеди, и сите се разотидоа. Само што си се разотидоа тие, а неговото превосходство набрзина го вадат блокчето и од него една сторублевка. „Еве, – велат тие, – колку што можам, сметајте, како што милувáте“ – и ми ја пикнаа мене в рака. Јас, ангелче мое, потреперив, целава моја душа ми се потресе; не знам што се случило со мене; јас

сакав нивната рачичка да ја фатам. А тој сиот поцрвени, гулапче мое, и – ете, тука веќе јас ни едно влакно не отстапувам од вистината, родена моја: ја зеде и ја потресе, исто како на еднаков со себе, исто како на онаков, каков што е самиот тој, како на генерал. „Одете, вели, со што можам . . . Грешки не правете, а сега гревот го преполовивме“.

Сега, душичко, еве како решив јас: вас и Фјодора ве молам и кога би имал јас деца, исто така и ним би им заповедал, на бога да му се молат, то ест, еве како: за родниот татко да не се молат, туку за неговото превосходство секојдневно и вечно да се молат! Уште ќе ви речам, душичко, и дека свечено изјавувам – слушајте ме мене, душичко, добро – се колнам, дека колку и да гинев јас од тагата душевна во лутите денови на нашата несреќа, гледајќи ве вас, вашите страдања, и себеси, на својата пониженост и на мојата неспособност, без оглед на сето тоа ви се колнам, дека мене не ми се скапи толку стоте рубли, како што ми е скапо тоа, дека неговото превосходство самиот мене, на ништожниов, на пијаницава, ракава моја недостојна повелија да ми ја стиснат! Со тоа тие мене самиот на себе ме повратија. Со оваа постапка тие духов мој го воскреснаа, животов мој мене посладок засекогаш ми го направија, и јас сум тврдо уверен, дека колку и да сум грешен пред севишниот, молитвата за среќата и доброто на неговото превосходство ќе дојде до неговиот престол! . . .

Душичко! Јас сум сега во ужасно душевно растројство, во ужасна возбуденост! Срцево ми бие, како да сака од градиве да ми отскокне. И самиов некако како да сум наслабнат. Ви испраќам четириесет и пет рубли во асигнации, дваесет рубли на стопанкава ѝ давам, а триесет и пет за себе си оставам; за дваесет облекава ќе ја поправам, а петнаесет ќе оставам за живеачка. Само што сега сите овие впечатоци од утринава ми го потресоа целово суштество. Јас ќе прилегнам. Јас сум, впрочем, спокоен, многу сум спокоен. Само душава ми се кине и се слуша како таму, во длабините, душава ми трепери, се тресе, се мешка.

Ќе дојдам кај вас; а сега сум просто пијан од сите овие чувства . . . Господ гледа сè, душичко моја, гулабичко бесценета моја!

Вашиот достоен пријател

Макар Девушкин.

10 септември

Љубезен мој Макаре Алексеевич!

Јас неискажано ѝ се радувам на вашава среќа и умеам да ја ценам добрината на вашиот началник, пријателе мој. И така, сега вие ќе се одморите од несреќите! Но само, живи бога, немојте да ги трошите пак попусто. Живејте тихичко, колку што можете поскромно, и започнете макар од денес секогаш по нешто малку да зачувувате настрана, за несреќите пак ненадејно да нè ве најдат. За нас, живи господа, немојте да се беспокоите. Ние со Фјодора ќе преживееме некако. Зашто сте ни испратиле нам толку многу пари, Макаре Алексеевич? Нам воопшто не ни се потребни. Ние сме задоволни и со она што го имаме. Навистина, нам набргу ќе ни потребаат пари за преселување од овој стан, но Фјодора се надева дека ќе добие од некого некој стар, одамнешен долг. Задржувам, впрочем, за себе, дваесет рубли за крајни потреби. Останатото ви го испраќам назад. Чувајте ги парите, ќе ве молам, Макаре Алексеевич. Збогум. Сега живејте си спокојно, бидете здрав и весел. Јас би ви пишувала повеќе, но чувствувам ужасна измореност; вчера цел ден не станав од постелата. Добро сторивте што ветувате дека ќе наминете. Посетете нè Макар Алексеевич, ве молам.

В. Д.

11 септември

Мила моја Варвара Алексеевна!

Ве молам, родена моја, да не се разделувате од мене сега, сега, кога јас сум сосем среќен и задоволен од сè. Гулапче мое! Вие не слушајте ја Фјодора, а јас

сè што ќе побарате вие, ќе сторам; ќе се држам добро, само од почит кон неговото превосходство, ќе се држам добро и примерно; ние пак ќе си пишуваме еден на друг среќни писма, ќе си ги доверуваме еден на друг нашите мисли, нашите радости, нашите грижи, доколку има грижи; ќе живееме двајцата сложно и ќе бидеме среќни. Ќе се зафатиме со литературата... Ангелче мое! Во мојава судбина сè се измени, и се измени сè на добро. Стопанкава стана повеќе попустлива, Тереза поумна дури и самиот Фаљдони стана некако побрз. Јас се смирив со Ратазјаев. Самиот, во радоста, појдов кај него. Тој, што е право, е добар, мил е, душичко, и она лошото што го зборуваа за него, сето тоа било лажно. Јас сега открив, дека сето тоа било гнасна клевета. Тој воопшто не ни мислел да нè опишува на; тој тоа самиот ми го рече. Ми го читаше своето ново дело. А тоа дека оној пат тој мене ме нарече Ловлас, сето тоа не е некакво ругање или неприлегано име: тој ми објасни мене. Ова е, од збор до збор, земено од странските и значи: итар малечок, и ако се сака подобро да се рече, онака литературно, тогаш тоа значи снаодлив малечок – ете! а не нешто којзнае какво таму. Била невина шега, ангелче мое. А јас, ете, неук, и се навредив од глупост. Но сега веќе јас се извинив пред него... И времево е некакво прекрасно денеска, Варењка, добро време. Навистина, изутрина малку врнеше замрзнат дожд, како да се просеваше низ сито. Ништо! Затоа пак воздухов стана малку посвеж. Отидов јас да си купам чизми и чудесни чизми купив. Тргнав по Невски. „Пчелка“[1]) ја прочитав. Да! но јас заборавам да ви раскажам за главното.

И гледајте што е.

Денеска изутрина разговарав јас со Емељан Иванович и со Аксентиј Михајлович за неговото превосходство. Да, Варењка, тие не се однесле така милозливо само со мене. Тие не ја покажале својата добрина само кон мене, туку поради своето добро срце

---

[1]) „Северна пчела“ – тогашен Петроградски весник.

тие на сиов свет му се познати. Од многу места во негова чест се испраќаат пофалби и се леат солзи на благодарност. Кај нив се воспитувало некое девојче сираче. Повелиле и да ја здомат: ја омажиле за некој познат човек, за еден службеник, кој поради посебни налози веќе се наоѓал кај неговото превосходство. Синот на една вдовица во некаква канцеларија го сместиле и уште многу разни добрини покажале. Јас, душичко, го сметав како обврска тука и мојот прилог да го додадам, за сите да чујат, ја раскажав постапката на неговото превосходство; јас сè им раскажав и не премолчев ништо. Својот срам јас го скрив в џеб. Каков срам тука, каква е таа амбиција при ваквите услови! И токму онака гласно – да бидат славни делата на неговото превосходство! Јас зборував со занес, зборував со жар и не поцрвенував, напротив, јас се гордеев, што можев да раскажам такво нешто. Раскажав јас за сè (само за вас благоразумно премолчев, душичко), и за мојата стопанка, и за Фаљдони, и за Ратазјаев, и за чизмите, и за Марков – сè раскажав. Некои таму и се потсмевнуваа, и навистина, сите тие по малку се потсмевнуваа. Но тие само во мојава фигура наоѓаа нешто смешно, или за сметка на моиве чизми – токму за сметка на чизмиве. А тие не можеа со некоја лоша намера да го сторат тоа. Тоа е така, поради младоста, или поради тоа, што се тие богати луѓе, но со лоша, зла намера, тие не можеа никако да ѝ се потсмеваат на мојава реч. То ест, за сметка на нешто кај неговото превосходство – тие тоа никако не можеа да го сторат. Не ли е вистина тоа, Варењка?

Јас ни досега сè некако не можам да си дојдам на себе, душичко. Сиве овие настани толку ме збунија мене! Имате ли вие дрва? Да не настинете, Варењка; многу ли треба за да се настине? Ох, душичко моја, вие ме убивате со вашите чемерни мисли. Јас веќе молам бога, колку многу молам за вас, душичко! На пример, имате ли вие волнени чорапи, или така, нешто потопличко од облека. Гледајте, гулапче мое. Ако ви затреба нешто таму, тогаш вие, живи господа, не навредувајте го старецов. Уште веднаш дојдете кај мене. Сега лошите времиња изминаа. За мене вие не-

мојте да се беспокоите. Напред е сè толку светло, убаво!

А колку тажно беше она време, Варењка! Туку сепак, сето тоа еднаш помина! Ќе поминат години, тогаш ќе воздивнуваме и за тоа време. Ги паметувам јас своите млади години. Каде! Понекогаш и ниедна копејка се немаше. Студено, глад, а сепак – весело. Наутро ќе поминеш по Невскиот, ќе сретнеш некое убаво лиценце, и преку целиот ден си среќен. Славно, славно време беше, душичко! Убаво е да се живее на светов, Варењка. Особено во Петербург. Со солзи на очиве се покајував пред господа бога вчера, за господ да ми ги прости сите мои гревови од тоа тажно време: роптањата, либералните мисли, распусноста и хазардот. Вас во молитвата со милост ве споменав. Само вие, ангелче, ме поткрепувавте мене, со благи совети и поуки ме упатувавте. Тоа јас, душичко, не можам никогаш да ви го заборавам. Вашиве писменца јас денеска сите ги избакнав, гулапче мое! Па, збогум, душичко. Велат, дека некаде тука има некаква облека за продавање. И така јас ќе се распрашам малку. Збогум, ангелче. Збогум!

Со сета душа ваш

Макар Девушкин.

15 септември

Почитуван,
Макаре Алексеевич!

Јас сум целата во ужасна возбуда. Еве, послушајте, што се случи кај нас. Претчувствувам нешто судбинско. Еве, пресудете самиот, мој бесценет пријателе: господин Биков е во Петербург. Фјодора го сретнала. Тој се возел, повелил да застане кочијата, самиот се доближил до Фјодора и зел да ја распрашува, каде живее. Таа отпрвин не кажувала. Потоа тој, насмевнувајќи се, рекол, дека тој знае кој живее кај неа. (Ана Фјодоровна, очигледно му раскажувала.) Тогаш Фјодора не издржала и уште тука, на улицата, почнала да го прекорува, да го кара, му рекла дека тој е

неморален човек, дека тој е причина за сите мои несреќи. Тој одговорил дека човекот е несреќен, кога нема пари. Фјодора му рекла дека јас сум можела да преживеам со работа, сум можела да се омажам, или ако не тоа, тогаш да си најдам некакво место, а дека сега мојата среќа засекогаш е изгубена, дека јас покрај тоа сум уште и болна и дека набргу ќе умрам. На тоа тој забележал дека јас сум уште премногу млада, дека мене уште ми се чини сè што лета се јаде и дека потемнеле нашите добрини (негови зборови). Ние со Фјодора мислевме, дека тој не го знае нашиов стан, кога наеднаш вчера, само што сум излегла јас да си купам нешто во Гостинскиот двор, а тој влегува во собата кај нас; тој очигледно не сакал мене да ме најде дома. Долго ја распрашувал Фјодора за нашата живеачка; разгледувал сè кај нас; ја гледал мојата работа, најпосле прашал: „Каков е тој службеник, што се познавал со вас?“ Во тоа време вие сте поминувале преку дворот; Фјодора го молела да си оди, му рекла дека јас и онака не сум здрава од јадови и дека ќе ми биде многу непријатно да го видам кај нас. Тој помолчел; рекол дека дошол само онака, од немање друга работа, и сакал да ѝ даде на Фјодора дваесет и пет рубли; таа, се разбира, не ги зела. Што би можело да значи тоа? Зошто дошол кај нас тој? Јас не можам да разберам, од каде тој да знае за нас сè! Се губам во претпоставки. Фјодора вели, дека Аксиња, нејзината золва што доаѓа кај нас, е позната со перачката Настасја, а братучедот на Настасја е стражар во истиот оној департман, каде што служи еден познајник на внукот од Ана Фјодоровна, по тој пат ли проползила сплетката? Впрочем, многу лесно може да биде Фјодора и да греши; ние не знаеме што да мислиме. Зар тој пак ќе дојде кај нас! Само оваа помисла ме тера на ужас! Кога ми го раскажа Фјодора сето тоа вчера, јас уште веднаш толку се исплашив, што за малку не паднав во несвест од страв. Што бараат тие уште? Јас сега не сакам ни да ги знам! Каква работа имаат тие со мене кутрата! Ах! во каков страв сум јас сега: постојано мислам, дека овој миг ќе влезе Биков. Што ќе стане со мене! Што ли

уште ми подготвува судбината? Живи Христоса, наминете сега кај мене, Макаре Алексеевич. Наминете, живи господа, наминете.

В. Д.

18 септември

Душичко, Варвара Алексеевна!

На денешен ден се случи кај нас во станов еден донемајкаде жалосен, со ништо необјаснив и неочекуван настан. Нашиот сиромав Горшков (мора да ви се спомене, душичко) сосема се оправдал. Решението било донесено одамна, а денеска тој беше да ја слуша крајната резолуција. Делото за него се завршило сосем среќно. Колкава и да била таму вината негова поради невнимателноста и непретпазливоста – од сето тоа тој е наполно ослободен. Пресудиле да му префрлат од трговецот во неговата полза поголемка сума пари, така што нему и состојбата му се поправи многу, па и честа тој ја исчисти од дамките, и сè стана поубаво, – со еден збор дојде највистинското исполнување на желбите. Си дојде тој денес во два часот дома. Просто како да немаше лице, блед како платно, усните му потреперуваат, а ваму се насмевнува – ја прегрна жената, децата. Ние сите со буткање влегувавме кај него за да го поздравиме. Тој од нашата постапка беше сосем трогнат, се клањаше на сите страни, ни ја стискаше секому од нас раката по неколкупати. Мене дури и ми се стори дека тој и пораснал некако, и се извишил, и дека кај него веќе нема ни солзичка во очите, силна возбуда, сиромавиот. Две минути не може на едно место да стои; земаше в раце сè што ќе му се најдеше, потоа пак оставаше, седнуваше, стануваше, пак седнуваше, зборуваше господ ќе знае што – вели: „Мојата чест, честа моја, моето добро име, моите деца“ – и како го зборуваше тоа! дури и се расплака. Ние, исто така, повеќето просолзивме. Ратазјаев, очигледно, сакаше да го ободри и рече: „Што е, братко, честа, кога нема што да се јаде; парите, братко, парите се главното; ете за што да му

се заблагодариме на бога!“ – и тука некаде го потупка по рамото. Мене ми се стори дека Горшков се навреди, то ест не покажа некакво незадоволство, туку само погледна некако чудно во Ратазјаев и раката му ја симна од рамото. А подобро да не се случеше тоа, душичко! Впрочем, има различни карактери. Еве јас, на пример, на таквите радости не би можел да се покажувам горделивец; ете што, родена моја, понекогаш и непотребен поклон и понизност искажуваш, не од нешто друго, туку од настап на душевна добрина и од непотребна мекост на срцето... Но, впрочем, тука веќе работата и не е до мене! „Да, вели, и парите се добри; слава му на бога, слава му на бога!...“ И потоа, сето време, додека бевме кај него, тврдеше: „Слава му на бога, слава му на бога!...“. Жена му нарача ручек поделикатен и побогат. Нашата стопанка самата готвеше за нив. Понекогаш нашата стопанка е добра жена. А пред ручекот Горшков не можеше да седне на едно место. Влегуваше во собите кај сите, поканет, или непоканет. Ете така, само ќе влезе, ќе се насмевне, ќе потприседне на столот, ќе рече по нешто, а понекогаш и ништо не вели – и ќе си отиде. Кај мичманот дури и картите в раце ги зел; го седнале да игра како четврт. Тој поиграл, поиграл, заплеткал некаква бесмислица во играта, фрлил три четирипати и ја мавнал играта. „Не вели, јас само така, јас, вели, ова само онака“, – и си отишол од нив. Мене ме сретна во коридорот, ме зеде за обете раце, ме погледна право в очи, само некако чудно; ми ја стисна раката и си отиде постојано насмевнувајќи се, но некако тешко, чудно насмевнувајќи се, исто како мртовец. Жена му плачеше од радост; така беше сè весело кај нив, како на празник. Набргу тие ручаа. И по ручекот тој ѝ вели на жена си: „Послушајте, душичко, јас ќе прилегнам малку“, – и легнал на постелата. Ја викнал кај себе ќеркичката, и ја ставил раката на нејзиното главче, долго го галел детенцето по главчето. Потоа пак се обрнал кон жена си: „А што е со Пеќењка? Пеќа наш, вели, Пеќењка?...“ Жената се прекрстила и одговорила дека тој, ете, умре. „Да, да, знам, сè знам, Пеќењка е сега во цар-

ството небесно". Жената гледа дека тој самиот не си е при себе, дека него сосем го потресол овој настан, и му вели: „Кога би заспале вие, душичко". – „Да, добро, јас веднаш . . . јас само малку", – и тогаш тој се свртел, полежал малку, потоа се свртел, сакал нешто да рече. Жената не дочула, го препрашала: „Што е, другару мој?" А тој не одговара. Таа зачекала малку – и, си помислила, заспал, и излегла кај стопанката за еден час. По еден час таа се вратила – гледа, мажот уште не се разбудил и лежи, без да се помрднува. Таа мислела дека спие, седнала и зела да си работи нешто. Таа раскажува, дека работела половина час и така потонала во размислувања, што дури не ни паметува за што мислела, вели само дека заборавила за мажот. И наеднаш се освестила од некакво тревожно чувство, и гробната тишина во собата ја вчудовидела најмногу од сè. Погледнала во креветот и гледа, дека мажот ѝ лежи сè уште во истата положба. Се приближила до него, го отскрила ќебето, гледа – а тој веќе остинал – умрел, душичко, Горшков умрел, ненадејно умрел, како да го отепала ровја! А господ ќе знае од што умрел. Мене тоа толку ме потресе, Варењка, што ни досега не можам да се соземам на себеси. Некако не ми се верува, дека толку просто можел човек да си умре. Таков несреќник, таков бедник тој Горшков! Ах, судбина, каква ли судбина беше тоа! Жената во солзи, исплашена. Девојчето се потиснало некаде во аголот. Кај нив сега е таков метеж; ќе прават ли медицинска истрага . . . не знам сигурно да ви речам. Само жално, ох, колку е жално! Тажно е да се помисли, дека навистина не си го знаеше ни денот, ни часот . . . Загинуваш, ете, така, за ништо . . .

Ваш

Макар Девушкин.

19 септември

Почитувана
Варвара Алексеевна!

Брзам да ве известам, пријателко моја, дека Ратазјаев ми најде работа кај некој писател. Дошол не-

којси кај него, донесол до него еден таков дебел ракопис – слава му на бога, многу работа. Само што е толку многу неразбирливо пишано, што не знам како да се фатам за работа: го бараат побргу. Сè некако е пишувано за нешто, што јас како да не го разбирам . . . По четириесет копејки за лист се договоривме. Јас поради тоа и ви го пишувам сево ова, родена моја, дека сега ќе има и настрана пари. Туку, а сега, збогум, душичко. Веќе се фаќам за работа.

Вашиот верен пријател

Макар Девушкин.

23 септември

Скап мој пријателе,

Макаре Алексеевич!

Јас веќе трет ден, пријателе мој, не ви напишав ништо, а имам многу, премногу грижи, премногу тревоги.

Завчера кај мене беше Биков. Бев сама, Фјодора беше излегла некаде. Јас му отворив и кога го видов толку се исплашив што ни од местото не можев да се помрднам. Чувствував дека пребледев. Тој влезе, по својот обичај, со гласна смеа, го зеде столот и седна. Долго не можев да си дојдам на себе, најпосле седнав во катот над работата. Набргу тој престана да се смее. Ми се чини, дека го вчудовиди мојот изглед. Толку многу сум ослабнала во последно време; образиве и очиве ми пропаднале, бев бледа, како крпа . . . навистина, тешко ќе ме познае мене оној, што пред една година ме знаел. Тој долго и упорно гледаше во мене, најпосле пак се развесели. Рече нешто такво; јас не се сеќавам што му одговорив, и тој пак се присмеа. Седеше кај мене цел еден час; долго зборуваше со мене; за повеќе работи се распрашуваше. Најпосле, пред да се поздрави, тој ме зеде мене за рака и рече (јас ви пишувам од збор до збор): „Варвара Алексеевна! Меѓу нас речено, Ана Фјодоровна, вашата роднина, а мојата блиска познајничка и пријателка, е премногу подла жена. (Тука тој ја нарече неа уште со еден неприлеган збор.) Ја свртела и вашата братучетка од

правиот пат; а и вас ве погуби. Од моја страна, во тој случај и јас се покажав подлец, но што се може, работата е животна". Тука тој се насмеа колку што го држеше глас. Потоа забележа дека тој не е мајстор да зборува убаво и дека најглавното, што треба да се објасни, и за што благородната должност му наложувала да не премолчува, тој тоа веќе го изјавил, и дека со куси зборови пристапува кон другото. Тука тој ми рече мене, дека ја бара мојава рака, дека го смета како своја должност да ми ја врати мојата чест, дека тој е богат, дека тој по свадбата ќе ме одведе в село во степата, дека тој таму сака зајаци да лови; дека тој никогаш повеќе во Петербург нема да дојде, потоа дека во Петербург е гнасно, дека има тој тука, во Петербург, еден, како што се изрази самиот, незгоден внук, кого се обидел да го лиши од наследството, токму поради тој случај, то ест, сакајќи да има законити наследници, ја бара мојава рака, дека тоа е главната причина за неговата женачка. Потоа тој забележа, дека јас живеам сосем бедно, дека не е за чудење што сум болна, живеејќи во ваква колиба, ако останам вака уште еден месец ми претскажа неминовна смрт, рече дека во Петербург становите се гнасни и, најпосле, дали ми треба мене нешто?

Јас бев толку вчудовидена од неговиот предлог, што ни сама не знам од што се расплакав. Тој ги прими моите солзи како благородност и ми рече дека тој отсекогаш верувал оти јас сум добра, чувствителна и учена девојка, но дека тој порано не можел да реши, впрочем, за оваа мерка, пред да разбере сè во подробности за моето сегашно држење. Тука тој се распрашуваше за вас, рече дека слушнал за сè, дека вие сте човек со благородни правила, дека тој, од своја страна, не сака да ви биде должен, и дали ќе ви бидат доста петстотини рубли за сè, што сте сториле за мене? А кога јас му објаснив дека вие за мене сторивте толку многу, што со никакви пари не може да се отплати, тогаш тој ми рече мене дека сè е бесмислено: дека сето тоа се романи, дека јас сум уште млада и читам стихови, дека романите ги погубуваат младите девојки, дека книгите само ја расипуваат мо-

ралноста и дека тој не може да поднесува никакви книги; ме советуваше да земам да ги проживеам неговите години и дури тогаш да зборувам за луѓето: „тогаш – додаде тој – и луѓето ќе ги запознаете“. Потоа тој рече да поразмислам за неговите предлози, дека нему ќе му биде многу непријатно, кога јас би го сторила непромислено тој значаен чекор, и додаде, дека непромисленоста и понесеноста ја погубуваат неопитната младост, но дека тој мојата согласност од мене и премногу ја бара, дека, најпосле, во спротивен случај, тој ќе биде присилен да се жени за некоја трговка во Москва, поради тоа што, вели тој, јас сум се заколнал никаквецот – внук да го лишам од наследство. Тој насилно ми стави во ракава петстотини рубли, како што рече, за бонбони; рече, дека во селото јас ќе се здебелам како тиганица, дека кај него ќе се чувствувам како бубрег во лој, дека тој сега има многу грижи, дека тој целиот ден бркал работи и дека сега во меѓувреме дотрчал кај мене. Потоа тој си отиде. Јас долго мислев, многу размислував, се мачев мислејќи, пријателе мој и, најпосле, се решив. Пријателе мој, ќе појдам јас за него, јас морам да се согласам со неговиот предлог. Ако може некој да ме избави од мојов срам, да ми го врати моето чесно име, да ја одврати несреќата, лишувањето и сиромаштијата во иднина, од мене, тогаш тоа може да го стори единствено тој. Што можам да очекувам од иднината, што уште да молам од судбината? Фјодора вели, дека не треба да се бега од својата среќа; вели – во таков случај што е тоа што се вика среќа? Јас барем за себеси не наоѓам друг пат, мој бесценет пријателе. Што да правам? Со работата јас го изгубив и онака сето свое здравје; не сум во состојба постојано да работам. Да одам меѓу луѓето? – ќе се исушам од тага, а згора на сè јас никому не ќе можам да му угодам. По природа сум болникава и поради тоа секогаш ќе бидам бреме во туѓите раце. Најпосле, јас и сега не одам во рајот, но што можам да правам, пријателе мој, што да правам? Што имам да одбирам јас?

Не барав совети од вас. Сакав самата да поразмислам. Решението, кое вие го прочитавте сега, е неи-

зменливо, и јас веднаш ќе му го кажам на Биков, кој и без тоа ме тера побрзо конечно да се решам. Тој вели дека работите кај него не чекаат, дека тој мора да оди и дека нив нема да ги одложува поради глупости. Господ знае, ќе бидам ли среќна во неговата света, неисповедлива власт над мојата судбина, но јас се решив. Велат дека Биков е добар човек; тој ќе ме почитува мене; и јас, можеби, исто така ќе го почитувам него. И што може да се очекува повеќе од нашиот брак?

Ве известувам за сè, Макаре Алексеевич. Јас сум сигурна дека вие ќе ја сфатите сева моја тага. Немојте да ме одвраќате од мојава намера. Вашите усилби ќе бидат залудни. Измерете во своето сопствено срце сè, што ме присили мене да постапам вака. Отпрвин се тревожев многу, но сега сум поспокојна. Што е пред мене, јас не знам. Како ќе биде – нека биде; што ќе даде господ! . . .

Дојде Биков; го оставам писмово незавршено. Сакав уште многу да ви речам. Биков е веќе тука!

В. Д.

23 септември

Душичко Варвара Алексеевна!

Јас, душичко, брзам да ви одговорам; јас, душичко, брзам да ви кажам, дека сум избезумен. Сево ова некако нечини . . . Вчера ние го закопавме Горшков. Да, тоа е така, Варењка, така е тоа; Биков постапил благородно; само, еве, видете, родена моја, значи вие се согласувате. Најпосле, во сè е волјата божја, бездруго мора да постои; и провидението на творецот небесен, секако и благо и неисповедливо, и судбината, исто така, и тие се она вистинското. Фјодора, исто така, чувствува за нас. Најпосле, вие сега ќе бидете среќна, душичко, задоволна ќе бидете, гулабичко моја, ѕвездичко моја, вие ненагледана моја, ангелче мое, – само, ете, видете, Варењка, како стана тоа

толку бргу? . . . Да, работи . . . господин Биков има работи – се разбира, кој нема работи, и тој исто така може да ги има . . . го видов јас него како си одеше откај вас. Претставителен, згоден маж; дури и многу згоден маж. Само што сево ова некако не онака, работата не е токму во тоа, дека тој е згоден маж, и јас, еве, сега некако и не сум при себе. Само, ете, сега како ќе си ги пишуваме писмава еден на друг? Еве јас, та јас како ќе останам сам. Јас, ангелче мое, сè премерувам, премерувам сè, како што ми напишавте вие мене таму, во срцево мое јас сето го премерувам, сите причини. Јас веќе дваесеттиот лист го завршувам со препишувањето, а, меѓутоа, наидоа овие настани! Душичко, значи, ете, вие одите, а треба да ви се купат разни работи, разни чевлички, облекички, а, ете, јас, меѓу другото, имам и еден познат магазин во Горохова улица; се сеќавате ли како еднаш ви го опишував сиот. Но не! И како тоа вие, душичко, што правите вие! Та вие сега не треба да одите, сосем невозможно, никако, невозможно. Та вие треба големи покупки да правите и кочија да најдете. Па сега и времево е лошо; погледнете само, дождот како од крбла се истура, и така постојан дожд, па уште . . уште и тоа, дека вам студено ќе ви биде, ангелче мое; на вашето срце студено ќе му биде! Та вие се плашите од туѓиот човек, а одите. А еве, со кого ќе останам тука јас? Та еве, и Фјодора вели, дека вас ве очекува, голема среќа . . . но таа е бујна жена и таа мене сака да ме погуби. Ќе дојдете ли вие денес на вечерната служба, душичко? Јас би дошол да ве погледам. Вистина е, душичко, вистина е дека сте вие учена, добродушна и чувствителна девојка, само што подобро е тој да си се жени за трговката! Јас, Варенька моја, штом ќе се стемни, ќе претрчам кај вас за еден час. Сега, ете, се стемнува рано, и така јас ќе претрчам. Јас, душичко, денеска бездруго ќе дојдам кај вас за еден миг. Вие, ете, сега го очекувате Биков, а штом тој ќе си отиде, тогаш јас . . . Ете зачекајте ме, душичко, ќе претрчам јас . . .

Макар Девушкин

27 септември

Пријателе мој, Макар Алексеевич!

Господин Биков рече, дека јас неминовно морам да имам три дузини кошулки од холандско платно. Треба, значи, колку што се може поскоро да се најдат шијачки за двете дузинки, а ние имаме многу малку време. Господин Биков се лути, вели дека со овие крпи ужасно многу време се троши. Нашата свадба ќе биде по пет дена, а утредента по свадбата ние патуваме. Господин Биков брза, тој вели дека на глупости не треба да се губи многу време. Јас се измачив од работа и одвај стојам на нозе. Работи цел куп, а, навистина, подобро кога би го немало сево ова. И уште: нам ни недостасуваат свилени и кончени тантели, така што треба да се купат, поради тоа што господин Биков вели, дека тој не сака неговата жена да оди како готвачка, и дека јас бездруго морам „да им го истријам носот на сите спахијки". Тој самиот вели така. И, значи, Макар Алексеевич, појдете, ве молам, кај мадам Шифон во Горхова и помолете, прво, да испратат шивачки кај нас, а второ, таа и сама да се помачи да дојде. Денес јас сум болна. Во новиот стан нам ни е толку студено и ужасно еден неред е. Тетка му на господин Биков од старост одвај-одвај дише. Се плашам дека таа пред нашето заминување може да умре; но господин Биков вели дека не ѝ е ништо, дека ќе се поправи. Кај нас дома е ужасно неред. Господин Биков не живее со нас, така што слугите се разбегуваат веднаш кој каде ќе стаса. Се случува само Фјодора да нѐ послужува: а камердинерот на господинот Биков, кој варди на сѐ, веќе трет ден не се знае каде се изгубил. Господин Биков доаѓа секое утро, постојано се лути и вчера го истепа куќниот настојник, за кое имаше непријатности со полицијата . . . Немав по кого дури и писмава да ви ги праќам. Ви пишувам по градската пошта. Да! За малку што не го заборавив најважното. Речете ѝ на мадам Шифон таа бездруго да ги смени свилените тантели, споредувајќи со вчерашниот урнек, и самата кај мене да дојде за да ѝ го покажам новиот избор. И речете ѝ уште, дека сум се

премислила за канзата, дека треба да се извезе ситно. И уште, на крпчињата буквите на името нека се извезат со тамбур; слушате ли? со тамбур, а не со везење. Пазете, немојте да заборавите, со тамбур! Ете, уште за малку ќе заборавев! Порачајте ѝ, живи господа, ластиците на пелерината да ги сошие издадено, илиците и шиповите кордони, а потоа јаката нека ја опточи со тантела или со широк набран пораб. Ќе ве молам, Макаре Алексеевич, пренесете ѝ!

Ваша

В. Д.

P. S. Мене ми е срам што ве измачувам со моиве порачки. Еве веќе трет ден како трчате цело утро. Но, што да се прави! Кај нас дома нема никаков ред, а јас самава не сум здрава. Така, значи, не лутете ми се Макаре Алексеевич. Таква штама! Ах, што ќе биде ова, пријателе мој, мил мој, добар мој Макаре Алексеевич! Се плашам и да погледнам во мојата иднина. Јас постојано претчувствувам нешто и исто како да живеам во некој чад.

P. S. Живи бога, пријателе мој, немојте да заборавите нешто од она, што ви го реков сега. Јас се плашам да не згрешите во нешто. Запомнете, со тамбур, а не со везење.

В. Д.

27 септември

Почитувана Варвара Алексеевна!

Вашите порачки јас грижливо ги исполнив. Мадам Шифон вели, дека таа и самата мислела да опшива со тамбур; дека така е поприлегано, така ли е, јас веќе не знам, не запаметив како што треба. И уште вие таму напишавте набрани пораби, таа исто така зборуваше и за набраниот пораб. Само јас, душичко, заборавив, што ми зборуваше таа за набраниот пораб. Само паметам, дека таа премногу збору-

ваше; толку грозна жена! Што ли беше тоа? Но, таа самата вам ќе ви раскаже сè. Јас, душичко моја, сосем се сметкав. Денес ни на работа не појдов. Само вие, родена моја, попусто очајувате. Заради вашето спокојство јас сум готов да истрчам по сите магазини. Вие пишувате, дека се плашите да погледнете во иднината. Но ете, вие денес во седум часот ќе дознаете сè. Мадам Шифон ќе дојде кај вас сама. И така, немојте да очајувате; надевајте се, душичко; ќе даде господ, сè ќе тргне кон добро – ете. А јас, ете, сè за нив, сè за оние набрани пораби, проклетите, – ех, ми здодеаја тие набрани пораби! Јас би дотрчал кај вас, ангелче, би дотрчал, бездруго би дотрчал; и онака јас двапати поминував крај вратата од вашата куќа. Но, постојано господин Биков, то ест јас сакам да речам, дека господин Биков е сè онака налутен, и, ете, ова и не е како што треба . . . Туку што се може!

Макар Девушкин

28 септември

Почитуван Макаре Алексеевич!

Живи бога, отрчајте уште веднаш кај продавачот на брилијанти. Речете му, дека обетките со бисери и со смарагди не треба да ги прави. Господин Биков вели, дека тоа е премногу богато, дека е многу скапо. Тој се лути; вели, дека и онака се оддал од пари, и дека ние го ограбуваме него, а вчера рече, дека, кога би знаел однапред за таквите расходи, тогаш немало ни да се врзува. Вели дека треба само да нè венчаат и тогаш уште веднаш ќе отпатуваме, дека нема да има гости, и дека јас не треба да се надевам оти ќе се вртам и ќе танцувам, дека уште е далеку до празниците. Ете, како зборува тој! А господ ми е сведок дали ми е потребно сето тоа мене! Самиот господин Биков го нарачуваше сето тоа. Јас не смеам ни да му одговорам со ништо: толку е распален тој. Што ли ќе биде со мене.

В. Д.

28 септември

Гулапче мое, Варвара Алексеевна!

Јас... то ест продавачот на брилијанти вели – добро; а јас прво за себе сакав да речам, дека се разболев и дека не можам од постела да станам. Ете сега, штом настана време за грижи, потреби, токму тогаш и настинките дојдоа, ѓавол да ги земе! Исто така, ве известувам дека за дополнување на моиве неволи и неговото превосходство повелија да бидат строги, и на Јемелјана Иванович многу се лутеле и викале, и на крајот сосем се изнамачиле, кутричките. Ете, јас ве известувам за сè. Сакав да ви напишам уште нешто, само што се плашам да ве оптоварувам. Еве јас, душичко, глупав човек сум, ви пишувам што ќе ми дојде на умов, онака, можеби вие таму нешто и така – па, што има тука!

Ваш

Макар Девушкин

29 септември

Варвара Алексеевна, родена моја!

Денес јас ја видов Фјодора, гулапче мое. Таа вели, дека вас уште утре ќе ве венчаат, а задутре заминувате, и дека господин Биков веќе зема коњи под наем. За неговото превосходство јас веќе ве запознав, душичко. И уште: сметките од магазинот во Горохова јас ги проверив; сè е точно, и само што е многу скапо. Само, зошто ли ви се лути господин Биков? Па, бидете среќна, душичко! Јас сум задоволен: да, јас ќе бидам радосен, ако вие бидете среќна. Јас би дошол в црква, душичко, но не можам, ме боли крстов. И ете така, јас пак за писмава: кој ќе ни ги предава отсега нив, душичко? Да! Вие на Фјодора сте ѝ сториле големи добрини, родена моја! Со тоа вие сте сториле добро, пријателко моја; тоа вие сте го сториле многу добро. Добродетелство! А за секоја добрина господ ќе ве благословува. Добрите дела не остануваат без награда, и добрината секогаш ќе биде овенчана со венецот на

божјата справедливост, порано, или подоцна. Душичко! Би сакал да ви пишувам многу, онака, секој час, секоја минута само би ви пишувал, постојано би ви пишувал! Кај мене остана уште една ваша книшка, „Сказните на Белкин“, но вие, знаете, душичко, немојте да ми ја земете неа, подарете ми ја мене гулапче мое. Не поради тоа, што јас сакам многу да ја читам. Но вие самата знаете, душичко, наближува зима; вечерите ќе бидат долги, ќе биде тажно, и тогаш и ќе прочиташ. Јас, душичко, ќе поминам од мојот стан во вашиов стариов и ќе живеам кај Фјодора. Со таа чесна жена јас сега никако нема да се разделам; таа покрај тоа е уште и работлива. Вашиот испразнет стан јас вчера поподробно го разгледував. Таму како што беа вашите ѓерѓефи, и везеното на нив, тие така и останале, нечепнати: стојат во аголот. Јас го разгледував, вашиот вез. Останати се тука уште некакви парченца. На едно мое писменце вие сте почнале да намотувате конец. Во масата најдов парче хартија, а на хартијата е напишано: „П о ч и т у в а н М а к а р е А л е к с е е в и ч, б р з а м“ – и толку. Очигледно некој ве прекинал на најинтересното место. Во аголот зад пердињата стои вашето креветче . . Гулапче мое!!! Па проштавајте, проштавајте; живи бога, одговорете ми нешто на ова писменце, што побргу.

Макар Девушкин

30 септември

Бесценет пријателе мој, Макаре Девушкин!

Сè е свршено! Мојата жрепка падна; не знам каква е, но јас ѝ се потчинувам на волјата господова. Утре ние одиме. Се проштавам со вас последен пат, бесценет мој, пријателе мој, благодетелу мој, роден мој! Не тагувајте по мене, живејте среќно, сеќавајте се за мене, и нека слезе на вас благословот божји! Јас со своите мисли често ќе си спомнувам за вас, и во моите молитви. Ете, значи, се заврши тоа време! Јас малку радости ќе однесам во новиот живот од сеќа-

вањето, а вие, толку поскапоцен ќе му бидете вие на моево срце. Вие, единствен пријателе мој; само вие единствен тука ме сакавте мене. Та јас го гледав сето тоа, та јас знаев, како ме сакавте вие мене! Само со една моја насмевка вие бевте среќен, само со еден ред од моето писмо. Вие сега ќе морате да се одвикнувате од мене! Како ќе останете вие тука сам! Со кого ќе останете вие тука, добар, бесценет, единствен пријателе мој! Ви ја оставам книшката, ѓерѓефите, започнатото писмо; кога ќе ги гледате тие започнати редови, тогаш вие со мислите читајте понатаму сè, што би сакале да чуете, или да прочитате од мене, сè што би ви напишала јас вам, а што не сум напишала сега! Сетете се за вашата кутра Варењка, која вас толку силно ве сакаше. Сите ваши писма останаа во комодата на Фјодора, во горниот сандак. Пишувате дека сте болен, а господин Биков денес никаде не ме пушта. Јас ќе ви пишувам, пријателе мој, ви ветувам, но, ете, само господ знае што може да се случи. И така, сега да се простиме засекогаш, пријателе мој, гулапче мое, роден мој, засекогаш! . . Ох, како би ве прегрнала сега јас! Простете, пријателе мој, простете, проштавајте! Живејте среќно, бидете здрав. Мојата молитва вечно ќе биде со вас. О! колку ми е тажно, колку ми е потиштена целава душа. Господин Биков ме вика. Вечно ве љуби.

В. Д.

P. S. Мојава душа е толку полна, толку е полна таа сега со солзи . . .

Солзите ме притискаат, ме раскинуваат. Збогум.

Боже! Колку е тажно!

Паметувајте ја, паметувајте ја вашата бедна Варењка!

*

* *

Душичко, Варењка, гулапче мое, бесценета моја. Вас ве одведуваат, вие си одите! Да, подобро тие сега срцево да ми го откинеа од градиве, отколку вас од мене! А вие што! Ете, вие плачете и одите!Еве сега јас

од вас писменцево го добив, целото испокапано со солзи. Се чини, дека вам не ви се оди; се чини како да ве одведуваат, сосила мора вам да ви е жал за мене, мора вие мене да ме сакате! И како тоа, со кого ќе бидете вие сега? На вашето срце таму ќе му биде тажно, омразено и студено. Тагата ќе го исцица него, жалоста ќе го раскине надве. Таму вие ќе умрете, таму вас ќе ве закопаат во црна земја; за вас таму ќе нема ни кој да поплаче. Господин Биков постојано зајаци ќе тепа . . . Ах, душичко, душичко! на што ли се решивте вие, и како можевте да се решите на такво нешто? Што сторивте, што сторивте, што сторивте со себеси! Та вас таму в гроб ќе ве положат; тие таму ќе ве доумрат вас, ангелче. Та вие, душичко, сте слабичка, како пердувка. И каде ли бев јас? И што гледав јас, будала никаков! Гледам, детето блада, детето просто главата го боли! Место јас напросто – само не, јас, будала низаеден, ништо не ни помислувам, нити пак гледам нешто, како да сум прав, како да не ме интересира; и уште трчам по набраните порапчиња! . . . Не Варенька јас, ќе станам, утре, јас, можеби и ќе оздравам, и тогаш ќе станам! . . . Јас, душичко, ќе се фрлам под тркалата; јас нема да ве пуштам да си отидете! Но не, та каква е, всушност, оваа работа? Според какво право се прави сево ова? Јас ќе отпатувам со вас; јас ќе потрчам по вашата карета, ако не ме земете, и ќе трчам колку што имам сили, сè додека не излезе душата од мене. Та знаете ли само како е таму, каде што одите вие, душичко? Вие, можеби, не го знаете тоа, тогаш прашајте ме мене! Таму е степа, родена моја, степа е таму, гола степа; еве вака, како што е гола дланкава моја! Низ неа гази бесчувствена жена и необразован мужик, пијаница чекори. Таму сега лисјата од дрвјата се изрониле, таму врнат дождови, таму е студено – а вие одите таму! Да, господин Биков има работа таму: тој таму со зајаците ќе си биде, а што ќе правите вие? Вие сакате спахијка да бидете, душичко? Но, херувимче вие мое! погледнете се себеси, прилегате ли вие на спахијка? . . . Та како може да биде нешто такво, Варенька! Кому ќе му пишувам јас писма, душичко? Да! Та, ете, вие претста-

вете си, душичко – речете си, кому ќе му пишува писма отсега тој? Кого ќе го наречувам јас душичко; со тоа име, така љубезно, кого ќе го наречувам јас? Каде ќе ве најдам јас после, ангелче мое? Јас ќе умрам, Варењка, бездруго ќе умрам; оваа несреќа нема да ја поднесе моево срце. Јас вас, како виделината божја ве сакав, како родена ќерка ве сакав, јас сè ваше сакав, душичко, родена моја! и само поради вас и живеев јас!Јас и работев, и актите ги пишував, и одев, и шетав, и моите забелешки на хартијата ѝ ги предавав во вид на пријателски писма, сето само поради тоа, што вие, душичко, тука отспротива, поблиску што живеевте. Вие, можеби, и не го знаевте тоа, а сето тоа беше токму така! Но, почујте, душичко, расудете вие, гулапче вие малечко, како може да биде ова, вие да си отидете од нас? Родена моја, та вие не можете, не смеете да одите просто нема никаква можност! Та ете, врне дожд, а вие сте слабичка, ќе настинете. Вашата карета ќе пропушта дожд; таа неминовно ќе пропушта. Штом ќе излезете таа ќе се скрши; нарочно таа ќе се скрши. Та тука, во Петербург, премногу лоши карети прават! Јас и сите тие колари ги знам; тие само за фазончето; некаква играчка да смајсторисаат, таму а слабо! ќе се заколнам дека слабо ги прават! Јас, душичко, на колеици пред господин Биков ќе паднам; јас ќе му докажам, сè ќе му докажам! И вие, душичко, докажете му, резонски докажете му! Речете дека вие останувате и дека не можете да одите! . . . Ах, зошто тој во Москва за трговката не си се ожени? Та нека си се оженеше тој за неа таму! Трговката нему му е подобра, таа нему многу подобро ќе му прилегаше; та јас знам зошто! А вас јас тука кај себеси ќе ве чував. А што ви е вам тој, Биков, душичко? Со што тој наеднаш ви стана мил? Вие, можеби, поради тоа, што тој таму набрани порапчиња ви изнакупи, вие, можеби, поради тоа! Добро, но што се тоа набрани порапчиња? зошто набрани порапчиња? Ете тоа е, душичко, бесмислица! Тука станува збор за живот човечки, а ваму таа, душичка крпчиња – набрани порапчиња; таа душичка, некакви порапчиња набрани, парталчиња. Та, ете, јас

и самиов, само да ја добијам платата, ќе накупам порапчиња набрани, јас ќе ви изнакупам, душичко; јас таму и магазинче едно познато имам; само дајте платата да ја дочекам, херувимче мое, Варенька! Ах, господе, господе! Толку несигурно вие со господин Виков во степата заминувате, бесповратно заминувате! Ах, душичко! Не; вие мене уште ќе ми напишете, уште едно посменце вие ќе ми напишете мене за сè, и кога ќе појдете, исто така, вие оттаму ќе ми напишете писмо. И инаку, ангеле мој небесен, ова ќе биде последното писмо, а ете, тоа никако не може да биде така, ова писмо да биде последно. Та како тоа, толку одеднаш, и бездруго да биде последно! Но не, јас ќе ви пишувам, а и вие пишувајте . . . И без тоа мене сега стилов ми се оформува . . . Ах, родена моја, каков стил! Та ете, јас веќе и не знам, што е ова, што го пишувам, никако не знам, ништо не знам и не препрочитувам, ни стилот не го исправам, туку пишувам, само колку да пишувам, само вам колку што може повеќе да ви напишам . . . Гулапче мое, родена моја, душичко вие моја!

ДВОЈНИК

Петербуршка поема

ГЛАВА I

Беше нешто пред осум часот наутро кога титулариот советник Јаков Петрович Голјаткин се разбуди по долго спиење, се прозевна, протегна и, најпосле, сосема ги отвори своите очи. Навистина, тој минута-две лежеше неподвижно во својата постела, како човек што сè уште не е сигурен дали се разбудил или уште спие, дали тоа што се случува околу него е најаве и стварно или е продолжение на неговите неповрзани соништа. Меѓутоа, набргу сетилата на господин Голјаткин почнаа појасно да ги примаат своите обични, секојдневни впечатоци. Како стари познајници погледнаа на нѐго нечисто зелените, исчадени, прашливи видови на неговата малечка собичка, неговото орманче од махагонија, столовите со имитација на махагонија, црвено бојадисаната маса, отоманот, преслечен со црвеникава мушама со зелени цветчиња, и на крајот, облеката што вчера набрзина ја слече и фрли како партал на отоманот. И најпосле сивиот есенски ден, матен и нечист, така намуртено и со таква кисела гримаса зирна во собата низ матниот прозорец, што господин Голјаткин веќе воопшто не можеше да се сомнева дека се наоѓа во некоеси царство од бајка, туку е во градот Петербург, во престолнината, во Шестилавочната улица, на третиот кат на мошне висока и солидно градена куќа, во сопствениот стан. Штом го направи ова важно откритие господин Голјаткин грчевито ги затвори очите, небаре жалејќи за неодамнешниот сон и сакајќи да го врати за момент. Но по една минута тој наеднаш скокна од

постела, веројатно сфаќајќи ја најпосле идејата околу која се вртеа дотогаш неговите расеани и несредени мисли, скокнувајќи од постела тој веднаш притрча кон малото тркалезно огледалце што стоеше на орманчето. Иако мамурливата, кратковида и прилично ќелава глава, што се појави во огледалото, беше на прв поглед така безначајна што не привлекуваше ама баш ничие внимание, нејзиниот сопственик изгледа остана сосема задоволен од тоа што го виде во огледалото. „Резил ќе беше, — промрмори полугласно господин Голјаткин, — резил ќе беше ако денес ми фалеше нешто, ако се случеше, на пример, нешто наопаку — да ми излезеше некое непотребно чирче или пак некоја друга непријатност; впрочем, засега не е лошо, засега сè оди добро".

Сиот радосен што сè му оди добро, господин Голјаткин го стави огледалото на поранешното место, а тој, иако беше бос и во алиштa во кои обично спиеше, притрча кон прозорецот и многу внимателно почна со погледот да бара нешто по дворот на куќата каде што гледаа прозорците на неговиот стан. Изгледа и она што го најде во дворот наполно го задоволи; лицето му светна од самозадоволна насмевка. Потоа, откако sирна во сопчето на Петрушка, својот собар, и откако се убеди дека Петрушка го нема таму, тој напрсти се доближи до масата, отклучи една фиока, помеша по дното на фиоката, извади најпосле од под старите пожолтени хартии и разните дребулии зелено излижано кесе за пари, го отвори внимателно и претпазливо и со наслада ја прегледа најскришната негова преграда. Веројатно врска зелени, сиви, модри, црвени и разни шарени банкноти исто така мошне љубезно и благонаклоно погледнаа на господин Голјаткин: со светнато лице го стави тој пред себе на масата отвореното кесе и силно си ги протри рацете во знак на најголемо задоволство. Најсетне тој ја извади неа, својата драга врска банкноти и по стоти пат, впрочем, од вчерашниот ден, почна да ги брои, внимателно триејќи ја секоја од нив меѓу палецот и показалецот. „Седумстотини и педесет рубли! – заврши најпосле полугласно. – Седумстотини и педесет

рубли... прилична сума! Тоа е добра сума, — продолжи тој со треперлив, малу разнежен од задоволство глас, стегајќи ја врската в раце и насмевнувајќи се значајно. — Тоа е многу убава сума! За секого убава сума! Би сакал сега да го видам тој за кого овие пари би биле ситна работа. Ваква сума може далеку да го одведе човека...“

„Но што е ова? – си помисли господин Голјаткин, — каде ли е Петрушка?“ Сè уште во истата облека тој повторно погледна зад преградата. Петрушка пак го немаше, а само еден на подот ставен самовар се лутеше, нервираше и тресеше, постојано застрашувајќи дека ќе прекипи; тој со занес нешто брзо дрдореше на својот чуден јазик, шушкајќи му го на господин Голјаткин сигурно ова: „Земете ме, добри луѓе, па јас сум веќе готов“.

„По ѓаволите! – си помисли господин Голјаткин, – Овој мрзлив неранимајко може во крајот на краиштата да го доведе човека до лудило; каде ли скита тој сега?“ Оправдано налутен тој влезе во претсобјето, кое претставуваше мал коридор на чиј крај се наоѓаше врата што води во тремот, ја подотвори таа врата и го виде својот слуга окружен со прилична група од секаков слугински, домашен и надворешен цган. Петрушка нешто раскажуваше, другите слушаа. Изгледа ниту темата на разговорот, ниту самиот разговор не му се свидеа на господин Голјаткин. Тој веднаш го викна Петрушка и се врати во собата сосема незадоволен, дури изнервиран. „Овој неранимајко за ништо би го продал човека, особено господарот, — си помисли тој за себе, — и би го продал, сигурно продал, готов сум да се обложам, дека би ме продал за помалку од една копејка. Е, што е?...“

— Ја донесоа ливрејата, господару.

— Облечи ја и ела ваму.

Штом ја облече ливрејата, Петрушка, глупо насмевнувајќи се, влезе во господиновата соба. Беше дотеран необично чудно. На себе имаше зелена, мошне изветвена ливреја, со златни излижани ширити и шиена, изгледа, за човек цел аршин повисок од Пет-

рушка. Во рацете тој држеше шешир, исто со ширити и со зелени перја, а на колкот имаше лакејски меч во кожна канија.

На сето тоа, за да биде сликата целосна, Петрушка, останувајќи ѝ верен на својата сакана навика да оди секогаш во неглиже, како дома, беше и сега бос. Господин Голјаткин го разгледа Петрушка од сите страни и остана, изгледа, задоволен. Ливрејата очевидно беше земена на услуга за некој свечен случај. Се гледаше исто така дека за време на прегледот Петрушка со некакво чудно исчекување гледаше на господинот и со необично љубопитство го следеше секое негово движење, што до крајност го збунуваше господин Голјаткин.

— А кочијата?

— И кочијата дојде.

— За цел ден?

— За цел ден. Дваесет и пет рубли.

— А чизмите ги донесоа ли?

— И чизмите ги донесоа.

— Глупак! Не можеш да кажеш: ги донесоа, господине. Дај ги ваму.

Кога го изрази своето задоволство што чизмите му се токму, господин Голјаткин побара чај, и да се измие и избричи. Се избричи тој многу грижливо, исто така се изми, го испи набрзина чајот и се зафати со своето главно, конечно облекување: облече речиси сосема нови панталони, потоа наградник со бронзани копчиња, елек со мошне светли и пријатни цветчиња. На вратот си врза шарена свилена врска и, на крајот, облече исто така нов и грижливо исчистен фрак.

Додека се облекуваше тој неколкупати погледна со љубов на своите чизми, секоја минута ја креваше ту едната, ту другата нога, се наслаѓуваше од нивната форма и целото време си шептеше нешто под нос, одвреме навреме намигнувајќи ѝ на својата мисла со изразита гримаса. Впрочем, тоа утро господин Голјаткин беше крајно расеан, затоа што не ги забележа насмевките и гримасите на негова сметка од Петрушка, којшто му помагаше да се облече. Нај-

после, кога заврши сè што требаше и сосема се облече, господин Голјаткин го стави своето кесе в џеб, уште еднаш го погледна со задоволство Петрушка, којшто ги обу чизмите и на тој начин беше исто така сосема готов, и кога виде дека сè е веќе направено и нема што да се чека, тој брзо и со малу вознемирено срце стрча низ скалите.

Сината изнајмена кочија, со некакви грбови, бучно се приближи кон влезот. Петрушка, намигнувајќи му на кочијашот и на некакви бадијалции, го седна својот господар во кочијата и со необичен глас, и одвај воздржувајќи го смевот, викна: „Терај!", скокна на задната папуча и сето тоа, со шум и тресок, звонејќи и бучејќи, се упати кон Невскиот проспект.

Штом сината кочија излезе од портата господин Голјаткин грчевито си ги протри рацете и почна тивко, нечујно да се смее, како весел човек на кого шегата му успеала, па сега и самиот силно се радува. Меѓутоа, веселиот бран веднаш го замени некаква чудна загриженост на лицето на господин Голјаткин. Иако времето беше влажно и облачно, тој ги спушти двата прозорци на кочијата и почна внимателно налево и надесно да ги разгледува минувачите, примајќи сериозен и достоинствен изглед штом ќе забележеше дека некој го гледа. При свртувањето од Литејна на Невскиот проспект тој се стресе од многу непријатно чувство, се намурти како несреќник на кого случајно му стапнале на болно место, и брзо, дури со страв се згуши во најтемното катче на колата.

Работата беше во тоа што тој сретна двајца свои колеги, двајца млади чиновници од установата во која самиот работеше. И чиновниците од своја страна беа, како му се стори на господин Голјаткин, исто така крајно изненадени од ваквата средба со својот колега. Дури еден од нив покажа со прст на господин Голјаткин. На господин Голјаткин дури му се причини, дека другиот го викна силно на име, што, се разбира, беше многу несериозно на улица. Нашиот јунак се притаи и не се одзва. „Какви детишта! — почна тој да размислува. — Што има тука чудно? Човек во кола; на човекот му е потребна кола, и тој си зел кола. Ни-

каквеци едни! Ги знам јас нив — детишта што треба добро да се истепаат! За нив е само крајцарица кога ќе примат плата и да скитнат некаде, ете што ги интересира. Би имал што да им речам на сите, ама нема . . .“

Господин Голјаткин не заврши, целиот се здрви. Брз чифт казански коњи, добро познати на господин Голјаткин, впрегнати во наконтена лесна кола, брзо ја минаа неговата кола оддесно. Господинот што седеше во колата и случајно го виде лицето на господин Голјаткин, којшто доста непретпазливо ја подаде главата низ прозорецот на кочијата, очигледно исто така беше силно изненаден од неочекуваната средба и, откако се наведна докрај, со најголемо љубопитство и заинтересирано почна да се загледува во она катче на кочијата каде јунакот наш побрза да се скрие. Господинот во лесната кола беше Андреј Филипович, началник на одделението во кое служеше и господин Голјаткин како помошник-референт.

Господин Голјаткин, кога виде дека Андреј Филипович го препозна сосема и не го отргнува погледот од него, и дека тој никако не може да се скрие, поцрвене до ушите. Да се поздрави или не? Да се јави или не? Да се открие или не? — вакви мисли го мачеа нашиот јунак, — „Или да се преправам дека тоа не сум јас, а некој друг што страшно личи на мене и да гледам како ништо да не се случило? Токму така — не сум јас, не сум јас, и готово! — си зборуваше господин Голјаткин, симнувајќи го шеширот пред Андреј Филипович и не оттргнувајќи го од него погледот. — Јас, јас ништо, — одвај шепотеше тој, — јас апсолутно ништо, тоа не сум јас, Андреј Филипович, тоа воопшто не сум јас, не сум — и готово“. Колата брзо ја престигнаа кочијата и магнетизмот на началниковиот поглед престана. Меѓутоа, тој не престануваше да црвенее, да се насмевнува, да мрмори нешто нејасно . . . „Будала бев што не се јавив, — помисли тој најпосле, — требаше едноставно, смело и отворено, но благородно да се рече: така и така, Андреј Филипович, и јас сум поканет на ручек, и готово!“

Потоа, кога наеднаш се сети дека се осрамоти, нашиот херој пламна како оган, ги намурти веѓите и фрли страшен предизвикувачки поглед на предниот дел на кочијата, поглед со кој сакаше да ги истолчи во прав и пепел сите непријатели негови. Најпосле, ненадејно, по некаква инспирација, го тргна гајтанот што беше врзан за лактот на кочијашот, ја застана кочијата и нареди да сврти назад, кон Литејна. Работата беше во тоа што на господин Голјаткин му се присака, веројатно заради сопственото спокојство, да му каже нешто многу интересно на својот лекар Крестјан Иванович. И макар што со Крестјан Иванович се познаваше од неодамна, го посети само еднаш минатата недела поради некоиси работи, но нели лекарот е, како се вели, исповедник, — глупаво би било да се криеш, а и познавањето на пациентот е негова обврска.

„Дали е, впрочем, сето тоа така, — продолжи нашиот херој излегувајќи од кочијата пред влезот на една петкатна куќа на Литејна, пред која нареди да ја запрат неговата кочија, — дали е сето тоа токму така? Ќе биде ли умесно? Дали е згодно? Впрочем, не е важно, — продолжуваше тој качувајќи се по скалите, издишувајќи се и смирувајќи го чукањето на срцето, што имаше навика да чука силно на сите туѓи скали. — Не е важно. Па јас идам по своја работа и тука нема ништо неприлично... Би било глупаво да се кријам. Јас и така ќе направам како да нема ништо, а дека така, патем... А тој ќе види дека и треба да биде".

Размислувајќи така господин Голјаткин се искачи на првиот кат и застана пред станот број пет, на чија врата имаше убава месингана плочка со натпис:

Крестјан Иванович Рутеншпиц
Доктор по Медицина и Хирургија

Штом застана нашиот јунак побрза да му даде на своето лице пристоен, слободен израз, со извесна мера на љубезност, и се приготви да го повлече гајтанот на ѕвончето. Готвејќи се да го повлече гајтанот на ѕвончето тој брзо и доста умесно помисли: не е ли

подобро утре, зашто засега нема голема потреба. Но во тоа време господин Голјаткин наеднаш слушна на скалите нечии чекори и веднаш го измени своето ново решение и веќе така, впрочем, најрешително засвони на вратата на Крестјан Иванович.

ГЛАВА II

Докторот по медицина и хирургија Крестјан Иванович Рутеншпиц, мошне здрав човек, иако веќе во години, надарен со прошарени густи веѓи и бакенбарди, изразен и сјаен поглед, којшто, изгледа, на едни им ги истеруваше сите болести, и, најпосле, со важен орден, — седеше тоа утро во својот кабинет во удобна фотелја, го пиеше кафето што сопствено-рачно му го донесе неговата докторка, пушеше цигара и одвреме навреме им препишуваше на своите пациенти рецепти. Кога го препиша последниот лек на некој старец што страдаше од хемороиди, и го испрати болното старче до споредната врата, Крестјан Иванович седна да го чека следниот пациент. Влезе господин Голјаткин.

Изгледа Крестјан Иванович воопшто не го очекуваше, а и не сакаше да го види пред себе господин Голјаткин, зашто тој наеднаш за момент се збуни и без да сака на лицето покажа некаква чудна, дури, може да се рече, недоволна гримаса. Поради тоа што господин Голјаткин од своја страна речиси секогаш некако незгодно се збунуваше и се губеше во оние мигови кога требаше да застане лице в лице со некого заради лични свои работи, тој и сега — бидејќи не ја беше приготвил првата реченица што во такви случаи за него беше вистински камен на препнување — доста се збуни, нешто промрмори, изгледа — извинување, и, не знаејќи што друго да прави, зеде стол и седна. Но штом се сети дека седна без покана, веднаш ја почувствува својата непристојност и побрза да ја поправи грешката во непознавањето на светот и бон-тонот, брзо станувајќи од зафатеното без покана место. Потоа, откако дојде на себе и нејасно за-

бележа дека сторил две глупости наеднаш, не чекајќи ни секунда се реши на трета, то ест се обиде да се извини, промрмори нешто насмевнувајќи се, се сцрви, збуни, значајно замолкна и, најсетне, седна конечно и веќе не стануваше, а само се осигура, за секој случај, со оној свој предизвикувачки поглед, којшто ја имаше необичната сила да ги претвора во прав и уништува сите непријатели на господин Голјаткин. Згора на сè, тој поглед наполно ја изразуваше независноста на господин Голјаткин, то ест зборуваше јасно дека господин Голјаткин си е човек на место и си има свој живот како и сите, и дека ништо друго не го интересира. Крестјан Иванович се поднакашла, изгледа во знак на одобрување и своја согласност со сево ова, и упати инспекторски прашален поглед на господин Голјаткин.

— Јас, Крестјане Иванович, — започна господин Голјаткин со насмевка, — дојдов да ве вознемирувам по втор пат и сега по втор пат се осмелувам да ве молам да бидете снисходителен... — Господин Голјаткин очевидно не наоѓаше зборови.

— Хм... да! — прозбори Крестјан Иванович, испуштајќи од устата млаз од чад и клавајќи ја цигарата на масата, — но вие треба да го спазувате напатствието; јас нели ви објаснив дека лечењето ваше треба да се состои од промена на навиките... Да се разонодувате, пријателите ваши и познајниците да ги посетувате, а освен тоа и на шишето да не му бидете непријател. Постојано да бидете во весело друштво.

Сè уште насмевнувајќи се, господин Голјаткин побрза да забележи дека нему му се чини оти е тој како сите други, дека тој си е во своја куќа, дека има разонода како и сите..., дека тој, се разбира, може да оди на театар, бидејќи, како и сите, средства има, дека дење тој е на работа, а навечер дома, дека ништо не му недостасува; забележа дури, патем, дека тој, како нему му изгледа, не е полошо од другите, дека тој живее во свој стан и дека, на крајот на краиштата, го има Петрушка. Тука господин Голјаткин застана.

— Хм, не, таквиот живот не е она што го мислам, и јас вас сакав сосема подруго да ве прашам. Јас се интересирам да знам дали сте вие голем љубител на весело друштво, дали весело го минувате времето... Е, меланхоличен или весел начин на живот сега имате?

— Јас, Крестјане Иванович...

— Хм... јас реков, — го прекина докторот, — дека вие треба од основа да го измените целиот свој живот и донекаде да го скршите својот карактер (Крестјан Иванович стави силен акцент на зборот „скршите“ и застана за момент со мошне значаен израз). Да не го избегнувате веселиот живот; театарот и клубот да ги посетувате и во секој случај да не сте непријател на шишето. Да се седи дома не е убаво... за вас е апсолутно недопустливо да седите дома.

— Јас, Крестјан Иванович, ја сакам тишината, — прозбори господин Голјаткин, фрлајќи значаен поглед на Крестјан Иванович и очевидно барајќи зборови за најсреќно изразување на својата мисла. — Во станот сме само јас и Петрушка... сакам да кажам мојот слуга. Сакам да кажам, Крестјане Иванович, дека јас одам по свој пат, по сопствен пат, Крестјане Иванович. Си имам свој живот и, како што ми се чини, од никого не зависам. Јас, Крестјане Иванович, исто така излегувам да шетам.

— Како?... Да! Но сега да се шета воопшто не е пријатно: времето е многу лошо.

— Така е, Крестјане Иванович. Јас, Крестјане Иванович, иако сум мирен човек, како што веќе, ми се чини, имав чест да ви објаснам, сепак си имам свој пат, Кретсјане Иванович. Животниот пат е широк... Јас сакам... сакам, Крестјане Иванович, да кажам со тоа... Извинете, Крестјан Иванович, јас не сум мајстор на убаво зборување.

— Хм... вие велите...

— Велам да ме извините, Крестјане Иванович, што јас, како ми се чини, не сум мајстор за убаво зборување, — рече господин Голјаткин со полунавреден тон, малу збунето и сплеткано. — Во тој однос, Крестјане Иванович, јас не сум како другите, — додаде

тој со некаква особена насмевка, — и не умеам многу да зборувам и не учев слаткоречиво да се искажувам. Но затоа, Крестјане Иванович, јас дејствувам; но затоа дејствувам, Крестјане Иванович!

— Хм... Како вие тоа... дејствувате? — се одзва Крестјан Иванович. Потоа, за момент настана молчење. Докторот некако чудно и недоверливо погледна на господин Голјаткин. Господин Голјаткин од своја страна исто така прилично недоверливо погледна накриво на докторот.

— Јас, Крестјане Иванович, продолжуваше господин Голјаткин со истиот тон, малу возбуден и загрижен од крајната упорност на Крестјан Иванович, — јас, Крестјане Иванович, го сакам мирниот, а не бурниот светски живот. Таму кај нив, зборувам за отмениот свет, Крестјане Иванович, треба да знаеш со чевлите паркет да чистиш... (овде господин Голјаткин стругна лесно со ногата по подот), таму тоа се бара, и каламбур исто така се бара... комплименти фини да умееш да правиш... ете што таму се бара. А јас тоа не сум го учел, Крестјане Иванович, сите тие мајстории не сум ги учел. Немаше кога. Јас сум обичен, едноставен човек и надворешен сјај немам. Тука, Крестјане Иванович, се предавам, го полагам оружјето, што се вели. — Сето ова господин Голјаткин го изговори, се разбира, со таков израз што јасно даваше на знаење, дека јунакот наш воопшто не жали за тоа што во таа смисла го полага оружјето, и што мајстории не учел, туку токму напротив. Крестјан Иванович го слушаше, гледаше в земја со мошне непријатна гримаса на лицето и небаре нешто однапред претчувствуваше. По тирадата на господин Голјаткин настана доста долго и значајно молчење.

— Вие, ми се чини, малу се оддалечивте од темата, — рече најпосле Крестјан Иванович полугласно. — Јас, право да ви речам, не успеав наполно да ве разберам.

– Јас не сум мајстор за убаво зборување, Крестјане Иванович. Јас веќе имав чест да ве известам, Крестјане Иванович, дека не сум мајстор за убаво

зборување, — рече господин Голјаткин, овој пат со остар и решителен тон.

— Хм...

— Крестјане Иванович! — почна пак господин Голјаткин со тих, но мошне значаен глас, некако свечено, застанувајќи на секоја мисла. — Крестјане Иванович, кога влегов овде јас почнав со извинувања. Сега го повторувам истото и пак ве молам да бидете снисходителен за извесно време. Јас, Крестјане Иванович, нема што од вас да кријам. Јас сум мал човек, самите тоа го знаете; но, за моја среќа, не жалам за тоа што сум мал човек. Напротив, Крестјане Иванович. И, да бидам искрен, јас дури се гордеам со тоа што не сум голем човек, туку сум малечок. Не сум интригант, — и со тоа се гордеам. Не дејствувам потајно, а отворено, без лукавство, иако би можел и јас од своја страна на напакостам, и тоа добро да напакостам, и дури знам на кого и како, но јас не сакам да си ги валкам рацете и во таа смисла, Крестјане Иванович, си ги мијам рацете! — Господин Голјаткин за миг значајно замолчи; зборуваше тој со кротко воодушевување.

— Одам јас, Крестјане Иванович, — продолжуваше нашиот јунак, — право, отворено и без околни патишта, затоа што ги презирам и ги оставам на другите. Не се трудам да ги понижам оние, кои се, можеби, од мене и вас подобри... то ест сакам да кажам од мене и другите, Крестјане Иванович, не сакав да речам од вас. Загатнувања не љубам; за мизерни дволичности не ми е грижа; од клевети и сплетки се гнасам. Маска ставам само на маскарада, а не ја носам пред луѓето секој ден. Ве прашувам јас вас само, Крестјане Иванович, како би му одмаздиле вие на својот непријател, на најголемиот непријател свој, на оној што вие би го сметале за таков? – заврши господин Голјаткин, фрлајќи предизвикувачки поглед на Крестјан Иванович.

Иако господин Голјаткин го изговори ова сосема јасно и разбирливо, со сигурност, мерејќи ги зборовите и сметајќи на најсилен ефект, сепак со неспокојство, со големо неспокојство гледаше сега на Крес-

тјан Иванович. Сега тој сиот се претвори во очи и плашливо, тажно и со нетрпение го чекаше одговорот на Крестјан Иванович. Но, за големо изненадување и крајна вчудоневиденост на господин Голјаткин, Крестјан Иванович нешто промрмори под нос, потоа ја приближи фотељата до масата и доста суво, но, впрочем, учтиво му го соопшти горе-долу следново: нему времето му е драгоцено и тој него некако не го разбира потполно, дека впрочем е готов со што може да му помогне, доколку е тоа во неговите сили, но во сите други работи што не се однесуваат до него тој не навлегува. Овде тој го зеде перото, ја доближи хартијата, исече лекарски рецепт и соопшти дека веднаш ќе му препише што треба.

— Не, не треба, Крестјане Иванович! не, тоа воопшто не е потребно! — прозбори господин Голјаткин, потстанувајќи од местото и фаќајќи го Крестјан Иванович за десната рака. — Тоа, Крестјан Иванович, сега воопшто не е потребно...

Меѓутоа, додека господин Голјаткин го зборуваше сево ова во него настана некаква чудна промена. Неговите сиви очи некако чудно светнаа, усните затреперија, сите мускули, сите црти на неговото лице се размрдаа, се раздвижија. Самиот тој се тресеше. Штом го направи своето прво движење и ја запре раката на Крестјан Иванович, господин Голјаткин стоеше неподвижно, небаре самиот на себе си не си веруваше и очекуваше инспирација за понатамошните постапки.

Тогаш се случи доста чудна сцена.

Малу изненаден, Крестјан Иванович за миг како да прирасна за својата фотеља и збунето, со ококорени очи гледаше во господин Голјаткин, кој на истиот начин гледаше на него. Најпосле Крестјан Иванович стана, придржувајќи се лесно за реверот на мундирот на господин Голјаткин. Неколку секунди стоеја тие така, неподвижно и не оттргнувајќи ги очите еден од друг. Тогаш на необично чуден начин дојде и до второто движење на господин Голјаткин. Усните му се растреперија, брадата почна да потскокнува и нашиот херој сосема неочекувано заплака. Липајќи, климајќи со главата и удирајќи се в гради

со десната рака, а со левата фаќајќи се исто така за реверот на домашната облека на Крестјан Иванович, тој се обидуваше да зборува и нешто веднаш да објасни, но не можеше ниту збор да прозбори. На крајот Крестјан Иванович дојде на себе од вчудоневидеността.

— Немојте, успокојте се, седнете! — прозбори тој најпосле, трудејќи се да го седне господин Голјаткин во фотељата.

— Јас имам непријатели, Крестјане Иванович, непријатели имам; имам зли непријатели, што се заколнале да ме уништат... — одговори господин Голјаткин плашливо и со шепот.

— Доста, доста, какви непријатели! Не треба да се споменуваат непријатели! Тоа апсолутно не е потребно. Седнете, седнете, — продолжуваше Крестјан Иванович, седнувајќи го конечно господин Голјаткин во фотељата.

Господин Голјаткин најпосле седна, но не оттргнувајќи ги очите од Крестјан Иванович. Крестјан Иванович со крајно незадоволен израз почна да чекори од едниот до другиот агол на својот кабинет. Настана долго молчење.

— Јас сум ви благодарен, Крестјане Иванович, многу благодарен и добро го чувствувам сето тоа што вие за мене сега го сторивте. До гроб ќе ја паметам љубезноста ваша, Крестјане Иванович, — рече најпосле господин Голјаткин, станувајќи навреден од столот.

— Оставете, оставете го тоа! Ви велам оставете! — одговори доста строго Крестјан Иванович на испадот на господин Голјаткин, уште еднаш седнувајќи го на местото. — Е, што има? Раскажете ми какви непријатности имате сега, — продолжуваше Крестјан Иванович, — и за какви непријатели зборувате? Што има кај вас?

— Не, Крестјане Иванович, подобро е да го оставиме тоа сега, — одговори господин Голјаткин, спуштајќи го погледот, — подобро да го оставиме тоа настрана, за подоцна... за другпат, Крестјане Ивано-

вич, за позгоден случај, кога сè ќе се разјасни, и маската ќе падне од некои лица, и некои работи ќе излезат на видело. А засега, се разбира, после ова што меѓу нас се случи... вие и самите ќе се согласите, Крестјане Иванович... Дозволете да ви пожелам добро утро, Крестјане Иванович, — рече господин Голјаткин, станувајќи овој пат решително и сериозно од местото и фаќајќи се за шеширот.

— Па добро, како сакате... хм... (Настана молчење.) Јас, од моја страна, вие знаете, што можам... и искрено ви пожелувам добро.

— Ве разбирам, Крестјане Иванович, разбирам; јас наполно ве разбирам сега... Во секој случај извинете што ве вознемирив, Крестјане Иванович.

— Хм... Не, не сакав тоа да ви го речам. Впрочем, како сакате. Лековите продолжете како и досега...

— Ќе продолжам со лековите како што велите, Крестјане Иванович, ќе продолжам и во истата аптека ќе ги купувам... Денес и аптекар да бидеш, Крестјан Иванович, е голема работа...

— Како? Во која смисла го велите тоа?

— Во сосема обична смисла, Крестјане Иванович. Сакам да речам дека денес светот така тргнал...

— Хм...

— И дека секое детиште, не само во аптека, денес пред чесниот човек носот го крева.

— Хм... Како вие тоа го мислите?

— Јас зборувам, Крестјане Иванович, за еден познат човек... за наш заеднички познајник, Крестјане Иванович, на пример, да речеме, за Владимир Семјонович...

— А!...

— Да, Крестјане Иванович; и познавам јас некои луѓе, Крестјане Иванович, кои не се придржуваат премногу за општото мислење за да ја кажат понекогаш вистината.

— А!... Како тоа?

— Па, така. Тоа е впрочем, второстепена работа. Умеат така понекогаш да сервираат јајце во сок.

— Што? Што да сервираат?

— Јајце во сок, Крестјане Иванович. Тоа е пословица руска. Умеат понекогаш во згоден момент да му честитаат на некого, на пример; има такви луѓе, Крестјане Иванович.

— Да честитаат?

— Да, да честитаат, Крестјане Иванович, како што тоа го направи деновиве еден од моите блиски познајници...

— Еден од вашите блиски познајници... а! Како тоа? — рече Крестјан Иванович внимателно погледнувајќи на господин Голјаткин.

— Да, еден мој близок познајник му го честита чинот, унапредувањето за асесор, на еден друг исто така многу близок познајник, и притоа пријател, како се вели, најмил пријател. Така, во разговор. „Од срце, вели, се радувам што можам вам, Владимире Семјонович, да ви изразам честитки, моите искрени честитки за добиениот чин. И уште повеќе се радувам што денес, како што му е на целиот свет познато, ги снема бабите што гледаат". — Тука господин Голјаткин ѓаволесто кимна со главата и, жмиркајќи, погледна на Крестјан Иванович...

— Хм... Така го рече...

— Го рече, Крестјане Иванович, го рече и веднаш погледна на Андреј Филипович, чичкото на нашето сакано суштество Владимир Семјонович. А што ме е грижа мене, Крестјане Иванович, што тој станал асесор? Што имам јас од тоа? Па и да се жени сака кога млекото, дозволете ми да кажам, уште на усните не му се осушило. Токму така и му рече. Така е, Владимире Семјонович! Јас веќе сè ви кажав, дозволете ми да си одам.

— Хм...

— Да, Крестјане Иванович, дозволете ми сега, велам, да си одам. И тогаш, за да убијам со еден куршум два зајака, — кога го засрамив момчето со бабата, се обраќам кон Клара Олсуфјевна (тоа се случи завчера кај Олсуфиј Иванович), која штотуку испеа романс со чувство, — ѝ велам, значи; „Чувствително го испеавте вие романот, но не ве слушаат вас неискрено". А со тоа, Крестјане Иванович, јасно алу-

дирам, разбирате, дека сега не го бараат она што е во неа, туку нешто друго...

— А! А тој што?..

— Како лимон да голтнал, Крестјане Иванович, што се вели...

— Хм...

— Да, Крестјане Иванович. Истото дури и на стариот му го реков. „Олсуфиј Иванович, велам, јас знам што ви должам, мошне ги ценам вашите добри дела со кои речиси од детски години вие ме почестувате. Но отворете ги очите, Олсуфиј Иванович, велам. Погледнете. Јас постапувам чисто и искрено, Олсуфиј Иванович".

— А, така, значи!

— Да, Крестјане Иванович. Ете така...

— А тој што?

— А што би можел тој, Крестјане Иванович — тепка. Де ова, де она, јас тебе те познавам, и дека неговото превосходство е добротворен човек — и развезе, се разнежи... Па и што друго би правел? Од годинките, како се вели, изветреал прилично.

— А! Значи, така е сега!

— Да, Крестјане Иванович. И секогаш е така: старче, со едната нога во гроб, мириса на темјан, што се вели, но штом ќе сплеткаат некоја женска сплетка, тој е веднаш тука, слуша, без него не може...

— Сплетка, велите?

— Да, Крестјане Иванович, сплеткале тие сплетка. Ги замешала во тоа своите прсти и нашата мечка и нејзиниот внук, нашето сакано суштество. Се здружиле тие со бабите, се разбира, и ја стуткале работата. Што мислите? Дека тие смислиле да убијат човек?..

— Да убијат човек?

— Да, Крестјане Иванович, да убијат човек, морално да убијат човек. Пуштиле тие глас... јас сè за мојот близок познајник зборувам.

Крестјан Иванович кимна со главата.

— Пуштиле тие за него слух... Ви признавам, мене ми е дури срам да ви кажам, Крестјане Иванович.

— Хм...

— Пуштиле тие слух дека тој веќе потпишал обврска да се жени, а дека е веќе верен со друга... И што мислите, Крестјане Иванович, со која?

— Која?

— Со меанцика, со една непристојна Германка, кај која што се храни; наместо долговите ѝ ја предлага својата рака.

— Тоа тие ли го велат?

— Верувате ли, Крестјане Иванович? Германка, подла, одвратна, бесрамна Германка, Каролина Ивановна, ако ви е познато...

— Право да ви речам, што се однесува до мене...

— Ве разбирам, Крестјане Иванович, разбирам, и од своја страна го чувствувам тоа...

— Кажете ми, ве молам, каде живеете сега?

— Каде ли сега живеам, Крестјане Иванович?

— Да... јас сакам... вие порано, изгледа, живеевте...

— Живеев, Крестјане Иванович, живеев, живеев и порано. Како да не живеев! — одговараше господин Голјаткин, придружувајќи ги своите зборови со ситно смеење и збунувајќи го малу Крестјан Иванович со својот одговор.

— Не, вие погрешно разбравте; јас сакав од своја страна...

— И јас сакав, Крестјане Иванович, од своја страна, јас исто така сакав, — со смеење продолжуваше господин Голјаткин. Меѓугоа, Крестјане Иванович, јас многу се заседев кај вас. Вие, се надевам, ќе ми дозволите сега... да ви пожелам збогум...

— Хм...

– Да, Крестјане Иванович, ве разбирам јас вас; јас сега наполно вас ве разбирам, — рече нашиот херој по малу позирајќи пред Крестјан Иванович. — Значи, дозволете ми да ви пожелам збогум...

Овде јунакот наш стругна со ноцето и излезе од собата, оставајќи го Крестјан Иванович крајно вчудовиден. Додека слегуваше по скалите на докторот тој се насмевнуваше и радосно си ги триеше рацете. На

блезот, откако вдиша свеж воздух и се почувствува на слобода, тој дури беше готов да се прогласи за најсреќниот смртник и потоа да се упати право во установата — кога наеднаш пред влезот загрме неговата кочија. Тој погледна и се сети за сè. Петрушка веќе ги отвораше вратите на кочијата. Некое чудно и мошне непријатно чувство го зафати господин Голјаткин. Тој како да поцрвене за миг. Нешто го боцна. Веќе ја ставаше својата нога на папучата од кочијата, кога наеднаш се сврте и погледна на прозорците на Крестјан Иванович. Да, така е! Крестјан Иванович стоеше зад прозорецот, си ги мазнеше со десната рака своите бакенбарди и доста љубопитно гледаше на нашиот јунак.

„Овој доктор е глупав, — си помисли господин Голјаткин, вовлекувајќи се во кочијата, — сосема глупав. Тој можеби добро ги лекува своите болни, но сепак е... глупав, како ќускија“. Господин Голјаткин седна, Петрушка викна: „Терај!“ — и кочијата тргна пак на Невскиот проспект.

ГЛАВА III

Целото тоа утро господин Голјаткин имаше полни раце работа. Штом стигна на Невскиот проспект нашиот јунак нареди кочијата да застане кај Гостинскиот двор[1]). Скокнувајќи од колата тој потрча под аркадата, во придружба на Петрушка, и тргна право во продавницата на сребрени и златни работи. Од самиот изглед на господин Голјаткин веќе се гледаше дека тој има полна глава грижи и страшно многу работа. Откако пазари цел сервис за јадење и за чај за над илјада и петстотини рубли и успеа да добие за истата сума кутија за цигари со чудна форма, а и цел сребрен прибор за бричење, господин Голјаткин се распраша за цената на уште некои корисни и згодни нешта и заврши со тоа што вети дека утре бездруго ќе намине, или уште денес ќе испрати по пазарените работи, го зеде бројот на дуќанот, го сослуша внима-

[1]) Покриена чаршија во Петроград од ова време. — Ред.

телно трговецот кој бараше капар и вети дека капарот ќе му дојде навреме. Потоа тој набрзина се збогува со зачуденият трговец и тргна долж продавницата, придружуван со цело јато трговски помошници, постојано свртувајќи се назад кон Петрушка, и внимателно барајќи некој нов дуќан.

Патем тој ја забележа менувачницата и ги раситни сите свои крупни банкноти за ситни, и макаршто со размената изгуби, тој сепак раситни и портофелот негов значително се здебели, кое нешто, изгледа, му причинуваше големо задоволство. Најпосле тој се запре во продавницата на разни женски ткаенини. Повторно направи голем пазар. И овде господин Голјаткин му вети на трговецот дека ќе наврати бездруго, го зеде бројот на продавницата и на прашањето за капар пак повтори дека и капар ќе биде даден навреме. Потоа наврати уште во неколку дуќани, во сите се пазареше, распрашуваше за цената на разни нешта, понекогаш долго се расправаше со трговците, излегуваше од продавниците и по два-три пати се враќаше, — со еден збор покажа необична активност.

Од Гостинскиот двор нашиот јунак се упати во една позната продавница на мебел, каде пазари мебел за шест соби, се понасладува со една модерна и мошне нагиздена дамска тоалетна масичка по последен вкус, и, откако го убеди трговецот дека за сите работи бездруго ќе испрати човек, излезе од продавницата, ветувајќи по обичај капар, и потоа наврати уште на неколку места и се пазареше за уште некои работи. Со еден збор, неговите грижи, изгледаше, немаа крај. Најпосле сето тоа почна да му здодева страшно и на самиот господин Голјаткин. Дури почна, господ знае зошто, да го мачи грижа на совеста. Тој сега за ништо на светов не би се согласил да се сретне, на пример, со Андреј Филипович или со Крестјан Иванович. Најпосле градскиот часовник отчука три часот попладне. Кога господин Голјаткин седна повторно во кочијата од сите пазарувања што ги направи ова утро вистински се покажаа само чифт нараквици и шишенце мирис за рублја и пол. Бидејќи на господин Голјаткин му беше уште рано, тој му нареди на својот кочијаш

да запре крај еден познат ресторан на Невскиот проспект, за кој досега само беше слушал, излезе од кочијата и сврати да касне, да се одмори и да почека извесно време.

Каснувајќи онака како што каснува човек кого во перспектива го чека богат ручек со покана, то ест каснувајќи малку колку да го излаже, како се вели, гладот, и пивнувајќи чашка вотка, господин Голјаткин се намести во фотеља и, скромно погледнувајќи околу себе, мирно се зафати со едно мизерно национално весниче. Откако прочита два-три реда, тој стана, си ја поправи облеката и фризурата. Потоа се приближи кон прозорецот и погледна тука ли е кочијата... потоа пак седна на местото и го зеде весникот. Се гледаше дека јунакот наш беше страшно возбуден. Погледна на часовникот и кога виде дека е само три и петнаесет и дека ќе треба уште доста да почека, а освен тоа доаѓајќи до заклучок дека да се седи вака е неприлично, господин Голјаткин си порача чоколада, иако засега многу не му се пиеше. Штом ја испи чоколадата и забележа дека времето малу напреднало тој стана да плати. Наеднаш некој го удри по рамото.

Тој се сврти и пред себе виде двајца свои колеги, оние истите што утринава ги сретна на Литејна, сè уште млади момчиња и по години и по чин. Јунакот наш имаше со нив неопределени односи, ниту им беше пријател, ниту отворен непријател. Се разбира, од двете страни се пазеше на пристојноста, но поинтимно зближување немаше, а и не можеше да има. Средбата во ова време беше крајно непријатна за господин Голјаткин. Тој малу се намурти и за момент збуни.

— Јакове Петрович, Јакове Петрович! — зацрцорија двајцата регистратори, — зарем вие овде? по кој...

— А! Тоа сте вие, господа! — ги прекина брзо господин Голјаткин, малу збунет и скандализиран од чудењето на чиновниците, а исто така и од фамилијарноста на нивното држење, но сепак правејќи се слободен и отракан сосила. Дезертиравте, господа, хе, хе, хе! — И овде, за да остане на висина и да не се спушти на

ниво на канцелариски детишта, спрема кои секогаш се држеше на потребното растојание, тој се обиде едниот младич да го почука по рамото. Меѓутоа интимноста на господин Голјаткин не му успеа овој пат и наместо пристоен, другарски гест излезе нешто сосема друго.

— Е, што, мечката ѝаша седи ли?...

— Кој е тоа, Јакове Петрович?

— Е, мечката де, како да не знаете кого мечка го викаат?... — Господин Голјаткин се насмеа и сврти кон келнерот за да си го земе кусурот. — Зборувам за Андреј Филипович, господа, — продолжуваше тој, оставајќи го келнерот и свртувајќи се овој пат со сериозно лице кон чиновниците. Двајцата регистратори значајно си намигнаа еден на друг.

— Седи уште и ве бараше вас, Јакове Петрович, — одговори едниот.

— Седи, а! Нека го, господа, нека седи. И мене ме бараше, а?

— Ве бараше, Јакове Петрович. Но што е тоа со вас, сте се намирисале, намачкале со помада, како некое конте?...

— Така, господа, просто така! Оставете го тоа... — одговори господин Голјаткин гледајќи настрана и со сила насмевнувајќи се. Кога видоа дека господин Голјаткин се насмевнува чиновниците се закикотија. Господин Голјаткин малу се намурти.

— Пријателски ќе ви речам, господа, — рече нашиот јунак откако малу помолча, небаре реши (нека биде што ќе биде) да им открие нешто на чиновниците, — вие, господа, сите ме познавате, но досега ме познававте само од една страна. Нема на кого да се лутам во овој случај, си признавам, делумно јас самиот сум виновен.

Господин Голјаткин си ги стегна усните и значително погледна на чиновниците. Чиновниците одново си намигнаа еден на друг.

— Досега, господа, вие не ме познававте. Не е ни сега многу згодно да се објаснувам овде. Ќе ви кажам само нешто патем и накусо. Постојат луѓе, господа, кои не ги сакаат околните патишта и се маскираат са-

мо на маскарада. Постојат луѓе кои вистинската човекова задача не ја гледаат во вештината да се чисти паркет со чевли. Има и такви луѓе, господа, кои нема да речат дека се среќни и дека задоволно живеат ако им, на пример, стојат добро панталоните. Постојат, најсетне, луѓе кои сакаат да потскокнуваат и да се вртат попусто, да се умилкуваат и додворуваат и, што е најглавно, да си го пикаат носот каде што не треба... Јас, господа, реков речиси сè; дозволете ми сега да си одам...

Господин Голјаткин застана. Бидејќи господата регистратори сега беа наполно задоволени, обајцата крајно неучтиво прснаа да се смеат. Господин Голјаткин пламна.

— Смејте се, господа, смејте се, засега! Бидете живи — ќе видите, — рече тој со чувство на навредено достоинство, си го зеде шеширот и почна да се повлекува кон вратата.

— Сепак уште нешто ќе ви речам, господа, — додаде тој, обраќајќи се за последен пат кон господата регистратори, — ќе ви речам уште нешто, бидејќи сме тука во четири очи. Еве ги моите принципи, господа: со успехот не се гордеам, неуспехот не ме обескуражува и во секој случај никому не му ставам препка. Интригант не сум — со тоа се гордеам. За дипломат не ме бидува. Се вели уште, господа, дека птицата сама налетува на ловецот. Точно е и можам со тоа да се согласам: но кој е овде ловец, а кој птица? Тоа е сè уште прашање, господа!

Господин Голјаткин значајно замолчи и со најважен израз на лицето, то ест со кренати веѓи и сосема стиснати усни им се поклони на господата чиновници, потоа излезе оставајќи ги вцашени.

— Каде повелувате? — праша доста грубо Петрушка, на кој веќе сигурно му се здодеа да скита по студот. — Каде повелувате? — го праша тој господин Голјаткин пречекувајќи го неговиот страшен, уништувачки поглед, со кој нашиот јунак веќе два пати утринава се бранеше и кој сега, слегувајќи по скалите, по трет пат го употреби.

— На Измајловскиот мост.

— На Измајловскиот мост! Тераj!

— „Ручекот кај нив нема да почне пред четири часот, или може дури во пет, — си мислеше господин Голjаткин; — да не е рано сега? Впрочем, можам да стигнам и порано, тоа е семеен ручек. Можам, значи, и сан-фасон, како се вели во поотмениот свет. Зошто jас не би можел сан-фасон? И нашата мечка зборуваше дека сè ќе биде сан-фасон, и затоа и jас исто така...“

Така размислуваше господин Голjаткин, а во тоа време неговата возбуда сè повеќе и повеќе растеше. Очигледно беше дека тој се готви за нешто мошне сложено, да не речеме повеќе, си шепотеше во себе, гестикулираше со десната рака, постојано погледнуваше низ прозорците на кочијата, така што ако некој сега го видеше господин Голjаткин никако не би рекол дека тој се готви добро да руча, интимно и во семеен круг — сан-фасон, како се вели во поотмениот свет. Најпосле, крај самиот Измајловски мост господин Голjаткин покажа на една куќа; колата со тресок мина низ портата и застана крај десната страна на влезот. Кога здогледа една женска фигура на прозорецот на вториот кат, господин Голjаткин ѝ испрати со раката бакнеж. Впрочем, тој самиот не знаеше што прави, зашто овој момент просто не беше ни жив, ни мртов. Од колата излезе блед, збунет; се искачи на тремот, го симна шеширот, махинално се подотера и крена по скалите, чувствувајќи, впрочем, мало треперење во колената.

— Олсуфиj Иванович? — го праша тој човекот што му отвори.

— Дома е, то ест не е, го нема дома.

— Како? Што велиш, пријателе? Jас... jас на ручек идам, брате. Па ти ме познаваш ли?

— Како да не ве познавам! Но не ми е наредено да ве примам, господине.

— Ти... ти, брате... ти сигурно грешиш, брате. Тоа сум jас. Jас сум, брате поканет, на ручек идам, — прозбори господин Голjаткин, слекувајќи го капутот и покажувајќи очевидна намера да влезе во собите.

— Дозволете, не може, господине. Не ми е наредено да ве примам, ми наредија да ве одбијам. Ете така!

Господин Голјаткин побледе. Во тој момент се отвори вратата што води внатре и се појави Герасимич, стариот собар на Олсуфиј Иванович.

— Еве тие, Емелјан Герасимович, сакаат да влезат, а јас...

— А вие, Алексеич, сте будала. Одете внатре, а ваму пратете го неранимајкото Семјонич. Не може, господине, — рече тој учтиво, но отсечно, обраќајќи му се на господин Голјаткин. — Никако не може, господине. Ве молат да ги извините, не можат да ве примат.

— Токму така ли рекоа — дека не можат да ме примат? — нерешително праша господин Голјаткин. — Извинете, Герасимич, но зошто никако не може?

— Никако не може, господине. Јас ве пријавив; рекоа: замоли го да извини. Не можат, велат, да ве примат, господине.

— Но зошто? Како тоа? Како...

— Дозволете, дозволете!...

— Ама како тоа така? Не оди така! Пријавете ме... Како тоа така? Идам на ручек...

— Дозволете, дозволете!...

— Па, впрочем, тоа е нешто друго кога молат да ги извинам. Сепак, дозволете, Герасимич, како тоа, Герасимич?

— Дозволете, дозволете! — се бранеше Герасимич, мошне решително туркајќи го со раката господин Голјаткин и правејќи им пат на двајца господа што во тој момент влегуваа во претсобјето.

Господата што влегуваа беа: Андреј Филипович и неговиот внук Владимир Семјонович. Тие обајцата со чудење погледнаа на господин Голјаткин. Андреј Филипович сакаше нешто да каже, но господин Голјаткин веќе се реши; тој веќе излегуваше од претсобјето на Олсуфиј Иванович со наведнат поглед, сцрвен, насмевнувајќи се, со сосема конфузно лице.

— Ќе навратам подоцна, Герасимич; ќе се објаснам; се надевам дека сето ова без одлагање ќе се раз-

јасни, — прозбори тој на прагот, и делумно на скалите.

— Јакове Петрович, Јакове Петрович!... — се слушна гласот на Андреј Филипович, којшто тргна по господин Голјаткин.

Господин Голјаткин се наоѓаше тогаш на првото одморище на скалите. Тој брзо се сврти кон Андреј Филипович.

— Што сакате, Андреј Филипович? — рече тој со доста отсечен тон.

— Што станува со вас, Јакове Петрович? По кој случај?...

— Ништо, Андреј Филипович. Јас тука по своја работа. Тоа е мој приватен живот, Андреј Филипович.

— Што велите?

— Велам, Андреј Филипович, дека тоа е мој приватен живот и дека овде, како мене ми изгледа, што се однесува до моите службени односи нема ништо за осуда.

— Како! Што се однесува до службените... Што ви е на вас, господине?

— Ништо, Андреј Филипович, апсолутно ништо. Дрска лигушка, повеќе ништо...

— Што!... Што?! — Андреј Филипович се смаја од вчудовиденост. Господин Голјаткин, кој дотогаш разговараше со Андреј Филипович од долниот дел на скалите и гледаше така што, изгледа, беше готов да му скокне право в очи, — кога виде дека началникот на одделението малу се збуни, несвесно направи чекор напред. Андреј Филипович отстапи назад. Господин Голјаткин стапна на една, па уште на една скала. Андреј Филипович вознемирено погледна околу себе. Господин Голјаткин наеднаш брзо се искачи по скалите. Уште побрзо побегна Андреј Филипович внатре и ја тресна вратата зад себе. Господин Голјаткин остана сам. Му се смрачи пред очите. Тој сосема се збуни и сега стоеше во некаква тапа замисленост, како да си припомнуваше за некоја исто така бесмислена случка што пред извесно време се случила. „Ех, ех!“ — прошепоти тој со кисела насмевка. Во тоа време долу на скалите се слушнаа гласови и чекори, веројатно но-

ви гости, поканети од Олсуфиј Иванович. Господин Голјаткин дојде малу на себе, брзо ја крена јаката од ракун, се засолни зад неа колку што можеше и почна да слегува по скалите со ситни чекори, брзо, нишајќи се и препнувајќи. Чувствуваше тој во себе некаква слабост и премаленост. Неговата збунетост беше така голема што кога излезе на тремот тој не ја причека кочијата, туку самиот тргна преку нечистиот двор кон својата кочија. Штом се приближи до колата и се приготви да седне во неа господин Голјаткин почувствува желба да пропадне в земја или заедно со колата да се скрие во глувчина дупка. Нему му се чинеше дека сè живо во куќата на Олсуфиј Иванович нагрнало па гледа на него од сите прозорци. Тој знаеше дека сигурно ќе умреше наместо, ако се сврте назад.

— Што се смееш, ќутук еден? — му рече тој на Петрушка, кој се готвеше да го седне во кочијата.

— Што има да се смеам? Не се смеам. Каде ќе одиме сега?

— Терај дома, тргнувај . . .

— Терај дома! — викна Петрушка, качувај се на задната папуча.

„Има грло како врана“ — помисли господин Голјаткин. Во тоа време кочијата веќе доста далеку се оддалечи од Измајловскиот мост. Наеднаш јунакот наш со сета сила го повлече гајтанот и со викање му нареди на кочијашот веднаш да се врати назад. Кочијашот ги сврте коњите и по две минути влезе пак во дворот на Олсуфиј Иванович. „Не треба, будало, не треба. Назад!“ — извика господин Голјаткин, и кочијашот како да ја очекуваше ваквата наредба: не одговори ништо и, не застанувајќи пред влезот, го помина околу сиот двор и излезе пак на улица.

Господин Голјаткин не отиде дома, туку штом го мина Семјоновскиот мост нареди да се сврти во една уличка и застане пред една крчма со доста скромна надворешност. Кога излезе од кочијата нашиот јунак му плати на кочијашот и така најпосле се куртули од својата кола. На Петрушка му нареди да оди дома и да го чека додека не се врати, а тој влезе во крчма-

та, зеде одделна соба и нареди да му донесат ручек. Се чувствуваше многу лошо, а главата му беше полна со збрка и хаос. Долго одеше тој возбуден по собата. Најпосле седна на стол, си го потпре челото со раце и почна со сите сили да се труди да обмисли и разјасни некои работи од сегашната своја положба...

ГЛАВА IV

Ден, свечен роденден на Клара Олсуфјевна, единствена ќерка на советникот Берендеев, некогашен благодетел на господин Голјаткин, — ден, одбележен со блескав, прекрасен свечен ручек, таков ручек каков одамна не беше виден во чиновничките станови крај Измајловскиот мост и неговата близина, ручек што повеќе личеше на некаков Валтазаровски пир, отколку на ручек, и во однос на сјајот, богатството и достоинството потсеќаше на нешто вавилонско — со шампањско „Клико", остриги и овошје од дуќаните на Елисеев и Мильутин, со гоени телиња и чиновничка хиерархија. Овој свечен ден, одбележан со толку свечен ручек, заврши со прекрасен бал, бал во ограничен семеен и роднински круг, но сепак прекрасен во однос на вкусот, образованието и учтивоста. Се разбира, признавам дека има и такви балови, ама ретко. Таквите балови, што повеќе личат на семејни радости отколку на балови, може да се даваат само во такви куќи каква што е, на пример, куќата на советникот Берендеев. Ќе речам нешто повеќе: јас дури се сомневам дека сите советници би можеле да даваат вакви балови. О, да бев поет! — се разбира, барем како Хомер или Пушкин (со помал талент не би смеел да се пикам таму), јас, о драги читатели, би ви го насликал со светли бои и широки линии сиот овој толку свечен ден. Својата поема би ја започнал со ручекот, особено би наблегнал на тој трогателен и истовремено свечен миг, кога се крена првата чаша во чест на кралицата на празникот. Најпрвин би ви ги насликал гостите, потонати во благодушно молчење и очекување, што повеќе личи на Демостеново красноречие отколку

на молчење. Би ви го насликал потоа Андреј Филипович, како најстар меѓу гостите, кој дури има извесно право на првенство, украсен со бели коси и ордени што одат со нив, како станува од местото и крева над главата здравица со искресто вино, нарочно донесено од едно далечно кралство за да се послужат гостите во вакви мигови, вино што повеќе личи на божествен нектар, отколку на вино. Би ви ги насликал гостите и среќните родители на кралицата на празникот како веднаш по Андреј Филипович ги креваат своите чаши, упатувајќи му поглед полн со исчекување. Би ви насликал како овој често споменуван Андреј Филипович, откако првин одрони солза во чашата, ја изговори честитката и своите желби, одржа здравица и се напи за здравје...

Сепак, си признавам, наполно признавам, не би можел да ја насликам целата свеченост — онаа минута кога самата кралица на празникот, Клара Олсуфјевна, румена како пролетен трендафил од блаженство и срамежливост, пресреќна падна во прегратките на нежната мајка, како се насолзи нежната мајка и како тогаш залипа самиот татко, почитуваниот старец и советник Олсуфиј Иванович, кого го издале нозете од долгогодишна служба и кого за таквата усрдност судбината го наградила со добар капитал, куќичка, имоти и убавица ќерка, — залипа како дете и низ солзи изјави дека неговото превосходство е добротворен човек. Јас не би можел, да, навистина не би можел да ви го опишам оној општ занес, — занес што јасно се изрази дури во држењето на еден млад регистратор (кој во тој момент повеќе личеше на советник отколку на регистратор) што исто така се насолзи слушајќи го Андреј Филипович. Од своја страна Андреј Филипович во овој свечен миг воопшто не личеше на колешки советник и началник на одделение во една установа, — не, тој изгледаше сосема поинаку... не знам само како, но никако колешки советник. Тој беше повисоко од тоа! Најпосле... о! зошто не владеам со тајната на високиот стил, на силниот и свечен стил со кој се опишуваат сите вакви прекрасни и поучни мигови на човечкиот живот, небаре

намерно создадени да докажат како понекогаш добродетелта триумфира над злонамерноста, слободоумието, порокот и зависта!

Ништо нема да речам, но молкум — што е подобро од секое красноречие — ќе ви укажам на овој среќен младич, што влезе во својата дваесет шеста пролет, на Владимир Семјонович, внукот на Андреј Филипович, кој стана од местото и од своја страна одржа здравица, и во кого ги вперија солзните очи родителите на кралицата на празникот, восхитените очи на гостите и дури прилично зависливите очи на некои млади колеги на овој сјаен младич. Нема ништо да ви речам, иако не можам а да не забележам, дека сè во овој младич, кој повеќе личеше на старец отколку на младич, но во позитивна за него смисла, — сè, почнувајќи од розовите образи па до неговиот асесорски чин, сè што во овој свечен чин само што не прозборило: еве, значи, колку високо може да го доведе човека добронамерноста! Нема да опишувам како најпосле Антон Антонович Сеточкин, референт во една установа, сега колега на Андреј Филипович, а порано на Олсуфиј Иванович, и истовремено стар куќен пријател и кум на Клара Олсуфјевна, старче бело како овца, — предлагајќи од своја страна здравица запеа како петле и изговори весели стихови; како тој, ако може така да се рече, на пристоен начин ја заборави пристојноста и го насмеа до солзи целото друштво, и како самата Клара Олсуфјевна за таквата веселост и љубезност го бакна по наредба на родителите. Ќе речеш само дека гостите, кои во ваков ручек требаше, природно, да се чувствуваат како браќа и роднини, најпосле станаа од масата; дека старците и сериозните луѓе, откако употребија извесно време за пријателски разговор и за некои, се разбира, мошне пристојни и љубезни интимни работи, достоинствено поминаа во друга соба, и, не губејќи го златното време, се поделија на групи и со чувство на сопствено достоинство наседнаа на масите, покриени со зелена чоја; дека дамите наседнаа во салонот, наеднаш сите станаа многу љубезни и започнаа разговор за разни работи; како најсетне самиот високопочитуван домаќин, кого во предана и верна

служба го изневерија нозете и кого за сето тоа го наградија со сето погоре спомнато, почна да шета на патерици меѓу своите гости, придржуван од Владимир Сємјонович и Клара Олсуфјевна, и како наеднаш тој стана исто така необично љубезен и се реши да импровизира малечок скромен бал, без оглед на трошоците; како за таа цел беше испратен по музика еден снаодлив младич (оној што за време на ручекот повеќе личеше на советник отколку на младич); како потоа дојдоа музикантите, единаесет на број, и како најпосле, точно во осум и пол одекнаа привлечните звуци на француски кадрил и разни други игри...

Не треба да се зборува дека моето перо е слабо, тромо и тапо за да го наслика балот како тоа му приличи, балот што го импровизира со необична љубезност белоглавиот домаќин. Па и како, ве прашувам, како можам јас, скромниот раскажувач на мошне интересните, впрочем, доживувања на господин Голјаткин, — како можам јас да ја насликам таа необична и пристојна смеса на убавина, сјај, пристојност, веселост, љубезна сериозност и сериозна љубезност, палавост, радост, сите тие игри и смевот на сите тие чиновнички дами, што повеќе личеа на нимфи отколку на дами, се разбира во поволна за нив смисла, со нивните лилијно-розови раменици и лица, воздушни фигури, со палаво-потскокнувачки и, зборувајќи на висок стил, хомеопатски ноцињa? Како најпосле да ви ги претставам тие сјајни кавалери со разни чинови, весели и сериозни, младичи и средовечни луѓе, радосни и намуртени, оние што за време на паузите меѓу игрите во оддалечената малечка зелена соба пушеа луле и оние што во паузите не пушеа луле, — кавалерите што од првиот до последниот имаа убав чин и презиме, — кавалерите, длабоко проникнати со естетско чувство и со чувство на сопствено достоинство, кавалерите што со дамите зборуваа повеќе на француски, а ако зборуваа на руски се изразуваа со најотмен тон, комплименти и длабокомислени фрази; кавалерите што само во пушалната си дозволуваа извесни љубезни отстапувања од отмениот тон, извесни пријателски фрази и љубезни фамилијарности како,

на пример: „Ама славно ја стокми полката, Петја“, или: „Жими бога, Васја, ја стегаше ти твојата дама колку сакаше“. За сето тоа, како што веќе имав чест да ви објаснам, о, читатели, не стига моето перо и затоа молчам. Да се вратиме подобро кај господин Голјаткин, единствениот, вистинскиот јунак на мошне вистинитата наша повест.

Работата е во тоа што тој се наоѓа сега, благо речено, во чудна положба. И тој, господа, е тука, то ест не на балот, но речиси како да е на балот; тој, господа, на никого не му пречи, и макар што оди по свој пат, тој сега стои на не сосема прав пат; стои тој сега — дури е чудно да се рече — стои во тремот, на задните скали од станот на Олсуфиј Иванович. Но тоа што тој тука стои не е ништо; тој — онака. Тој, господа, стои во ќошот, се пикнал во место кое не е топло, но затоа е мрачно, донекаде скриен зад огромниот шкаф и стариот параван, меѓу ѓубре, старудии и крпи, се сокрил за извесно време и сега само набљудува како се развиваат настаните, во својство на надворешен набљудувач. Тој, господа, само набљудува сега; тој, господа, исто така може да влезе... зошто да не може да влезе? Доста е само да направи еден чекор и ќе влезе, и мошне вешто ќе влезе. Сега, стоејќи веќе три часа на студот, меѓу шкафот и преградата, среде секакво ѓубре, крпи и старудии, цитира тој за лично оправдание една фраза на блаженопочинатиот француски министар Вилел:[1]) „Сè ќе си дојде на ред ако умееш да почекаш“. Оваа фраза господин Голјаткин ја имаше прочитано некогаш од, впрочем, сосема безначајна книга, но сега како порачана му дојде на ум. Фразата, пред сè, многу добро одговараше на сегашната негова положба, а освен тоа, што ли сè не му паѓа на ум на човек, којшто полни три часа ја чека во тремот, мракот и на студ среќната разврска на околностите.

Штом ја наведе, како што беше речено мошне умесната фраза на бившиот француски министар Ви-

---

[1]) Реакционен француски политичар од времето на Ренесансата — Ред.

лел, господин Голјаткин си го припомни, кој знае зошто, и турскиот везир Марцимирис, а исто така маркгрофицата Луjза, за која исто така имаше читано во некоја книшка. Потоа му дојде на ум дека језуитите дури си поставиле како свој принцип да ги сметаат сите средства оправдани само ако можат да ја достигнат целта. Кога малу се окуражи со овој историски аргумент, господин Голјаткин си рече самиот на себе: „Какви језуити?“ Језуитите сите до еден биле најголеми будали и дека сите нив тој може в џеб да ги стави, дека само за една минута нека се испразни бифето (онаа соба чија врата водеше право во тремот, на задните скали, каде господин Голјаткин сега се наоѓаше) и тој, без обзир на сите језуити, ќе земе и ќе влезе, првин од бифето во собата за чај, потоа во онаа соба каде сега се играат карти, а оттаму право во салата каде сега играат полка. И ќе помине, ќе помине не обраќајќи внимание на ништо, ќе се провлече едноставно, и никој не ќе забележи; а понатаму тој самиот си знае што ќе прави.

Ете во таква положба господа, го наоѓаме сега јунакот на апсолутно вистинскиот наш расказ, иако е, впрочем, тешко да се објасни што имено стануваше со него во ова време. Работата е во тоа што тој успеа да дојде до тремот и скалите — зошто да не дојде, сите доаѓаат, — но понатаму да проникнува не смееше, очигледно не смееше тоа да го направи, не затоа што тој нешто не смееше, а така, затоа што самиот не сакаше, затоа што повеќе сакаше да остане скриен и нечуен. И еве, господа, тој сега чека молкома и чека точно два и пол часа. А зошто да не исчекува? И самиот Вилел чекал. „Ма каква врска има Вилел! — мислеше господин Голјаткин, — Каков Вилел? А како би било да земам сега, ова... и да влезам?... Ех, ти, статист еден! — рече господин Голјаткин и се штипна со премрзнатата рака за премрзнатиот образ, — будаличка си, Голјатка низаедна, — и презимето ти е такво!...“ Впрочем, оваа нежност кон сопствената особа во сегашниот момент беше само онака, патем, без секаква видлива цел. Еве тој се провлече и подаде напред; настапи моментот; бифето опусте и во него

никого немаше; сето тоа господин Голјаткин го виде преку прозорецот; со два чекора тој се најде крај вратата и почна да ја отвора. „Да влезам или не? Е, да влезам или не? Ќе влезам... зошто да не влезам? На смелите сите патишта им се отворени!“ Штом се окуражи на овој начин јунакот наш наеднаш и сосема неочекувано се повлече зад преградата. „Не, — помисли тој, — а ако некој влезе? И навистина влегоа; што чекав кога никого немаше? Ќе влезев без никаква мака! ...Не, како да се влезе кога човек има таков карактер! Каква ниска е тоа особина! Се исплашив како зајак. Впрочем, да се исплашиш е човечка работа, така си е! Да расипеме нешто секогаш можеме; за тоа не треба ни да нè молат. И еве ти сега — стој тука како пенушка, и толку! Дома барем чашка чај ќе се напиев... Навистина, пријатно би било да испиеш чашка. Ако отидам подоцна Петрушка може да мрмори. Да си одам јас дома? По ѓаволите сево ова! Одам и — готово!“. Откако на тој начин најде излез од својата положба господин Голјаткин брзо тргна напред, како да откачија некој федер во него; со два чекора се најде во бифето, го фрли капутот, го симна шеширот, набрзина го пикна тоа во аголот и се подотера малу. Потоа... потоа тргна во собата за чај, а оттаму шмугна во друга соба, речиси незабележливо се провлече меѓу занесените играчи; потоа... потоа... тука господин Голјаткин заборави на сè што се случува околу него и се втурна, како од небо, право во салата за играње.

Како за инает во тоа време не играа. Дамите се шетаа по салата во живописни групи. Мажите се собираа во групички или талкаа по салата, ангажирајќи ги дамите. Господин Голјаткин од сето тоа ништо не гледаше. Ја виде тој само Клара Олсуфјевна; покрај неа Андреј Филипович, потоа Владимир Семјонович и уште двајца или тројца офицери, и уште двајца или тројца млади луѓе, исто така мошне интересни, кои влеваа или веќе остварале некои надежи, како можеше да се помисли на прв поглед... Тој виде уште неколкумина. Поточно — не; тој веќе никого не забележуваше, во никого не гледаше... а движен од ис-

тата онаа пружина, благодарение на која неканет се втурна на туѓ бал, тргна напред, потоа уште напред и уште понапред; патем се судри со некој советник, му стапна на нога; веднаш потоа го згазна фустанот на една почитувана старичка и малу го искина, турна еден човек со послужавник, турна уште некого и, не забележувајќи го сето тоа, или, поточно речено, забележувајќи, но онака, општо, на никого не гледајќи, пробивајќи сè понатаму и понатаму, наеднаш се најде пред самата Клара Олсуфјевна. Без никакво сомневање, не трепнувајќи, тој во овој миг со најголемо задоволство би пропаднал в земја; но стореното не се враќа... никако не се враќа. Што да се прави? „Во несреќата — држи се, а во среќата — крепи се. Се разбира, господин Голјаткин не е интригант и да струже паркет со чевлите не умее...“ Така и стана. Покрај тоа се замешаа некако и језуитите тука... Впрочем, на господин Голјаткин не му беше гајле за нив! Сè што шеташе, бучеше, зборуваше, се смееше, наеднаш, како на даден знак, се стиши и постепено се насобра околу господин Голјаткин. Господин Голјаткин, впрочем, како ништо да не слушна, ништо не виде, тој не можеше да гледа... тој воопшто не можеше да гледа; тој го наведна погледот и така стоеше, патем давајќи си, впрочем, чесен збор дека ноќеска на некој начин ќе се убие. Штом си даде ваков чесен збор, господин Голјаткин си рече во себе „Што сака нека биде!“ и сосема неочекувано почна наеднаш да зборува, за негова најголема вчудовиденост.

Започна господин Голјаткин со честитки и убави пожелувања. Честитањето мина добро, а при желбите јунакот наш запна. Претчувствуваше тој дека ако запне сè наеднаш ќе тргне по ѓаволите. Така и се случи — запна и заглиби... заглиби и поцрвене; поцрвене и се збуни; се збуни и ги крена очите, ги крена и погледна околу, погледна околу и — се здрви... Сите стоеја, сите молчеа, сите чекаа; малу настрана почна да се шепоти, малу поблизу почнаа да се кикотат. Господин Голјаткин фрли покорен, изгубен поглед на Андреј Филипович. Андреј Филипович му одговори на господин Голјаткин со таков поглед што

јунакот наш, ако беше убиен, наполно убиен, ќе беше бездруго убиен повторно, — ако тоа беше некако возможно. Молчењето продолжуваше.

— Ова повеќе се однесува кон домашните околности и кон приватниот мој живот, Андреј Филипович, — речиси нечујно прозбори полумртвиот господин Голјаткин. — Ова не е службен случај, Андреј Филипович...

— Засрамете се, господине, засрамете се! — рече Андреј Филипович полугласно, со израз на страшно негодување, — рече, ја зеде раката на Клара Олсуфјевна и му го сврте грбот на господин Голјаткин.

— Нема што да се срамам, Андреј Филипович, — одговори господин Голјаткин исто така полугласно, гледајќи очајнички околу себе и онака изгубен трудејќи се да пронајде во збунетата толпа некого од својата средина и социјална положба.

— Па не е тоа ништо, не е ништо, господа! Што е тоа? Па секому може да се случи, — шепотеше господин Голјаткин, повлекувајќи се полека од местото и трудејќи се да се извлече од толпата што го окружуваше. Му направија пат. Нашиот јунак некако се проби меѓу двете редици од љубопитни и збунети набљудувачи. Судбината го влечеше. Господин Голјаткин самиот тоа го чувствуваше — судбината го влечеше. Се разбира, тој би дал сè кога би можел сега, без повреда на пристојноста, да се најде на поранешното место во тремот, зад задните скали; но бидејќи тоа беше апсолутно невозможно тој почна да бара начин да скубне во некое катче и таму да остане да си стои — скромно, пристојно, одделно, не гибајќи никого, не привлекувајќи на себе особено внимание, но во исто време здобивајќи се со благонаклоноста на гостите и домаќинот. Впрочем господин Голјаткин чувствуваше како нешто да го потскопува, како да се ниша, паѓа. Најпосле тој се добра до едно катче и застана таму како страничен и доста рамнодушен набљудувач, потпрен со рацете на потпирачот на два стола, присвојувајќи ги на тој начин во свое власништво, и трудејќи се колку што може подобро да гледа на насобраните околу него гости на Олсуфија Иванович. Најблиску до него стоеше некој

офицер, висок и убав младич, пред кого господин Голјаткин се чувствуваше како вистинска бубачка.

— Овие два стола, поручниче, се зафатени: едниот за Клара Олсуфјевна, а другиот за ќерката на кнегињата Чевчеханова, која исто така игра овде; јас, поручниче, сега за нив ги чувам, — задишувајќи се прозбори господин Голјаткин, погледнувајќи го господин поручникот со молбен поглед. Поручникот се сврте молчејќи и со убиствена насмевка. Штом промаши на едно место нашиот јунак реши да си ја проба среката на друго место и се обрати право на еден важен советник што имаше висок орден на вратот. Но советникот го измери со таков студен поглед што господин Голјаткин почувствува како наеднаш да го потурија со ведро студена вода. Господин Голјаткин се смири. Тој реши дека е подобро да молчи, со никого да не започнува разговор, да покаже дека е тој онака, како и сите други, и дека неговата положба, како што му се чини, во најмала рака е пристојна. Со таа намера тој го прикова својот поглед на манжетните на својот капут, потоа ги крена очите и ги запре на еден господин со мошне пристојна надворешност. „Овој господин носи перика, — помисли господин Голјаткин, — и ако некој му ја симне периката, ќе се покаже глава гола како мојата дланка". Штом го направи ова важно откритие господин Голјаткин се сети и за арапските емири: кога и на нив би им се симнала од главата зелената чалма, што тие ја носат како знак на своето родство со пророкот Мухамед, тогаш би останала гола глава без влакно. Потоа, веројатно по особена асоцијација на идеите за Турците во неговата глава, господин Голјаткин стигна и до турските пантофли и веднаш се сети дека Андреј Филипович носи чизми, повеќе слични на пантофли отколку на чизми. Се гледаше дека господин Голјаткин се снајде донекаде во својата положба. „Еве, кога овој лустер би — му светна во главата на господин Голјаткин, — еве, кога овој лустер би паднал сега врз гостите, јас веднаш би потрчал да ја спасувам Клара Олсуфјевна. Кога ќе ја спасам би ѝ рекол: „Не вознемирувајте се, госпоѓице, тоа не е ништо, а вашиот спасител сум јас"

Потоа... Тука господин Голјаткин го сврти погледот настрана барајќи ја Клара Олсуфјевна, и го виде Герасимич, стариот собар на Олсуфиј Иванович. Герасимич со мошне загрижен и званично свечен изглед се пробиваше право кон него. Господин Голјаткин затрепери и се намурти од некакво нејасно и истовремено непријатно чувство. Махинално погледна околу себе: му дојде мислата некако крадешкум, скраја, незабележано да скубне од турканицата, просто да се стопи, то ест да направи така како тој „ни лук јадел, ни на лук мирисал", како работата да не се однесува за него. Меѓутоа, пред нашиот јунак да успее нешто да реши Герасимич веќе стоеше пред него.

— Гледате ли, Герасимич, — рече нашиот јунак со насмевка обраќајќи му се на Герасимич, — треба да наредите, ене гледате, онаа свеќа во свешникот, Герасимич, веднаш ќе падне; Вие, значи, наредете да ја поправат; таа сигурно сега ќе падне, Герасимич...

— Свеќата? Не, господине, свеќата право стои; а вас некој таму ве бара.

— А кој ме бара таму, Герасимич?

— Па, да ви речам, не знам кој точно, господине. Нечиј слуга. Тука ли, вели, се наоѓа Јаков Петрович Голјаткин? Тогаш повикајте го, вели, го бараат по многу важна и хитна работа... ете така, господине.

— Не, Герасимич, грешка имате; овој пат, Герасимич, грешите...

— Се сомневам, господине...

— Не, Герасимич, нема што да се сомневате; тука, Герасимич, нема ништо сомнително. Никој мене не ме бара, Герасимич, нема кој да ме бара, а јас сум овде меѓу свои, то ест на свое место, Герасимич.

Господин Голјаткин воздивна и погледна околу себе. Така е! Сите што беа во салата, сите го вперија погледот кон него и слушаа со некакво свечено исчекување. Мажите се стискаа поблизу и прислушкуваа. Малу понатаму вознемирено си шепотеа дамите. Самиот домаќин се појави сосема близу до господин Голјаткин, и макар што по неговиот изглед не можеше да се забележи дека и тој од своја страна зема директно и непосредно учество во ситуацијата на господин

Голјаткин, зашто сето тоа се правеше на деликатен начин, сепак јунакот на нашата повест можеше јасно да почувствува дека за него настапува решавачки момент. Господин Голјаткин јасно виде дека дојде време за смел удар, за посрамување на непријателите. Господин Голјаткин беше возбуден. Господин Голјаткин почувствува некакво вдахновение и со треперлив, свечен глас одново му се обрати на Герасимич, кој стоеше чекајќи:

— Не, пријателе мој, никој не ме вика. Ти грешиш. Дури нешто повеќе — ти грешеше и утринава; ме убедуваше... имаше смелост да ме убедуваш, велам (господин Голјаткин го повиши гласот), дека Олсуфиј Иванович, мојот добродетел отсекогаш, што во извесна смисла ми го замени татко ми, наредил да ми се затвори неговата врата во момент на семејна и свечена радост за неговото родителско срце. (Господин Голјаткин со самозадоволство, но и со длабоко чувство погледна околу себе. На неговите клепки навреа солзи.) Повторувам, пријателе мој, — заклучи јунакот наш, — ти грешиш, ти страшно, непростиво грешиш...

Моментот беше свечен. Господин Голјаткин чувствуваше дека постигна сигурен ефект. Господин Голјаткин стоеше со наведнат поглед и ги очекуваше прегратките на Олсуфиј Иванович. Возбудата и збунетоста среде гостите беше очевидна; дури и непоколебливиот и ужасен Герасимич затепка при зборот „се сомневам“... и наеднаш безмилосниот оркестар неочекувано загрме полка. Пропадна сè, сè однесе ветар. Господин Голјаткин затрепери, Герасимич се тргна назад и сè што беше во салата се разбранува како море, и Владимир Семјонович веќе леташе со Клара Олсуфјевна, а убавиот поручник со ќерката на кнегињата Чевчеханова. Публиката со љубопитство и восхитеност се тискаше да погледне на оние што играа полка — интересна, нова, модерна игра, што ја замајува главата на сите. Господин Голјаткин беше за исвесно време заборавен. Но наеднаш сè се разбранува, измеша, раздвижи; музиката замолкна... се случи нешто чудно. Изморената од играње Клара Ол-

суфјевна, одвај дишејќи од замор, со пламнати образи и гради што длабоко бранувааа, падна, најпосле, изнемоштена во една фотелја. Сите срца се спуштија кон прекрасната маѓесница, сите се туркаа да ѝ честитаат и заблагодарат за укажаното задоволство, — кога наеднаш пред неа се најде господин Голјаткин. Господин Голјаткин беше блед, крајно збунет; изгледаше дека и тој беше некако изнемоштен и одвај се движеше. Тој нешто се насмевнуваше, молбено пружаше рака. Вчудовидената Клара Олсуфјевна не успеа да си ја тргне раката и несвесно стана на поканата на господин Голјаткин. Господин Голјаткин се подаде напред, отпрвин еднаш, потоа уште еднаш, потоа ја крена ногата, направи со неа некаков полукруг, потоа малу тропна, потоа се препна... тој исто така сакаше да игра со Клара Олсуфјевна. Клара Олсуфјевна врисна; сите се втурнаа да ја ослободуваат нејзината рака од раката на господин Голјаткин и наеднаш јунакот наш беше истуркан од толпата десетина чекори. Околу него исто така се насобра круг. Се слушна писок и крик на две старички, кои господин Голјаткин одвај не ги преврте при повлекувањето. Мешаницата беше ужасна; секој прашуваше, секој викаше, секој коментираше. Оркестарот замолкна. Јунакот наш се вртеше во својот круг и несвесно, помалу насмевнувајќи се, мрмореше нешто за себе, дека „зошто да не, полката е нова и мошне интересна, создадена за разонода на дамите... но штом е таква работата тој, ете, готов е да се согласи". Но согласност од господин Голјаткин, изгледа, никој и не бараше. Јунакот наш почувствува дека нечија рака наеднаш падна на неговата рака, дека друга рака малу се потпрела на неговиот грб, дека некако особено грижливо го насочуваат во некој правец. Најпосле тој забележа дека оди право кон вратата. Господин Голјаткин сакаше нешто да каже, нешто да направи... Туку не, тој веќе ништо не сакаше. Тој само махинално се бранеше со насмевки. Најпосле тој почувствува дека му го облекуваат капутот, дека му го навлекуваат на очи шеширот; дека, најпосле, се најде во тремот, во мрак и студ, а потоа на скалите. На крајот тој се препна и му се стори дека

паѓа во бездна; тој сакаше да извика — и наеднаш се најде во дворот. Свеж воздух го помилува, тој за момент застана. Во истиот миг до него долетаа звуците на оркестарот кој одново загрме. Господин Голјаткин наеднаш сѐ си припомни; изгледаше дека сите малаксани сили пак му се враќаат. Тој наеднаш се тргна од местото на кое стоеше како закован и главечки се спушти надвор, на воздух, на слобода, каде што го водат очите.

ГЛАВА V

На сите петроградски кули што имаа часовници отчука точно полноќ кога господин Голјаткин, крајно изнервиран, истрча на кејот Фонтанка, недалеку од Измајловскиот мост, бегајќи од непријателите, од прогонувањата, од дожд навреди истурени на него, од писокот на возбудени старички, од офкањето и лелекањето на жени, од убиствените погледи на Андреј Филипович. Господин Голјаткин беше отепан — отепан сосема, во вистинската смисла на зборот, и ако во овој момент имаше способност да трча, тоа беше некакво чудо, чудо во кое и тој самиот не сакаше да верува. Ноќта беше ужасна — ноемвриска, мокра, маглива, дождлива, снежна, бремена со кивавица, грозница, жаби, со трески од секаков вид, со еден збор — со сите дарови на петроградскиот ноември. Ветерот виеше низ пустите улици, кревајќи ја над алките за чамци црната вода на Фонтанка и немирно тргајќи ги слабите фенери на кејот, кои од своја страна на неговото виење одговараа со тенко, продорно крцкање, што создаваше еден бескраен, пискав, sунлив концерт, мошне познат на секој петроградски жител. Истовремено врнеше и дожд и снег. Раскинуваните од ветрот дождовни млазеви бликаа речиси хоризонтално како од противпожарен шмрк, и го дупеа и шибаа лицето на несреќниот господин Голјаткин како илјадници иглички. Среде ноќната тишина, прекинувана единствено од далечниот татнеж на коли, од ветрот и крцкањето на фенерите, се слушаше тажниот плесок и шу-

мење на водата, што паѓаше од сите покриви, стреи, олуци на гранитната калдрма. Жива душа немаше ниту во близина, ни подалеку, и се чинеше дека во оваа доба и во ова време поинаку и не можеше да биде. Значи, само господин Голјаткин, сам со својот очај, иташе по тротоарот на Фонтанка со своите обични, дробни и брзи чекори, брзајќи да стигне колку побрзо може во својата Шестилавочна улица, на својот трет кат, во својот стан.

Иако снегот, дождот и сè она што дури и име нема, кога под петроградското ноемвриско нѐбо ќе се разигра виулицата и невремето, наеднаш и изненадно се нафрлија на и така отепаниот од несреќата господин Голјаткин, не давајќи му никаква милост и одмор, проникнувајќи до коските, лепејќи му ги очите, дувајќи го од сите страни, шашардисувајќи го докрај — иако сето тоа се нафрли на господин Голјаткин наеднаш, небаре намерно здружувајќи се со сите негови непријатели за да му го отруј ат денот, вечерта и ноќта, — и покрај сето тоа господин Голјаткин остана речиси рамнодушен кон овој последен доказ дека судбината го прогонува: до таа мера го беше вцашило сето она што со него се случи пред неколку минути кај господин советникот Берендеев!

Ако сега некој непознат и незаинтересиран набљудувач би погледнал онака отстрана на тажното потрчување на господин Голјаткин, тоа и него наеднаш би го зафатил страшниот ужас на неговата несреќа и сигурно би рекол дека господин Голјаткин сега гледа така како да сака самиот од себе некаде да се скрие, како да сака самиот од себе некаде да избега. Да, — навистина така беше! Ќе речеме нешто повеќе: господин Голјаткин не само сакаше да избега од самиот себе, но и сосема да пропадне, да го снема, да се претвори во прав. Во овие мигови тој ништо не слушаше, не разбираше ништо од она што околу него стануваше, и гледаше така како за него да не постоеја ни непријатности на страшната ноќ, ни долгиот пат, ни дождот, ни снегот, ни ветрот, ни жестокото време. Галошот, што се беше собул од десната чизма на господин Голјаткин остана во калта и снегот на тротоарот на

Фонтанка, а господин Голјаткин и не помисли да се враќа по него, и не обрна внимание дека го изгубил. Тој беше така загрижен што на неколку пати, неочекувано и не водејќи сметка за ништо, исцело опфатен од мислата за својот неодамнешен страшен пад, застануваше на тротоарот, неподвижен како столб; во тие моменти тој умираше, исчезнуваше; потоа наеднаш се тргнуваше од местото како бесен и трчаше, трчаше не свртувајќи се, како да се спасува од нечија потера, од некоја уште пострашна несреќа... Навистина, неговата положба беше ужасна!... Најпосле, сосема изнемоштен, господин Голјаткин застана, се потпре на оградата на кејот како човек на кого наеднаш му потекла крв од носот, и ококорено почна да гледа во матната, црна вода на Фонтанка. Не се знае колку време тој помина во оваа положба. Се знае само дека во тој миг господин Голјаткин падна во таков очај, беше до таа мера измачен, толку изнемоштен и душевно сосема малаксан, што заборави сè — и Измајловскиот мост, и Шестилавочната улица, и својата сегашност... Што е, навистина? Нели нему му беше сеедно: работата е свршена, готова, решението донесено и потпишано; па што му е тогаш? Наеднаш... наеднаш му се растрепери сето тело, и неволно отскокна чекор-два настрана. Со тешко беспокојство почна да се обзира тој наоколу, но немаше никој, ништо особено не се случи, — а сепак... сепак му се стори дека некој сега, овој момент, стоеше тука, крај него, исто така налактен на оградата на кејот, и — чудна работа! — дури нешто му рече, нешто набрзина му рече, не сосема разбирливо, но нешто нему блиско и што се однесува за него. „Што е тоа, дали ми се причини? — изусти господин Голјаткин, уште еднаш обзирајќи се наоколу. — Па каде стојам јас?... Ех, ех! — заврши тој вртејќи со глава, и во тоа време со беспокојство, тажно чувство, дури со страв почна да се загледува во матната, влажна далечина, докрај напрегајќи го погледот и со сите сили трудејќи се со своите кратковиди очи да проникне низ мокрото пространство што се простираше пред него. Меѓутоа немаше ништо ново, ништо особено не му падна в очи на

господин Голјаткин. Изгледаше дека е сè в ред, како што треба, то ест снегот врнеше уште посилно, покрупен и погуст; на дваесеттина чекори ништо не се гледаше; фенерите крцкаа посилно од порано, и ветерот ја пееше својата тажна песна уште поплачевно, пожалосно, како досаден питач што бара некоја пара за леб. „Ех, ех! Што станува со мене?“ — повторуваше господин Голјаткин продолжувајќи го патот и не престанувајќи да се обзира помалу.

Меѓутоа, некакво ново чувство се јави во целото суштество на господин Голјаткин: не беше тоа ниту тага, ниту страв... грозничав трепет мина по неговите жили. Моментот беше неподнослив непријатен! „Но ништо, — прозбори тој за да се окуражи, — ништо. Можеби навистина тоа не е ништо и ничија чест не валка... Можеби така и требаше да биде, — продолжуваше тој, и самиот не разбирајќи што зборува, — можеби сето тоа подоцна ќе се сврти на добро, и не ќе има што да се замерува, и никој не ќе биде виновен“. Зборувајќи така и олеснувајќи си ја душата господин Голјаткин малу се созема, го истресе снегот што како дебела кора му лежеше на шеширот, на јаката, на врската, на чизмите и на сè друго, — но чудното чувство, чудната мрачна своја тага сè уште не можеше да ја истресе од себе, да ја истера. Некаде далеку се разнесе топовски истрел „Ама време, — си помисли нашиот јунак, — да не е поплава? Сигурно водата премногу се кренала“. Штом го рече или помисли тоа господин Голјаткин виде пред себе минувач што му се приближува, и кој исто така поради нешто задоцнил. На прв поглед нешто безначајно, случајно; но кој знае зошто господин Голјаткин се збуни и дури исплаши. Не затоа што се плашеше од лош човек, а така, можеби... „Па кој и би го познавал овој задоцнет минувач, — му мина низ главата на господин Голјаткин, — можеби и тој е од оние, можеби тука тој е она главното и не иде туку така, а со цел, ми го сече патот и ме предизвикува“. Можеби господин Голјаткин не го помисли токму тоа, а само сети за миг нешто слично и мошне непријатно. Да се мисли и да се сеќава, впрочем, немаше кога; минувачот веќе беше

на два чекора пред него. Господин Голјаткин, по свој стар обичај, веднаш побрза да си придаде наполно особен израз, којшто јасно зборува дека тој, Голјаткин, нема потреба да го бранат, дека не сака да се меша, дека патот е доволно широк за сите и дека тој, Голјаткин, никого не гиба. Наеднаш тој застана како скаменет, како молња да го погоди, и брзо се сврти назад, по минувачот, којшто го мина, — се сврти со таков израз како нешто да го повлече одзади, небаре ветрот му го сврти ветропокажувачот. Минувачот брзо се губеше во снежната виулица. И тој сè брзаше, и тој како господин Голјаткин беше облечен и завиткан од глава до петици, и тој исто така потрчнуваше по тротоарот на Фонтанка со дробни чекори. „Што е тоа?“ — шепотеше господин Голјаткин недоверчиво насмевнувајќи се, но сепак се растрепери сиот. Морници му минаа по грбот. Минувачот веќе сосема го снема, ни чекорите не му се слушаа повеќе, а господин Голјаткин сè уште стоеше и гледаше по него. Меѓутоа, најпосле дојде малу на себе. „Ама што е ова? — помисли тој налутено, — јас да не сум полудел? Се сврти и тргна по својот пат, сè повеќе забрзувајќи ги чекорите и трудејќи се да не мисли за ништо. Дури и очите ги затвори заради тоа. Наеднаш, низ виењето на ветерот и бучавата на лошото време, до ушите му допре пак шум на нечии многу блиски чекори. Пред него на околу дваесеттина чекори пак се црнееше некој човек што брзо се приближуваше. Тоа човече иташе, се брзаше; растојанието брзо се смалуваше. Господин Голјаткин веќе можеше наполно да го разгледа својот нов задоцнет другар, — тој го виде и извикна од вчудовиденост и ужас; нозете му се потсекоа. Тоа беше оној истиот познат нему пешак што пред десет минути го пропушти покрај себе и кој наеднаш и сосема неочекувано сега повторно пред него се појавува. Но не само тоа чудо го вцаши господин Голјаткин, — а вцашен беше господин Голјаткин до таа мера што застана, извикна, нешто посака да каже, и се спушти да го стигне непознатиот, дури почна да му вика нешто, веројатно сакајќи поскоро да го застане. Непознатиот навистина застана, отприлика десетина чекори од не-

го, застана така што светлината од блискиот фенер му ја осветлуваше целата фигура, — застана, се сврти кон господин Голјаткин и со нетрпеливо загрижен вид чекаше што ќе рече овој. „Извинете, може грешам“ — со треперлив глас прозбори нашиот јунак. Непознатиот молчејќи и налутено се сврти и брзо си го продолжи патот како да сакаше да ги надомести изгубените со господин Голјаткин две секунди. Што се однесува до господин Голјаткин, на него се растреперија сите жили, колената му се свиткаа, ослабнаа, тој офна и седна на камен на тротоарот. Впрочем, имаше и зошто толку да се збуни. Работата е во тоа што непознатиот му се покажа сега некако познат. Сепак тоа ништо не значи. Но тој го позна, тој сега речиси сигурно го позна човекот. Тој често го гледаше тој човек, некогаш го гледаше, дури доста скоро; каде ли можел да го види? Да не беше вчера? Впрочем, главното не се состоеше во тоа што господин Голјаткин го гледал често; па и ништо особено во тој човек речиси немаше. На прв поглед тој човек не предизвикуваше апсолутно ничие внимание. Беше човек како и сите други, пристоен, се разбира, пристоен како и сите други пристојни луѓе, и можеби имаше и некои доста важни квалитети, — со еден збор, беше човек доволен сам за себе. Господин Голјаткин не чувствуваше ниту омраза, ниту непријателство, па дури ни најмала нетрпеливост кон тој човек; би можело дури да се рече напротив; а меѓутоа (и во тоа беше главното), а меѓутоа, ни за какво богатство на светов не би сакал да се сретне со него, особено да се сретне како сега, на пример. Ќе речеме нешто повеќе: господин Голјаткин сигурно го познаваше тој човек; тој дури знаеше како се вика и како е презимето на тој човек; сепак, за ништо, за никакво богатство на светов не би посакал да го именува, да се согласи да признае дека се вика така и така и дека татковото име му е така, а презимето вака. Дали долго или кратко траеше недоразбирањето на господин Голјаткин, долго ли седеше тој на тротоарот — не можам да речам, но штом малу се поврати тој веднаш се спушти да бега не свртувајќи се, колку што можеше побрзо; здивот му се губеше; два

пати се препна, одвај не паѓајќи, и тогаш стана сираче и другата чизма на господин Голјаткин, која исто така ја напушти нејзиниот галош. Најпосле господин Голјаткин почна малу побавно да трча, за да земе здив, брзо се обзрна околу себе и виде дека без да забележи го поминал сиот свој пат по Фонтанка, го минал Аничковиот мост, дел од Невскиот проспект и сега стои на аголот на Литејна. Господин Голјаткин сврти во Литејна. Во тој миг неговата положба личеше на положбата на човек што стои над страшна провалија, кога земјата под него се рони, веќе се ниша, веќе кренала, за последен пат се ниша, паѓа, го повлекува и него во бездната, а несреќникот, меѓутоа, нема ниту сила, ниту решителност да се тргне назад да го оттргне погледот од зинатата провалија; бездната го влече и тој најпосле скокнува во неа сам, сам забрзувајќи си го моментот на својата смрт. Господин Голјаткин знаеше, чувствуваше и беше наполно убеден дека по пат неминовно ќе му се случи уште некое зло, дека ќе го снајде уште некоја непријатност, дека, на пример, пак ќе го сретне својот непознат; но — чудна работа — тој дури ја сакаше таа средба, ја сметаше неизбежна и молеше само што поскоро да се сврши сето тоа за да се расчисти на некој начин неговата положба, макар како, но само што поскоро. А меѓутоа, тој без престан трчаше и трчаше, како да го движи некоја непозната сила, зашто низ целото свое суштество чувствуваше некаква изнемоштеност и премаленост; не можеше за ништо да мисли иако мислите му се закачуваа за сè како шипови. Некое изгубено кученце, мокро и измрзнато, тргна по господин Голјаткин и трчаше покрај него странично и брзо со подвиткана опашка и уши, погледнувајќи одвреме навреме на него плашливо и умно. Некоја си далечна, одамна заборавена мисла — спомен за некоја одамна минатa случка — му дојде сега на ум, и почна како со чеканче да чука во неговата глава, да му здодева и никако не сакаше да го остави. „Ех, ова гадно куче!“ — шепотеше господин Голјаткин не сфаќајќи што сака да каже самиот. Најпосле го виде непознатиот на аголот на Италијанската улица. Но овој пат непозна-

тиот одеше не кон него, а во истиот правец како и тој, и исто така трчаше на неколку чекори пред него. Најпосле влегоа во Шестилавочната улица. Господин Голјаткин нешто го пресече. Непознатиот застана пред куќата во која живееше господин Голјаткин. Се слушна звон на ѕвончето и речиси истовремено крцкање на железното резе. Вратата се отвори, непознатиот се наведна, провлече и исчезна. Речиси во исто време стигна и господин Голјаткин и како стрела се втурна во вратата. Не слушајќи го домашниот чувар што мрмореше, втрча задишан во дворот и веднаш го виде својот интересен сопатник што за момент го изгуби. Непознатиот се појави на влезот од скалите што водеа во станот на господин Голјаткин. Господин Голјаткин се спушти по него. Скалите беа темни, влажни и нечисти. На сите одморишта беа натрупани купови разнородни старудии од станарите, така што кога некој туѓ човек би се нашол тука во темно би морал да оди по скалите барем половина час, рескирајќи да си ги искрши нозете и колнејќи ги не само скалите, но и познајниците што така незгодно се настаниле. Но сопатникот на господин Голјаткин како да ги познаваше овие скали, како да беше домашен; се качуваше лесно, без тешкотии, совршено познавајќи го теренот. Господин Голјаткин веќе го настигнуваше; дури два-три пати полата од капутот на непознатиот го удри по носот. Срцето му премираше. Таинствениот човек застана право пред вратата од станот на господин Голјаткин, почука и (што во друго време би го зачудило господин Голјаткин) Петрушка како да го чекаше, не легнал, веднаш ја отвори вратата и тргна по дојдениот со свеќа во рака. Јунакот на нашиот расказ втрча во станот избезумен; не слекувајќи го капутот и не симнувајќи го шеширот, тој помина низ коридорот и, небаре од гром погоден, застана на прагот на својата соба. Сите претчувства на господин Голјаткин наполно се обистинија. Сè од што се плашеше и што наслутуваше се случи сега најаве. Здивот му застана, во главата му се сврти. Непознатиот седеше пред него во капут и шешир, на неговиот кревет, и по малу се насмевнуваше и жмиркајќи пријателски му

кимаше со глава. Господин Голјаткин сакаше да вика, ама не можеше, да протестира на некој начин, но немаше сили. Косата му се крена и тој губејќи ја свеста припадна од ужас. Впрочем, имаше и зошто. Господин Голјаткин наполно го препозна својот ноќен пријател. Неговиот ноќен пријател не беше никој друг туку тој самиот, — самиот господин Голјаткин, друг господин Голјаткин, но сосема ист како него. Со еден збор, тоа што се вели двојник во секој однос . . . .
. . . . . .

ГЛАВА VI

Утредента, точно во осум часот, господин Голјаткин се разбуди во својата постела. Во истиот момент во неговата фантазија и памет му се јавија со сета ужасна јасност сите необични настани од вчерашниот ден и сета неверојатна, луда ноќ, со сите свои речиси невозможни авантури. Необично жестоката и пеколна злоба на неговите непријатели, и особено последниот доказ на таа злоба, му го смрзнаа срцето на господин Голјаткин. Но истовремено сето тоа беше така чудно, неразбирливо, фантастично, изгледаше така невозможно, што навистина тешко беше да се поверува во него; сам господин Голјаткин беше готов да го прогласи сето тоа за фантастично бладање, моментално растројство на фантазијата, помрачување на умот, — ако за среќа, од сопствено горчливо животно искуство не знаеше до каде понекогаш може да го доведе човека злобата, до каде може понекогаш да дојде жестокоста на непријателот, кога тој се одмаздува за својата чест и амбиции. Освен тоа разбиеното тело на господин Голјаткин, матната глава, искршената половина, лошата кивавица, — сето тоа докажуваше и ја потврдуваше полната веројатност на вчерашната ноќна прошетка, а делумно и сето друго што се случи за време на таа прошетка. Па и господин Голјаткин, најпосле, знаеше веќе многу одамна дека таму кај нив нешто се готви, дека си имаат некој друг. Но што да се прави? Откако добро размисли господин Голјаткин реши да

премолчи, да се смири и за иизвесно време да не протестира за оваа работа. „Можеби сакаа само да ме исплашат, а кога ќе видат дека јас ништо не преземам, не протестирам и наполно се смирувам и мирно сè поднесувам, тие ќе отстапат, самите ќе отстапат, први ќе отстапат.“

Еве такви мисли беа во главата на господин Голјаткин додека тој, протегајќи се во својата постела и испружајќи ги разбиените нозе, чекаше како и секогаш Петрушка да се појави во неговата соба. Чекаше тој околу четврт час; слушаше како мрзата Петрушка се вртка зад преградата околу самоварот, но никако не можеше да се реши да го повика. Ќе речеме нешто повеќе, господин Голјаткин дури по малу се плашеше да се најде насамо со Петрушка. „Господ знае, — си мислеше тој, — господ знае како сега гледа на сите тие работи овој неранимајко. Тој ваму молчи, а всушност мудрува“. Најпосле вратата закрцка и се појави Петрушка со послужавник в раце. Господин Голјаткин со страв накриво го погледна, со нетрпение очекувајќи што ќе стане, очекувајќи дали најпосле нема да каже нешто за сметка на познатите настани. Но Петрушка ништо не рече, а напротив, беше некако помолчелив, понамуртен и налутен од обично, на сè гледаше под око; воопшто, се гледаше дека тој од нешто е крајно недоволен; дури ниту еднаш не погледна во својот господар, што, патем речено, малу го штрекна господин Голјаткин; постави на масата сè што донесе, се сврти и молчешкум отиде зад својата преграда. „Знае, сè знае, мрза една!“ — промрмори господин Голјаткин, земајќи го чајот. Сепак, нашиот јунак ништо не го праша својот слуга, иако Петрушка влегуваше потоа неколку пати во неговата соба по разни работи. Господин Голјаткин беше со силно вознемирена душа. Страшно му беше исто така да оди на работа. Имаше силно претчувство дека токму таму не е како што треба. „Ете ќе појдеш, — мислеше тој, — и ќе нагазиш на нешто. Не е ли подобро да почекам сега. да се стрпам? Нека тие таму работат што сакаат, а јас денес ќе се стрпам овде, ќе приберам сили, ќе се поправам, ќе поразмислам подобро за сета

таа работа, а потоа ќе изберам момент и — како гром од ведро небо, а самиот ќе се правам наивен". Додека така размислуваше господин Голјаткин пушеше луле по луле; времето леташе, беше веќе девет и пол. „Па веќе е девет и пол, — си мислеше господин Голјаткин, — сега е доцна и да одам. Освен тоа јас сум болен, се разбира, болен, сигурно болен; кој може да рече дека не сум? Што ми е мене грижа! Нека испратат некого да види, нека го испратат екзекуторот; што ми е мене, навистина? Ме боли ева грбот, кашлам, кивам; а најпосле, не можам да излегувам, воопшто не смеам во вакво време: можам да се разболам, а потоа и да умрам; сега и така смртноста е голема... „Со вакво размислување господин Голјаткин ја смири најпосле совеста и однапред се оправда пред себе си од префрлувањата што ги очекуваше од Андреј Филипович поради немарност во службата. Воопшто, јунакот наш во сите слични околности многу сакаше да се оправдува во сопствените очи со различни непобитни докази и на тој начин наполно да си ја успокојува својата совест. Значи, откако си ја успокои наполно својата совест, го зеде лулето, го наполни, но штом почна убаво да трча, скокна бргу од диванот, го фрли лулето, брзо се измиј, избричи, измазни, го облече капутот и сето друго, зеде набрзина некои хартии и полета во установата.

Во своето одделение господин Голјаткин влезе плашливо, со напнато исчекување на нешто мошне лошо; иако тоа исчекување беше несвесно и матно сепак беше и непријатно. Плашливо седна на своето место, крај референтот Антон Антонович Сеточкин. Не гледајќи на ништо се загледа тој во содржината на хартиите пред него. Се реши и си даде збор, доколку тоа е можно, да се пази од секакви предизвикувања, од сè што можеше да го компромитира на некој начин: од нескромни прашања, од нечии шеги и неприлични алузии во врска со сношните настани; реши дури да се откаже од обичните учтивости со колегите, то ест од прашањата за здравјето и слично. Но исто така беше очевидно дека е невозможно така да се остане. Беспокојството и непознавањето на нешто што непо-

средно се однесуваше за него секогаш го мачеа повеќе отколку самите закачки. И ете зошто, без обѕир на ветувањето да не се замешува во ништо и да се држи настрана од сè што станува, господин Голјаткин одвреме навреме, кришум и сосема полека ја поткреваше главата и тајно погледнуваше на сите страни, десно и лево, се загледуваше во лицата на своите колеги и се трудеше да заклучи нема ли нешто ново и особено, што се однесува за него и со некои лоши намери крие од него. Тој претполагаше дека сето она што вчера стана сигурно има врска со ова што го окружува. На крајот, опфатен со својата мака тој посака сето тоа на некој начин да се расплете што побрзо, макар и несреќно — сеедно! Но судбината како да чекаше да го фати во клопка господин Голјаткин: уште не успеа да посака, а сомневањата наеднаш ги снема, но на најчуден и неочекуван начин.

Вратата од другата соба наеднаш крцна тивко и плашливо, како да сакаше со тоа да навести дека лицето што влегува е сосема безначајно, и нечија фигура, впрочем мошне позната на господин Голјаткин, срамежливо се појави пред самата таа маса на која седеше нашиот јунак. Јунакот наш не ја креваше главата, — не, тој само бегло ѕирна на фигурата, со сосема кус поглед, но веќе разбра сè, до најмали подробности. Тој гореше од срам и ја пикна својата несреќна глава во хартиите како што прогонуваниот од ловец ној ја закопува својата глава во жешкиот песок. Новодојдениот му се поклони на Андреј Филипович и веднаш потоа се слушна службено љубезен глас, со каков обично зборуваат началниците со новите службеници во сите установи. „Седнете еве овде, — прозбори Андреј Филипович, покажувајќи му ја на новакот масата на Антон Антонович, — еве овде, спроти господин Голјаткин, а работа ќе ви дадеме веднаш". Андреј Филипович заврши со тоа што му направи на новодојдениот еден брз, учтиво поучен гест, а потоа се задлабочи во суштината на разните хартии што ги имаше пред него цел куп.

Господин Голјаткин го крена, најпосле, погледот и не падна во несвест само затоа што целата работа

однапред ја претчувствуваше и што веќе од почетокот беше упатен во сè, зашто по душа го позна дошлакот. Првото движење на господин Голјаткин беше брзо да се обзрне наоколу — дали нема таму шушукања, дали за сметка на ова не се прави некоја канцелариска духовитост, дали на некој не му се искривило лицето од чудење, и дали, најпосле, некој од страв не паднал под маса. Но за најголемо чудење на господин Голјаткин никој не покажуваше нешто слично. Него го вчудовиди поведението на господата другари и колеги негови. Тоа му изгледаше спротивно на здравиот разум. Господин Голјаткин дури се исплаши од ваквото необично молчење. Реалноста сама за себе зборуваше; работата беше чудна, неприродна, глупа. Имаше и зошто да се сепне. Сето тоа, се разбира, само му светна во главата на господин Голјаткин. Самиот тој гореше на тивок оган. А, впрочем, имаше и зошто. Оној што сега седеше спроти господин Голјаткин беше ужасот на господин Голјаткин, беше срамот на господин Голјаткин, беше вчерашниот кошмар на господин Голјаткин, со еден збор беше самиот Голјаткин што сега седеше на столот со отворена уста и со перо во неподвижната рака; не оној што ја вршеше должноста помошник-референт, не оној што сакаше да не се истакнува и забележува во толпата; не оној, најпосле, чиј од јасно зборуваше: „не гибајте ме зашто и јас не ве гибам“ — не, тоа беше друг господин Голјаткин, но истовремено сосема сличен на оној првиот — со истиот раст, истата става, исто облечен, со истата ќела, — со еден збор, ништо, апсолутно ништо не беше заборавено за да биде сличноста потполна, така што, ако би ги зеле и ставиле еден до друг, тогаш никој, апсолутно никој не би се решил да определува кој именно е вистинскиот Голјаткин, а кој лажниот, кој стариот, а кој новиот, кој е оригинал, а кој копија.

Јунакот наш беше сега, ако може тоа да се споредува, во положба на човек со кој се забавува некој немирник и за шега, крадешкум, насочува кон него стакло за палење. „Што е тоа, сон или не е? — мислеше тој, — реалност или продолжение на вчерашното? Но како тоа? Со какво право се прави сето тоа?

Кој назначил таков чиновник, кој му дал право на тоа? Спијам ли јас, сонувам ли?“ Господин Голјаткин се обиде да се штипне, дури имаше намера да штипне некој друг... Не, не е сон, и готово. Господин Голјаткин почувствува како пот тече од него, како со него се случува нешто нечуено и невидено досега, а освен тоа, за да биде несреќата поголема, и нешто неприлично, бидејќи господин Голјаткин ја сфаќаше и чувствуваше сета незгода да се биде прв во една вакква пасквилна работа. Тој, најпосле, почна да се сомнева во сопственото постоење; и покрај тоа што пред малку беше готов на сè и самиот сакаше на некој начин да се решат неговите сомневања, сепак суштината на настаните беше сама од себе оправдание на овие изненадувања. Тагата го гушеше и мачеше. Понекогаш наполно губеше свест и паметење. Кога по таков момент ќе се повратеше, забележуваше дека махинално и несвесно го движи перото по хартијата. Не верувајќи на самиот себе почна да го проверува сето напишано — и ништо не разбираше. Најпосле другиот Голјаткин, што досега седеше мирно и убаво, стана и исчезна по некаква работа зад вратата на другото одделение. Господин Голјаткин погледна наоколу — ништо, сè е тивко; се слуша само чкрипењето на перцата, шумот од превртувањето на листови и разговор по катчињата што се подалеку од местото на Андреј Филипович. Господин Голјаткин погледна на Антон Антонович; и бидејќи, по сè изгледа, лицето на нашиот јунак наполно ја оддаваше неговата сегашна состојба и беше во хармонија со сета суштина на работата, значи, во извесна смисла беше многу значајна, затоа добриот Антон Антонович го остави перото настрана и со некакво необично сочувство се распраша за здравјето на господин Голјаткин.

— Јас, Антоне Антонович, фала богу, — со тепкање прозбори господин Гојлаткин. — Јас, Антоне Антонович, сосем сум здрав; сега, Антоне Антонович, не ми е ништо, — додаде тој нерешително, сè уште не верувајќи му наполно на често споменуваниот од него Антон Антонович.

— А, така! А мене ми се причини дека сте болни; впрочем, не би било ни чудно, тоа лесно се случува! Особено денес, сè некакви епидемии. Знаете ли...

— Да, Антоне Антонович, знам дека постојат такви епидемии... Јас, Антоне Антонович, не сакав тоа, — продолжуваше господин Голјаткин, внимателно гледајќи во Антон Антонович, — јас, гледате, Антоне Антонович, и самиот не знам како вам, то ест, сакам да речам, од која страна да ја почнам таа работа, Антоне Антонович...

— Што? Јас... знаете... јас, право да ви речам, не ве разбирам сосема добро; знаете... искажете се поподробно во кој однос вие имате тешкотии, — рече Антон Антонович, и самиот донекаде во незгода откако забележа дека на господин Голјаткин дури солзи му навреа.

— Јас, навистина, Антоне Антонович... овде — еден чиновник, Антоне Антонович...

— Е! Сè уште не разбирам.

— Сакам да речам, Антоне Антонович, дека овде има нов чиновник.

— Да, има; со исто како вашето презиме.

— Како? — извикна господин Голјаткин.

— Ви велам: со вашето презиме; и тој е Голјаткин. Да не е ваш брат?

— Не, Антоне Антонович, јас...

— Хм! Навистина, а мене ми се стори дека е сигурно ваш близок роднина. Знаете, имате во извесна смисла фамилијарна сличност.

Господин Голјаткин се здрви од чудо и за извесно време му се одзеде јазикот. Да се зборува така лесно за една таква неприлична, нечуена работа, навистина ретка работа од ваков вид, работа што би го вцашила и најнезаинтересираниот набљудувач, да се зборува за фамилијарна сличност кога тоа се гледа како во огледало!

— Знаете ли, Јакове Петрович, што ќе ви советувам, — продолжуваше Антон Антонович. Одете на лекар и посоветувајте се со него. Знаете, вие воопшто не изгледате здрав. Вашите очи особено... имаат некаков особен израз.

— Не, Антоне Антонович, јас, се разбира, чувствувам, то ест сакам да ве прашам што е со овој чиновник?

— Како тоа?

— То ест дали забележавте кај него, Антоне Антонович, нешто особено... нешто премногу упадливо?

— То ест?

— То ест, сакам да речам, Антоне Антонович, некоја вонредна сличност со некого, на пример, то ест, со мене, на пример. Вие туку што рековте, Антоне Антонович, за фамилијарна сличност, направивте патем таква забелешка... Знаете, постојат понекогаш близнаци, то ест си личат како две капки вода, така што не можеш да ги разликуваш? Јас, еве за тоа.

— Да, — рече Антон Антонович, откако помисли малу и небаре за прв пат изненаден од еден ваков факт, — да! Точно е. Сличноста навистина е за чудење и вие правилно заклучивте дека навистина можеш да ги замениш еден со друг, — продолжуваше тој, сè повеќе и повеќе отворајќи ги очите. — И знаете ли, Јакове Петрович, тоа е необична сличност, фантастична, што се вели, то ест апсолутно како вие... Дали забележавте, Јакове Петрович? Јас дури самиот сакав да ве замолам за објаснување, но, признавам, не обрнав отпрвин потребно внимание. Чудо, навистина чудо! А знаете, Јакове Петрович, вие не сте родум оттука, а?

— Не.

— И тој не е оттука. Можеби сте од исто место. Вашата мајка, дозволете да прашам, каде најмногу живееше?

— Вие рековте... вие рековте, Антоне Антонович, дека тој не е оттука?

— Да, не е од овој крај. И навистина, како е тоа чудно, — продолжуваше зборлестиот Антон Антонович, за кого да позборува за нешто беше вистински празник, — навистина може да предизвика љубопитство; а честопати ќе поминеш, ќе го закачиш, ќе се судриш, а нема да го забележиш. Впрочем, вие не се возбудувајте. Такво нешто се случува. Тоа, знаете ли — еве ќе ви раскажам, тоа истото се случи со моја

тетка по мајчина линија; таа исто така пред смртта си го виде двојникот...

— Не, јас, — извинете што ве прекинувам, Антоне Антонович, јас би сакал, Антоне Антонович, да дознам како тој чиновник, то ест откаде тој овде?

— На местото на покојниот Семјон Иванович, на ослободеното место; се отвори слободно место и еве и заменик. А навистина, тој мил човек, покојниот Семјон Иванович, три деца, велат, оставил — кое од кое помало. Вдовицата паѓала пред нозе на неговото превосходство. Велат, впрочем, дека таа крие: има парички, но ги крие...

— Да, да, Антоне Антонович, но мене ми е умот сè во онаа работа.

— То ест? А, да! А зошто тоа толку ве интересира? Ви велам: не се возбудувајте. Сето тоа е донекаде привремено. Што сте се загрижиле? Па вие тука не можете ништо. Така самиот господ наредил, тоа е негова волја и не чини да се противите. Во тоа се огледа неговата премудрост. А вие за тоа, Јакове Петрович, колку јас сфаќам, немате никаква вина. Малу ли чуда има на светов! Мајката природа е дарежлива, и вас за тоа нема да ве обвинува, нема да бара одговорност. Еве, на пример, патем речено, се надевам дека сте слушнале, како, ова, ги викаа, а, да, сијамските близнаци, сраснати со грбовите и така си живеат, и спијат, и јадат заедно, големи пари, велат, собираат.

— Дозволете, Антоне Антонович...

— Ве разбирам ве разбирам! Да! Па што? — ништо! Ви велам, по мое сфаќање, нема зошто да се возбудувате за ова. Што од тоа? Тој е чиновник како и секој чиновник, изгледа вреден човекот. Вели дека се вика Голјаткин; не е од овој крај, вели, титуларен советник е. Лично со неговото превосходство разговараше.

— И, како?

— Ништо, велат дека сè објаснил, изнел причини; вели вака и вака, ваше превосходство, немам средства, а сакам да работам, особено под вашето одлично раководство... и така редум сè што треба, знаете,

вешто се искажал. Умен човек, изгледа. Е, се разбира, дошол со препорака; без неа не се може...

— А од кого... то ест сакам да речам кој во оваа срамна работа си ги замешал прстите?

— Да. Добра, велат, препорака; неговото превосходство и Андреј Филипович, велат, се насмеале.

— Се насмеале и тој и Андреј Филипович?

— Да. Онака само се насмеале и рекле дека е добро и дека тие од своја страна немаат ништо против, само нека верно служи...

— Е, а понатаму? Вие, Антоне Антонович, ме повративте донекаде во живот; ви се молам, понатаму...

— Дозволете, јас пак нешто ве... Е, да, па ништо; обична работа; вие, ви велам јас, не се возбудувајте, нема тука ништо сомнително...

— Не. Јас, то ест, сакам да ве прашам, Антоне Антонович, дали неговото превосходство не додале нешто... за мене, на пример?

— То ест, како мислите? Да! Не, нема ништо, можете да бидете наполно спокоен. Знаете, ова, се разбира, работата е доста чудна и отпрвин... па ете јас, на пример, отпрвин речиси и не забележав. Навистина не знам зошто не забележав додека вие не ме потсетивте. Но, впрочем, можете да бидете наполно спокоен. Ништо особено, ама баш ништо на рекоа, — додаде добриот Антон Антонович, станувајќи од столот.

— Па еве јас, Антоне Антонович...

— Ах, извинете. Јас така се расприкажав за дреболии, а еве имам важна, хитна работа. Морам да барам податоци.

— Антоне Антонович! — се разнесе гласот на Андреј Филипович што учтиво повикуваше, — ве бараше неговото превосходство.

— Веднаш, веднаш, Андреј Филипович, веднаш идам. — И Антон Антонович, земајќи в раце куп хартии потрча првин кај Андреј Филипович, а потоа во кабинетот на неговото превосходство.

„Па како тоа? — си мислеше господин Голјаткин. — Значи, таква игра ние играме! Значи, такво ветерче сега дува... Тоа не е лошо; тоа значи работите

тргнале по најдобар пат, — си зборуваше јунакот наш, триејќи си ги рацете и не чувствувајќи го столот под себе од радост. — Нашата работа е, значи, обична. Сè, значи, завршува со дреболии и нема ништо. Навистина, никој не писнува, разбојници ниедни, седат само и работат: прекрасно, прекрасно! Јас добрите луѓе ги сакам, сум ги сакал и секогаш сум готов да ги почитувам... Впрочем, ако се размисли подобро, овој Антон Антонович... страшно е да му се доверуваш, стар е премногу и од староста прилично се мрднал. Впрочем, прекрасна и голема работа е тоа што неговото превосходство ништо не рекло и така го пуштиле: добро е! одобрувам! Само Андреј Филипович што има да се меша тука со своите потсмевнувања! Што го грижа него? Лисица стара! Секогаш ми стои на патот, секогаш како црна мачка сака да ти го мине патот, секогаш ќе му се испречи за инает на човека; за инает на човека и попреку...“

Господин Голјаткин пак погледна околу себе и пак се скуражи со надеж. Впрочем, тој чувствуваше дека сепак го збунува една далечна мисла, некаква кобна мисла. Дури му дојде на ум самиот да се приближи кон чиновниците, како ждребе да истрчи напред, дури (некако при излегувањето од канцеларија или да се приближи божем по работа), меѓу разговорите и да потфрли дека, ете, значи, господа, работата е таква и таква, сличноста е голема, околностите — чудни, каков комичен случај, — то ест самиот да се пошегува со сето тоа и на тој начин да ја проучи длабочината на опасноста. Инаку, мирна вода брег рони, мислено заклучи нашиот јунак. Впрочем, господин Голјаткин ова само го помисли, но затоа навреме се предомисли. Сфати тој дека со тоа многу далеку ќе заглиби. „Таков си ти по природа! — си рече за себе чукнувајќи се лесно со рака по челото. — Веднаш ќе се израдуваш, ќе се разиграш! Ти си искрена душа! Не, Јакове Петрович, подобро е јас и ти да потрпиме, да почекаме и да потрпиме!“

Сепак, како што веќе забележавме, господин Голјаткин се препороди — полн со надеж, небаре воскресна од мртви. „Ништо, — мислеше тој, — како да

ми падна камен од душата! Ете каква ситуација! А сандачето се отворало многу просто. Крилов е во право, Крилов е во право... лисица е тој Крилов и баснописец голем! А што се однесува до оној — нека служи, нека служи и нека му е на здравје, само нека никому не му пречи и никого да не гиба; нека служи — согласен сум и одобрувам!"

Меѓутоа, времето си минуваше, леташе и наеднаш чукна четири часот. Работното време заврши; Андреј Филипович си го зеде шеширот и, како што е редно, сите го сторија истото. Господин Голјаткин почека малу, колку што беше потребно, и намерно излезе подоцна од сите, последен, кога веќе сите се растурија на разни страни. Кога излезе на улица тој се почувствува како во рајот така што дури доби желба, макар и заобиколувал, да се прошета по Невскиот проспект. „Ете што ти е судбината! — зборуваше нашиот јунак, — неочекуван пресврт на целата работа. И времето се разубавило, и ладничко, и санки возат. А на Русинот студот му годи, прекрасно навикнува Русинот на студот! Го сакам Русинот. И снежето, како велат ловците; да можам да потерам зајак по првото снеже! Ех! Ама ништо!"

Така го изразуваше своето воодушевување господин Голјаткин, меѓутоа, нешто сè уште го копкаше во главата, не беше тоа тага, но одвреме навреме така го стегаше срцето, што господин Голјаткин не знаеше како да се смири. „Впрочем, да почекаме посреќен ден, па тогаш да се радуваме. А, впрочем, што има тука? Па, ќе помислиме, ќе видиме. Ајде да го разгледаме прашањето, пријателе мој млад, ајде да го разгледаме. Е, човек ист како тебе, човек, како прво, наполно ист. Па, што е тоа важно? Ако е човекот таков зарем да плачам? Што ме засега тоа мене? Тоа не се однесува на мене, си потсвирнувам јас – мирна глава! Штом така сака — нека го! Нека служи! Но чудно и необично е што вели како сијамски близнаци... Што ги меша сијамските близнаци? Добро, да допуштиме дека се близнаци, но и големите луѓе понекогаш чешити биле. Од историјата е познато дека прочуениот Суворов пеел како петел... Навистина,

тоа тој го правел поради политика; а големите полководци... да, впрочем, каква врска имаат полководците? Мене не ми треба никој, да, и не сакам за никого да знам, и во невиноста своја ги презирам непријателите. Не сум интригант и со тоа се гордеам. Чесен сум, искрен, чист, пријатен, добродушен..."

Наеднаш господин Голјаткин молкна, застана и како лист се растрепери, дури очите ги затвори за миг. Надевајќи се, впрочем, дека предметот на неговиот страв е просто илузија, ги отвори тој, најпосле, очите и плашливо погледна надесно. Не, не беше илузија!.. Покрај него ситно чекореше неговиот утрински познајник, се насмевнуваше, му се загледуваше в лице и, се чинеше, чека згоден момент да започне разговор. Разговорот, меѓутоа, не почнуваше. Поминаа така педесетина чекори еден покрај друг. Господин Голјаткин единствено се трудеше да се завитка што подобро, да се вовлече во капутот, да ја навлече на очи што повеќе капата. За да биде непријатноста потполна и капутот и капата на неговиот пријател беа сосема исти, небаре тукушто слечени од господин Голјаткин.

— Почитуван господине, — изусти, најпосле, нашиот јунак, трудејќи се да зборува со шепот и не гледајќи на својот пријател, — ние, чинам, одиме по различни патишта... Јас сум дури убеден во тоа, — рече тој откако малу замолчи. — На крајот, јас сум сигурен дека вие наполно ме разбравте, — доста строго додаде тој на крајот.

— Јас би сакал, — прозбори најпосле пријателот на господин Голјаткин, — јас би сакал... вие, веројатно, велокодушно ќе ме извините... јас не знам кому да му се обратам овде... моите околности, — се надевам, дека ќе ме извините за мојата дрскост, — мене ми се стори дури дека вие, проникнати од милосрдност, утринава изразивте сочувство кон мене. Од своја страна јас од првиот поглед почувствував симпатија кон вас, јас... — Тука господин Голјаткин мислено му пожела на својот нов колега да пропадне в земја. — Ако можам да се надевам дека вие, Јако-

ве Петрович, ќе повелите благонаклоно да ме ислушате...

— Ние — ние сме овде — ние... подобро да одиме кај мене, — одговори господин Голјаткин, — сега ќе минеме на другата страна на Невскиот, таму ќе ни биде позгодно, а потоа по сокакот... подобро ќе биде да одиме по сокакот.

— Добро, да одиме по сокакот, — плашливо рече мирниот сопатник на господин Голјаткин и со тон на одговорност како да сакаше да рече: каде можам јас да избирам, во мојата положба и со сокак сум готов да се задоволам. Штом се однесува до господин Голјаткин тој апсолутно не разбираше што стануваше со него. Не веруваше на себе си. Уште не се беше повратил од вцашеноста.

ГЛАВА VII

Се поврати малу тој на скалите, пред влезот во својот стан. „Ех, празна главо! — се искара тој самиот во мислите, — каде го водам? Самиот главата во торба сѝ ја ставам. Што ќе помисли Петрушка кога ќе нѐ види заедно? Што тој никаквец би смеел сега да помисли? А тој ми е сомнителен...“ Но доцна беше да се кае; господин Голјаткин почука, вратата се отвори и Петрушка почна да го слекува капутот од гостинот и господарот. Господин Голјаткин погледна на брзина, така само фрли бегол поглед на Петрушка, трудејќи се да проникне во неговото лице и да ги одгатне неговите мисли. Но, за големо негово изненадување, тој забележа дека слугата негов и не мисли да се чуди, дури напротив, како да очекувал нешто слично. Се разбира, тој и сега гледаше намуртено како волк, гледаше накриво и како да сакаше некого да изеде. „Да не ги омаѓосал некој сите денеска, — помисли јунакот наш, — да не ги обиколил ѓавол! Мора нешто особено да го снашло денес овој свет. По ѓаволите, какви маки ме снајдоа!“ Така мислејќи и размислувајќи господин Голјаткин го воведе гостинот во својата соба и учтиво го покани да седне.

Гостинот, изгледа, беше крајно збунет, многу се плашеше, покорно ги следеше сите движења на својот домаќин, ги фаќаше неговите погледи и во нив, се чинеше, сакаше да ги одгатне неговите мисли. Нешто навредено, измачено и заплашено се изразуваше во сите негови гестови така што, ако би можело да се допушти споредување, во овој момент доста личеше на оној човек којшто поради немање на сопствена облека се облекол во туга: ракавите му се тргаат нагоре, струкот речиси на тилот, а тој секоја минута си го мести на себе кусиот елек, де се врти настрана и повлекува, де се труди некаде да се скрие, де се загледува во очите на сите и прислушнува дали луѓето не зборуваат нешто за неговата положба, дали не му се смеат, дали не се срамат од него — и човекот црвенее, и се губи човекот, и страда амбицијата...

Господин Голјаткин го стави својот шешир на прозорецот; поради невнимателност шеширот падна на подот. Гостинот веднаш скокна да го крене, сиот го исчисти од правта, внимателно го постави на поранешното место, а својот го стави на подот, крај столот на чиј крај самиот скромно седна. Оваа дребна околност му ги отвори донекаде очите на господин Голјаткин; тој разбра дека гостинот се наоѓа во голема немаштија и затоа повеќе не се мачеше како да почне со него, оставајќи му ја таа грижа, како што е и редно, на него самиот. Гостинот пак од своја страна исто така ништо не почнуваше — дали се плашеше или се срамеше малу, или од учтивост чекаше домаќинот да почне — не се знае, тешко беше да се разбере. Во тоа време влезе Петрушка, застана на вратата и се загледа на онаа страна што беше спротивна на таа каде седеа гостинот и неговиот господар.

— Ќе наредите ли да земам две порции ручек? прозбори тој немарно со зарипнат глас.

— Јас, јас не знам... вие — да, земи, брате, две порции.

Петрушка си отиде. Господин Голјаткин погледна на својот гостин. Гостинот поцрвене до ушите. Господин Голјаткин беше добар човек и затоа, поради добрината на својата душа, веднаш состави објаснување.

„Кутриот човек, – си мислеше тој, – сè на сè еден ден е на работа; сигурно имал некоја несреќа порано; можеби сè што има е ова пристојно капутче, а за ручек нема пари. Ех, каков несреќник! Но ништо, тоа е донекаде и подобро...“

— Извинете што јас, — започна господин Голјаткин, — впрочем, дозволете ми да знам како се викате?

— Јас... јас... Јаков Петрович, — речиси прошепоти неговиот гостин, небаре му беше незгодно и срам и молеше за извинување што и тој се вика Јаков Петрович.

— Јаков Петрович! — повтори нашиот јунак не успевајќи да ја скрие својата збунетост.

— Да, токму така... Ваш имењак, — одговори скромниот гостин на господин Голјаткин, осмелувајќи се да се насмевне и да рече нешто шеговито. Но веднаш се тргна назад, зеде најсериозен вид и, впрочем, малу се збуни, увидувајќи дека на неговиот домаќин не му е сега до шеги.

— Вие... дозволете да ве прашам, по каков случај имам чест...

— Знаејќи ја вашата великодушност и добрините ваши, — брзо, но со плашлив глас го прекина неговиот гостин, малу поткревајќи се од столот, — се осмелив јас да ви се обратам и да ве замолам за вашето... познанство и покровителство... — заврши неговиот гостин, очевидно изразувајќи се со тешкотии и избирајќи не премногу ласкави и навредливи зборови, за да не го компромитира своето честољубие, но не и премногу смели, за да не се почувствува во нив неумесна еднаквост. Воопшто може да се рече дека гостинот на господин Голјаткин се држеше како благороден питач во закрпен фрак и со благородничка легитимација во џебот, којшто сè уште нема доволно практика во питањето.

— Вие ме збунувате, — одговори господин Голјаткин, гледајќи на себе, своите ѕидови и гостинот, — со што би можел јас... то ест, сакам да речам, во кој имено однос би можел со нешто да ви помогнам?

— Јас, Јакове Петрович, почувствував кон вас симпатија уште од првиот поглед и, извинете ме великодушно, поверував во вас, — ја имав смелоста да поверувам, Јакове Петрович. — Јас овде немам никого, Јакове Петрович, сиромашен сум, се напатив мошне многу, Јакове Петрович, и овде сум уште новак. Штом дознав дека вие, со вам својствените и вродените квалитети на вашата прекрасна душа, сте мој имењак . . .

Господин Голјаткин се намурти.

— Мој имењак и родум од истиот крај, решив да ви се обратам и да ви ја изложам мојата тешка положба.

— Добро, добро; навистина, јас не знам што да ви речам, — одговори со збунет глас господин Голјаткин, — по ручекот ќе поразговараме.

Гостинот се поклони; донесоа ручек. Петрушка ја постави масата и гостинот со домаќинот почнаа да јадат. Ручекот не траеше долго, и двајцата се брзаа — домаќинот затоа што не беше расположен, а освен тоа се срамеше што ручекот беше лош — се срамеше донекаде затоа што сакаше добро да го нахрани гостинот, а донекаде и затоа што сакаше да покаже дека тој не живее како питач. Гостинот од своја страна беше крајно збунет и мошне се срамеше. Откако еднаш зеде леб и си го изеде своето парче, тој се плашеше да подаде рака за друго парче, се срамеше да зема поубави парчиња, и постојано велеше дека воопшто не е гладен, дека ручекот беше прекрасен и дека тој, од своја страна, премногу е задоволен и до гроб нема ова да го заборави. Кога јадењето заврши господин Голјаткин си го запали лулето, го предложи другото, наменето за пријатели, на гостинот, обајцата седнати еден наспроти друг и гостинот почна да ги раскажува своите доживувања.

Расказот на господин Голјаткин — помладиот траеше околу три или четири часа. Историјата на неговите доживувања беше, впрочем, составена од најбезначајни и најмизерни, ако може така да се рече, случки. Збор стануваше за служба во некоја губерниска установа, за јавни обвинители и претседатели.

за некакви канцелариски интриги, за развратната душа на еден секретар на суд, за ревизори, за ненадејна промена на началството, за тоа како господин Голјаткин – **вториот настрадал сосема невин; за неговата** многу стара тетка Пелагеја Семјоновна; за тоа како тој, поради разни интриги на своите непријатели, го изгубил местото и пеш дошол во Петроград; за тоа како тука тој талкал и страдал, како залудно и долго барал место, се истрошил, немал со што леб да купи, живеал речиси на улица, јадел тврд леб, натопувајќи го со своите солзи, спиел на гол под и, најсетне, некојси добар човек се зафатил со него, го препорачал и великодушно му нашол работа. Гостинот на господин Голјаткин плачеше, раскажуваше и си ги бришеше солзите со сино карирано шамивче, што многу личеше на мушама. Завршил со тоа што наполно му се довери на господин Голјаткин и му призна дека тој не само што засега нема со што да живее и пристојно да се смести, но нема средства да си купи и униформа како што треба; дека, ете, дури за чевли не можел да прибере пари и дека мундирот го зел од некој на услуга за кусо време.

Господин Голјаткин беше трогнат, беше вистински трогнат. Впрочем, иако историјата на неговиот гостин беше сосема празна, сите зборови од таа историја паѓаа на неговото срце како мана небесна. Работата е во тоа што господин Голјаткин ги забораваше своите последни сомневања, го пушти своето срце на слобода и, најпосле, мислено се вклучи самиот себеси во будалите. Сè беше така природно! И имаше зошто да се чувствува несреќен, да крева узбуна! Навистина постои една незгодна околност — но тоа не е страшно: не може таа да го извалка човека, да му го расипе неговото честољубие и кариерата да му ја уништи, ако човекот не е виновен, кога самата природа во тоа се замешала. Освен тоа гостинот молеше за покровителство, гостинот плачеше, гостинот ја обвинуваше судбината, изгледаше толку едноставен, без злоба и лукавство, жалосен, ништожен и, изгледа, самиот сега се срамеше, иако можеби во друга смисла, од чудната сличност на своето лице со лицето на до-

маќинот. Се држеше тој до немај-каде пристојно, постојано се трудеше да му угоди на домаќинот и гледаше така како што гледа човек кого го мачи грижа на совеста и чувствува дека е виновен пред друг човек. Штом ќе почнеше, на пример, да се зборува за некоја спорна точка гостинот веднаш се согласуваше со мислењето на господин Голјаткин. Ако пак, на пример, по грешка, со својот став ќе му се спротивставеше на некој начин на господин Голјаткин и потоа забележуваше дека го згрешил патот, веднаш го поправаше реченото, објаснуваше и веднаш даваше да се разбере дека тој на сè гледа исто како и неговиот домаќин, мисли исто како него, и гледа на сè со апсолутно истите очи како и тој. Со еден збор, гостинот ги напрегнуваше сите сили да „навлезе" во господин Голјаткин така што господин Голјаткин дојде, најпосле, до заклучок дека неговиот гостин е бездруго многу љубезен човек во секој однос. Донесоа и чај; беше осум и нешто часот. Господин Голјаткин се чувствуваше прекрасно, се развесели, се разигра, се ослободуваше полека и, на крајот, се впушти во најжив и интересен разговор со својот гостин. Господин Голјаткин, кога ќе беше весел, љубеше понекогаш да раскаже нешто интересно. Така и сега: му раскажа на гостинот многу за престолнината, за нејзините забави и убавини, за театарот, клубовите, за сликите на Брјулов; за тоа како двајца Англичани дошле намерно од Англија во Петроград за да ја видат оградата на Летниот парк и веднаш отпатувале; за службата, за Олсуфија Иванович и за Андреј Филипович; за тоа дека Русија секој момент напредува и дека овде:

„Книжевноста денес цути";

за еден мал виц што неодамна го прочитал во „Северна пчела", и дека во Индија постои змија удав со необична сила; најпосле, за баронот Бранбеус, итн. итн. Со еден збор, господин Голјаткин беше мошне задоволен затоа што, како прво, беше наполно спокоен; второ, што не само не се плашеше од своите непријатели, туку сега беше готов сите да ги повика на ре-

шавачка борба; трето, што тој лично укажуваше покровителство и, најпосле, што чинеше добро дело. Си признаваше, меѓутоа, во душата своја, дека сè уште не е наполно среќен во овој момент, дека во него сè уште седи некаков црв, впрочем сосема малечок, и му ја јаде душата, дури и сега. Бескрајно го мачеше сеќавањето за вчерашната вечер кај Олсуфија Иванович. Би дал сега тој многу да немаше понешто од она што вчера се случи. „Ништо, впрочем!“ заклучи најпосле јунакот наш и во душата тврдо реши во иднина да се држи добро и да не се залетува во слични грешки. Бидејќи господин Голјаткин сега сосем се отпушти и наеднаш стана речиси наполно среќен, тој науми и малу да поужива. Петрушка донесе рум и направија пунч. Гостинот и домаќинот исушија по една чаша, а потоа и друга. Гостинот се покажа уште пољубезен и од своја страна даде повеќе докази на искреност и добар карактер, со што сè повеќе му се допаѓаше на господин Голјаткин. Изгледаше како да се радува само на неговата радост и гледаше на него како на вистински и единствен свој добродетел. Земајќи наеднаш перо и хартија, тој го замоли господин Голјаткин да не гледа на тоа што ќе пишува тој, а потоа, кога заврши, самиот му го покажа на својот домаќин напишаното. Беше тоа четворостих, напишан доста чувствено, впрочем, со убав стил и ракопис и, како изгледа, творба на самиот љубезен гостин. Еве ги тие стихови:

Ако ме заборавиш ти,
Јас тебе нема да те заборавам;
Во животот може да се случи сè,
Не ме заборавај и ти мене!

Со солзи на очите го прегрна господин Голјаткин својот гостин и, најпосле, сосем разнежен и самиот му довери на својот гостин некои свои тајни, при што силно ги потцртуваше имињата на Андреј Филипович и Клара Олсуфјевна. „Јас и ти, Јакове Петрович, ќе се сложиме, — му зборуваше јунакот наш на својот

гостин, — јас и ти, Јакове Петрович, ќе живееме како риба и вода, како браќа родени; ние, пријателе, ќе се снаоѓаме, заедно ќе се снаоѓаме; ние од своја страна ќе им правиме за инает интриги... токму на нив за инает ќе им ги правиме. А ти на никој да не му се доверуваш. Те познавам јас тебе, Јакове Петрович, и карактерот ти го разбирам; сè ќе им раскажеш, душо искрена! Ти, брате, бегај подалеку од сите нив". Гостинот наполно се сложуваше, му благодареше на господин Голјаткин и исто така, најпосле, му потекоа солзи. „Знаеш ли ти, Јаша, — продолжуваше господин Голјаткин со растреперен и ослабнат глас, — ти, Јаша, пресели се кај мене за извесно време или засекогаш пресели се. Ние ќе се сложиме. Што мислиш, брате, а? Не се збунувај и не се буни за тоа што се најдовме сега во ваква чудна положба: греота е да се буниш, брате, тоа е природа! А мајката природа е дарежлива, да, брате Јашо! Те сакам, како брат те сакам, ти велам. Јас и ти, Јашо, ќе се снаоѓаме и од своја страна ќе правиме подвали, добро ќе им го дотераме умот". Најпосле стигнаа до третата и четвртата чаша од пунчот и тогаш господин Голјаткин почна да испитува две чувства: дека е необично среќен и дека не може да стои на нозе. Гостинот, се разбира, беше поканет да преноќи. Постела беше некако направена од два реда столови. Господин Голјаткин-помладиот изјави дека под пријателски покрив меко се спие и на гол под, и дека, што се однесува до него може да заспие каде било со покорност и благодарност; дека сега тој е во рајот и дека во својот живот многу несреќа и мака видел, сè испитал, сè видел, и — што знаеш што ти носи утрешниот ден — можеби ќе мора уште да трпи. Господин Голјаткин — постариот протестираше против тоа и почна да докажува дека сета надеж треба да се остави на бога. Гостинот наполно се согласуваше и зборуваше дека, се разбира, никој не е како господа. Овде господин Голјаткин-постариот забележа дека во извесна смисла Турците имаат право кога и на сон го повикуваат името божје. Потоа, иако не се сложуваше со некои научници за извесни клевети, што се фрлаат против турскиот про-

рок Мухамед, и го признаваше во извесна смисла за голем политичар, господин Голјаткин помина на мошне интересен опис на алжирска берберница, за која читал во додатокот на некоја книга. Гостинот и домаќинот добро се изнасмеаја на турската простодушност; впрочем, не можеа да не ја оддадат потребната почит кон нивниот фанатизам, што го предизвикувале со опиум... Најпосле гостинот почна да се слекува, а господин Голјаткин отиде зад преградата, донекаде поради својата добрина, зашто тој толку напатен човек можеби нема ни пристојна кошула, а донекаде и затоа за да се убеди, колку што е можно, како стои работата со Петрушка, да го испита, да го развесели, ако е можно, да го израдува, па сите да бидат среќни и на масата да не остане истурена сол. Треба да се каже дека Петрушка сè уште малу го збунуваше господин Голјаткин.

— Ти, Петре, легни си сега да спиеш, — кротко рече господин Голјаткин влегувајќи во сопчето на својот слуга, — ти сега легни си да спиеш, а утре во осум часот да ме разбудиш. Разбра ли, Петрушка?

Господин Голјаткин зборуваше необично меко и нежно. Но Петрушка молчеше. Во тоа време тој се врткаше околу својот кревет и дури не се сврте кон својот господар, што мораше да го стори барем од почит кон него.

— Ти, Петре, ме слушна ли? — продолжи господин Голјаткин. — Ти сега легни си да спиеш, а утре, Петрушка, разбуди ме во осум часот, разбираш?

— Разбрав веќе, што има тука! — промрмори за себе Петрушка.

— Да, да, Петрушка, јас тоа ти го велам за да бидеш и ти спокоен и среќен. Еве сега сите сме среќни, па и ти да бидеш спокоен и среќен. А сега добра ноќ ти пожелувам. Спиј, Петрушка, спиј; сите ние треба да работиме... Ти, брате, знаеш, немој да помислиш нешто...

Господин Голјаткин почна, но застана. „Да не биде премногу, — помисли тој, — да не отидов многу далеку? Така е секогаш, секогаш претерувам“. Нашиот јунак излезе од кај Петрушка мошне незадово-

лен од себе. Освен тоа грубоста и упорноста на Петрушка прилично го навредија. „Се шегуваат со неранимајко, господарот чест му прави на неранимајкото, а тој не чувствува, — си помисли господин Голјаткин, — Впрочем, таква подла особина имаат сите од тој сој!“ Нишајќи се по малу тој се врати во собата и кога виде дека гостинот веќе си има легнато, приседна за момент на неговата постела. „Сепак признај си, Јашка, — почна тој со шепот и кимајќи ја главата, — ти, никаквецу ниеден, си виновен пред мене, а? Па ти, имењаче, знаеш, ова...“ — продолжуваше тој доста фамилијарно шегувајќи се со гостинот. Најсетне, откако пријателски се прости со него, господин Голјаткин тргна да спие. Гостинот, меѓутоа, почна да грчи. Тогаш господин Голјаткин си легна в постела смејќи се и шепотејќи во себе: „Па ти си пијан денес, гулапче, Јакове Петрович, никаквецу еден, Гољо еден — и презимето ти е такво!!! На што се радуваш? Уште утре ќе се расплачеш, плачко еден — што да правам со тебе!“ Тогаш доста чудно чувство се појави во сето суштество на господин Голјаткин, нешто слично на сомневање или каење. „Се истрчав јас, — мислеше тој, — и сега ми бучи во главата и пијан сум; и не успеа да се воздржиш, будалиште едно, и натреска толку глупости, и итрини беше наумил да правиш. Се разбира, прошката и заборавањето на навредите се првостепена добродетел, па сепак тоа не е добро, да, така е тоа!“ Господин Голјаткин потстана, ја зеде свеќата и на прсти тргна да го погледне својот заспан гостин. Долго стоеше тој над него длабоко замислен. „Непријатна слика! Пасквил, вистински пасквил, и готово!“

Најпосле господин Голјаткин си легна. Во главата му бучеше, тапанеше, звонеше. Тој почна да се занесува, да се занесува... се напрегнуваше нешто да мисли, да си припомни нешто мошне интересно, да реши нешто многу важно, некоја деликатна работа — ама не можеше. Сонот му ја совлада несреќната глава и тој заспа така, како што обично спијат луѓе ненавикнати наеднаш да испијат пет чаши пунч на некоја пријателска вечеринка.

ГЛАВА VIII

Како и обично, утредента господин Голјаткин се разбуди во осум часот; штом се разбуди веднаш се сети за сноштните настани, — се сети и намурти. „Ех, се разиграв сношти како некоја будала!“ — си помисли поткревајќи се од постелата и погледнувајќи на постелата од својот гостин. Но каква беше неговата вчудовиденост кога не само гостинот, но и постелата на која гостинот спиеше, ги немаше во собата! „Што е ова? — одвај не извика господин Голјаткин, — што може да биде тоа? Што сега значи оваа нова работа?“ Додека господин Голјаткин се двоумеше и со зината уста гледаше на празното место, крцна вратата и влезе Петрушка со послужавник за чај. „Каде е, каде?“ — речиси нечујно прозбори нашиот јунак, покажувајќи со прст на вчерашното место што му го дадоа на гостинот. Петрушка отпрвин ништо не одговараше, дури не погледна на својот господар, а го сврти својот поглед надесно во аголот, така што господин Голјаткин самиот беше принуден да погледне во аголот надесно. Впрочем, по извесно молчење, Петрушка со зарипнат и груб глас одговори дека „господарот не е дома“.

— Будала си ти; па нели сум јас твојот господар, Петрушка, — прозбори господин Голјаткин со испрекинат глас и со ококорени очи гледајќи на својот слуга.

Петрушка ништо не одговараше; но погледна на господин Голјаткин така што овој поцрвене до ушите, — погледна со некаков навредлив прекор, сличен на обична пцоста. Господин Голјаткин сиот се здрви. На крајот Петрушка изјави дека веќе има час и половина откако *другиот* си отишол и не сакал да чека. Одговорот беше навистина веројатен и вистинит; се гледаше дека Петрушка не лаже, дека неговиот навредлив поглед и зборот *другиот*, што тој го употреби, беа само последица на веќе познатата гнасна ситуација, но сепак господин Голјаткин сфаќаше, макар и нејасно, дека тука нешто не е како што треба, и дека судбината му готви уште некој подарок, не така пријатен. „Добро, ќе видиме, — си помисли тој, ќе видиме, ние навреме ќе го проспреме тоа... Ех, ти,

господе боже мој! — простенка тој на крајот со сосема подруг глас, — и што ми требаше да го поканувам, кој ѓавол ме тераше? Навистина, сам главата си ја пикам во нивната арамиска јамка, сам си ја ставам јамката. Ах, ти главо, главо! Не можеш да издржиш да не издрдориш нешто, како детиште некое, како некој практикант, како некоја мизерија без чин, партал некој, старудија скапана, сплеткару еден, жено никаква!... Светци мои! И стихови, неранимајко еден, ми напиша, и љубов ми изјави! Како би било, ова... Како на тој неранимајко да му ја покажам попристојно вратата ако се врати! Се разбира, постојат многу начини. Вака и вака, ќе му речам, со мојата мала плата... Или пак да го поисплашам на некој начин, да речам дека, земајќи го предвид ова и она, принуден сум да се изјаснам... потребно е, да речам, да го плаќате половина станот и храната, а парите однапред да ги давате. Хм! По ѓаволите, не чини, не! Тоа би ме извалкало. Не е ни најмалце деликатно! Или некако вака да направам: да земам па да го научам Петрушка да му направи некоја непријатност, да го потцени некако, да му тресне некоја грубост и на тој начин да се куртулиме? Некако да се сјадеме еден со друг... Не, ѓавол да го земе, не! Тоа е опасно, а и пак, ако од оваа гледна точка се погледне — воопшто не е убаво! Апсолутно не чини! А ако тој не дојде? Дали и тоа не ќе чини? Се издрдорив сношти пред него!... Ех, лошо, лошо! Ех, не ми чини работата! Ах, главо, проклета главо! Никако не можеш да сфатиш што треба, никако ум да ти дојде! А ако тој дојде и се откаже? О, дај боже да дојде! Би ми било многу мило ако дојде; многу нешто би дал да дојде...“ Вака размислуваше господин Голјаткин голтајќи го својот чај и непрестајно погледнувајќи на ѕидниот часовник. „Сега е девет без четврт, време е веќе да се оди. А што ќе стане, што ќе се случи? Би сакал да знам што тука особено се крие — да ја знам целта, правецот и разните други итрини. Добро би било да дознам каде нишани сиот тој свет и каков ќе биде нивниот прв чекор...“

Господин Голјаткин не можеше повеќе да издржи, го фрли недопушеното луле, се облече и потрча на работа, сакајќи, ако е можно тоа, да ја испревари опасноста и со сопственото присуство да се убеди во сè. А опасност постоеше: тоа тој го знаеше, знаеше дека опасност постои. „Ама ќе ја откриеме, — зборуваше господин Голјаткин слекувајќи го капутот и галошите во претсобјето, — веднаш ќе проникнеме во сите тие работи". Решавајќи се, значи, да дејствува, нашиот јунак се подотера, прими пристоен и службен изглед, и токму сакаше да влезе во соседната соба, кога наеднаш, на самата врата, со него се судри вчерашниот познајник, неговиот пријател. Господин Голјаткин-помладиот, изгледа, не го забележуваше господин Голјаткин-постариот, иако речиси се судрија со носовите. Господин Голјаткин-помладиот беше, изгледа, зафатен, брзаше некаде сиот задишан; изгледаше така званично, така деловно што, чинам, секој би можел да прочита на неговото лице — „испратен на службен пат со особена задача..."

— Ах, тоа сте вие, Јакове Петрович! — рече нашиот јунак фаќајќи го својот вчерашен гостин за рака.

— После, после, извинете, после ќе ми раскажете, — завика господин Голјаткин-помладиот итајќи напред.

— Сепак, дозволете, вие, чинам, сакавте, Јакове Петрович, ова...

— Што е? Објаснете побрзо. — Вчерашниот гостин на господин Голјаткин застана некако со сила и го приближи своето уво право до носот на господин Голјаткин.

— Ќе ви речам, Јакове Петрович, дека сум изненаден од приемот... од прием, каков што воопшто не би можел да очекувам.

— Сè си има своја форма. Јавете се на секретарот на неговото превосходство, а потоа обратете му се, како што е ред, на господин шефот на канцеларијата. Имате ли молба?...

— Вие, јас не знам, Јакове Петрович, вие необично ме чудите, Јакове Петрович! Вие сигурно не мо-

жете да ме препознаете или по вродената веселост на вашиот карактер се шегувате.

— А, тоа сте вие! — рече господин Голјаткин-помладиот, небаре дури сега го виде господин Голјаткин-постариот, — значи, тоа сте вие! Е, добро ли спиевте? — Овде господин Голјаткин-помладиот малу се насмевна, — се насмевна студено и официјално, не така како што требаше (бидејќи тој во секој случај му должеше на господин Голјаткин-постариот благодарност), значи, се насмевна студено и официјално и додаде дека тој од своја страна многу се радува што господин Голјаткин добро спиел; потоа се поклони малу, се поврте малу на место, погледна надесно, налево, потоа ги сведна очите в земја, се насочи кон помошната врата и, откако набрзина прошепоти дека има специјална задача, се пикна во соседната соба, како и да не беше.

— Го гледаш ли каков бил!... — прошепоти нашиот јунак, за миг здрвувајќи се, — го гледаш ли! Значи, така стојат овде работите!... Тогаш господин Голјаткин почувствува морници по телото. — Впрочем, продолжуваше тој во себе, минувајќи во својата канцеларија, — впрочем, јас одамна знаев за оваа работа; јас одамна веќе предчувствувам дека тој има специјална задача — токму вчера зборував дека тој човек е поставен со некоја специјална задача...

— Дали, Јакове Петрович, го решивте вчерашниот акт? – праша Антон Антонович Сеточкин, којшто седна покрај господин Голјаткин. — Дали го имате тука?

— Тука е, — прошепоти господин Голјаткин, гледајќи на својот шеф по малку збунето.

— Добро. Ве прашувам затоа што Андреј Филипович веќе двапати го бараше. Неговото превосходство може секој момент да го побара...

— Не, завршено е тоа...

— Е, добро.

— Јас, Антоне Антонович, чинам, секогаш сум си ја вршел својата должност како што треба и се трудам околу работите што ми се доверени од началството, совесно работам.

— Да. А што сакате со тоа да кажете?

— Ништо, Антоне Антонович. Јас, Антоне Антонович, сакам само да објаснам дека јас... то ест сакам да речам дека понекогаш недобронамерноста и зависта никого не го поштедуваат во барањето на својата секојдневна одвратна храна...

— Извинете, не ве разбирам наполно. То ест, на кое лице вие сега алудирате?

— То ест, сакав само да речам, Антоне Антонович, дека јас одам по прав пат и ги презирам околните патишта, дека не сум интригант и дека со тоа, нека ми биде дозволено да речам, можам со право да се гордеам...

— Да. Сето тоа е така, и јас, по мое сфаќање, му оддавам полно признание на вашето размислување; сепак дозволете ми, Јакове Петрович, да ви забележам дека во добро друштво не се дозволуваат лични навреди; дека зад грбот јас, на пример, можам и да дозволам, — затоа што кого не го навредуваат зад грб! — но в очи, вие како сакате, господине мој, ама јас, на пример, не си дозволувам да зборувам дрскости. Јас, господине мој, остарев на државна служба и нема да си дозволам под стари години да зборувам дрскости...

— Не, јас, Антоне Антонович, вие, гледате ли, Антоне Антонович, вие, чинам, не ме разбравте добро. А јас, Антоне Антонович, ве молам, јас од своја страна можам само за чест да го сметам...

— Тогаш, ве молам и нас да нè извините. Научени сме по старински. А по ваше, по ново да се учиме доцна е. Во служењето на татковината досега, чинам, наидувавме на добро разбирање. Јас, господине мој, како што сами знаете, имам одликување за дваесет петгодишна беспрекорна служба...

— Јас чувствувам, Антоне Антонович, од моја страна јас наполно го чувствувам тоа. Но јас не зборувам за тоа, зборував за маската, Антоне Антонович...

— За маска?

— То ест, вие пак... се плашам дека пак поинаку ќе ја сфатите смислата, то ест смислата на моите збо-

рови, како што сами велите, Антоне Антонович. Јас само темата ја развивам, то ест ја изнесувам мислата, Антоне Антонович, дека луѓето што носат маска не се веќе ретки и дека сега е тешко да се препознае човек под маска...

— Па, да знаете, не е ни баш тешко. Понекогаш е и доста лесно, понекогаш не е потребно и далеку да се бараат.

— А не, знаете, Антоне Антонович, јас за себе зборувам дека јас, на пример, маска ставам само кога таа е потребна, то ест единствено на карневал и во весело друштво, зборувајќи отворено, но не се маскирам пред луѓето секој ден, зборувајќи во друга, преносна смисла. Ете што сакав да ви речам, Антоне Антонович.

— Па добро, да го оставиме тоа засега; јас и време немам, — рече Антон Антонович потстанувајќи од своето место и прибирајќи некакви хартии за да му поднесе извештај на неговото превосходство. — Вашата работа, како мене ми се чини, брзо ќе се разјасни. Вие сами ќе видите од кого треба да се жалите и кого да го обвинувате, а освен тоа најпокорно ве молам да ме ослободите од понатамошните приватни и штетни за службата објаснувања и расправии...

— Не, Антоне Антонович, јас, — почна да му зборува малу победениот господин Голјаткин на Антон Антонович, којшто се оддалечуваше, — јас, Антоне Антонович, ова, и не мислев. „Што ли е ова? — продолжуваше веќе во себе нашиот јунак кога остана сам. — Какви ветришта овде дуваат и што значи оваа нова стапица?“ И додека збунетиот и полуотепаниот наш јунак се готвеше да го реши ова ново прашање, во соседната соба се слушна шум, настана некаква работна мешаница, вратата се отвори и Андреј Филипович, што пред малку отиде по работа во кабинетот на неговото превосходство, се појави задишан на вратата и го повика господин Голјаткин. Знаејќи во што е работата и не сакајќи да го остави Андреј Филипович да чека, господин Голјаткин скокна од своето место и, како што е редно, веднаш се забрза колку што може, ја подготви и среди бараната тетрат-

ка, а и самиот се приготви да тргне по тетратката и Андреј Филипович во кабинетот на неговото превосходство. Наеднаш, и речиси под раката на застанатиот во тоа време на вратата Андреј Филипович, во собата се провлече господин Голјаткин-помладиот, забрзан, задишан, преморен од службена работа, со важен и решителен службен вид, и се доближи право до господин Голјаткин-постариот, кој најмалу очекуваше ваков налет...

— Актите, Јакове Петрович, актите... неговото превосходство повели да праша дали ви се готови? — зачурулика тивко и брзо пријателот на господин Голјаткин-постариот. — Андреј Филипович ве чека...

— Знам и без вас дека ме чека, — прозборе господин Голјаткин-постариот исто така брзо и со шепот.

— Не, Јакове Петрович, јас не за тоа; јас, Јакове Петрович, воопшто не мислев за тоа; јас сочувствувам, Јакове Петрович, јас сум поттикнат од душевно сочувство.

— Од кое најпонизно ве молам да ме избавите. Дозволете, дозволете...

— Вие, се разбира, ќе ги завиткате во хартија, Јакове Петрович, а третата страна ќе ја одбележите со некој знак, дозволете, Јакове Петрович...

— Но дозволете ми и вие, најпосле...

— Но овде има дамка од мастило, Јакове Петрович, дали ја имате забележено дамката од мастило?..

Во тоа време Андреј Филипович по втор пат го повика господин Голјаткин.

— Сега, Андреј Филипович; јас само малу, еве овде... Господине, разбирате ли вие руски?

— Најдобро ќе биде да се истружe со нож, Јакове Петрович, подобро оставете ми ја таа работа мене; подобро вие не ја гибајте сами, Јакове Петрович, а оставете ми ја мене, — јас тоа малку со ножето...

Андреј Филипович трет пат го повика господин Голјаткин.

— Но, ве молам, каде има дамка? Ми се чини, тука воопшто нема дамка.

— Огромна дамка, еве ја! Дајте, дозволете, овде ја видов; дозволете . . . дозволете ми само, Јакове Петрович, јас малу со ножето, од сочувство, Јакове Петрович, со ножете, од чисто срце . . . еве вака, ете готово . . .

Тогаш, сосем неочекувано, господин Голјаткин-помладиот, без никакви обѕири, совладувајќи го во моментната борба господин Голјаткин-постариот и очевидно против неговата волја, го грабна бараниот од началството предмет и, наместо да го струже со ножете од чисто срце, како што вероломно го убедуваше господин Голјаткин-постариот, — брзо го свитка, го стави подмишка и со два чекора се најде крај Андреј Филипович, којшто не забележа ниту еден од неговите трикови, и вѕрча со него во кабинетот на директорот. Господин Голјаткин-постариот остана здрвен на местото, држејќи го в раце ножето и небаре готвејќи се нешто со него да струже . . .

Нашиот јунак сѐ уште не ја сфаќаше сосема својата нова ситуација. Тој уште не дојде на себе. Тој го почувствува ударот, но мислеше дека тоа е нешто онака. Со страшна, неискажана мака јурна тој, најпосле, од местото и потрча право во кабинетот на директорот, впрочем, молејќи го патем небото да сето ова некако го сврти на добро и да нема ништо лошо . . . Во последната соба пред кабинетот на директорот тој се судри лице в лице со Андреј Филипович и со својот именѣак. И двајцата веќе се враќаа; господин Голјаткин им направи пат. Андреј Филипович зборуваше со насмев и весело. Именѣакот на господин Голјаткин-постариот исто така се насмевнуваше, се вртеше, потскокнуваше на потребното растојание од Андреј Филипович и со восхитено лице нешто му шепотеше на уво, на што Андреј Филипович најблагонаклоно кимаше со главата. Јунакот наш веднаш сфати како стојат работите. Работата е во тоа што неговиот предмет (како што тој подоцна разбра) речиси ги надминал очекувањата на неговото превосходство и стасал навистина навреме. Се зборуваше дури дека неговото превосходство му рекло благодарам на господин Голјаткин-помладиот, срдечно благодарам; рекол дека ќе

се сети за ова во згодна прилика и нема да го заборави... Се разбира, првото што го стори господин Голјаткин беше протест, протест против сите сили, до последна можност. Речиси сосем заборавајќи се и блед како смрт се нафрли тој на Андреј Филипович. Но Андреј Филипович кога слушна дека се работи за приватна работа на господин Голјаткин, откажа да го сослуша, решително изјавувајќи дека нема ни минута слободна, дури и за сопствените потреби.

Сувиот тон и отсечниот отказ го вцашија господин Голјаткин. „А подобро ќе биде јас некако од друга страна... подобро да се обратам кај Антон Антонович". За несреќа на господин Голјаткин и Антон Антонович го немаше тука: тој исто така некаде беше зафатен со нешто. „Значи, не ме молеше тој бадијала да го ослободам од објаснувања и коментари! — си помисли јунакот наш. — Еве што имал на ум, лисица стара! Во таков случај ќе се осмелам просто да му се обратам на неговото превосходство".

Сè уште блед и чувствувајќи во главата потполна збрка, силно колебајќи се на што имено да се реши, господин Голјаткин приседна на стол. „Далеку подобро ќе беше, ако сето ова беше само така, — беспрестано си мислеше во себе. — Навистина, ваква сплеткана работа изгледа дури сосема неверојатна. Прво, тоа е глупост, а второ, не може́ и да се случи. Сигурно тоа само така се причинило или нешто друго се случило, а не она што навистина се случи; или пак јас самиот таму отидов... па се сметам за некој сосем друг... со еден збор, ова е апсолутно невозможно."

Туку што господин Голјаткин заклучи дека тоа е апсолтуно невозможна работа, кога наеднаш во собата се втурна господин Голјаткин-помладиот, носејќи хартии во двете раце и подмишка. Откако на Андреј Филипович му рече патем два потребни збора и размени збор-два со уште неколкумина, правејќи шеги со едни и обраќајќи се фамилијарно со други, господин Голјаткин-помладиот, очигледно немајќи излишно време за трошење, се готвеше, изгледа, да излезе ве́ќе од собата, но за среќа на господин Голјаткин-

постариот застана на вратата и патем размени неколку збора со двајца или тројца млади чиновници што се најдоа тука. Господин Голјаткин-постариот јурна право кон него. Штом господин Голјаткин-помладиот го виде маневрот на господин Голјаткин-постариот веднаш почна мошне вознемирено да бара околу себе каде да се скрие. Но јунакот наш веќе го држеше за ракав својот вчерашен гостин. Чиновниците што ги окружија двата титуларни советници малу се повлекоа и чекаа што ќе стане. Стариот титуларен советник сфаќаше добро дека доброто мислење сега не е на негова страна, дека против него прават интриги; затоа и потребно беше да не се понижи. Моментот беше решавачки.

— Е? — рече господин Голјаткин-помладиот, доста дрско гледајќи го господин Голјаткин-постариот.

Господин Голјаткин-постариот одвај дишеше.

— Јас не знам, господине, — почна тој, — на кој начин да си го објаснам сега вашето чудно држење спрема мене.

— Е, продолжете. — Тука господин Голјаткин-помладиот погледна околу себе и им намигна на чиновниците што ги окружуваа, небаре давајќи им да разберат дека токму сега и почнува комедијата.

— Дрскоста и бесрамноста на вашите постапки, милостив господине мој, спрема мене во сегашниот момент ве изобличуваат повеќе... отколку сите мои зборови. Не се надевајте многу на вашата игра — таа е лоша...

— Ама, Јакове Петрович, сега кажете ми, ве молам, како спиевте? — одговори господин Голјаткин-помладиот, гледајќи му право во очите на господин Голјаткин-постариот.

— Вие, милостив господине, се заборавате, — рече наполно збунетиот титуларен советник, кој речиси не го чувствуваше подот под сєбе, — се надевам дека вие ќе го промените тонот...

— Душичке моја!! — прозбори господин Голјаткин-помладиот и му направи доста непристојна гримаса на господин Голјаткин-постариот и наеднаш, сосема неочекувано, небаре милувајќи го, го фати со

два прста за полничкиот десен образ. Јунакот наш пламна како оган... Штом пријателот на господин Голјаткин-постариот забележа дека неговиот противник сиот се тресе, нем од бес, црвен како рак и, најпосле, доведен до крајните граници, може да се реши и на вистински напад, тој наеднаш, на најбесрамен начин, самиот го испревари. Откако уште еднаш-двапати го чукна по образот, го поскотка малу, се поигра со него, неподвижен и избезумен од бес, уште неколку секунди, за немало задоволство на насобраните млади луѓе, господин Голјаткин-помладиот, со бесрамност што ја возбудува душата, го тресна господин Голјаткин-постариот по надуеното меше и со најпакосна и полна со алузии насмевка му рече: „Ќе имаш за земање, брате Јакове Петрович, ќе имаш за земање! Ќе се снаоѓаме ние, Јакове Петрович, ќе се снаоѓаме". Потоа, пред да успее нашиот јунак малу да се поврати од последниот напад, господин Голјаткин-помладиот наеднаш (претходно упатувајќи им насмевка на насобраните гледачи) направи мошне зафатен, мошне деловен, мошне службен израз на лицето, ги наведна очите в земја, се наежи, собра и, брзо изговарајќи „со специјална задача", клоцна со својата куса нога и се пикна во соседната соба. Нашиот јунак не им веруваше на сопствените очи и сè уште не можеше да се соземе...

Најпосле тој дојде на себе. Штом истиот миг сфати дека е пропаднат, дека во извесна смисла се уништил, дека се посрамотил и си ја извалкал репутацијата, дека е исмеан и компромитиран во присуство на туѓи лица, дека предавнички е обесчестен од оној што вчера го сметаше за најголем и најсигурен пријател, дека, најпосле, се осрамоти како никогаш, — господин Голјаткин се спушти да го брка својот непријател. Во тој момент тој дури и не сакаше да мисли за сведоците на својот скандал. „Сите тие се во договор еден со друг, — си зборуваше тој во себе, — еден друг се бранат и еден друг саскаат против мене". Меѓутоа, откако направи десет чекори, нашиот јунак јасно сфати дека сите потери се попусти и напразни и затоа се врати. „Нема да ми избегаш, — си мислеше,

— ќе ти дојде и тебе црниот петок, ќе ми платиш за сè". Со јаросна ладнокрвност и најенергична решителност дојде господин Голјаткин до столот и седна на него. „Нема да избегаш!" — рече тој повторно. Сега се работеше не за некаква пасивна одбрана: мирисаше на решавачки напад, и кој го виде господин Голјаткин во тој момент, како црвенејќи и одвај воздржувајќи ја својата возбуда, го макна перото во мастилницата и со каква јарост се зафати со пишувањето, тој можеше однапред да заклучи дека случајов не може така да се остави и да се сврши на некаков женски начин. Во длабочината на својата душа тој донесе решение и во длабочината на срцето свое се заколна да го исполни. Навистина, тој уште не знаеше како да постапи, то ест, подобро речено, воопшто не знаеше; но сеедно, нема значение! „Со самозванство и бесрамност, милостив господине, ништо не се постигнува во наше време. Самозванството и бесрамноста, милостив господине мој, не водат кон добро, а кон бесилка. Гришка Стрепјев[1]), господине мој, постигна нешто со самозванството откако го измами заслепениот народ, но не за долго".

Без оглед на последнава околност господин Голјаткин реши да почека додека од некои лица не падне маската и не се покаже по нешто. За ова беше потребно, прво, што порано да заврши работното време, а дотогаш нашиот јунак реши ништо да не презема. А потоа, кога ќе заврши работното време, тој ќе преземе една мерка. Тогаш тој ќе знае како да постапи преземајќи ја таа мерка, како да го направи планот на своите акции за да го скрши рогот на горделивоста и да ја згази змијата што гризе прав во презирот на бессилието. Да дозволи да го газат како партал од којшто си ги бришат калните чевли господин Голјаткин не можеше. Да се согласи со тоа не можеше, особено во сегашниов момент. Ако не беше последното компромитирање јунакот наш, можеби, би ре-

---

[1]) Лажниот цар Димитриј-Калуѓер, којшто во почетокот на 17 век се претставувал за синот на Иван Грозни. Димитриј; доаѓа на престолот по Борис Годунов. — Ред.

шил и да го стегне своето срце, би се решил, можеби, да премолчи, да се смири и да не протестира премногу упорно; малу би се расправал, малу противел, би докажал дека е во право, потоа би отстапил малу, потоа, можеби, уште малу би отстапил, потоа би се согласил наполно, потоа, особено ако спротивната страна би признала свечено дека тој има право, потоа, можеби, дури и би се помирил, дури малу и би се разнежил, дури — кој знае — би се родило ново пријателство, силно, топло пријателство, уште пошироко од вчерашното, така што тоа пријателство би можело наполно да ја засени, најпосле, непријатноста од прилично незгодната сличност на двете лица, и така двата титуларни советници би биле наполно задоволни и, најпосле, би доживеале до сто години, итн. Најпосле, ќе кажам сè: господин Голјаткин дури почнуваше по малу да се кае за тоа што се бранеше себеси и своето право, па затоа доживеа непријатности. „Ако оној се покореше, — си мислеше господин Голјаткин — ако речеше дека се пошегувал, — би му простил, дури би сторил и нешто повеќе, само да го признаеше тоа гласно. Но да ме гази како партал не давам. Не сум дозволувал ни на подобри луѓе, уште повеќе нема да му дозволам на еден расипан човек. Јас не сум партал. Јас, господине мој, не сум партал!“ Со еден збор, нашиот јунак се реши. „Сами сте си, господине мој, виновен!“ Тој реши да протестира, и да протестира со сите сили, до последната можност. Таков си беше човекот! Никако не можеше да дозволи да го навредат, а уште повеќе да го газат како партал, и, најпосле, да му го дозволи тоа на еден расипан човек. Впрочем, не противоречиме, не противоречиме. Можеби, ако некој би посакал, ако на некој, на пример, му се посака, ете така, да го претвори во партал господин Голјаткин, тој и би го претворил, би го претворил без сопротива и казна (господин Голјаткин самиот понекогаш го чувствуваше тоа) и би станал партал, а не Голјаткин — гаден, валкан партал, но тој партал не би бил обичен, тој партал би бил со амбиција, тој партал би бил со мисли и чувства, иако со безгласна амбиција, и со безгласни чувства, скриени

длабоко во диплите на тој партал, ама сепак со чувства.

Часовите траеја неверојатно долго; најпосле, отчука четири. Малу подоцна сите станаа и веднаш по своите началници си тргнаа дома. Господин Голјаткин се измеша со толпата; очите негови не дремеа и не го испуштаа од вид оној што требаше. Најпосле, јунакот наш виде дека неговиот пријател притрча кон службените што ги раздаваа капутите и, по својот подол обичај се вртеше околу нив, чекајќи го капутот. Моментот беше решавачки. Господин Голјаткин некако се проби низ толпата и, не сакајќи да заостане, исто така почна да си го бара капутот. Но првин капутот го доби пријателот на господин Голјаткин; зашто и тука тој успеа, по свој обичај, да се додвори, да потшепне и да подвали

Штом го облече капутот господин Голјаткин-помладиот иронично погледна на господин Голјаткин-постариот, дејствувајќи на тој начин отворено и дрско за инает, потоа со својствената нему безобзирност, погледна околу себе и, веројатно за да остави пријатен впечаток, се поврте околу чиновниците, на еден му потфрли збор, на друг нешто му шепна, со трет се бацки со почит, му испрати насмев на четвртиот, му подаде рака на петтиот и весело се спушти надолу по скалите. А господин Голјаткин-постариот — по него и, за големо свое задоволство, го стигна на последната скала и го фати за јаката од капутот. Изгледа господин Голјаткин-помладиот малу се здрви и погледна околу себе со збунет израз.

— Како да го сфатам ова? — прошепоти тој, најпосле, со слаб глас обраќајќи му се на господин Голјаткин.

— Господине, ако сте вие благороден човек се надевам дека ќе се сетите за нашите вчерашни пријателски односи, — проговори нашиот јунак.

— А, да. Па што? Добро ли се наспавте?

Бесот му го одзеде за момент јазикот на господин Голјаткин.

— Јас добро спиев... Но дозволете ми, господине мој, да ви речам дека вашата игра до крајност е заплеткана..

— Кој го вели тоа? Тоа непријателите мои го велат, — отсечно одговори оној што се именуваше господин Голјаткин, и со овие зборови се ослободи неочекувано од слабите раце на вистинскиот господин Голјаткин. Штом се ослободи тој се спушти по скалите, се обврна и кога виде еден пајтонција притрча кон него, седна во колата и за миг го снема од пред очите на господин Голјаткин-постариот. Очаениот и напуштен од сите титуларен советник погледна околу себе, но друг пајтонција немаше. Се обиде да трча, но нозете му потклекнуваа. Со искривено лице и отворена уста, отепан, наежен и немоќен тој се потпре на една улична бандера и остана така извесно време на тротоарот. Изгледаше дека за господин Голјаткин сè е изгубено...

ГЛАВА IX

Изгледа сè, дури и самата природа, станало против господин Голјаткин; но тој уште се држеше на нозе и не беше победен; тој го чувствуваше тоа — дека не е победен. Готов беше да се бори. Тој со такво чувство и таква енергија си ги протре рацете кога се прибра по првата вцашеност, што и по самото лице на господин Голјаткин можеше да се заклучи дека тој нема да попушти. Впрочем, опасноста му беше пред носот, беше очигледна; господин Голјаткин и тоа го чувствуваше; но како да се пресметне со неа, со таа опасност — во тоа беше прашањето. За миг во главата на господин Голјаткин му светна мисла: „Дали да го остави сето тоа како што си е, просто да се повлече. Е, што? Па ништо. Ќе се држам настрана, како да не сум јас, — си мислеше господин Голјаткин, — ќе останам рамнодушен кон сè; не сум јас, и готово; тој исто така ќе се држи настрана, па, можеби, ќе се повлече. Ете така! Ќе победам со покорност. Па и каде е опасноста? Каква опасност? Би сакал некој да ми

покаже каде е тука опасноста. Ситна работа, обична работа!..“

Тука господин Голјаткин запна. Зборовите му замреа на усните; тој дури си префрли за оваа мисла, дури се фати себеси во нискост и страшливост заради таа помисла; сепак неговата работа не се помрдна од место. Чувствуваше тој насушна потреба веднаш да се реши на нешто; дури чувствуваше дека би му дал многу нешто на оној што би му рекол сега на што да се реши. Е, а како да го погоди тоа? Впрочем, и немаше кога да се погодува. За секој случај, за да не губи попусто време, тој зеде пајтон и јурна дома. „Е, како сега се чувствуваш? — си помисли во себе, — како сега повелувате да се чувствувате, Јакове Петрович? Што ќе правиш сега? Што ќе правиш сега, никаквецу еден, неранимајко еден! Падна в дупка и сега плачеш и кемкаш!“ Така се подбиваше со себе господин Голјаткин, потскокнувајќи во расклатениот пајтон на својот пајтонџија. За господин Голјаткин беше некаква длабока наслада, па дури и сладострастие да се подбива со себе во овој момент и на тој начин да ги чепка своите рани. „Е, ако сега — си мислеше, — дојдеше некаков маѓепсник или пак званично би му рекле: дај, Голјаткине, прст од десната рака, па ќе бидеме квит, не ќе постои другиот Голјаткин, а ти ќе бидеш среќен, само прстот нема да го имаш — би го дал тој прстот, бездруго би го дал, би го дал не трепнувајќи. Нека оди сè по ѓаволите! — извика најпосле очаениот титуларен советник. — Зошто сето тоа? Кој ѓавол ми требаше сево ова, токму ова, имено сево ова, како да немаше ништо друго! И сè отпрвин беше добро, сите беа задоволни и среќни; и мораше да дојде до ова! Впрочем, зборовите ништо не ќе помогнат. Потребно е да се дејствува“.

И така, речиси готов да преземе нешто, господин Голјаткин, штом влезе во станот, веднаш го грабна лулето и, тргајќи со сета сила, растерувајќи го чадот налево и надесно, почна мошне возбудено и брзо да чекори напред-назад по собата. Во тоа време Петрушка сервираше за ручек. Најпосле господин Голјаткин конечно се реши, наеднаш го фрли лулето, го облече

капутот, рече дека нема да руча дома, и истрча од станот. На скалите го настигна задишаниот Петрушка, држејќи го в рака заборавениот шешир. Господин Голјаткин го зеде шеширот и сакаше патем малу да се оправда во очите на Петрушка, за да не помисли Петрушка кој знае што, — дека, ете, ситуацијата е таква што и шеширот си го заборави итн., но бидејќи Петрушка не го ни погледна, а веднаш си отиде, господин Голјаткин без понатамошни објаснувања си го стави шеширот, стрча низ скалите, зборувајќи си дека, можеби, сè ќе тргне на подобро и работата некако ќе се нареди, иако, меѓу другото, чувствуваше морници дури во петиците, излезе на улица, зеде кочијаш и јурна кон Андреј Филипович. „Впрочем, зарем не беше подобро утре? — си мислеше господин Голјаткин, фаќајќи се за гајтанот од ѕвончето пред станот на Андреј Филипович, — а и што особено би му рекол? Особено тука нема ништо. Работата е така мизерна, навистина е така мизерна, малецкава, то ест речиси ништожна работа... ете таква ти е сета оваа ситуација...“ Наеднаш господин Голјаткин го повлече ѕвончето; ѕвончето заѕвони, внатре се слушнаа нечии чекори... Тогаш господин Голјаткин дури се проколна себе си заради своето брзање и дрскост. Веднаш во сеќавањето му надојдоа неодамнешните непријатности, кои донекаде ги позаборави во работата, се сети и за расправијата со Андреј Филипович. Но да се бега беше доцна: вратата се отвори. За среќа на господин Голјаткин му рекоа дека Андреј Филипович уште не се вратил од работа и нема да руча дома. „Знам каде тој руча: тој руча кај Измаиловскиот мост“ — си помисли нашиот јунак и страшно се израдува. На прашањето на слугата кого да го најави рече: јас сум, пријателе, јас, добро, пријателе, малу подоцна, — и дури со извесна бодрост стрча низ скалите. Излегувајќи на улица тој реши да му плати на кочијашот и го ослободи. А кога кочијашот побара да му доплати, — долго, вели, господине, чекав, и коњот заради вас не го жалев, — му даде пет копејки и тоа со радост, а тој тргна пешки.

„Работата, навистина, е таква, — си мислеше господин Голјаткин — што не смее така да се остави. Меѓутоа, ако човек размисли, убаво размисли, тогаш зошто овде би се вознемирувал? Сепак, не, јас постојано тоа ќе го повторувам, зошто да се вознемирувам, зошто да се мачам, да си ја чукам главата, да се тормозам, да се упропастувам? Како прво, работата е готова и не ќе ја повратиш... не се враќа! Да ја поставиме работата вака: доаѓа човек, доаѓа човек со добра препорака, способен, значи, чиновник, со добро држење, само сиромашен и преживеал разни незгоди, — некои расправии, — па сиромаштијата не е грев; значи, јас со тоа немам никаква врска. Навистина, какви се овие глупости? Се случува, самата природа го наредила тоа така што човек да личи на друг човек како што личат две капки вода, апсолутна копија на друг човек: и зарем затоа да не го примат на работа?! Ако судбината, ако само судбината, ако само слепата фортуна е тука виновна — зошто би го газеле како партал, и служба да не му даваат... па каква правда би имало тогаш? Тоа е човек сиромашен, загубен, заплашен; тука срцето боли, тука сочувството ти повелува да помогнеш! Да! Збор да нема, добри би биле тоа началници кога би размислувале како мене, како мојата луда глава! Ама тиква имам! Понекогаш за десет души глупости во неа има! Не, не! Добро направија, и фала им што му помогнаа на сиромашниот несреќник... Е, да речеме, на пример, дека сме близнаци, дека така сме се родиле, како браќа близнаци — и готово! Што има тука? Ништо! Може сите чиновници да се навикнат... а туѓ човек, кога би дошол во нашата установа, не би нашол ништо неприлично и навредливо во тоа. Дури тука има по нешто и трогателно; гледате ли какво чудо: божјата мисла, ете, создала две совршено исти суштества, а милостивото началство, увидувајќи ја мислата божја им дало потслон на двајцата близнаци. Се разбира, — продолжуваше господин Голјаткин, издишувајќи се и спуштајќи го малу гласот, — се разбира, подобро би било кога нешто вакво трогателно воопшто не би постоело и не би имало никакви близнаци... Нека оди

сè по ѓаволите! И зошто сето тоа беше потребно! И зарем имаше тука некоја особена и неодложна потреба? Господе боже! Вистинска ѓаволска каша! А и карактерот му е, сепак, чуден некаква немирна, лоша натура — подлец е тој, ветерничав, подлизурко еден, Голјаткин ниеден! Не дај боже, ќе почне лошо и да се држи па презимето да ми го извалка, никаквец ниеден. Повели па гледај го и следи! Ех, што ме снајде Впрочем, што има тука? Што ме засега тоа мене? Е, подлец е — па нека биде подлец, јас ќе си бидам чесен, и ќе речат дека еве овој Голјаткин е подлец, него не го гледајте и со други не го мешајте; а еве овој е чесен, добротвор, кроток, добродушен, сигурен во службата и за унапредување достоен; ете така! Добро... а ако, ова... А ако тие таму земат и нè побркаат! Од оној може сè да се очекува! Ех, господе боже мој! И ќе го замени човека, ќе го замени, никаквец ниеден, — како партал ќе го замени, и нема и да помисли дека човекот не е партал. Ех, господе боже мој! Каква несреќа!..“

Размислувајќи и жалејќи се вака господин Голјаткин трчаше не избирајќи пат и не знаејќи каде оди. Се освести на Невскиот проспект и тоа затоа што се судри со некој минувач така незгодно и силно што искри му светнаа пред очите. Господин Голјаткин, не кревајќи ја главата промрмори извинување и дури кога минувачот рече нешто не премногу нежно и се оддалечи прилично, го крена носот и разгледа каде е. Откако разгледа и виде дека се наоѓа токму крај оној ресторан во кој одмараше приготвувајќи се за свеченият ручек кај Олсуфија Иванович, нашиот јунак наеднаш почувствува дека стомакот му грчи, се сети дека не е ручан и дека никој не го поканил на ручек, па затоа, не губејќи го своето скапоцено време, потрча по скалите во ресторанот за да касне нешто набрзина и колку се може поскоро. Во ресторанот сè беше скапо, но оваа околност овој пат не му попречи на господин Голјаткин; а и немаше време да се задржува сега на такви ситници. Во силно осветлената просторија, крај бифето, каде стоеше куп од сето она што пристојните луѓе го земаа како закуска, стоеше доста

голема група гости. Бифецијата одвај успеваше да им налее, да ги послужи, да враќа и прима пари. Господин Голјаткин почека на ред и кога му дојде редот скромно ја подаде раката кон една пирошка со риба Се повлече во аголот и, свртувајќи им го грбот на присутните, си касна со апетит, а потоа се врати кај бифецијата, го врати чинивчето на тезгата и, знаејќи ја цената, извади десет копејки во сребро и ги стави на тезгата, трудејќи се да го фати погледот на бифецијата и да му каже: „Еве, парите се тука, една пирошка со риба“ итн.

— Треба да платите една рубља и десет копејки, — процеди низ заби бифецијата.

Господин Голјаткин прилично се зачуди.

— Мене ли ми зборувате?... Јас... јас, чинам, зедов една пирошка.

— Единаесет зедовте, — со сигурност одговори бифецијата.

— Вие... како ми се чини... вие, изгледа, грешите... Јас, навистина, чинам, зедов една пирошка.

— Јас броев; вие зедовте единаесет парчиња. Штом зедовте треба и да платите; овде ништо бадијала не се дава.

Господин Голјаткин беше вцашен. „Што е ова, да не сум нешто омаѓосан?“ — си помисли тој. Меѓутоа бифецијата го чекаше решението на господин Голјаткин; околу господин Голјаткин се насобраа гостите. Господин Голјаткин веќе брцна во џебот за да извади рубља и веднаш да плати, па да биде подалеку од напаства. „Добро, штом се единаесет нека бидат единаесет, — помисли тој црвенеејќи како рак, — што е тоа важно што човек изел единаесет пирошки? Гладен бил човекот и изел единаесет пирошки; па, добро, нека му се наздравје. Што има тука да се чудат и да се смеат...“ Наеднаш нешто како да го пецна господин Голјаткин; тој го крена погледот и — веднаш ја разбра гатанката, ја разбра сета маѓија; наеднаш беа решени сите маки... На вратата од соседната соба, речиси веднаш зад грбот на бифецијата и со лице кон господин Голјаткин, на вратата, која јунакот наш до овој момент ја сметаше за огледало,

стоеше едно човече, — стоеше тој, самиот господин Голјаткин, — не стариот господин Голјаткин, не јунакот на нашиот расказ, а другиот господин Голјаткин, новиот господин Голјаткин. Другиот господин Голјаткин беше, изгледа, прекрасно расположен. Тој му се насмевнуваше на господин Голјаткин првиот, му климаше со глава, му намигнуваше, почукнуваше со нозете, и гледаше така што, ако нешто се случи, тој веднаш ќе скубне во соседната соба, а оттаму, можеби, на задниот влез и... барај го ако си немаш работа. Во неговите раце беше последното парче од десеттата пирошка, што пред очите на господин Голјаткин го ставаше в уста и мласна со устата од задоволство. „Ме заменил, подлец еден! — си помисли господин Голјаткин, пламнувајќи од срам, — не се засрамил и од луѓето! Дали го гледаат? Изгледа, никој не го забележува...“ Господин Голјаткин ја фрли рубљата така како да му ги изгоре сите прсти и не забележувајќи го значајно-дрскиот насмев на бифецијата, насмев на триумф и спокојна надмоќност, се пробн низ луѓето и јурна надвор главечки. „Му благодарам и за тоа што не ме компромитира докрај! — си помисли постариот господин Голјаткин. — Му благодарам на разбојникот, на него и на судбината, што сè добро се сврши. Единствено бифецијата беше неучтив. Но што има, тој сепак имаше право! Една рубља и десет копејки чинеше, имаше право. Демек, ние никому не даваме без пари! Барем да беше поучтив, безделник ниеден!..“

Така си зборуваше господин Голјаткин слегувајќи по скалите кон излезот. Меѓутоа на последната скала тој застана како скаменет и наеднаш поцрвене до таа мера што од засегнатото честољубие солзи му навреа на очите. Откако постоја скаменет половина минута, тој наеднаш и решително удри со ногата и со еден скок слезе од скалите на улица и, не обрнувајќи се, задишан, не чувствувајќи умор, јурна тој право дома, во Шестилавочната улица. Дома тој дури не ја слече горната облека, иако имаше обичај дома да се раскомоти, не го зеде и лулето, а седна веднаш на диванот, ја приближи мастилницата, го зеде перото и лист хар-

тија за писма и со рака, растреперена од внатрешна возбуда, почна да го пишува следново послание:

„Почитуван господине,
Јакове Петрович!

Воопшто не би се фатил за перото ако не беа моите околности, а и вие самите, почитуван господине, не ме натеравте на тоа. Верувајте ми дека единствено голема потреба ме натера да се впуштам во вакви објаснувања со вас, и затоа ве молам, пред сè, овој мој чекор да не го сметате за намерна навреда, но како нужна последица на приликите што сега нè поврзуваат"

„Чинам, добро е, пристојно, учтиво, иако со сила и цврстина... Да се навредува тука, чинам, нема зошто. Освен тоа, јас сум во право" — помисли господин Голјаткин читајќи го напишаното.

„Вашето неочекувано и чудно појавување, почитуван господине, во онаа бурна ноќ, по грубиот и нечовечен однос спрема мене од страна на моите непријатели, чии имиња ги премолчувам поради презир кон нив, беше никулец на сите сегашни недоразбирања меѓу нас. А вашата упорна желба, почитуван господине, по секоја цена да влезете во кругот на моето постоење и живеење и во сите мои односи во практичниот живот ја минува границата што ја бара учтивоста и најобичниот општествен ред. Мислам, почитуван господине, дека не е потребно да наведувам овде дека вие ги украдовте моите акти и моето чесно име за да се здобиете со симпатии на началството, — со симпатии што не сте ги заслужиле. Не треба да ги наведувам овде и вашите намерни и навредливи избегнувања од неопходните во овој случај објаснувања. Најпосле, да речам сè, не ја наведувам овде и чудната, може да се рече, навредливата ваша постапка спрема мене во кафеаната. Далеку сум од тоа да жалам што попусто изгубив рубља, но не можам да не го искажам своето негодување кога ќе се сетам како вие, почитуван господине, јавно се нафрливте на мојата чест и тоа во присуство на неколку лич-

ности, макар и непознати, но со мошне убаво држење...“

„Да не претерувам? — си помисли господин Голјаткин. — Да не е премногу, да не е многу навредливо, — на пример, оваа алузија на убавото држење!... Но, ништо! Треба да му се покаже цврстина на карактерот. Впрочем, за ублажување би можело на крајот и да му се поласка, да се подмачка. Но, ќе видиме“.

„Но, почитуван господине, јас не би ве заморувал со ова мое писмо ако не бев тврдо убеден дека вашите благородни чувства и искрен, добродушен карактер сами ќе ви ги укажат средствата за поправање на пропустите и да вратите сè како што беше.

Се осмелувам со полна надеж да верувам дека моево писмо нема да го примите во навредлива за вас смисла, и дека нема да откажете да се изјасните нарочно и писмено по овој повод преку мојот слуга.

Во очекување на одговорот, имам чест
да останам, почитуван господине,
ваш најпокорен слуга
Ј. Голјаткин“

— Па, добро излезе. Работата е готова. Стаса и до писмо — ама кој е виновен? Тој самиот си е виновен, самиот го тера човека да мора да се послужи со писмени документи. А јас сум прав...

Штом го прочита писмото последен пат, господин Голјаткин го свитка, запечати и го повика Петрушка. Петрушка се јави, како и секогаш, со сонливи очи и нешто мошне налутен.

— Ти, брате, ќе го земеш ова писмо... разбираш?

Петрушка молчеше.

— Ќе го земеш и ќе го однесеш кај мене на работа; таму ќе го најдеш дежурниот, губернискиот секретар Вахрамеев. Вахрамеев е денес дежурен. Разбираш ли?

— Разбирам.

— Разбирам! Зарем не можеш да речеш: разбирам, господине. Ќе го побараш чиновникот Вахрамеев и ќе му речеш, демек, вака и вака, господарот ми на-

реди да ви се поклонам и најпокорно ве моли да погледнете во адресарот на вашата установа каде живее титуларниот советник Голјаткин.

Петрушка молчеше и, како му се стори на господин Голјаткин, се насмевна.

— Значи, Петре, ќе ги замолиш за адресата и ќе узнаеш каде, значи, живее новоназначениот чиновник Голјаткин.

— Разбирам.

— Ќе прашаш за адресата и ќе го однесеш на таа адреса ова писмо, разбираш?

— Разбирам.

— Ако е таму... каде што писмово ќе го однесеш, оној господин, кому што писмово ќе му го дадеш, то ест Голјаткин... Што се смееш, будало?

— Што има да се смеам? — Што ми е гајле! Јас, онака... Нема зошто да се смеам...

— Е, така, значи... ако тој господин се распрашува, демек, како е твојот господар, како живее, демек, што тој таму...!; ако, значи, те распрашува нешто — ти молчи и речи, значи, мојот господар е добро и моли, речи, за одговор од вас, своерачен. Разбираш?

— Разбирам, господине.

— Е, така речи, господарот мој е добар, здрав е, и сега, речи, се готви за на гости, а од вас, речи, одговор бара писмен. Разбираш?

— Разбирам.

— Ајде, тргнувај.

„Уште и со овој ќутук мораш да се расправаш! Си се смее и што му можеш! Зошто ли се смее? Ме втаса мене несреќата, лека-полека ме втаса! Впрочем, може сè да се сврти на подобро... Овој неранимајко сега сигурно два часа ќе се влечка и уште ќе се изгуби некаде. Не можеш никаде да го испратиш. Несреќа една!.. Каква несреќа ме снајде!.."

Чувствувајќи ја, значи, наполно својата несреќа, нашиот јунак се реши на пасивна улога — два часа да го чека Петрушка. Околу еден час тој одеше по собата и пушеше, потоа го остави лулето и се зафати со некоја книга, потоа прилегна на диванот, потоа

пак го зеде лулето, а потоа одново почна да оди по собата. Сакаше да размислува, но не можеше апсолутно за ништо да размислува. Најпосле, маката од неговата пасивна состојба го достигна последниот степен и господин Голјаткин реши да преземе една мерка. „Петрушка ќе се врати дури по еден час, — помисли тој, — клучот можам да му го оставам кај чуварот, а јас за тоа време... ќе ја испитам ситуацијата, ќе го испитам она што мене ме интересира". Не губејќи време и брзајќи да ја испита ситуацијата, господин Голјаткин си го зеде шеширот, излезе од соба, го заклучи станот, наврати до чуварот, му го предаде клучот и десет копејки — господин Голјаткин стана некако необично дарежлив — и потрча каде што требаше. Господин Голјаткин тргна пеш, првин кон Измаиловскиот мост. Помина околу половина час во одење. Кога стигна до целта на своето патување влезе право во дворот на познатата за него куќа и погледна во прозорецот од станот на советникот Берендеев. Освен трите прозорци, покриени со црвени завеси, другите сите беа темни. „Олсуфиј Иванович денес сигурно нема гости, — си помисли господин Голјаткин, — денес сигурно се сами дома". Откако постоја извесно време во дворот, јунакот наш посака да се реши на нешто. Но, изгледа, не беше судено да дојде до решение. Господин Голјаткин се предомисли, мавна со раката и се врати на улица. „Не, не требаше ваму да доаѓам. Што ќе правам јас овде? А подобро е сега, ова... лично да ја испитам работата". Штом зеде вакво решение, господин Голјаткин јурна кон својата канцеларија. Патот не беше кус, а покрај тоа имаше и многу кал и силно врнеше крупен мокар снег. Но за нашиот јунак во овој момент пречки, изгледа, не постоеја. Дека покисна — покисна навистина, и се извалка малу, но „сеедно, целта е постигната". И навистина — господин Голјаткин се приближуваше веќе кон својата цел. Темната маса на огромната државна зграда веќе се црнееше оддалеку пред него. „Стој! — си помисли тој, — каде одам јас и што ќе правам овде? Да претпоставиме дека ќе дознам каде тој живее, а во меѓувреме Петрушка сигурно веќе

се вратил и ми донесол одговор. Само попусто си го губам моето скапоцено време, вака само времето си го губам. Но, ништо, сево ова може да се поправи. Меѓутоа, како би било, навистина, да навратам кај Вахрамеев? Ама не, попосле...Ех, воопшто не требаше да се излегува. Ете, таков ми е карактерот! Таква навика имам, требало или не требало јас морам некаде да се истрчам... Хм... колку ли е часот? Сигурно има девет. Петрушка може да дојде и не ќе ме најде дома. Голема глупост направив што излегов... Ех, вистинска бркотија!"

Штом искрено си призна дека направил вистинска глупост, нашиот јунак потрча назад, дома во Шестилавочната улица. Дотрча тој изморен, измачен. Уште од чуварот дозна дека Петрушка и не помислил да се врати. „Па да, си го претствував јас тоа, — помисли нашиот јунак, — а веќе е девет часот. Ех, каков неранимајко! Вечно некаде пие! Господе боже мој, каков црн ден ми се погоди денес!" Вака размислувајќи и офкајќи господин Голјаткин го отвори станот, запали светлост, се слече докрај, го испуши лулето и истоштен, умрен, отепан и гладен прилегна на диванот за да го почека Петрушка. Свеќата гореше слабо, светлоста трепереше по ѕидовите... Господин Голјаткин гледаше, гледаше, мислеше, мислеше, и заспа, најпосле, како отепан.

Се разбуди доцна. Свеќата речиси сосем догорела, чадеше и готова беше секој момент да изгасне. Господин Голјаткин скокна, се стресе, и сè си припомни, апсолутно сè. Зад преградата се слушаше тешкото грчење на Петрушка. Господин Голјаткин се стрча кон прозорецот — никаде светлост. Го отвори прозорчето за проветрување — тишина. Градот како да изумрел, спие. Сигурно е два или три часот; да, така е: часовникот зад преградата се поднапрегна и отчука два. Господин Голјаткин потрча зад преградата.

По долги маки го пронајде некако Петрушка и успеа да го седне на постелата. Во тоа време свеќата сосем изгасна. Поминаа уште десетина минути дури господин Голјаткин успеа да најде друга свеќа и да ја запали. Во тоа време Петрушка успеа повторно да

заспие. „Никаквец ниеден, неранимајко ниеден! — прозбори господин Голјаткин, дрмолејќи го повторно, — ќе станеш ли ти, ќе се разбудиш ли, најпосле?“ По получасовни напори господин Голјаткин успеа, сепак, наполно да го размрда својот слуга и да го извлече од зад преградата. Тогаш дури нашиот јунак виде дека Петрушка беше, како што се вели, мртов пијан и одвај се држеше на нозете.

— Мрзо една! — се развика господин Голјаткин. — Разбојнику ниеден, главата ми ја отсече! Господе, каде ли го има фрлено писмото? Ах, создателе мој, како сето ова... И зошто јас го напишав? Како многу да ми беше потребно да го напишам! Се залетав јас, будаличка, со таа своја амбиција! Што ми требаше ова нешто! Ете ти амбиција, подлец еден, ете ти амбиција!... Еј, ти, каде ти е писмото, разбојнику ниеден? На кого му го даде?

— На никого никакво писмо не сум му давал; и никакво писмо не сум имал... да!

Господин Голјаткин си ги кршеше прстите од очај.

— Слушај ти, Петре... слушај, слушај ме ти мене...

— Слушам...

— Каде беше? Одговарај...

— Каде бев... кај добри луѓе бев! Да!

— Ах, ти, господе боже мој! Каде беше првин? Беше ли в канцеларија?.. Слушај ти, Петре, да не си ти пијан?

— Јас пијан? Да не се помрднам од местово, ни капка, ете...

— Ништо, ништо ако си пијан... Јас само така те прашав; добро е што си пијан, јас само така, Петрушка... Можеби само малу си позаборавил, ама сè паметиш. Ајде, сети се, беше ли кај чиновникот Вахрамеев, — беше или не?

— Ниту бев, ниту постои таков чиновник. Макар сега...

— Не, не, Петре! Не, Петрушка, јас не ти велам ништо. Па ти гледаш дека јас не се лутам... Што има тука! Ете, надвор е студено, влажно, и човек се

напил малу, па што. Јас не се лутам. Јас самиот, брате, пивнав денес... Ајде, признај, сети се, брате, беше ли кај чиновникот Вахрамеев?

— Па добро, штом така тргнало веќе, право да ви речам — ете бев, туку што бев...

— Е, добро, Петрушка, добро е што си бил. Ти гледаш, јас не се лутам... Ајде, раскажувај, — продолжуваше нашиот јунак, трудејќи се што повеќе да го одоброволи својот слуга удирајќи го по плеќи и насмевнувајќи му се, — сркна малу, никаквецу ниеден... сркна за десет копејки, нели? Неранимајко! Ништо, ти гледаш дека не се лутам... не се лутам, братче, не се лутам...

— Не, јас не сум неранимајко, немојте... Навратив само кај добри луѓе, само навратив, а не сум неранимајко, и никогаш не сум бил...

— Ама не, не, Петрушка! Слушај ме, Петре, јас ништо, јас не те карам кога ти велам дека си неранимајко. Тоа ти го велам за да ти поласкам, со најдобра намера ти го реков тоа. Тоа значи, Петрушка, дека сакаш да го одоброволиш човека, кога ќе му речеш дека е тој вешт и префриган, дека е лукаво човече и никому не му дозволува да му подвали. Тоа некои луѓе го сакаат... Немој да се лутиш! Ајде сега кажи ми, Петрушка, отворено, искрено, како на пријател... беше ли кај чиновникот Вахрамеев и дали ти ја даде адресата?

— И адресата, и адресата ми ја даде. Добар чиновник! И господарот твој е, вели, добар човек, многу добар, вели, човек; јас, вели, поздрави го својот господар, заблагодари му се и кажи му дека јас, значи, го сакам — еве, вели, колку го почитувам твојот господар! Затоа што, вели, твојот господар, Петрушка, е добар човек, и ти си, вели, Петрушка, исто така добар човек, — ете...

— Ах, господе боже мој! А адресата, адресата, Јудо ниеден? – Последните зборови господин Голјаткин ги изговори речиси со шепот.

— И адресата... и адресата ја даде.

— Ја даде? А каде живее тој, Голјаткин, чиновникот Голјаткин, титуларниот советник?

— А господин Голјаткин ти се наоѓа, вели, на Шестилавочната улица. Еве, вели, кога ќе тргнеш по таа улица, па ќе свртиш надесно, на скалите и на четвртиот кат. Ете таму, вели, и живее Голјаткин...

— Неранимајко ниеден! — се развика јунакот наш изгубувајќи го, најпосле, трпението. — Разбојнику ниеден! Па тоа сум јас; па ти за мене зборуваш. А постои друг Голјаткин; јас за другиот ти зборувам, никаквецу ниеден!

— Па, како сакате! Што можам јас! Како вие сакате — да!..

— А писмото, писмото...

— Какво писмо? Немаше никакво писмо! Јас никакво писмо не сум видел.

— Па каде го имаш оставено — шмеќару ниеден?!

— Го дадов, го дадов писмото. Поздрави го, вели, заблагодари му се; добар е, вели, твојот господар. Поздрави го, вели, твојот господар...

— Ама кој го рече тоа? Голјаткин ли го рече?

Петрушка помолчи малу и се насмевна со широка насмевка, гледајќи му право во очите на својот господар.

— Слушај ти, разбојнику ниеден! — почна господин Голјаткин, задишувајќи се и тресејќи од лутина, — Што стори ти со мене! Кажи што стори со мене! Ме отепа, злосторнику ниеден! Главата ми ја отсече, Јудо Искариотски!

— Па, сега, како сакате! Што можам јас! — рече со отсечен глас Петрушка, повлекувајќи се зад преградата.

— Ела ваму, ваму ела, разбојнику ниеден!

— Не доаѓам сега кај вас, воопшто нема да дојдам. Гајле ми е. Јас кај добри луѓе ќе појдам... А добрите луѓе живеат чесно, добрите луѓе живеат без измами, и кај нив никогаш не се случува наместо еден човек да бидат двајца...

На господин Голјаткин му се оладија рацете и нозете, му се пресече здивот...

— Да, господине, — продолжуваше Петрушка, — кај нив никогаш нема наместо еден двајца, бога и чесните луѓе не ги навредуваат...

— Ти си пијан, мрзо ниедна! Оди спиј сега, разбојнику! А утре ќе си го добиеш своето, — со речиси нечуен глас прозбори господин Голјаткин. Што се однесува до Петрушка тој промрмори уште нешто, потоа се слушна како се плесна во креветот така што креветот закрцка, се прозевна провлечено, се протегна и, најпосле, со сон на праведник, како се вели, загрчи. Господин Голјаткин беше ни жив ни мртов. Поведението на Петрушка, неговите многу чудни алузии, иако индиректни, па затоа и немаше зошто да се лути, уште повеќе што ги изговараше пијан човек, и, најпосле, овој кобен пресврт во работите — сето тоа до темел го потресе господин Голјаткин. „И што ме натера ѓаволот да го карам среде ноќ, — си зборуваше нашиот јунак, сиот тресејќи се од некакво болно чувство. — И што ми требаше со пијан човек да имам работа! Што можеш да очекуваш од пијан човек, што и да рече ќе те излаже! На што, впрочем, тој алудираше, разбојник ниеден! Господи боже мој! И што ми требаше да го напишам она писмо, јас душман, јас самоубиец ниеден! Како да не можеше да се причека, да не се издрдорам! И што сакав? Пропаѓаш, почнуваш да личиш на партал, па сепак, честољубието е тука, демек, честа е загрозена, значи, честа треба да се спасува! Самоубиец сум јас проклет!“

Така си зборуваше господин Голјаткин, седнат на својот диван и не смеејќи од страв да се помрдне. Наеднаш погледот му запре на еден предмет што необично силно го возбуди неговото внимание. Исплашен — да не е предметот што го возбуди илузија, измама — пружи кон него рака со надеж, исплашеност, со неопишано љубопитство... Не, не е измама! Не е илузија! Писмо, навистина писмо, без сомнение писмо, и за него адресирано... Господин Голјаткин го зеде писмото од масата. Срцето силно му чукаше. „Ова, сигурно, оној лашко го има донесено, — си помисли тој, — и овде го оставил, а потоа заборавил; сигурно така било...“ Писмото беше од чиновникот Вахрамеев, млад колега и некогашен пријател на господин Голјаткин. „Впрочем, сето ова јас уште порано

го претчувствував, — си помисли нашиот јунак, — и сè што ќе најдам сега во писмово — и тоа го претчувствував . . .“ Писмото гласеше:

„Почитуван господине,

Јакове Петрович!

Слугата ваш е пијан и со него ништо не можеш да сториш; поради тоа претпочитам да ви одговорам писмено. Брзам да ве известам дека пораката што вие ми ја поверивте, а која се состои во тоа да го предадам писмото на особа што ви е позната, и која сум готов да ја извршам сосема точно. Особата што вие добро ја познавате и која сега ми го замени пријателот, и чие име овде го премолчувам (бидејќи не сакам попусто да ја валкам репутацијата на наполно невин човек), живее заедно со нас во станот на Каролина Ивановна, во истата соба во која порано, додека и вие бевте кај нас, живееше пристигнатиот од Тамбов пешадиски офицер. Впрочем, оваа особа можете да ја најдете насекаде меѓу луѓето со чесни и искрени срца, што за некои не може да се рече. Моите врски со вас имам намера од денешен ден да ги прекинам; во пријателски тон и во поранешната другарска слога не можеме да останеме и затоа ве молам, почитуван господине, веднаш по добивањето на ова мое искрено писмо да ми ги испратите двете рубли што ми следуваат за бричот од странска изработка што јас ви го продадов, ако повелите да си спомните, пред седум месеци на вересија, уште кога живеевте со нас кај Каролина Ивановна, која јас од сета моја душа ја почитувам. Јас пак постапувам на ваков начин затоа што вие, спрема раскажувањето на умни луѓе, сте го загубиле честољубието и репутацијата и сте станале опасен за моралот на невините и чисти луѓе, зашто некои луѓе живеат не со вистината, а освен тоа нивните зборови се лажни и добронамерниот изглед — сомнителен. Во одбрана на угледот на Каролина Ивановна, која секогаш се држеше морално и е, како второ, чесна жена, а освен тоа госпоѓица, иако не баш млада, но затоа од добра странска фамилија — секогаш и насекаде можеш да најдеш способни луѓе, за што некои личности ме замолија во писмово мое патем

да забележам, и тоа како од моја страна. Во секој случај, вие сè ќе узнаете навреме, ако не узнавте сега, без обѕир на тоа што вие, спрема раскажувањето на умните луѓе, сте се прославиле на сите страни од престолнината и, значи, на многу места сте имале можност да добиете за себе потребни податоци, почитуван господине. На крајот на ова писмо ви соопштувам, почитуван господине, дека позната на вас личност, чие име не го наведувам овде поради познати благородни причини, и која мошне е почитувана од добронамерните луѓе, која освен тоа е со весел и пријатен карактер и има успех како во службата, така и среде луѓето што трезвено мислат, дека е мошне верна на својот збор и на пријателството и не ги навредува со оговарање оние со кои што е во пријателски врски.

Во секој случај останувам:
покорен слуга ваш
Н. Вахрамеев".

P. S. Слугата ваш истерајте го: тој е пијаница и веројатно ви создава многу главоболија, а земете го Евстафија, што порано служеше кај нас, а сега е без работа. Вашиот сегашен слуга е не само пијаница, згора е и арамија, бидејќи минатата недела ѝ продаде на Каролина Ивановна фунта шеќер во коцки по намалена цена, што, по мое мислење, не можел инаку да го стори туку да ве краде на најлукав начин, помалце и во различно време. Ви го пишувам ова зашто ви го сакам доброто и покрај тоа што некои особи умеат само да навредуваат и да ги мамат сите луѓе, првенствено оние што се чесни и со добар карактер; освен тоа ги валкаат и ги претставуваат наопаку, само од завист и затоа што самите не можат да се пофалат со добри особини.

В"

Кога го прочита писмото на Вахрамеев нашиот јунак уште долго време остана неподвижен на својот диван. Некаква нова светлина се пробиваше низ сета

нејасна и загадочна магла, што веќе два дена го окружуваше. Нашиот јунак почнуваше делумно да сфаќа... Се обиде да стане од диванот и да се прошета еднаш-двапати по собата, за да се освежи, да си ги прибере некако разбиените мисли, да ги насочи на извесен предмет, а потоа, штом ќе се прибере малу, зрело да размисли за својата положба. Но само што сакаше да потстане кога веднаш немоќен и бессилен пак падна на поранешното место. „Се разбира, сето ова јас однапред го претчувствував; сепак како тоа тој пишува и каква е вистинската смисла на овие зборови? Да претпоставиме дека ја знам смислата, но каде ќе нè одведе тоа? Да речеше отворено: еве, значи, вака и вака, се бара тоа и тоа, и јас би го извршил. Таа промена, тој пресврт во работите станува толку непријатен! Ах, што поскоро да го дочекам утрешниот ден и што поскоро да почнам да дејствувам. Сега веќе знам што ќе правам. Значи, вака и вака, ќе речам, причините ги прифаќам, честа своја нема да си ја продадам, а... а... впрочем, таа позната личност, тоа непријатно лице, како тоа овде се замешало и зошто се замешало? Ах, кога ќе се раздени! Ќе ме оцрнат мене тие дотогаш, интригираат, за инает работат! Основното е — време да не се губи, а сега, на пример, да го напишам барем писмото и макар само да потфрлам дека, значи, вака и вака и, еве, на ова и ова сум согласен. А утре штом ќе се зазори да го испратам, а самиот да поранам... и од другата страна да им се појавам, да ги испреварам, гулапчињата... Само ќе ме оцрнат!“

Господин Голјаткин ја приближи хартијата, го зеде пѐрото и го напиша следново послание како одговор на писмото на губернискиот секретар Вахрамеев:

Почитуван господине,

Несторе Иванович!

Со тажно за моето срце чудење го прочитав навредливото за мене ваше писмо, бидејќи јасно гледам дека под името на некои непристојни луѓе и некои луѓе со лажна добронамерност вие ме подразбирате мене. Искрено ужален гледам како брзо, успешно и

надалеку пуштила корени клеветата во штета на моето спокојство, мојата чест и доброто мое име. И уште повеќе е жалосно и навредливо тоа што дури и честните луѓе, кои навистина благородно мислат и, што е главно, што се надарени со отворен и искрен карактер, и тие отстапуваат од интересите на благородните луѓе и со најдобрите особини на своето срце ѝ се прилепуваат на штетната 'рѓа, која, за несреќа, во нашето тешко и неморално време силно и крајно злонамерно се расплодила. На крајот ќе ви речам дека долгот што ми го споменувате, две рублји, го сметам како своја света должност и во потполност ќе ви го вратам.

Што се однесува до вашите, почитуван господине, алузии за сметка на познатата особа од женски пол, за сметка на нејзините намери, сметки и планови, ќе ви речам, почитуван господине, дека јас матно и нејасно ги разбрав сите тие алузии. Дозволете ми, почитуван господине, своите благородни принципи и своето чесно име да ги сочувам чисти. Во секој случај готов сум да се објаснам лично, претпочитајќи ја точноста на личното објаснување пред писменото, а освен тоа готов сум да стапам во различни мирољубиви, се разбира обострани, спогодби. Заради тоа ве молам, почитуван господине, да ѝ ја пренесете на таа особа мојата готовност за лично преговарање, а освен тоа да ја замолите да го определи местото и времето на средбата. Тешко ми беше, почитуван господине, да ги читам алузиите на тоа дека небаре сум ве навредил, дека сум го изневерил нашето поранешно пријателство и сум се изразувал за вас лошо. Го припишувам сето тоа на недоразбирање, гнасна клевета, завист и злонамерност на оние што со право можат да се именуваат како најогорчени мои непријатели. Но тие веројатно не знаат дека невиноста е силна токму затоа што е невиност, дека бесрамноста, безобразието и фамилијарноста, што ги одбива душите на некои личности, порано или подоцна ќе ги снајде општ презир, и дека тие личности не ќе настрадаат инаку туку од сопствената непристојност и развратност на срцето. На крајот ве молам, почитуван господине, да им пренесете на тие личности дека нивните чудни пре-

тензии и нечесната, фантастична желба да ги истуркаат другите од местата кои што тие ги заземаат со своето постоење во овој свет, и да го зафатат нивното место, заслужуваат чудење, презир, жалење и, згора на тоа,. лудница. И, понатаму, дека таквите односи строго се забранети со законот, што е, по мое мислење, сосема правилно, зашто секој треба да биде задоволен со своето сопствено место. За сè има граници, и ако е тоа шега тогаш е непристојна шега, ќе речам дури повеќе: сосема неморална, бидејќи, слободен сум да ве уверам, почитуван господине, дека моите идеи, што погоре ги изложив во однос на своите места, се чисто морални.

Во секој случај имам чест
да останам ваш покорен слуга

Ј. Голјаткин".

Слободно може да се рече дека настаните од вчерашниот ден од основа го потресоа господин Голјаткин. Спиеше нашиот јунак мошне лошо, то ест не можеше никако, ниту пет минути, да заспие наполно: небаре некој немирник му истурил в постела издрочена четина. Целата ноќ тој ја помина во некаков полусон, полубдеење, превртувајќи се од една страна на друга, офкајќи, стенкајќи, заспивајќи за момент и пак будејќи се, и сето тоа се придружуваше со некоја чудна тага, нејасни спомени, грди сеништа, — со еден збор, со сето она што може да биде најнепријатно... Час му се појавуваше пред него во некаква чудна, загадочна полусветлина фигурата на Андреј Филипович, — сува, намуртена фигура, со сув, тврд поглед и со званично учтиви префрлувања... И штом господин Голјаткин ќе почнеше да се приближува кон Андреј Филипович, за на овој или оној начин да се оправда пред него и да му докаже дека тој воопшто не е таков каков што го претставуваат неговите непријатели, туку е таков и таков, дека покрај обичните, вродените свои особини има уште ова и ова; но веднаш се појавуваше извесното по своите непристојни желби лице и на некој начин, со средства што

предизвикуваат негодување, веднаш ги уриваше сите намери на господин Голјаткин, истиот момент, речиси пред очите на господин Голјаткин, до крај ја оцрнуваше неговата репутација, го фрлаше в кал неговото честољубие и потоа веднаш го зафаќаше неговото место на работа и во општеството. Час ќе почнеше да го јаде главата на господин Голјаткин од некое звизнување, што неодамна го добил и понизно примил, добиено или во друштво или на работа некаде, и против што бєше тешко да се протестира. И додека господин Голјаткин си ја чукаше главата зашто е тешко да се протестира барем против едно звекнување, истата мисла за звекнувањето незабележано се преливаше во некаква друга форма — во форма на некаква позната малечка или доста значителна подлост, која што тој ја имаше видено, слушнато или неодамна извршено, — и извршена не на подла основа, дури не и поради подли побуди, туку онака, понекогаш, на пример, случајно — од деликатност; друг пат затоа што беше беззаштитен, е, а најпосле и затоа... затоа што, со еден збор, господин Голјаткин добро знаеше *зошто!* Тогаш господин Голјаткин се вцрвуваше во сон и задушувајќи го црвенилото мрмореше во себе дека, демек, овде може да се покаже цврстината на карактерот, во тој случај би можел прилично да ја покаже цврстината на карактерот... а потоа правеше заклучок дека „што е тоа цврст карактер, демек, и зошто сега го спомнува!...“ Но господин Голјаткин најмногу го лутеше и нервираше дека тука, и токму во овој момент се појавуваше извесното со безобразие и пасквилност на своите намери лице, без оглед дали го викаа или не, и макар што работата беше јасна — исто така мрмореше со непристојна насмевка, како да сакаше да рече: „Ама каква цврстина на карактерот, каква цврстина на карактерот имаме јас и ти, Јакове Петрович!...“ Или пак на господин Голјаткин му се причинуваше дека се наоѓа во некое прекрасно друштво, познато по својата духовитост и благородниот тон на сите лица од друштвото; дека господин Голјаткин од своја страна се истакна со љубезност и духовитост и дека сите го засакаа, дури некои од него-

вите непријатели што се најдоа тука, го засакаа, дека му беше мошне пријатно на господин Голјаткин; и дека сите му го признаа првенството и дека, најпосле, господин Голјаткин лично и со задоволство слушна како домаќинот, тргнувајќи ги настрана некои од гостите го пофали господин Голјаткин... и наеднаш, неочекувано повторно се појавува познатото со својата злонамерност и сверски побуди лице, се појавува во личноста на господин Голјаткин-помладиот, и тогаш веднаш, за момент, со самото свое појавување господин Голјаткин-помладиот го руши сиот успех и сета слава на господин Голјаткин-постариот, го помрачува со себе Голјаткина-постариот, го фрла в кал Голјаткина-постариот и, најпосле, јасно докажува дека господин Голјаткин-постариот, значи, вистинскиот, воопшто не е вистински, туку е лажен, и дека вистинскиот е тој, и дека, најпосле, господин Голјаткин-постариот воопшто не е тоа што изгледа, туку е таков и таков и спрема тоа нема право да му припаѓа на друштвото на добронамерни и пристојни луѓе. И сето тоа се случуваше толку брзо што господин Голјаткин-постариот не успеа и уста да отвори, а сите веќе и со душа и со тело му се оддадоа на скандалозниот и лажниот господин Голјаткин и со најголем презир го отфрлија него, вистинскиот и невиниот господин Голјаткин. Не остана ниту една личност, чие мислење бесрамниот господин Голјаткин-помладиот не би го изменил за миг. Не остана личност, дури најнезначителна во целото друштво, на која некорисниот и лажен господин Голјаткин-помладиот не би ѝ се додворил на свој начин, со најслатки зборови, на која би ѝ се прилепил на свој начин, која тој не би ја накадил, по свој обичај, со нешто мошне пријатно и слатко, така што накаденото лице мирисаше и киваше со солзи во знак на најголемо задоволство. И, главно, сето тоа стануваше во еден миг: брзината на сомнителниот и некорисен господин Голјаткин просто вцашуваше! На пример, уште не стигнал да се избаци со некој и да ја заслужи неговата симпатија — и додека трепнеш со око тој е веќе кај некој друг. Ќе се полиже со другиот, ќе му измами насмев од симпатија, ќе клоцне

со својата куса, полничка и, впрочем, доста тромава нога, и еве го веќе со трет, му се удвара на третиот и со него се лиже пријателски; не стигнуваш уста да отвориш, да се зачудиш не успеваш, а тој е веќе кај четвртиот, и со тој четвртиот го прави истото — ужас! И сите му се радуваат, сите го сакаат, и сите го величаат, и сите во хор изјавуваат дека љубезноста и сатиричната природа на неговиот ум се неспоредливо подобри од љубезноста и сатиричната жица на вистинскиот господин Голјаткин и така го посрамуваат вистинскиот и невиниот господин Голјаткин, го отфрлаат вистинољубивиот господин Голјаткин и веќе го истуркуваат добронамерниот господин Голјаткин, и од сите страни го звекнуваат вистинскиот господин Голјаткин, познат по својата љубов кон ближниот!... Во мака, во ужас и бес истрчува многустрадалниот господин Голјаткин на улица и почнува да пазари пајтонција за да полета веднаш кај неговото превосходство, а ако не кај него, тогаш барем кај Андреј Филипович, но — ужас! Пајтонцијата никако не се согласува да го вози господин Голјаткин, вели: „Не можам, вели, да возам, господине, двајца сосема исти; вашето благородство знае, вели, дека добриот човек се труди да живее чесно и никогаш не се појавува во две лица". Избезумен од срам совршено чесниот господин Голјаткин погледнува околу и навистина се убедува, сам со своите очи, дека пајтонцијата и договорениот со него Петрушка сосема се во право; зашто неморалниот господин Голјаткин се наоѓаше навистина тука, крај него, на мало растојание и, по својот вроден подол обичај, и во овој критичен случај бездруго се готви да стори нешто мошне неприлично, што ни најмалце не ја покажува особената племенитост на карактерот, која обично се добива преку воспитување, — племенитост со која во секоја згодна прилика толку се прчеше одвратниот господин Голјаткин втори. Избезумен, посрамен и очаен, пропаднатиот и апсолутно праведниот господин Голјаткин јурна каде го водат очите, на милост и немилост на судбината, било каде; но при секој чекор, при секој удар на ногата по тротоарот, од под земјата како да изле-

гуваше по еден наполно сличен, одвратен со својата духовна расипаност господин Голјаткин. И сите тие, наполно слични, штом ќе се појавеа, почнуваа да трчат еден по друг, во долга низа, како колона од гуски, се тегнеа и влечкаа по господин Голјаткин-постариот, така што немаше каде да се побегне од наполно сличните, и така за жалење достојниот господин Голјаткин го изгуби здивот од ужас, и, најпосле, се роди такво мноштво на апсолутно слични, што наполно ја преплавија престолнината, а полицаецот, кога го виде ова кршење на редот, беше принуден сите тие наполно слични да ги фати за јака и да ги напика во стражарницата што се најде крај него... Сиот вкочанет и здрвен од ужас нашиот јунак се будеше и така вкочанет и здрвен чувствуваше дека и на јаве времето не му минува повесело... Му беше тешко, мачно... Го налегаше таква тага како некој да му го јадеше срцето во градите.

Господин Голјаткин не можеше повеќе да го поднесува сето ова. „Тоа не може да биде!“ — извика тој, кревајќи се решително од постелата и веднаш потоа сосема се разбуди.

Изгледаше дека веќе одамна се разденило. Во собата беше некако необично светло; сончевите зраци густо се цедеа низ замрзнатите стакла и обилно се истураа по собата, што доста го зачуди господин Голјаткин, бидејќи сонцето кај него sирнуваше дури на пладне; порано вакви исклучоци небеското светило на својот пат, доколку можеше да се сети господин Голјаткин, речиси никогаш не правеше. Одвај нашиот јунак стигна да се почуди на ова кога зад преградата забрчи sидниот часовник и на тој начин се приготви да отчука. „А, еве!“ — си помисли господин Голјаткин и со тажно очекување се приготви да слуша... Но, за потполно и крајно, изненадување на господин Голјаткин, неговиот часовник се поднапрегна и отчука само еднаш. „Што ли значи ова?“ — извика нашиот јунак и скокна од постелата. Онаков каков што си беше, не верувајќи им на своите уши, се спушти тој зад преградата. Часовникот навистина покажуваше еден часот. Господин Голјаткин погледна на креветот

на Петрушка, но во собата немаше ни трага од Петрушка: неговата постела, изгледа, беше одамна наместена и напуштена; неговите чизми исто така никаде ги немаше — сигурен знак дека Петрушка навистина го немаше дома. Господин Голјаткин потрча кон вратата: вратата беше заклучана. „Ама каде е Петрушка?“ — продолжи тој со шепотење, сиот страшно возбуден и чувствувајќи силна треска во секој свој зглоб... Наеднаш една мисла му мина низ главата... Господин Голјаткин се стрча кон својата маса, ја разгледа, ја пребара сета — да, така е: неговото вчерашно писмо за Вахрамеев го немаше... Петрушка зад преградата исто го немаше, sидниот часовник покажуваше еден, а во вчерашното писмо за Вахрамеев беа внесени некои нови точки, впрочем, на прв поглед мошне нејасни, но сега наполно разјаснети. Најпосле и Петрушка — очевидно и Петрушка е поткупен! Да, да, така е!

„Значи таму е главниот јазол! — извика господин Голјаткин плеснувајќи се по челото и сè повеќе и повеќе отворајќи ги очите, — значи во гнездото на таа скржава Германка се крие сега сета таа нечиста сила! Значи, таа само правеше стратегиска диверзија кога ме праќаше на Исмаиловскиот мост, — ми ги замачкуваше очите, ме збунуваше (вештерка ниедна!) и на тој начин сè поткопуваше!!! Да, така е! Ако се погледне на работа само од таа страна тогаш тоа навистина е така! И појавата на никаквецот сега станува сосема јасна: сè е поврзано едно со друго. Тие, значи, одамна го криеле, приготвувале и држеле во резерва за секој случај. Ете како е сето тоа сега, како испадна работата! Но ништо! Уште не е доцна!...“ Тогаш господин Голјаткин со ужас си спомни дека е веќе два часот попладне. „А ако тие веќе успеале... — Стенкање му се оттргна од градите... — Ама не, лажат, немаат успеано, — ќе видиме...“ Тој некако се облече, грабна хартија и перо и ја напиша следнава порака:

Почитуван господине
Јакове Петрович!

Или вие или јас, а заедно обајцата не можеме! И затоа ви изјавувам дека вашата чудна, смешна и истовремено невозможна желба да изгледате како мој близнак, и како таков да се претставувате, нема да доведе до ништо друго туку до вашето потполно понижување и пораз. И затоа ве молам, заради лична ваша среќа, да се повлечете и да им направите пат на вистински благородните луѓе што имаат благородни цели. Во спротивен случај готов сум да преземам крајни мерки. Го оставам перото и чекам... Впрочем, останувам готов за услуги и — за двобој.

Ј. Голјаткин".

Силно си ги протре рацете нашиот јунак кога го заврши писмото. Потоа, откако си го облече капутот и стави шеширот, го отклучи со резервниот клуч станот и потрча в канцеларија. Стигна тој до канцеларијата, но да влезе не се реши; навистина беше веќе премногу доцна — часовникот на господин Голјаткин покажуваше два и пол. Наеднаш една на изглед мошне незначителна околност реши некои сомневања на господин Голјаткин: зад аголот на установата наеднаш се појави задишана и вцрвена силуета и кришум, како стаорец се пикна во влезот, а потоа веднаш во претсобјето. Тоа беше писарот Остафјев, на господин Голјаткин мошне познат човек, човек донекаде потребен и за десет копејки готов на сè. Знаејќи ја слабата страна на Остафјев и присетувајќи се дека по излегувањето поради најнеодложната потреба тој, веројатно, станал уште поалчен за пари, — нашиот јунак реши да не ги жали десетте копејки и веднаш се пикна во влезот, а потоа во претсобјето по Остафјев, го викна и со загадочен вид му предложи да дојде настрана, во скриено катче, зад огромната железна печка. Штом го намами таму нашиот јунак почна да го распрашува.

— Е, како е, пријателе, како е таму, ова... ме разбираш, нели?

— Разбирам, ваше благородство, му пожелувам здравје на вашето благородство.

— Добро, пријателе, добро; а јас ти благодарам, мил пријателе. Па како е, пријателе?

— Што повелувате да прашате? — Овде Остафјев ја покри со рака устата што случајно се отвори.

— Јас, ете, знаеш, пријателе, јас, демек... немој ти да си помислиш нешто... А да, тука ли е Андреј Филипович?

— Тука е.

— А чиновниците тука ли се?

— И чиновниците, како и обично.

— И неговото превосходство исто така?

— И неговото превосходство исто така. — Тука писарот уште еднаш ја покри својата отворена уста и некако љубопитно и чудно погледна на господин Голјаткин. Барем на нашиот јунак така му се стори.

— И ништо особено нема, пријателе?

— Нема, нема.

— А вака, за мене, пријателе, нема ли сепак нешто таму, онака, некоја ситница... а? Само онака, пријателе, ме разбираш, нели?

— Не, уште ништо не се слуша засега. — Тогаш писарот пак си ја покри устата и пак некако чудно погледна на господин Голјаткин. Работата беше во тоа што нашиот јунак сега се трудеше да проникне во физиономијата на Остафјев, да прочита нешто на неа, да не се крие нешто. И навистина, како нешто да се криеше; Остафјев стануваше сè погруб и воздржан и сега го задоволуваше интересот на господин Голјаткин со помала готовност отколку во почетокот на разговорот. „Тој во извесна смисла има право, — помисли господин Голјаткин, — што сум му јас нему? А можеби веќе добил нешто од другата страна и затоа излегол по нужда. А ако јас сега би му...“ Господин Голјаткин сфати дека дојде времето за подмитување.

— Еве ти, драги пријателе...

— Искрено му благодарам на вашето благородство.

— Уште ќе ти дадам.

— Разбирам, ваше благородство.

— Сега, веднаш уште ќе ти дадам, а кога ќе се заврши работата уште толку ќе ти дадам. Разбираш?

Писарот молчеше, стоеше мирно и неподвижно гледаше на господин Голјаткин.

— Ајде, кажи: за мене ништо не се слуша?

— Изгледа дека уште, засега... овај... ништо нема, засега. — Остафјев одговараше испрекинато, правејќи се како и господин Голјаткин малу таинствен, собирајќи ги малу веѓите, гледајќи в земја, трудејќи се да го погоди потребниот тон, со еден збор, трудејќи се со сите сили да го заработи ветеното, зашто тоа што го доби го сметаше за веќе конечно свое.

— Значи, ништо не се знае?

— Засега уште ништо.

— А слушај... ова... можеби ќе се знае?

— Подоцна, се разбира, можеби ќе се знае.

„Лошо!“ — си помисли нашиот јунак.

— Слушај, еве ти уште, драги мој.

— Многу му благодарам на вашето благородство.

— Дали Вахрамеев беше вчера тука?...

— Беше...

— А дали беше некој?... Ајде, спомни си, братче.

Писарот се потруди да си припомни, но ништо потребно не му идеше на ум.

— Не, никој друг немаше.

— Хм! — Настана молчење.

— Слушај, братче, еве ти уште; зборувај за сè, до крај.

— Разбирам. — Остафјев сега беше мек како памук: тоа и го бараше господин Голјаткин.

— Објасни ми, братче, како тој сега таму стои?

— Па, онака, добро, — одогавараше писарот, — гледајќи ококорено на господин Голјаткин.

— То ест, како тоа добро?

— То ест, така. — Тука Остафјев значително ги собра веѓите. Впрочем, тој страшно се двоумеше и не знаеше што да зборува. — „Лошо!“ — си помисли господин Голјаткин.

— Дали тој нема уште нешто со Вахрамеев?

— Сè е како и порано.

— Ајде размисли.

— Велат дека има.

— А што има?

Остафјев си ја покри устата со рака.

— Дали нема оттаму писмо за мене?

— Денес слугата Михеев одеше во станот на Вахрамеев, таму, кај неговата Германка... еве јас ќе одам и ќе се распрашам, ако е потребно.

— Направи ми ја таа услуга, братче, жити бога!... Јас тоа само онака... Ти, брате, немој да си помислиш нешто, јас само онака. Распрашај се, братче, разбери дали не подготвуваат нешто за моја сметка. Што презема тој? Тоа ми е потребно, ете тоа разбери го, драги пријателе, а јас потоа ќе ти се заблагодарам, драги пријателе...

— Разбирам, ваше благородство. А на вашето место денес седна Иван Семјович.

— Иван Семјович? А, нели! Навистина?

— Андреј Филипович му рече да седне...

— Навистина? Зошто? Испитај го тоа, братче, жити бога, испитај го, братче; распрашај се за сè — а јас ќе ти се оддолжам, драги мој. Ете што ми е потребно... А ти немој нешто да си помислил, братче...

— Разбирам, разбирам, господине, веднаш ќе влезам таму. А вие, ваше благородство, зарем нема денес да влезете?

— Не, пријателе; јас само така, јас само онака, дојдов само да видам, драги пријателе, а потоа јас ќе ти се оддолжам, драги мој.

— Разбирам. — Писарот брзо и усрдно потрча по скалите, а господин Голјаткин остана сам.

„Лоша работа! — си помисли тој. — Ех, лошо, лошо! Ех, на мојата работа сега лошо ѝ се пишува! Што може да значи сето тоа? Што значеа некои алузии на овој пијаница, на пример, и чие е тоа масло? А! Сега знам чие е тоа масло. Еве во што е работата. Тие сигурно имаат разбрано и го наместиле... Впрочем, откаде на каде го наместиле? Тоа Андреј Филипович го има наместено Ивана Семјонович; но, впрочем зошто го има наместено и со каква цел го има наместено? Веројатно дознале... Тоа Вахрамеев го работи, то ест не Вахрамеев, тој е глуп како бука, тој Вахрамеев, туку тие сите за него работаат, затоа и оној никаквец ваму го испратиле; а Германката, ќоравата,

се жалела! Јас секогаш се сомневав дека сите тие интриги не се туку така и дека во сета женска сплетка бездруго има нешто; истото му го зборував и на Крестјан Иванович, дека, значи, се заколнале, зборувајќи во морална смисла, да заколат човека, и се фатиле за Каролина Ивановна. Да, тука мајстори ја тераат работата, се гледа. Тука работи, господине мој, мајсторска рака, а не Вахрамеев. Веќе реков дека Вахрамеев е глупав, а ова... сега ми е јасно кој работи за сите нив: работи никаквец, самозванец работи! Со тоа тој и се одржува, тоа донекаде ги докажува неговите успеси во вишето општество. А навистина, би требало да се дознае како стои сега тој таму... што е тој таму кај нив? Само зошто го зедоа токму Ивана Семјонович? Зошто им беше потребен Иван Семјонович? Како да не можеа да најдат некој друг. Впрочем, кого и да го наместеа, исто ќе беше; а јас знам само едно, дека тој Иван Семјонович одамна ми беше сомнителен, одамна имам забележано: лошо и гадно е тоа старче, велат дека дава пари под лихва, и зема еврејска лихва. А сето тоа се мечешки мајстории. Во сите овие работи мечка се замешала. Започна тоа така, крај Измаиловскиот мост започна, ете како започна... „Овде господин Голјаткин се намршти, небаре лимон гризна, сигурно се сети за нешто мошне непријатно. „Е, ништо, впрочем! — помисли тој. — А јас пак сè за мојата работа. Зошто ли го нема Остафјев? Веројатно некаде се заседел, или го има некој задржано. А донекаде е и добро што јас правам интриги и од своја страна се занимавам со сплетки. На Остафјев треба да му дадеш само десет копејки и тој... веќе е на моја страна. Но прашање е дали тој е на моја страна; можеби тие од своја страна исто така... па во договор со него подвалуваат од своја страна. Изгледа како разбојник, никаквец, вистински разбојник! Се маскира, никаквец ниеден! „Нема ништо, вели, јас сум ви искрено, вели, благодарен, ваше благородство“. Разбојник ниеден!“

Се слушна шум... господин Голјаткин се наежи и скокна зад печката. Некој слезе по скалите и излезе на улица. „Кој ли тоа може сега да излезе?“ — по-

мисли во себе нашиот јунак. По една минута пак се слушнаа чекори... Тогаш господин Голјаткин не издржа и го покажа од засолништето врвот на својот нос — го покажа и веднаш го повлече назад, небаре некој му го боцна со игличка. Овој пат поминуваше, се знае кој, то ест никаквец, интригант и расипан човек, — поминуваше со својствените за него подли и брзи ситни чекори, потропнувајќи и кревајќи ги нозете така како да се готвеше некого да клоцне. „Подлец!“ — прозбори во себе нашиот јунак. Впрочем, господин Голјаткин не можеше да не забележи дека подлецот подмишка носеше огромна зелена чанта, што му припаѓаше на неговото превосходство. „Сигурно пак со некоја специјална задача“, — си помисли господин Голјаткин, вцрвувајќи се и наежавувајќи уште повеќе од мака. Штом господин Голјаткин-помладиот се провлече покрај господин Голјаткин-постариот, воопшто не забележувајќи го, и по трет пат се слушнаа нечии чекори, и сега господин Голјаткин погоди дека тоа беа чекорите на писарот. Навистина, некоја измазнета писарска фигура sирна кај него зад печката; фигурата, впрочем, беше не на Остафјев, а на друг писар, со прекар Писаренко. Тоа го вчудовиди господин Голјаткин. „Зошто тој и на други им ја поверува тајната? — си помисли нашиот јунак. — Какви дивјаци, ништо не им е свето!“

— Е, што има, пријателе? — прозбори тој, обраќајќи му се на Писаренко, — кој те праќа, пријателе?...

— Па ете, во врска со вашата работа. Засега нема никакви вести од никого. Ако има, ќе ве известиме.

— А Остафјев?...

— Тој, ваше благородство, навистина не можеше. Неговото превосходство веќе два пати минува низ одделението, а и јас сега немам време.

— Благодарам, драги, ти благодарам... Кажи ми само...

— Жими бога, немам време... Секоја митута нè бараат... А вие повелете да почекате уште малу ту-

ка, па ако има нешто во врска со вашата работа ние ќе ве известиме...

— Ама ти, пријателе, кажи ми...

— Дозволете, господине, немам време, — зборуваше Писаренко, обидувајќи се да се откачи од господин Голјаткин што го беше фатил за полата, — навистина не можам. Вие повелете да почекате уште малу овде, ние ќе ве известиме.

— Веднаш, веднаш, пријателе! Веднаш, драги пријателе! А сега еве ти писмо, пријателе мој, а јас тебе ќе ти се оддолжам, мили мој.

— Разбирам.

— Потруди се да му го предадеш, мили мој, на господин Голјаткин.

— На Голјаткин?

— Да, пријателе, на господин Голјаткин.

— Добро; штом стигнам ќе му го однесам. А вие засега почекајте овде. Овде никој нема да ве види...

— Не, пријателе, јас, ти немој да си помислиш... јас овде стојам не затоа да не ме види некој. Јас, пријателе, повеќе нема да бидам овде... ќе бидам ене онде во соканот. Има една кафеана таму; значи, таму ќе чекам, а ти, ако нешто се случи, да ме известиш за сè, разбираш?

— Добро. Пуштете ме само, разбирам...

— А јас тебе ќе ти се оддолжам, драги мој! — викаше господин Голјаткин по Писаренко кој, најпосле, успеа да се ослободи... „Никаквец ниеден, изгледа при крајот стана погруб, — си помисли јунакот наш излегувајќи скришум од — зад печката. — Постои тука уште некое лукавство. Тоа е јасно... Отрпвин беше и вака и така... Впрочем, тој навистина брзаше; можеби има многу работа. И неговото превосходство на два пати минувал низ одделението... Зошто ли го правел тоа?... Ух! Но ништо! Навистина, можеби не е ништо; сега ќе видиме...“

Тогаш господин Голјаткин ја отвори вратата и сакаше да излезе надвор, кога наеднаш, во истиот момент, пред влезот затреска кочијата на неговото превосходство. Не стигна господин Голјаткин и да се соземе а вратите на кочијата се отворија однатре и гос-

подинот што седеше во неа излезе пред влезот. Дојдениот не беше никој друг туку истиот господин Голјаткин-помладиот, што излезе пред десетина минути. Господин Голјаткин-постариот си спомни дека станот на директорот беше на два чекора оттука. „Сигурно е со специјална задача", — си помисли нашиот јунак. Меѓутоа господин Голјаткин-помладиот, откако ја зеде од кочијата дебелата зелена чанта и уште некои хартии и наредувајќи му на крајот нешто на кочијашот, ја отвори вратата, го турна речиси со неа господин Голјаткин-постариот и намерно не забележувајќи го, значи, за инает, наеднаш потрча по скалите на установата. „Лоша работа! — си помисли господин Голјаткин, — ех, до каде стаса нашава работа! Гледај го ти него, боже господе!" Околу половина минута нашиот јунак остана неподвижен; најпосле тој се реши. Не размислувајќи многу, иако чувствуваше силно чукање на срцето и морници по целото тело, потрча тој по скалите зад својот пријател. „Што сака нека биде; што ме засега мене тоа? Јас сум во оваа работа настрана" — си помисли тој, симнувајќи ги шеширот, капутот и галошите во претсобјето.

Кога господин Голјаткин влезе во своето одделение беше веќе мрак. Ниту Андреја Филипович, ниту Антона Антонович ги немаше во собата. Обајцата беа во кабинетот на директорот на реферирање; а и директорот, како што се слушаше, брзаше кај неговото високо превосходство. Поради ваквите околности, а и затоа што веќе падна мрак и завршуваше работното време, некои од чиновниците, предимно младите, во моментот кога влезе нашиот јунак, го убиваа времето во неработење — се собираа, разговараа, дискутираа, се смееја и дури некои од најмладите, то ест со најмали чинови, кришум и во општата бркотница играа крајцарица во аголот крај прозорецот. Знаејќи го редот и чувствувајќи во овој момент особена потреба некого да најде и придобие, господин Голјаткин им приде на некои со кои беше во подобри односи за да им пожели добар ден итн. Но некако чудно му одговорија на поздравот колегите на господин Голјаткин. Непријатно беше изненаден од сеопштиот ладен однос,

воздржаност, дури, може да се рече, од некако строгиот прием. Рака никој не му пружи. Некои само рекоа „здраво“ и се оддалечија; други само со главата кимнаа; понекои просто се свртија и покажаа дека ништо не забележуваат. Најпосле, некои — што беше најнавредливо за господин Голјаткин — некои млади луѓе со најмали чинови, дечурлија, коишто, како со право се изрази за нив господин Голјаткин, умеат само крајцарица да играат кога ќе им се укаже прилика, и некаде да проскитаат, — еден по еден се насобраа околу господин Голјаткин и речиси му го затворија патот. Тие сите гледаа на него со некакво навредливо љубопитство.

Беше тоа лош знак. Господин Голјаткин го чувствуваше тоа и од своја страна мадро се приготви ништо да не забележува. Наеднаш една сосема неочекувана околност, наполно го дотепа, што се вели, и уништи господин Голјаткин.

Во групата на младите колеги што го окружуваа наеднаш и небаре намерно, во најмачната за господин Голјаткин минута, се појави господин Голјаткин-помладиот, весел како секогаш, со насмевка како и секогаш, подвижен исто така како и секогаш, со еден збор: немирник, ветрушка, галениче, смеација, брз со јазикот и нозете, како и секогаш, како и порано, исто како и вчера, на пример, во еден мошне непријатен момент за господин Голјаткин-постариот. Се кезеше, се вртеше, потропнуваше со нозете, со насмев што на сите им велеше „добра вечер“, се пикна во купчето чиновници, на овој му ја стегна раката, оној го удри по плеќи, третиот лесно го прегрна, на четвртиот му објасни заради што бил испратен од неговото превосходство, каде одел, што направил, што донесол, а петтиот и, веројатно, својот најблизок пријател го бацн гласно во самата уста, со еден збор, сè се случуваше апсолутно исто како и во сонот на господин Голјаткин-постариот. Откако се наскока колку што сакаше, заврши со сите на свој начин, ги придоби сите, по потреба или без потреба, и откако се изналижа со сите нив, господин Голјаткин-помладиот наеднаш, веројатно по погрешка не успевајќи да го забележи го-

сподин Голјаткин-постариот, му ја пружи раката и нему. Изгледа исто така поради грешка, иако впрочем стигна добро да го забележи неблагородниот господин Голјаткин-помладиот, нашиот јунак веднаш и желно му ја зграпчи така неочекувано пружената рака и ја стегна најјако и најпријателски, ја стегна со некакво необично, сосем неочекувано возбудување, со некакво трогателно чувство. Дали нашиот јунак се измами со првото движење на неговиот непристоен непријател или просто не успеа да се снајде, или пак во длабочината на својата душа сфати колку е немоќен — тешко е да се рече. Факт е дека господин Голјаткин-постариот наполно свесно, доброволно и пред сведоци свечено му ја стегна раката на оној што го нарекуваше свој смртен непријател. Но колкава беше вчудовидеността, јароста и бесот, колкав беше ужасот и срамот на господин Голјаткин-постариот кога неговиот смртен непријател, непристојниот господин Голјаткин-помладиот, забележувајќи ја грешката на прогонетиот, невиниот и вероломно измамениот од него човек, без секаков срам, без чувство, без сочувство и совест, наеднаш и со неподнослив нахалство и грубост си ја тргна својата рака од раката на господин Голјаткин-постариот. И не само тоа — плукна настрана, придружувајќи го сето тоа со најнавредлив гест; и не само тоа — извади шамивче и веднаш, на најбезочен начин си ги избриша сите свои прсти што за момент се најдоа во раката на господин Голјаткин-постариот. Правејќи го ова господин Голјаткин-помладиот, верен на својот подол обичај, намерно гледаше околу себе; се држеше така што сите да го видат неговото поведение, им се загледуваше на сите во очите и очигледно се трудеше на сите да им го наметне најлошото за господин Голјаткин. Се чинеше дека поведението на одвратниот господин Голјаткин-помладиот предизвикува општо негодување кај присутните чиновници; дури и лекомислената младина покажуваше незадоволство. Настана шушукање и џагор. Општата возбуда не можеше да биде незабележана од господин Голјаткин-постариот; но наеднаш во згоден момент пуштената шега, што излета од устата на господин Голјаткин-

помладиот, ги урна и уништи последните надежи на нашиот јунак и сè повторно се сврти во корист на смртниот и некорисниот непријател негов.

— Тоа е нашиот руски Фоблаз, господа; дозволете да ви го претставам младиот Фоблаз, — записка господин Голјаткин-помладиот, со својствениот нему безобразлук трчкарајќи и лигавејќи се меѓу чиновниците и покажувајќи на здрвениот и избезумениот вистински господин Голјаткин. — Да се бациме, душичке! — продолжуваше тој со несносна фамилијарност и приближувајќи се кон предавнички навредениот од него човек. Изгледа шегата на ништожниот господин Голјаткин-помладиот најде одглас токму таму каде што требаше, дотолку повеќе што во неа се содржеше подмолна алузија на една околност за која се зборуваше и која на сите им беше позната. Нашиот јунак ја почувствува тежината од непријателските раце на своите раменици. Впрочем, тој веќе се реши. Со пламнат поглед, бледо лице и вкочанета насмевка се извлече тој некако од толпата и со несигурни, брзи чекори се упати право во кабинетот на неговото превосходство. Во претпоследната соба го сретна Андреј Филипович, кој туку што излезе од кај неговото превосходство; и макар што тука во собата имаше приличен број различни луѓе, во овој момент наполно туѓи за господин Голјаткин, нашиот јунак не сакаше на таа околност да ѝ поклонува внимание. Право, решително, смело, речиси самиот чудејќи се и фалејќи се во себе за смелоста, не губејќи ни секунда, го нападна тој Андреја Филипович, кого овој неочекуван напад го вцаши.

— А!... Што сакате? — праша началникот на одделението, не слушајќи го господин Голјаткин, што некаде запна.

— Андреј Филипович, јас... можам ли јас, Андреј Филипович, сега, веднаш да поразговарам со неговото превосходство во четири очи? — прозбори нашиот јунак слаткоречиво и јасно, вперувајќи во Андреј Филипович најрешителен поглед.

— Што? Се разбира, не. — Андреј Филипович го измери со поглед господин Голјаткин од глава до петици.

— Јас, Андреј Филипович, сево ова го зборувам затоа што се чудам зошто овде никој не го демаскира самозванецот и подлецот.

— Што-о?

— Подлецот, Андреј Филипович.

— За кого вие повелувате така да се изразувате?

— За една позната личност, Андреј Филипович. Јас, Андреј Филипович, мислам на една позната личност; јас имам право... Сметам, Андреј Филипович, дека началството треба да ги насрчува ваквите побуди, — додаде господин Голјаткин, очигледно наполно збунет, — Андреј Филипович... вие, веројатно, сами гледате, Андреј Филипович, дека оваа благородна побуда е секако знак на мојата добронамерност: да го сметам својот претпоставен како татко, Андреј Филипович, јас го сметам, значи, добродетелниот претпоставен како татко и слепо му ја поверувам својата судбина. Значи, така... ете така... — Тука гласот на господин Голјаткин се растрепери, лицето му се сцрви и две солзи му навреа на обете негови клепки.

Слушајќи го господин Голјаткина Андреј Филипович толку се зачуди што неволно отстапи два чекора назад. Потоа вознемирено погледна околу себе... Тешко е да се рече како ќе се свршеше работата... Но наеднаш вратата од кабинетот на неговото превосходство се отвори и влезе лично тој во придружба на неколку чиновници. По него тргнаа сите што беа во собата. Неговото превосходство го повика Андреј Филипович и тргна со него, почнувајќи разговор за некои работи. Кога сите тргнаа и излегоа од собата се поврати и господин Голјаткин. Се притаи и засолна зад Антон Антонович Сеточкин што се влечкаше најнакрајот и, како му се причини на господин Голјаткин, со најстрого и најзагрижено лице. „И тука се изнадрдорив, и тука извалкав, — си помисли тој, — но ништо“.

— Се надевам дека барем вие, Антоне Антонович, ќе се согласите да ме ислушате и да ја сфатите мо-

јата положба, — прозбори тој тивко, со сè уште треперлив од возбуда глас. — Одбиен од сите ви се обраќам вам. Уште не можам да ги сфатам зборовите на Андреј Филипович, Антоне Антонович. Објаснете ми ги, ако можете...

— Сè ќе се објасни кога ќе му дојде времето, — строго и збор по збор одговори Антон Антонович и, како му се стори на господин Голјаткин, со таков израз што сакаше јасно да каже дека Антон Антонович воопшто не сака да го продолжи разговорот. — Набрзо ќе разберете сè. Уште денес ќе бидете службено известени за сè.

— Што значи тоа службено, Антоне Антонович? Зошто токму службено? — плашливо праша нашиот јунак.

— Не е наша работа да разговараме, Јакове Петрович, како ќе реши началството.

— Зошто пак началството, Антоне Антонович, — рече господин Голјаткин уште повеќе исплашен, — зошто началството? Не гледам причини зошто тука би го вознемирувале началството, Антоне Антонович... Можеби вие сакате нешто да кажете во врска со она вчера, Антоне Антонович?

— Не, не се работи за вчерашното; нешто друго не е во ред кај вас.

— Што не е во ред, Антоне Антонович? Чинам, Антоне Антонович, кај мене сè е како што треба.

— А со кој сте се договарале да правите подвали? — остро го пресече Антон Антонович сосема здравиот господин Голјаткин. Господин Голјаткин се стресе и побледе како крпа.

— Се разбира, Антоне Антонович, — рече тој со глас што одвај се слуша, — ако му обраќате внимание на гласот на клеветата и ги слушате нашите непријатели, а не ги прифаќате оправдувањата на другата страна, тогаш, се разбира... се разбира, Антоне Антонович, може и да се настрада, Антоне Антонович, невино и за ништо да се настрада.

— Токму така; а вашата неприлична постапка на штета на репутацијата на една благородна девојка од

мошне добродетелна, почитувана и позната фамилија што ви правеше добрини?

— Каква е таа постапка, Антоне Антонович?

— Токму тоа. А зарем исто така не знаете за вашата пофална постапка спрема една друга девојка, макар и сиромашна, но од чесно странско потекло?

— Дозволете, Антоне Антонович... благоволете, Антоне Антонович, да ме ислушате...

— А вероломната ваша постапка и клевета на едно друго лице — обвинување на друго лице за она што самите сте го сториле? А? Тоа како се вика?

— Јас, Антоне Антонович, не го терав, — рече нашиот јунак и се стресе, — и Петрушка, то ест мојот слуга, на ништо слично не сум го учел... Тој јадеше мој леб, Антоне Антонович; се користеше со моето гостопримство, — додаде нашиот јунак со длабока чувствителност така што брадата му затрепери, а солзите готови беа пак да му наврат.

— Тоа, Јакове Петрович, вие само така го велите, дека тој ваш леб јадел, — клештејќи се одговори Антон Антонович, а во гласот му се слушаше лукавство од кое се стегна срцето на господин Голјаткин.

— Дозволете, Антоне Антонович, најпокорно да ве прашам и ова: дали сета оваа работа му е позната на неговото превосходство?

— Како да не! Впрочем, сега пуштете ме. Немам време тука со вас... Уште денес ќе дознаете за сè што треба да знаете.

— Дозволете, живи бога, уште една минута, Антоне Антонович...

— Ќе ми кажете подоцна...

— Не, Антоне Антонович; јас, гледате ли, слушнете го само ова, Антоне Антонович... Јас не сум слободоумен, Антоне Антонович, јас го одбегнувам слободоумието; јас сосема сум готов од своја страна и дури ја допуштав таа идеја...

— Добро, добро. Веќе слушав...

— Не, ова не го имате слушнато, Антоне Антонович. Ова е друго, Антоне Антонович, ова е добро, навистина добро и пријатно да се слушне... Јас ја допуштав таа идеја, како што пред малку реков, Ан-

тоне Антонович, како божјата волја создала две сосема еднакви суштества, а милостивото началство, увидувајќи ја божјата волја, ги прифати двата близнаци. Тоа е добро, Антоне Антонович. Вие гледате дека тоа е мошне добро, Антоне Антонович, и дека јас сум далеку од слободоумие. Го прифаќам милостивото началство за татко. Вака и вака, милостиво началство, велам, а вие... велам... младиот човек треба да служи... Подржете ме, Антоне Антонович, заземете се за мене, Антоне Антонович... Јас ништо... Антоне Антонович, живи бога, уште еден збор... Антоне Антонович...

Но Антон Антонович веќе беше далеку од господин Голјаткин. Нашиот јунак не знаеше каде стои, што слуша, што прави, што се случува со него и што допрва ќе стане со него — толку многу го збуни и потресе сево ова што му се случи и што го слушна.

Со молбен поглед го бараше тој во толпата чиновници Антона Антонович за да се оправда во неговите очи уште повеќе и да му рече нешто мошне добронамерно, благородно и пријатно за себе... Впрочем, малу по малу нова светлина почнуваше да се пробива низ збунетоста на господин Голјаткин, нова, ужасна светлина што пред него ја осветли наеднаш сета перспектива на досега сосема непознати и дури наполно неочекувани околности... Во овој момент некој го удри во слабина нашиот наполно збунет јунак. Тој се сврти. Пред него стоеше Писаренко.

— Писмо, ваше благородство.

— А!.. Ти веќе беше, драги мој?

— Не, уште изутрина во десет часот го донесле ваму. Сергеј Михеев, чуварот, го донесол од станот на губернискиот секретар Вахрамеев.

— Добро, пријателе мој, добро, ќе ти си оддолжам јас, драги мој.

Штом го рече ова господин Голјаткин го скри писмото во внатрешниот џеб на мундирот и го закопча докрај; потоа се обзрна и за свое големо изненадување забележа дека веќе се наоѓа во претсобјето на установата, среде група чиновници што се насобрале на излезот, бидејќи заврши работното време.

Господин Голјаткин не само што досега не ја забележуваше оваа околност, но дури не забележа и не помнеше на кој начин тој наеднаш се најде во капут, галоши и со шешир во раце. Сите чиновници стоеја неподвижно и во мирно исчекување. Работата беше во тоа што неговото превосходство беше застанато долу пред скалите, очекувајќи ја својата кола, која поради нешто доцнеше, и водеше мошне интересен разговор со двајца советници и со Андреј Филипович. Малу настрана од двајцата советници и Андреј Филипович стоеше Антон Антонович Сеточкин и некои други чиновници кои, гледајќи дека неговото превосходство се шегува и смее, се смешкаа сето време. Насобраните на горниот дел од скалите чиновници исто така се смешкаа и чекаа неговото превосходство пак да се насмее. Не се смешкаше единствено Федосеич, шкембест вратар што стоеше крај рачката на вратата исправен како стап и ја чекаше со нетрпение својата секојдневна порција задоволство, што се состоеше во тоа наеднаш и со еден потег на раката да го отвори едното крило на вратата, а потоа, наведнувајќи се ниско, со почит да го пропушти неговото превосходство. Но најрадосен и најзадоволен беше, изгледа, недостојниот и неблагородниот непријател на господин Голјаткин. Во овој момент тој дури ги заборави сите чиновници, дури престана да се врти и потскокнува меѓу нив, по свој подол обичај, дури заборави, користејќи го случајов, да се додвори некому. Тој сиот се претвори во очи и уши, некако чудно се собра, веројатно за да чуе подобро, не оттргнувајќи ги очите од неговото превосходство, и само одвреме навреме му се стресуваа рацете, нозете и главата од некакви одвај видливи грчеви што ги демаскираа сите внатрешни, тајни намери на неговата душа.

„Гледај го само! — си помисли нашиот јунак, — гледа како некој љубимец, неранимајко ниеден! Би сакал само да знам како тој успева во отменото друштво? Нема ниту ум, ниту карактер, ниту образование, ниту чувства; го служи среќа, никаквецот! Господи боже! Кога само ќе си помислиш како на некој човек брзо му оди кај сите луѓе! И ќе отиде човекот,

се колнам, далеку ќе отиде, никаквец, далеку ќе стигне — му оди на никаквецот! Би сакал уште да дознам што им шепоти на сите? Какви тоа тајни има со тие луѓе и за какви сè тајни им зборува? Господи боже! Кога јас така би ова... и со него малу да... демек, вака и вака, да го замолам, можеби... значи, вака и вака, јас, еве, повеќе нема; значи, виновен сум, а младиот човек, ваше превосходство, во наше време треба да служи; мене воопшто не ме буни мојата темна ситуација — ете така! И нема да протестирам за тоа, и ќе поднесам сè со трпение и спокојство, — ете така! Зарем така да постапувам?.. Впрочем, него, никаквецот, не можеш да го трогнеш, со никакви зборови не ќе го разнежиш; не можеш да му втераш разум во празната тиква... Но, впрочем, ќе се обидеме. Ако ми испадне добра прилика ќе се обидам...“

Изнервиран, јадосан и збунет, чувствувајќи дека работата не смее така да се остави, дека настанува решителна минута, дека треба со некого да се објасни, нашиот јунак почна полека да се приближува кон она место каде стоеше недостојниот и загадочниот негов пријател. Но токму во тоа време пред влезот затреска одамна очекуваната кола на неговото превосходство. Федосеич ја тргна вратата и свиткувајќи се до земја го пропушти покрај себе неговото превосходство. Сите што чекаа нагрнаа кон излезот и за момент го истуркаа господин Голјаткин-постариот подалеку од господин Голјаткин-помладиот. „Нема да ми избегаш!“ — зборуваше нашиот јунак пробивајќи се низ толпата и не оттргнувајќи го погледот од оној што го следеше. Најпосле толпата се раздвои. Нашиот јунак се почувствува на слобода и се спушти по својот непријател.

ГЛАВА XI

Здивот му застануваше во градите на господин Голјаткин; како окрилен леташе тој по својот непријател што брзо се оддалечуваше. Чувствуваше тој во себе страшна енергија. Меѓутоа, и покрај страшната енергија господин Голјаткин смело можеше да се на-

дева дека во овој момент дури обичен комарец, ако само тој во вакво време можеше да живее во Петроград, сосема лесно би го соборил со своето крило. Чувствуваше тој исто така малаксаност и слабост, и дека го носи некоја сосема особена и чудна сила, дека тој самиот воопшто не оди, а напротив, дека нозете му се сечат и откажуваат послушност. Впрочем, сево ова можеше да се сврти на подобро. „Кон подобро — или кон полошо, — си мислеше господин Голјаткин, речиси задишувајќи се од брзото трчање, — но дека работата е изгубена во тоа сега нема и најмало сомневање; дека сум наполно пропаднат — тоа е познато веќе, сигурно, решено и потпишано". И покрај овие мисли нашиот јунак како да воскресна од мртвите, како да ја издржа битката, како да победи кога успеа да се фати за капутот на својот непријател, којшто веќе ја ставаше едната нога во колата, што беше пазарена да го одвезе некаде. „Почитуван господине, почитуван господине! — почна да му вика тој на настигнатиот најпосле долен господин Голјаткин-помладиот. — Почитуван господине, јас се надевам дека вие..."

— Не, немојте, ве молам, на ништо да се надевате, — одговараше нерешително бесчувствениот непријател на господин Голјаткин, стоејќи со една нога на папучата од колата, а со другата трудејќи се со сите сили да се префрли на другата страна од колата, мавтајќи попусто со неа во воздух, мачејќи се да не изгуби рамнотежа и истовремено трудејќи се да го оттргне својот капут од господин Голјаткин-постариот, за кој тој, од своја страна, се закачи со сите средства што му ги дала природата.

— Јакове Петрович, само десет минути...

— Извинете, немам време...

— Согласете се сами, Јакове Петрович,... молам, Јакове Петрович... живи бога, Јакове Петрович... да се објасниме... сосема накусо... Една секунда, Јакове Петрович!..

— Драги мој, немам време, — одговори со неучтива фамилијарност, но со израз на добродушност лажно благородниот непријател на господин Голјат-

кин, — друг пат, верувајте ми, од сета душа и чисто срце; но сега — верувајте ми, не можам.

„Подлец!“ — си помисли нашиот јунак.

— Јакове Петрович, — завика тој жалосливо, — јас никогаш не сум бил ваш непријател. Злобни луѓе неправедно ме набедиле... Готов сум од своја страна... Јакове Петрович, да ли сакате јас и вие, Јакове Петрович, сега да навратиме?... И таму со чисто срце, како што правилно рековте вие пред малку, и со јазик отворен, благороден... еве во онаа кафеана: тогаш сè само по себе ќе се разјасни, — ете така, Јакове Петрович! Тогаш бездруго сè само по себе ќе се разјасни...

— Во кафеаната? Добро. Немам ништо против да навратиме во кафеаната, само под еден услов, драги мој, под еден услов: таму сè да се разјасни само по себе. Демек, така и така, душичке, — рече господин Голјаткин-помладиот, слегувајќи од колата и безочно удирајќи го по плеќи нашиот јунак, — голем другар си ти; за тебе, Јакове Петрович, јас сум готов и низ сокак да тргнам (како што во она време вие, Јакове Петрович, со право повелевте да речете). Е, што измамник е, навистина, што ќе посака тоа и ќе направи од човека! — продолжуваше лажниот пријател на господин Голјаткин, со блага насмевка вртејќи се околу него.

Кафеаната во која влегоа двата господина Голјаткина беше оддалечена од главните улици и во овој момент сосема празна. Доста дебела Германка се појави крај тезгите штом се слушна звончето. Господин Голјаткин и неговиот недостоен непријател поминаа во втората соба каде поднадуено и кусо острижено момче се врткаше околу печката мачејќи се со врска деланки повторно да го запали изгаснатиот оган. По барање на господин Голјаткин-помладиот донесоа чоколада.

— А, полничка женичка, — рече господин Голјаткин-помладиот, шмеќарски намигнувајќи му на господин Голјаткин-постариот.

Нашиот јунак поцрвене и ништо не рече.

— А, да, заборавив, извинете. Го знам вашиот вкус. Ние, господине, сме лакоми на танкички Германки; јас и ти, душо праведна, Јакове Петровиќ, сакаме танкички Германки што не се лишени од привлечност; кај нив сакаме да живееме, нивниот морал го соблазнуваме, за бир-супа и за милх-супа срцето им го поклонуваме и разни обврски потпишуваме, — ете што правиме ние, Фоблазе ниеден, предавнику проклет!

Сето ова го изговори огсподин Голјаткин-помладиот, правејќи со тоа непотребна, иако, впрочем, ѓаволски лукава алузија на извесна особа од женски пол, умилкувајќи му се на господин Голјаткин, смешкајќи му се божем љубезно, лажно покажувајќи на тој начин срдечност и радост што се стретнал со него. Но штом забележа дека господин Голјаткин-постариот не е толку глуп и без образование и добри манири за да му поверува наеднаш, долниот човек се реши да ја мени тактиката и да заигра со отворени карти. И веднаш по изговарањето на својата гадост лажниот господин Голјаткин го потупа солидниот господин Голјаткин по плеќи со безочност и фамилијарност што предизвикува негодување и, не задоволувајќи се со ова, почна да се игра со него на начин што воопшто не му приличи на доброто друштво, то ест сакаше да ја повтори својата поранешна гадост — без обзир на противењето и тивките извици на налутениот господин Голјаткин-постариот реши да го штипне за образ. При ваквата развратност нашиот јунак пламна и не рече ништо . . . впрочем, за извесно време.

— Така зборуваат моите непријатели, — одговори тој најпосле со треперлив глас, воздржувајќи се благоразумно. Во истиот момент јунакот наш вознемирено погледна кон вратата. Работата беше во тоа што господин Голјаткин беше, изгледа, прекрасно расположен и готов да се впушти во разни шеги што не се допуштени на јавни места и, воопшто, не се допуштени со општествените норми, а особено во поотмено друштво.

— Па добро, во тој случај — како што сакате, — сериозно одговори господин Голјаткин-помладиот на

мислата на господин Голјаткин-постариот, откако ја стави на маса својата со неприлична жед испиена чаша. — Па јас и немам многу време, впрочем... Е, како живеете сега, Јакове Петрович?

— Само едно можам да ви речам, Јакове Петрович, — ладнокрвно и со достоинство одговори нашиот јунак, — никогаш не сум бил ваш непријател.

— Хм... а Петрушка? Како тоа беше? Петрушка, чинам? — па да! Е, како е тој, добро ли е како и порано?

— И тој е како порано, Јакове Петрович, — одговори малу изненадениот господин Голјаткин-постариот. — Јас не знам, Јакове Петрович... од моја страна... благородно и искрено, Јакове Петрович, признајте и сами, Јакове Петрович...

— Да. Но вие сами знаете, Јакове Петрович, — одговори со тивок и значаен глас господин Голјаткин-помладиот, глумејќи на тој начин тажен човек, полн со каење и достоен за сожалување, — вие сами знаете, нашето време е тешко... Јас на вас се повикувам, Јакове Петрович, вие сте умен човек и правилно размислувате, — потфрли господин Голјаткин-помладиот, подло умилкувајќи му се на господин Голјаткин-постариот. — Животот не е играчка — вие самите тоа го знаете, Јакове Петрович, — мошне значајно заврши господин Голјаткин-помладиот, претставувајќи се на тој начин како умен и учен човек, којшто може да размислува за високи работи.

— Јас, од своја страна, Јакове Петрович, — воодушевено одговори нашиот јунак, — од своја страна, презирајќи ги околните патишта и зборувајќи смело и отворено, зборувајќи искрено и чесно, поставувајќи ја сета работа на благородна основа, ќе ви речам, можам благородно и искрено да тврдам, Јакове Петрович, дека сум апсолутно чист, сами знаете, Јакове Петрович, дека сета таа обострана заблуда — сè можеби, се приказни, мислење на угодничката толпа... Зборувам отворено, Јакове Петрович, сè може да се случи. Уште ќе ви речам, Јакове Петрович, дека ако така се мисли, ако на работата се гледа чесно и возвишено, ќе ви речам смело, без лажен срам ќе ви ре-

чам, Јакове Петрович, мене ќе ми биде дури пријатно да откријам дека сум бил во заблуда, ќе ми биде пријатно да си го признам тоа. Сами знаете, вие сте умен човек, а освен тоа и благороден. Без срамење, без лажно срамење готов сум да си признам..., — со достоинство и благородство заврши нашиот јунак.

— Судбина, Јакове Петрович!... но да го оставиме тоа, — со воздишка прозбори господин Голјаткин-помладиот. — Подобро ќе биде кусите минути на нашиот состанок да ги употребиме за покорисен и пријатен разговор, како што им приличи на двајца колеги... Навистина, јас немав можност да разменам со вас ниту два збора за сето ова време... Јас за тоа не сум виновен, Јакове Петрович...

— Ниту јас, — го прекина возбудено нашиот јунак, — ниту јас! Срцето ми зборува, Јакове Петрович, дека во сето ова јас не сум виновен. За сè ќе ја обвинуваме судбината, Јакове Петрович, — додаде господин Голјаткин-постариот со наполно помирувачки тон: Неговиот глас почна по малу да слабее и да трепери.

— А инаку? Како е вашето здравје? — прозбори со сладок глас блудниот.

— Малу поднакашлувам, — одговори нашиот јунак со уште посладок глас.

— Чувајте се. Сега насекаде е редачка, не е тешко да добиеш ангина и јас, си признавам, веќе носам фанелни алишта.

— Навистина, Јакове Петрович, не е тешко да добиеш ангина... Јакове Петрович! — рече по кусо молчење нашиот јунак. — Јакове Петрович, гледам дека сум бил во заблуда... Јас со радост се сеќавам за оние среќни мигови, што ги минавме заедно под мојот сиромашен, но гостопримен покрив...

— Во вашето писмо вие, впрочем, не го напишавте тоа, — рече со извесен укор господин Голјаткин-помладиот, кој во овој случај беше сосема во право (се разбира, само во овој случај сосема прав).

— Јакове Петрович, јас бев во заблуда... Сега јасно гледам дека и во тоа мое несреќно писмо грешев. Јакове Петрович, нема да ми верувате, незгодно ми е, Јакове Петрович, да ве погледнам... Дајте ми

го тоа писмо за да го искинам на парчиња пред вашите очи, Јакове Петрович, или пак, ако е тоа воопшто невозможно, ве молам да го читате обратно, наполно обратно, то ест во пријателски дух, давајќи им спротивна смисла на сите зборови во моето писмо. Јас згрешив. Извинете ме, Јакове Петрович, јас сосема ... бев во страшна заблуда, Јакове Петрович.

— Вие велите? — доста расеано и рамнодушно праша вероломниот пријател на господин Голјаткин постариот.

— Велам дека бев сосема во заблуда, Јакове Петрович, и дека јас од моја страна без никаков лажен срам ...

— Е, па добро! Мошне добро е тоа што сте биле во заблуда, — грубо одговори господин Голјаткин-помладиот.

— Јас, Јакове Петрович, дури имав идеја, — воопшто не забележувајќи ја ужасната вероломност на својот лажен пријател додаде на најблагороден начин нашиот јунак, — јас дури имав идеја, ете, значи, постојат двајца сосема исти ...

— А! Тоа е вашата идеја! ..

Тогаш познатиот со својата ништожност господин Голјаткин-помладиот стана и си го зеде шеширот. Сè уште не забележувајќи ја измамата стана и господин Голјаткин-постариот, простодушно и благородно насмевнувајќи му се на својот лажен пријател, трудејќи се со својата невиност да го придобие, охрабри и на тој начин започне со него ново пријателство ...

— Збогум, ваше превосходство! — извикна наеднаш господин Голјаткин-помладиот. Нашиот јунак се стресе кога на лицето на својот непријател забележи нешто дури сатирско и, само за да се куртули, стави во пружената рака на неморалниот два прста; но тогаш ... тогаш безочноста на господин Голјаткин-помладиот мина секаква граница. Фаќајќи ги двата прста на господин Голјаткин-постариот тој првин малу ги стегна и веднаш потоа, никаквец ниеден, реши пред очите на господин Голјаткин-постариот да ја повтори својата утринска бесрамна шега. Чашата на човечкото трпение беше преполнета ...

Тој веќе го ставаше назад шамивчето со кое ги избриша своите прсти кога господин Голјаткин-постариот дојде на себе и се спушти по него во соседната соба каде, по своја подла навика, побрза што поскоро да скубне непомирливиот негов непријател. И како ништо да не било стоеше веќе крај тезгето, јадеше колачи и преспокојно, како морален човек, кокетираше со слаткарката Германка. „Пред дамите не треба“ — си помисли нашиот јунак и се приближи исто така до тезгето, сиот избезумен од возбуда.

— И навистина, женичкава не е лоша! Што мислите вие? — ги почна одново своите непристојни испади господин Голјаткин-помладиот, веројатно надевајќи се на бескрајното трпение на господин Голјаткин. А дебелата Германка, од своја страна, гледаше на двајцата свои гости со тежок и празен поглед, очигледно не разбирајќи руски и љубезно насмевнувајќи се. Нашиот јунак како оган пламна од зборовите на бесрамниот господин Голјаткин-помладиот и, не можејќи повеќе да се воздржува, се нафрли најпосле на него со очигледна намера да го раскине и на тој начин конечно да се ослободи од него; но господин Голјаткин-помладиот, по свој подол обичај, беше веќе далеку, веќе потрча и беше на излезот. Само по себе се разбира дека по првата моментална вцашеност што, природно, го опфати господин Голјаткин, тој веднаш се прибра и со сета брзина се спушти по злосторникот, кој веќе седнуваше во колата што го чекаше, очигледно по претходен договор со кочијашот. Меѓутоа, во истиот миг дебелата Германка, штом го виде бекството на двата посетителa спишти и заѕвони со сета сила. Нашиот јунак, така да се рече, во летот се сврти назад, ѝ фрли пари за себе и за бесрамниот човек што не сакаше да плати, не барајќи кусур, и макар што тоа го задржа, сепак успеа, пак во лет, да го зафати својот непријател. Со сета сила што природата му ја дала нашиот јунак се закачи за калникот на колата и така извесно време јуреше по улицата, мачејќи се да се пикне во колата, кое нешто господин Голјаткин-помладиот му го спречуваше со сите сили. Кочијашот пак, и со камшикот, и со дизгините,

со нозете и со зборови го тераше своето конче, кое сосема неочекувано јурна во галоп, загризувајќи ја уздата и клоцајќи, по своја лоша навика, на секој трет чекор. Најпосле нашиот јунак успеа сепак да се качи во колата; со лицето беше свртен кон својот непријател, со грбот се опираше на кочијашот, со колената во колената на бесрамникот, а со десната рака со сета сила се фати за сосема излижаната крзнена јака од капутот на расипаниот и огорчен негов непријател.

Непријателите се возеа извесно време молчејќи. Нашиот јунак бдвај дишеше; патот беше многу лош и тој потскокнуваше на секој чекор, излагајќи се на опасност да си го скрши вратот. Згора на тоа неговиот жесток непријател сè уште не се согласуваше да признае дека е победен и се мачеше да го турне во калта својот противник. И покрај сите незгоди и времето беше ужасно. Паѓаше крупен снег и се трудеше по секој начин некако да се пикне под раскопчаниот капут на господин Голјаткин. Наоколу беше матно и не се гледаше прст пред око. Тешко беше да се распознае каде и по кои улици тие јурат... На господин Голјаткин му се причини дека со него станува нешто веќе познато. Се обидуваше да се присети дали нешто не претчувствувал вчера... на сон, на пример... Најпосле неговата тага дојде до врвот на агонијата. Го налегна својот безмилосен противник и почна да вика. Но неговиот крик умираше уште на усните... Настана момент кога господин Голјаткин сè заборави и реши дека сето ова е ништо, дека е ова само онака, се случува на секој неразбирлив начин, и да се протестира против тоа би било наполно излишно и попусто... Но наеднаш, речиси во истиот момент кога нашиот јунак го правеше овој заклучок некаков груб удар ја измени сета смисла на работата. Господин Голјаткин падна од колата како врека брашно и се истркала некаде, признавајќи сосема основано додека паѓаше дека навистина и во мошне незгодно време се запали. Кревајќи се, најпосле, тој виде дека пристигнале некаде; колата стоеше во нечиј двор и нашиот јунак уште со првиот поглед забележа дека

е тоа дворот на онаа куќа во која живее Олсуфиј Иванович. Во истиот момент тој забележи дека неговиот непријател тргна кон вратата и, сигурно, кај Олсуфиј Иванович. Со неопишана мака јурна да го стигне непријателот, но, за своја среќа, навреме се предомисли. Не заборавајќи да му плати на кочијашот господин Голјаткин истрча на улица и со сета сила јурна каде што го водат очите. Снегот, како и порано вееше со крупни снежинки; како и порано беше матно, мокро и темно. Нашиот јунак не одеше, а леташе и уриваше сè на патот — селани, жени, деца, и самиот отскокнуваше како топка од жените, селаните и децата. Околу него и зад него се слушаше плашлив џагор, крцкање, крик... Но господин Голјаткин, изгледа, не беше при себе и не сакаше на ништо да се се обрнува... Дојде на себе дури кај Семјоновскиот мост и тоа затоа што успеа некако незгодно да закачи и преврти две жени со некаков багаж, а и самиот притоа падна. „Ништо, — помисли господин Голјаткин, — сето ова може некако да се сврти на подобро“ — и ја пикна раката в џеб за да ги плати со една рубља истурените медењаци, јаболки, грашок и разни други дребулии. Наеднаш нова светлина го огреа господин Голјаткин: во џебот тој го напипа писмото што утринава му го даде писарот. Кога се сети дека, меѓу другото, во близината има крчма, се стрча тој во неа и не чекајќи ниту една секунда седна на една масичка осветлена од лоена свеќа и, не обраќајќи внимание на ништо, не слушајќи го келнерот што дојде да го послужи, го скрши печатот и почна да го чита следново, што на крајот мошне го изненади:

„Благороден човеку, што страдаш за мене и што вечно си му мил на моето срце!

Јас страдам, јас пропаѓам — спаси ме! Клеветник, интригант, човек познат со своите лоши намери, ме заплетка во своите мрежи и јас пропаѓам! Паднав! Но тој ми е одвратен, а ти!... Нас нè разделуваа, ми ги читаа писмата за тебе — и сето тоа го правеше оној расипаниот, користејќи се со една добра особина — сличноста со тебе. Се разбира дека човек може да

биде грд, но да пленува со ум, силни чувства и пријатно држаље... Јас пропаѓам! Ме мажат со сила, а најголеми интриги во тоа прави мојот татко, мојот добротвор, советникот Олсуфиј Иванович, веројатно сакајќи да ги заземе моето место и моите врски во отменото друштво... Но јас се решив и протестирам со сета сила на своето суштество. Чекај ме денес со кочија, точно во девет часот, под прозорците на станот на Олсуфиј Иванович. Ние пак приредуваме бал и ќе дојде убавиот поручник. Јас ќе излезам и ние ќе летнеме. Впрочем, може да се најде и друга служба каде ќе може да ѝ се биде корисен на татковината. Во секој случај, сети се, драги, дека невиноста е јака токму со својата невиност. Збогум. Чекај ме со кочија пред влезот. Ќе се фрлам во заштита на твојата прегратка точно во два часот по полноќ.

До гробот твоја
Клара Олсуфјевна"

Штом го прочита писмото нашиот јунак остана неколку минути вцашен. Во страшна мака, страшно возбуден, блед како платно, со писмото в раце, помина тој неколку пати по собата. За да биде несреќата поголема нашиот јунак не забележи дека во овој момент беше предмет на особено внимание на сите што беа во собата. Веројатно неговата неуредна облека, очигледната возбуда, одот, или поточно речено, трчањето, гестикулирањето со двете раце, можеби неколкуте загадочни зборови, што ги изговори на ветар и несвесно — сето тоа беше, веројатно, многу лоша препорака за господин Голјаткин во очите на сите посетители; и дури келнерот почна да го гледа сомнително. Кога дојде на себе нашиот јунак забележи дека стои среде соба и речиси непристојно и неучтиво гледа во едно старче со сосема пристојна надворешност, кое, откако руча и се помоли на бога пред иконата, седна повторно и исто така не ги оттргнуваше очите од господин Голјаткин. Кога се обзрна збунето околу себе нашиот јунак виде дека сите, апсолутно сите, гледаат на него и тоа на најкобен и сомнителен начин.

Наеднаш некој офицер во оставка, со црвена јака, гласно побара „Полициски новости“. Господин Голјаткин затрепери и поцрвене: некако случајно погледна надолу и виде дека е во таква непристојна облека во каква не би смеел и дома да седи, а камоли на јавно место. Чевлите, панталоните, сета лева страна беа покриени со кал; ширитот што ги придржува панталоните под стапалата се скинал на десната нога, фракот се искинал на повеќе места. Во својата бескрајна мака се приближи нашиот јунак до масата на која читаше и виде како му пријдува слугата во крчмата со некако чуден и дрско решителен израз на лицето. Нашиот јунак се збуни, наполно се изгуби и почна да ја разгледува масата крај којашто стоеше. На масата стоеја насобрани чинии по нечиј ручек, лежеше валкана салфетка и употребен нож, вилушка и лажица. „Кој ли ручал? — си помисли јунакот наш. — Да не сум јас? Сè е возможно! Ручав, а не забележав; што да правам сега?“. Кога ги крена очите господин Голјаткин одново го виде крај себе слугата што сакаше нешто да му каже.

— Колку треба да платам, братче? — праша нашиот јунак со растреперен глас.

Гласно смеење се разнесе околу господин Голјаткин; дури слугата се насмевна. Господин Голјаткин сфати дека и тука се посрамоти и направи некоја страшна глупост. Штом го сфати сето тоа тој до таа мера се збуни што беше принуден да побара во џепот шамивче, веројатно за да работи нешто и да не стои попусто; но за неопишано свое и на околните чудење наместо шамивче извади некакво шишенце со лек, што пред четири дена му го препиша Крестјан Иванович. „Лековите во иста аптека“ — му мина во главата на господин Голјаткин... Наеднаш се стресе и одвај не викна од ужас. Нова светлина огреа... Темната, црвенкасто-одбивната течност го удри во очите господин Голјаткин со кобен одблесок... Шишенцето му испадна од рацете и веднаш се скрши. Нашиот јунак извика и отскокна два чекора назад... тој трепереше со целото тело и пот му изби на слепоочниците и челото. „Значи, животот е во опасност!“ Меѓу-

тоа во собата настана мешаница, вриење; сите се насобраа околу господин Голјаткин, сите му зборуваа, некои дури го фаќаа господин Голјаткин. Но нашиот јунак беше нем и неподвижен, ништо не гледаше, ништо не слушаше, ништо не чувствуваше... Наеднаш, како да се откина од местото, јурна надвор од крчмата, туркајќи ги сите и секого што сакаше да го задржи, речиси бесчувствено падна на првата кола што се најдоа на пат и полета во својот стан.

Во претсобјето на својот стан го сретна Михеев, канцеларискиот слуга, со службено писмо во рацете. „Знам, пријателе, сè знам, — рече нашиот измачен јунак со слаб и тажен глас, — тоа е официјално...“ Во писмото навистина имаше наредба за господин Голјаткин, со потпис на Андреј Филипович, да ги предаде на Иван Семјонович сите службени предмети што се наоѓаа кај него. Штом го зеде писмото и му даде на слугата десет копејки, господин Голјаткин влезе во својот стан и виде дека Петрушка ги приготвува и собира на еден куп сите свои крпи и партали, очевидно со намера да го остави господин Голјаткин и од кај него да премине кај Каролина Ивановна што го премами за да го замени нејзиниот Ефстафија.

ГЛАВА XII

Петрушка влезе нишајќи се, држејќи се некако чудно невнимателно и со некаков простачко-свечен израз на лицето. Се гледаше дека тој нешто намислил, сметаше дека е во право и гледаше како сосема туѓ човек, то ест како слуга на некој друг, а не како некогашен слуга на господин Голјаткин.

— Ете, ете гледаш, драги мој, — почна задишаниот наш јунак, — колку е часот, драги мој?

Петрушка молчејќи отиде зад преградата, потоа се врати и со доста слободен тон изјави дека е веќе седум и пол.

— Е, добро, драги мој, добро. Гледаш ли, драги мој... дозволи ми да ти речам, драги мој, дека меѓу нас, чинам, сега сè е свршено.

Петрушка молчеше.

— А сега, кога меѓу нас сè е свршено, кажи ми сега искрено, како на пријател кажи ми каде, братче, беше?

— Каде бев? Кај добри луѓе.

— Знам, драги мој, знам. Јас секогаш бев задоволен од тебе, драги мој, и препорака ќе ти дадам... А зошто си кај нив сега?

— Што можам, господару. И самите знаете. Познато е дека добриот човек нема да те научи на лоши работи.

— Знам, драги мој, знам. Сега добрите луѓе се ретки, драги мој; цени ги, пријателе. Па, како се тие?

— Се знае како... Само, јас кај вас, господине, не можам повеќе да служам; самите повелете да знаете.

— Знам, драги мој, знам; твојата ревност и залагање ги знам; Го гледав сето тоа, драги мој, го забележував. Јас, пријателе мој, те почитувам. Добриот и чесниот човек го почитувам па макар тој бил и слуга.

— Па, се знае! Сами знаете, секој човек, се разбира, оди каде му е подобро. Така си е тоа. Што можам. Познато е, господине, дека без добар човек не се може...

— Па добро, брате, добро, јас тоа го чувствувам... Еве ти ги, значи, твоите пари, а еве ти и препорака. Сега да се бациме, братче, да се збогуваме... А сега, драги мој, ќе те замолам за една услуга, — рече господин Голјаткин со свечен глас. — Гледаш, драги мој, сè може да се случи. Несреќата, драги мој, се крие и во позлатените палати, од неа никаде не ќе избегаш. Ти знаеш, пријателе, спрема тебе јас бев, чинам, секогаш внимателен...

Петрушка молчеше.

— Ми се чини јас секогаш бев внимателен кон тебе, драги мој... Е, а колку долна облеска имаме сега, драги мој?

— Па сè е на број. Шест платнени кошули, три чифта чорапи, четири наградника, една фанелна пот-

кошула, два чифта гаќи. Сами знаете, сè е тука. Јас, господине, од вашето ништо... Јас, господине, го чувам имотот на господарот. Јас, господине, ова... се знае... а да сум грешел — никогаш, господине, тоа и сами го знаете, господине...

— Ти верувам, пријателе, ти верувам. Не зборувам јас за тоа, пријателе, не зборувам за тоа, гледаш ли, еве што, пријателе...

— Се знае, господине; тоа ние веќе го знаеме. Еве јас, уште кога служев кај генералот Столбњаков, ме оставаа, а тие сами одеа во Саратов... имот имаа таму...

— Не сакав тоа да го речам, пријателе; јас ништо... немој ти да си помислиш нешто, драги пријателе...

— Се знае. Што има, самите знаете, таквите како нас не е тешко да се наклеветат. А од мене насекаде беа задоволни. Сум работел кај министри, генерали, сенатори, грофови. Сум бил кај сите, кај кнезот Свинчаткин, кај полковникот Переборкин, кај генералот Недобаров сум бил исто, а и кај нас на имотот доаѓаа. Се знае...

— Да, пријателе, да; добро, пријателе, добро. Еве и јас, пријателе, сега си одам... Секој си има свој пат, драги мој, и не се знае на кој пат човек ќе се најде. Па пријателе мој, дај ми сега да се облечам; да, стави го и мојот вицмундир... други панталони, чаршави, јорган, перници...

— Наредувате сето тоа да го спакувам?

— Да, пријателе, да; и одделно може да се спакува... Кој знае што може со нас да се случи. А сега, драги мој, оди побарај кочија...

— Кочија?..

— Да, пријателе, кочија, поголема и за подолго време. А ти, пријателе, немој нешто да помислиш...

— А далеку ли патувате?

— Не знам, пријателе, ни тоа не го знам. Душекот од пердуви, мислам, исто така треба да се стави. Како мислиш ти, пријателе? Јас на тебе сè оставам, драги мој...

— Зарем веднаш мислите да патувате?

— Да, пријателе, да! Така излезе... ете така е тоа, ете така, драги мој...

— Се знае, господару; ете во нашиот полк истото се случи со поручникот; таму од спахија... грабнал...

— Грабнал?.. Како! Ти, драги мој...

— Да, ја грабнал и во друго село се венчале. Сè било однапред подготвено. Имаше и потера, но кнезот, покојниот, се замеша и ја нареди работата...

— Се венчале, па... како ти, драги, откаде ти го знаеш тоа, драги?

— Па, се знае! Гласот надалеку се слуша, господине. Знаеме ние сè, господине... се разбира, којшто не грешел. А сега ќе ви речам, господине, ќе ви речам просто, по селски; кога веќе работата до таму стигнала, ќе ви речам: вие, господине, имате непријател — соперник, господине, имате, силен соперник, ете...

— Знам, пријателе, знам; и ти, драги мој, знаеш... Па ете, јас на тебе се надевам. Што да правиме сега, пријателе? Како ме советуваш?

— Еве што, господине, ако уште сега вие сте, да речеме, тргнале по тој пат, тогаш би требало и да купите некои работи — чаршави, перници, нов душек за двоен кревет, добар јорган, — можете тука долу, кај сосетката: тукашна е таа, господине, има добра бунда од лисица, можете да ја видите и да ја купите, можете веднаш да појдете и да ја видите. Сега ви е таа потребна, господине; добра бунда, господине, кожа од лисица со атлас покриена.

— Па, добро, пријателе, добро; јас сум согласен, пријателе и на тебе оставам сè; нека биде и бунда, пријателе... Само поскоро, поскоро! Жити бога, поскоро! Ќе купам и бунда, само, те молам, побрзај! Веќе е осум, побрзо, пријателе, жити бога! Што побрзо, пријателе!...

Петрушка ги остави неврзаната бовча со долна облека, перниците, јорганите, чаршавите и другите партали, што беше почнал да ги собира и врзува, и главечки се спушти надвор. Господин Голјаткин во тоа

време уште еднаш го зеде писмото — но да чита не можеше. Ја фати со двете раце својата несреќна глава и измачен се потпре на зидот. Не можеше ништо да мисли, и да работи нешто исто така не можеше; самиот не знаеше што се случува со него. Најпосле, кога виде дека времето си оди, а ниту Петрушка, ниту бундата уште ги нема, господин Голјаткин реши да појде сам. Кога ја отвори вратата од претсобјето слушна долу врева, разговор, расправии... Неколку сосетки дрдореа, викаа, расправаа, се препираа за нешто — господин Голјаткин веќе знаеше зошто. Се слушаше гласот на Петрушка, потоа се слушнаа нечии чекори. „Боже, господи! Тие сиот народ ваму ќе го соберат!“ — простенка господин Голјаткин, кршејќи си ги прстите од очајание и избега назад во својата соба. Штом втрча во собата падна речиси во несвест на диванот, со лицето в перница. Кога полежа така околу една минута тој скокна и, не чекајќи го Петрушка, си ги обу галошите, си го стави шеширот, го облече капутот, го зеде ќесето со пари и главечки потрча низ скалите. „Ништо не треба, ништо, драги мој! Јас самиот, јас сè самиот. Засега ти не си потребен, а можеби работата ќе тргне на подобро“ — му промрмори господин Голјаткин на Петрушка, кого го сретна на скалите, а потоа истрча надвор; срцето му се стегаше; тој сè уште не се решаваше... Што да прави, како да постапи во сегашнава критична ситуација...

— Да! Како да постапам, господе боже мој! И зарем сето ова мораше да се случи! — извика тој најпосле, очаен, плеткајќи се по улицата каде што го водеа очите, — зарем мораше сето ова да се случи! И да не беше ова, токму ова, сè би се наредило; наеднаш, со еден удар, со еден вешт, енергичен, јак удар би се наредило сè. Нека ми отсечат прст ако не се наредеше! И дури знам на кој начин би можело да се нареди. Еве како би се наредило: јас ова би — демек, така и така, дозволете ми, господине, да речам, ниту така, ниту онака; ќе речам, така не се работи, господине мој; милостив господине, така не се работи и со самозванство кај нас ништо не ќе постигнеш; самозванецот е, господине мој, човек, демек

непотребен и никаква полза од него нема татковината Го разбирате ли вие тоа? Демек, го разбирате ли вие тоа, ќе речам, милостив господине?! Ете така, ова, би... Но не, што е тоа... тоа воопшто не е тоа, не е тоа... Глупости зборувам, будала, самоубиец ниеден! Сепак, самоубиецу ниеден, не е сосема, ова... Меѓутоа, ти си расипан човек, ете како стојат работите!... Е, каде сега да одам? Што да правам сега со себе? Кому си му потребен ваков? Е, кому си му сега потребен, да речеме, Голјаткин ниеден, никаквецу ниеден! Па, што сега? Кочија треба да најдам; најди ја, вели, и дотерај ја ваму, демек, ноќињата ќе си ги намокри ако нема кочија... И кој би можел тоа и да го помисли? Ах, госпоѓице, ах госпо моја! Ах, девојко, со примерно поведение! Ах, ти, префалена. Се покажавте, госпоѓице, нема што, се покажавте!... А сето тоа станува поради лошо воспитување; и јас, кога го разгледав сето ова и го сфатив, гледам дека тоа нешто не доаѓа од друго, туку од неморалност. Ако во младите години ова... па и со стап некогаш, не, туку со бонбони и слатки колачи ја клукале, и стариот лично над неа цимолкал: ти си ми, вели, ваква и ваква, ти си, вели, прекрасна, за гроф ќе те мажам!... А ете каква излезе и ги покажа сега своите карти; еве, вели, како играм јас! Наместо уште од малечка да ја држеа дома, тие ја дале во пансион, кај мадам Францускиња, кај некоја си емигрантка Фалбала; и таму таа разни фини работи учела, кај таа емигрантка Фалбала, и еве што стана. Ајде сега, радувајте се!... Бидете, вели, во кочија во толку и толку часот, под прозорците, и нежна романса испејте на шпански; ве чекам и знам дека ме сакате, затоа ќе избегаме заедно ќе живееме во колиба. Па, најпосле, тоа не е дозволено; а тоа, госпоѓице моја, ако веќе зборуваме за тоа, не смее да се прави, тоа и со закон е забрането — од родителска куќа и без согласност на родителите да одведеш чесна и невина девојка! И, најпосле, зошто, и каква потреба има од тоа? Зошто не се омажи за кого што треба, кого судбината ѝ го определила, па крај! А јас сум човек чиновник, и за такво нешто не мо-

жам да си ја загубам службата; јас би можел, госпоѓице моја, на суд да одам за тоа! Ете така е тоа, ако не го знаевте! Тоа е масло на онаа Германката. Сето тоа од неа, вештерката, доаѓа, поради неа и таа каша стана. Затоа што го наклеветија човека, затоа што против него пуштија разни женски сплетки, цела комедија, по совет на Андреј Филипович — оттаму сите овие работи. Инаку, зошто би се плеткал Петрушка во ова? Каква врска има тоа со него? Што му треба тоа на никаквецот? Не, госпоѓице, јас не можам, воопшто не можам, во никој случај не можам... А вие, госпоѓице, овој пат сепак извинете. Од вас, госпоѓице, сето тоа и потекна, не потекна од Германката, туку од вас, затоа што вештерката е добра жена, затоа што вештерката не е виновна за ништо, туку сте вие, госпоѓице, вие сте виновни — така е тоа! Вие, госпоѓице, ме водите на тенок мраз... Тука човек пропаѓа, тука човек сам по себе нестанува и самиот себе не може да се задржи — каква ти тука свадба! И како сето ова ќе заврши? Скапо би платил за да разберам!...

Така размислуваше нашиот јунак во својот очај. Кога се прибра забележи дека стои во Литејната улица. Времето беше ужасно: дуваше југ, врнеше лапавица — сосема исто како во она незаборавно време, кога во страшниот полноќен час почнаа сите маки на господин Голјаткин. — „Какво ти патување! — си помисли господин Голјаткин гледајќи на времето, — тоа е крај на светот... Господе боже, каде да најдам сега кочија? Ене таму на аголот како да се црнее нешто. Да видиме, да испитаме... Господе боже!“ — повтори нашиот јунак и тргна со немоќни, несигурни чекори во правец на она место каде здогледа нешто слично на кочија. „А, еве што ќе направам: ќе отидам, ќе паднам на колена, ако се може, и ќе молам понизно. Ќе речам вака и вака, во вашите раце ја предавам својата судбина, во рацете на својот началник; ваше превосходство, ќе речам, заштитете и усреќете човек; вака и вака, работата е во тоа и тоа, незаконска постапка; не ме уништувајте, ве сметам за татко, не ме оставајте... честољубието, честа, името

и добриот глас на фамилијата спасете ги... од злосторник, од расипан човек, спасете ги... Тој, ваше превосходство, е една личност, а јас сум друга; тој си има свој пат, а јас свој, навистина по свој, ваше превосходство, верувајте ми, по свој пат одам, и така е. Ќе му речам: јас не можам да личам на него; променете, бидете милостив, наредете да се промени и уништи безбожната, самоволната замена, што е лош пример за сите, ваше превосходство. Ве сметам за татко; началниците, се разбира добрите и внимателните, треба да ги поттикнуваат ваквите побуди... Во тоа има нешто и рицарско. Ве имам, ќе речам, за добротворен началник, за татко, и ви ја поверувам својата судбина, и нема да се противам, се повлекувам и работата вам ви ја оставам... ете така ќе речам!"

— Ти, драги мој, пајтонција ли си?

— Пајтонција...

— Потребна ми е кочијата за вечерва...

— А далеку ли ќе повелите да патувате?

— За вечерва, за вечерва, па каде и да било, драги мој, било каде.

— Да не повелувате надвор од градот?

— Да, пријателе; може и надвор од градот. Јас самиот уште не знам сигурно, пријателе, не можам сигурно да ти речам, драги мој. Тоа, гледаш, драги мој, можеби ќе тргне на подобро. Сигурно, пријателе...

— Па се знае, господине, се разбира; и нека му даде господ на секого.

— Да, пријателе, да; ти благодарам, драги мој; а колку бараш, драги мој?...

— Веднаш ли тргнувате?

— Да, веднаш, то ест, не, ќе треба да почекаш на едно место... онака, малу, малу ќе почекаш, драги мој...

— Ако ме земате за сето време, по овој кијамет не можам подолу од шест рубли...

— Па добро, драги мој, добро; ќе ти платам, драги мој. А сега ајде вози ме, драги мој.

— Седнете; дозволете овде нешто малу да поправам; повелете, седнете сега. Каде повелувате?

— Кон Измаиловскиот мост, драги мој.

Кочијашот се качи на седиштето и ги потера кон Измаиловскиот мост двете мршави коњчиња што одвај се одделија од јаслите со сено. Но наеднаш господин Голјаткин го повлече гајтанот, ја застана колата и со треперлив глас замоли да сврти назад, не кон Измаиловскиот мост, туку во некоја друга улица. Кочијашот сврти во другата улица и по десет минути наемната кочија на господин Голјаткин запре пред куќата во која живееше неговото превосходство. Господин Голјаткин излезе од кочијата, го замоли усрдно својот кочијаш да причека, а самиот, со премрено срце, потрча на првиот кат, го повлече гајтанот, вратата се отвори и нашиот јунак се најде во претсобјето на неговото превосходство.

— Дали неговото превосходство е дома? — праша господин Голјаткин, обраќајќи му се на слугата што ја отвори вратата.

— А што сакате? — праша слугата, мерејќи го од глава до петици господин Голјаткин.

— Јас, пријателе, јас... јас сум чиновникот Голјаткин, титуларниот советник Голјаткин. Така и така, дојдов да се објаснам...

— Почекајте; не може...

— Пријателе, јас не можам да чекам: мојата работа е важна и не може да се одлага...

— Па, од каде доаѓате? Да не сте со некои акти?

— Не, пријателе, јас доаѓам по лична работа... Пријави, ме пријателе, кажи вака и вака, сака да се објасни. А јас нема да ти останам должен, драги мој...

— Не може. Не ми е наредено да примам; тие имаат гости, повелете утре во десет...

— Пријавете ме, драги мој, јас не можам, воопшто не можам да чекам... Вие за ова, драги мој, ќе одговарате...

— Па оди и пријави; што ти е, да не ги жалиш чизмите? — рече друг лакеј што се беше испружил на една клупа и до овој момент не прозбори ни збор.

— Само си ги кинам чизмите! Наредено е да не примам, ти добро знаеш. Нивниот ред е претпладне.

— Пријави. Нема сигурно јазикот да ти падне?

— Добро, ќе пријавам: јазикот нема да ми падне. Забрани, кога ти велам, забрани. Влезете во собата.

Господин Голјаткин влезе во првата соба; на масата стоеше часовник. Тој погледна: осум и пол. Срцето му се стегна во градите. Веќе помисли да се врати, но во тој момент долгиот лакеј застана на прагот од другата соба и силно го изговори презимето на господин Голјаткин. „Ама грло!“ — си помисли нашиот јунак, опфатен со неопишана мака... — Што не рече: вака и вака, дојде најпокорно и најпонизно да се објасни — демек... благоволете да го примите... А сега, ете, работата е расипана, сиот мој труд отиде на ветар; но... не е важно...“ Впрочем, не требаше да се размислува. Лакејот се врати, рече „повелете“ и го воведе господин Голјаткин во кабинетот.

Кога нашиот јунак влезе почувствува како да ослепел, зашто апсолутно ништо не гледаше. Сепак, пред очите му поминаа две-три фигури: „Тоа се гостите“ — му мина во главата на Голјаткин. Најпосле нашиот јунак почна јасно да распознава: орденот на црниот фрак на неговото превосходство, потоа, постепено, помина и на црниот фрак, а најпосле беше во состојба да распознае сè...

— Што има? — прозбори познат глас над господин Голјаткин.

— Титуларниот советник Голјаткин, ваше превосходство.

— Е?

— Дојдов да се објаснам...

— Како?... Што?...

— Па така. Значи, вака и вака, дојдов да се објаснам, ваше превосходство.

— Вие... па кој сте вие?...

— Го-го-сподин Голјаткин, ваше превосходство, титуларен советник.

— Е, што сакате?

— Па ете, вака и вака, ве имам како татко; се држам настрана од сè, и од непријателите заштитете ме, — ете тоа!

— Што тоа?...

— Се знае...

— Што се знае?

Господин Голјаткин молчеше; брадата почна помалу да му се тресе...

— Е?

— Јас мислев на нешто рицарско, ваше превосходство... Има нешто овде, велам, рицарско, и својот началник го сметам за татко... значи, вака и вака, заштитете ме, со со-солзи ве молам и та-таквите по-побуди тре-треба да се пот-пот-поттикнуваат...

Неговото превосходство се сврте. Нашиот јунак неколку секунди не можеше ништо да види со своите очи. Во градите го стегаше. Здивот му се губеше. Не знаеше каде стои. Чувствуваше некаков срам и му беше тешко. Господ знае што стана после... Кога дојде на себе нашиот јунак забележи дека неговото превосходство разговара ос своите гости и небаре остро и силно се расправа со нив за нешто. Еден од гостите господин Голјаткин веднаш го препозна. Тоа беше Андреј Филипович; другиот не го познаваше; впрочем, и неговото лице му беше некако познато — висока, крупна става, веќе во години, надарен со густи веѓи и бакенбарди, со остер поглед. Непознатиот имаше на вратот орден, а во устата цигара. Непознатиот пушеше не вадејќи ја цигарата од уста, значајно кимајќи со главата и одвреме навреме погледнувајќи на господин Голјаткин. На господин Голјаткин му стана некако незгодно, па го сврти погледот настрана и тогаш виде уште еден мошне чуден гостин. На вратата, која досега господин Голјаткин ја сметаше за огледало, како што и порано му се случуваше, — се појави тој — се знае кој, мошне добар познајник и пријател на господин Голјаткин. Господин Голјаткин-помладиот навистина се наоѓаше пред тоа во соседната соба, каде нешто набрзина пишуваше; сега очигледно нешто му потребало — и тој се појави со хартии подмишки, му се приближи на неговото превосходство и мошне вешто, очекувајќи да му се обрати особено внимание, успеа да се вмеша во разговорот и советувањето, фаќајќи место зад грбот на Андреј Филипович и донекаде скриен зад непознатиот што пу-

шеше цигара. Изгледа господин Голјаткин-помладиот земàше живо учество во разговорот, го следеше мошне внимателно, кимаше со главата, потропнуваше со нозете, се смешкаше, секој момент погледнуваше на неговото превосходство, небаре го молеше со погледот да му дозволи и нему да каже некој збор. „Подлец!“ — си помисли господин Голјаткин и неволно направи чекор напред. Во тоа време генералот се сврти и самиот доста нерешително се приближи кон господин Голјаткин.

— Па добро, добро; можете да си одите. Јас ќе ја разгледам вашата работа, а вас ќе наредам да ве испратат... — Тогаш генералот погледна на непознатиот со густите бакенбарди. Оној кимна со главата во знак на согласност.

Господин Голјаткин чувствуваше и сфаќаше јасно дека го сметаат за нешто друго, а не за она што би требало. „Вака или инаку, но треба да се објаснам, — си помисли тој, — вака и вака, ваше превосходство“. Тогаш, колебајќи се, ги наведна очите и, за големо негово изненадување, на чевлите од неговото превосходство виде доста голема бела дамка. „Зарем пукнале?“ — помисли господин Голјаткин. Но набрзо господин Голјаткин откри дека чевлите на неговото превосходство воопшто не пукнале, туку само силно светат — феномен што се објаснува со тоа што чевлите беа лаковани и силно блескаа. „Тоа се вика *одблесок*“ — помисли господин Голјаткин, — и тој збор се употребува особено во уметничките ателјеа, инаку тој блесок се вика *свитла ивица*“. Тогаш господин Голјаткин ги крена очите и виде дека е време да зборува, зашто работата сосема лесно можеше да тргне наопаку... Нашиот јунак направи чекор напред.

— Тој е подол и расипан човек, ваше превосходство, — рече нашиот јунак не знаејќи за себе, премирајќи од страв, но сепак смело и решително укажувајќи на својот недостоен близнак, кој во овој момент се врткаше околу неговото превосходство, — вака и вака, јас, значи, имам предвид извесно лице.

Кога господин Голјаткин го рече ова настана општо раздвижување. Андреј Филипович и непознатата личност занишаа со главите; неговото превосходство нетрпеливо и со сета сила го тргаше гајтанот од ѕвончето за да ги повика слугите. Тогаш и господин Голјаткин-помладиот истапи напред.

— Ваше превосходство, — рече тој, — понизно ве молам за дозвола да зборувам. — Во гласот на господин Голјаткин-помладиот имаше нешто крајно решително; сè на него зборуваше дека тој се чувствува наполно прав.

— Дозволете да ве прашам, — почна тој одново, испреварувајќи го со својата усрдност одговорот на неговото превосходство, и овој пат обраќајќи му се на господин Голјаткин, — дозволете да ве прашам: во чие присуство вие така се објаснувате? Пред кого стоите, во чиј кабинет се наоѓате? . . . Господин Голјаткин-помладиот беше сиот необично возбуден, сиот црвен и пламнат од негодување и гнев; дури солзи му се појавија во очите.

— Господата Басаврјукови, — извикна со сета сила лакејот појавувајќи се на вратата од кабинетот. „Убаво дворјанско презиме, по потекло од Малорусија“, — помисли господин Голјаткин и веднаш почувствува дека некој на мошне пријателски начин му се облегнал со една рака на грбот, а потоа и друга рака му се облегна на грбот; подлиот близнак на господин Голјаткин се вртеше пред него покажувајќи го патот и нашиот јунак јасно виде дека, изгледа, го водат кон големата врата на кабинетот. „Апсолутно исто како кај Олсуфиј Иванович“ — си помисли тој и се најде во претсобјето. Кога се обѕрна виде крај себе двајца лакеи на неговото превосходство и еден близнак.

— Капутот, капутот, капутот, капутот на мојот пријател, капутот на мојот најдобар пријател! — зацрцори расипаниот човек, го тргна од рацете на еден слуга капутот и го фрли право на главата на господин Голјаткин за да му се потсмее подло и пакосно. Тргајќи се од под својот капут господин Голјаткин-постариот јасно го слушна смеењето на двајцата ла-

кеи. Но веќе ништо не слушаше и не забележуваше ништо околу себе; веќе излегуваше од претсобјето и се најде на осветлените скали. А господин Голјаткин-помладиот — по него.

— Збогум, ваше превосходство! — завика тој по господин Голјаткин-постариот.

— Подлец! — прозбори нашиот избезумен јунак.

— Па нека сум и подлец...

— Расипан човек!...

— Па нека сум и расипан... — му одговараше на честиот господин Голјаткин неговиот нечесен непријател и, со карактерната за него подлост, гледаше од височината на скалите, не трепнувајќи, право во очите на господин Голјаткин, небаре молејќи го да продолжи. Нашиот јунак плукна од лутина и истрча надвор; беше како отепан и воопшто не се сеќаваше кој и како го сместил во колата. Доаѓајќи на себе тој виде дека се вози по Фонтанка. „Значи, кон Измаиловскиот мост? — си помисли господин Голјаткин... Тогаш на господин Голјаткин му се посака да помисли за нешто, но не можеше; тоа нешто беше толку ужасно што не можеше дури и да се објасни... — Но, ништо! — заврши нашиот јунак и тргна кон Измаиловскиот мост.

ГЛАВА XIII

...Изгледаше дека времето ќе се подобри. И навистина, лапавицата, што дотогаш врнеше како облаци, почна помалу да се разредува и најпосле сосема престана. Се гледаше небото и на него овде-онде затреперија ѕвездички. Но беше мокро, калливо, влажно и задушно, особено за господин Голјаткин, којшто и онака одвај дишеше. Неговиот намокрен и тежок капут му ги пробиваше сите членови со непријатна топла влага, и со својата тежина му ги сечеше и така веќе сосема изнемоштените нозе. Некакви морничави трпки, остри и боцкави како мравки, шетаа по целото неговото тело; изнемоштеноста цедеше од него студена, непријатна пот, така што господин Го-

љаткин заборави и во овој згоден случај да ја повтори, со вродената сигурност и решителност, својата сакана фраза: дека и сево ова, можеби, некако, сигурно, неминовно ќе се промени на подобро. „Впрочем, сето ова засега не е ништо“ — додаде нашиот крепок јунак, што уште не губеше надеж, бришејќи ги од лицето капките ладна вода, што течеше од сите страни на периферијата на неговиот тркалезен и до таа мера намокрен шешир, што водата не можеше повеќе да се држи на него. Штом додаде дека ова сè уште не е ништо, нашиот јунак се обиде да седне на прилично дебел трупец, што лежеше покрај купот од дрва во дворот на Олсуфиј Иванович. Се разбира, за шпански серенади и за свилени скали не можеше ни да се мисли, но за топло катче, макар и не сосема топло, но затоа пак пријатно и скришно, требаше да се мисли. Силно го соблазнуваше, патем речено, она исто катче во претсобјето на Олсуфиј Иванович, каде уште порано, речиси во почетокот на овој вистинит расказ, нашиот јунак остана два часа меѓу шкафот и старата преграда, меѓу разните домашни ситници, партали и ѓубре. Работата сепак беше во тоа што господин Голјаткин и сега стоеше и чекаше веќе цели два часа во дворот на Олсуфиј Иванович. Но што се однесува за осаменото и пријатно катче сега постоеја некои незгоди што порано ги немаше. Првата незгода беше во тоа што сигурно го имаа забележано тоа место и откако се случи онаа случка на последниот бал кај Олсуфиј Иванович беа преземени извесни мерки на претпазливост; а втората, требаше да се дочека договорениот знак од Клара Олсуфјевна, зашто бездруго мораше да постои таков некаков знак. Така се правело од секогаш, бидејќи: „ниту ние сме го почнале, ниту ние ќе го завршиме“. Тогаш господин Голјаткин се сети за некој роман што одамна го имаше читано, во кој главната женска личност му го дава договорениот знак на Алфред во наполно исти околности, врзувајќи на прозорецот една розова кордела. Но розова кордела сега, ноќе, и во петроградската клима, позната по влагата и честите промени, не доаѓаше предвид, подобро речено, беше сосема не-

возможна. „Не, нема ни збор за свилени скали, — помисли нашиот јунак, — а подобро јас овде, онака скриено, притаено... подобро, на пример, да застанам овде". — И си одбра местенце во дворот, спроти прозорецот, крај купчето од наредени дрвца. Се разбира, низ дворот минуваа многумина — форајтери, пајтонции; згора на тоа трескаа тркала, фрчеа коњи итн.; сепак местото беше удобно: дали ќе го забележат или не, но барем е згодно тоа што работата станува во сенка, и господин Голјаткин никој не го гледа, додека тој може да ги види сите. Прозорците силно светеа; кај Олсуфиј Иванович имаше некаков свечен собир. Музика, впрочем, сè уште не се слушаше. „Значи, не е бал, туку се собрале онака, поради некоја друга причина, — помисли нашиот јунак речиси премирајќи. — Впрочем, дали е тоа токму денес? — му светна во главата, — да не сум го згрешил датумот? Возможно е сè е возможно... Ете така може сè да биде... Можеби писмото е вчера пишувано, а до мене не стигнало затоа што се замешал Петрушка, никаквец ниеден! Или е напишано утре, то ест, што ми е мене... но требаше сè да направам утре, то ест да чекам со кочијата..." Нашиот јунак оттрпна сиот и брцна во џебот по писмото за да се убеди. Но за негово големо изненадување писмото го немаше во џебот. „Како тоа? — прошепоти господин Голјаткин, ни жив, ни мртов, — каде ли сум го ставил? Значи, сум го загубил? Уште тоа ми требаше! — простенка најпосле. — Ако попадне во лоши раце? (Можеби веќе попаднало! Господе боже! Што ќе стане со сево ова? Ќе стане такво нешто што... О, судбино клета!" Господин Голјаткин како лист затрепери кога си помисли дека, можеби, неговиот неморален близнак, фрлајќи му го капутот на глава, имаше намера да му го украде писмото, за кое некако разбрал, најверојатно од непријателите на господин Голјаткин. „Тој и така има обичај да си зема, — помисли нашиот јунак, — а докази... ама какви докази!..." По првиот напад и вцашеност од ужасот на господин Голјаткин му јурна крвта в глава. Со стенкање и крцкање на забите се фати тој за жешката глава, падна на оној

трупец и почна да мисли за нешто... Но никако не можеше да ги поврзе мислите. Му минуваа низ главата некакви лица, час нејасно, час остро, се присеќаше за некои одамна заборавени настани, во главата му се мешаа некои мелодии на глупави песни... Мака, неприродна мака го притискаше! Господе боже мој! — помисли малу прибраниот наш јунак, задржувајќи во градите тешко липање, — дај ми душевни сили во бескрајната длабочина на мојата несреќа! Дека сум пропаднат, дека ме нема веќе — за тоа нема никакво сомневање и тоа е сè во ред, бидејќи поинаку и не може да биде. Прво, го изгубив местото, сигурно го изгубив, невозможно е да не сум го изгубил... Но, да речеме, тоа некако ќе се нареди. Да речеме парите ќе ми стасаат за прво време, друг стан некој ќе си најдам, некој друг мебел... Пред сè Петрушка нема да биде со мене. Ќе поминам и без тој неранимајко... како потстанар, и мирна глава! Си доаѓам и одам кога сакам, го нема Петрушка да мрмори што доцна си доаѓам — ете така ќе биде и ете зошто е добро да си потстанар... Во крајот на краиштата, да речеме, сето тоа ќе биде добро, само, како тоа јас воопшто не зборувам за она што треба, зборувам за сосема трети работи?“ Потоа на господин Голјаткин повторно му светна во умот мислата за сегашната ситуација. Тој се обзрна околу себе. „О, господе боже! Господе боже мој! Па за што јас сега зборувам?“ — си помисли тој, наполно се збуни и се фати за жешката глава...

— Дали скоро, господине, ќе повелите да тргнеме? — се слушна глас над господин Голјаткин. Господин Голјаткин се стресе; пред него стоеше неговиот кочијаш, и тој покиснат до кожа, изземнат, па од нетрпение и од долго чекање му падна на ум да sирне на господин Голјаткин зад дрвата.

— Јас, пријателе, ништо... јас, пријателе, брзо, веднаш, а ти почекај...

Кочијашот си отиде мрморејќи нешто за себе. „Што ли мрмори? — си помисли господин Голјаткин ронејќи солзи. — Па нели го зедов за цела вечер и сега, ова... имам право... така е тоа! За цела ве-

чер го зедов и — готово! Макар и вака да стои исто му се фаќа. Сè зависи од мене. Сакам — одам, сакам — не одам. А што овде зад дрвата стојам, тоа воопшто не е важно... нема што да зборуваш; демек, господинот сака да стои зад дрвата — и стои, ничија чест не валка — така си е тоа! Така си е тоа, госпоѓице моја, ако сакате да знаете. А во колиба, госпоѓице моја, ви велам, вака и вака, во наше време никој не живее. Така си е тоа! А без невиност во нашето индустриско време, госпоѓице моја, нема ништо да постигнете, за што вие самите можете да послужите како опасен пример. Значи, треба да се служи како шеф на канцеларија во суд и да се живее во колиба на морскиот брег. Како прво, госпоѓице моја, на морскиот брег нема шефови на канцеларии, а како второ, вие и јас тешко би можеле да стигнеме до шеф на канцеларија. Зашто, да речеме, на пример, доаѓам јас и поднесувам молба, вака и вака, велам, сакам, демек... да бидам шеф на канцеларија... а вие притоа ме заштитувате од непријателите... а на вас ќе ви речат, госпоѓице, демек... шефови на канцеларии има многу, а вие да не сте овде кај емигрантката Фалбала, при која сте се учеле на невиност, за што сега самите сте заразен пример. Невиност, госпоѓице, значи: да се седи дома, да се почитува таткото и да не се мисли за младоженец предвреме. Младоженец, госпоѓице, ќе се најде кога за тоа ќе дојде време, така си е тоа! Збор да нема, разни вештини треба да се знаат, како на пример: понекогаш да се свири на пијано, да се зборува француски, да се знае историја, географија, веронаука и аритметика — така си е тоа! Повеќе не е потребно. Освен тоа и кујната; и кујната бездруго спаѓа во надлежност на секоја чесна девојка! А вие, што правите? Прво, убавице моја, милостива госпоѓице, нема да ве пуштат, туку ќе испратат потера по вас, ќе ве грабнат и — во манастир! И што тогаш, госпоѓице моја? Што би требало тогаш јас да правам? Да не сакате по примери од некои глупи романи да доаѓам на блиското ритче и да се топам во солзи гледајќи во мрачните зидишта на вашата темница, и да умрам најпосле по углед на некои лоши

германски поети и романописци — така ли е, госпоѓице? Меѓутоа, како прво, дозволете ми пријателски да ви речам дека тоа така не се прави, а како второ, и вас, и вашите родители добро би ги натепал затоа што ви дозволиле да читате француски книги; бидејќи француските книги на добри работи нема да ве научат. Тоа е отров... смртоносен отров, госпоѓице моја! Или вие мислите, дозволете да ве прашам, или вие мислите дека ние, вака и вака, ќе избегаме неказнето, па... демек, би сакале и колибата на морскиот брег, и да почнеме да гукаме, да разговараме за разни чувства и така го поминеме сиот живот во изобилие и среќа; и потоа ќе добиеме пиленце, па, демек... вака и вака, татко наш и виш советнику Олсуфие Иванович, еве, демек, добивме пиленце, па по повод овој среќен настан повлечете го проклетството и благословете го брачниот пар. Не, госпоѓице, пак ви велам, не одат така работите, и прво е тоа што гукање нема да има, не надевајте се. Денеска мажот, госпоѓице моја, е господар, а добро и убаво воспитаната жена треба да му угодува во сè. И нежности, госпоѓице, денес не сакаат, во нашето индустриско време. Помина, значи, времето на Жан-Жак Русо. Мажот денес, на пример, доаѓа гладен од работа, демек, вели: има ли, душичке, нешто да се касне, малу вотка да пивнам, со харинга да се замезам? Вие, госпоѓице, секогаш треба да имате подготвено вотка и харинга. Мажот ќе се замези со апетит и на вас нема ни да погледне, а ќе рече: оди, демек, мече, во кујната, погледај го ручекот; и кој знае дали во неделата еднаш ќе ве баци, па и тоа рамнодушно... Ете така си е тоа, госпоѓице, така се работи кај нас, ако веќе за тоа зборуваме и ако така се гледа на работата... И каква врска јас имам со тоа? Зошто, госпоѓице, ме имате замешано во своите каприци? „Демек, добротворе мој, што страдаш заради мене, човече, за секогаш мил на моето срце, и така натаму“. Како прво, госпоѓице, јас и не сум за вас, сами знаете дека не сум мајстор на комплименти, дека не сакам да зборувам разни намирисани глупости, дека не обраќам внимание на умилкувањето, а и со својата

става, си признавам, не би можел да се гордеам. Лажно фалење и срам кај мене не ќе најдете; ви ја признавам сега мојата искреност. Демек, работата е таква, имам само отворен и искрен карактер и здрав ум; а со интриги не се занимавам. Јас не сум интригант и со тоа се гордеам — ете така е тоа!... Се движам меѓу добри луѓе без маска, и да ви кажам..."

Наеднаш господин Голјаткин се стресе. Лисестата и наполно мокра брада на неговиот кочијаш пак sирна кај него зад дрвата...

— Јас веднаш, пријателе; знаеш, пријателе, јас веднаш, еве, за секунда, — одговори господин Голјаткин со растреперен и немоќен глас.

Кочијашот си го почеша тилот, потоа си ја измазни брадата, потоа направи еден чекор назад... застана и недоверливо погледна на господин Голјаткин.

— Сега, пријателе, јас, гледаш... пријателе мој... јас малу, гледаш, пријателе, јас овде само секунда... гледаш, пријателе...

— Можеби воопшто нема да одите? — рече најпосле кочијашот, решително и конечно придувајќи му на господин Голјаткин...

— Не, пријателе, јас веднаш. Јас, гледаш, пријателе, чекам...

— А, така...

— Јас, гледаш, пријателе... Од кое си село, драги мој?

— Ние сме спахиски...

— Добар ли ви е спахијата?...

— Онака...

— Да, пријателе. Почекај ти овде, пријателе. Гледаш ли, пријателе, а ти одамна ли си во Петроград?

— Веќе година возам...

— И добро ли ти е, пријателе?

— Па, така.

— Да, да, пријателе. Заблагодари му на провидението, пријателе. Ти, пријателе, добар човек да бараш. Денес добрите луѓе станаа ретки, драги мој; тој ќе те испере, нахрани, напои, драги мој — тој, добриот човек... А понекогаш ќе видиш дека и при

злато се леат солзи, пријателе... ќе видиш жалосен пример; така е тоа, драги мој...

На кочијашот како да му стана жал за господин Голјаткин.

— Па добро, ќе почекам. А долго ли ќе чекате?

— Не, драги мој, не; јас, знаеш... јас повеќе и нема да чекам. Што мислиш ти, пријателе? Јас ти верувам. Повеќе нема да чекам...

— Можеби воопшто нема да одите?

— Не, пријателе, не. А јас ќе ти платам, пријателе... ете така. Колку ти должам, драги мој?

— Па колку што се пазаревме, господине, толку и дајте. Чекав, господине, доста време; а вие немојте да му сторите непријатност на човека, господине.

— Па, еве ти, драги мој, еве ти. — Господин Голјаткин му даде шест рубли на кочијашот и сериозно решен да не губи повеќе време, то ест да си оди додека е жив и здрав, дотолку повеќе што работата беше веќе наполно решена и кочијашот отпуштен, па спрема тоа немаше што повеќе да се чека — јурна од дворот, излезе зад портата, сврте налево и не свртувајќи се, задишан и радосен, се спушти да трча. „Тоа, можеби, ќе тргне сè на подобро, — си помисли тој, — јас и на овој начин се имам спасувано од несреќи“. Навистина, на господин Голјаткин му стана наеднаш некако необично лесно на душата. „Ех, кога би тргнало сè на подобро! — си помисли нашиот јунак и самиот, впрочем, малу верувајќи им на своите зборови. — Еве јас, ова... — мислеше тој. — Не, подобро вака да направам, и од друга страна... Или подобро е да направам инаку?...“ Додека се колебаше вака и бараше клуч за решение на своите сомневања нашиот јунак дотрча до Семјоновскиот мост, а штом стигна до Семјоновскиот мост, се реши конечно и разумно да се врати. „Така е подобро, — помисли тој. — Јас подобро од другата страна, то ест, еве вака. Ќе бидам таму како набљудувач, па крај; демек, јас сум набљудувач, незаинтересирано лице — и готово; и што и да се случи — јас не сум виновен. Ете така! Токму така и ќе биде сега“.

Штом реши да се врати, нашиот јунак и навистина се врати, дотолку повеќе што имаше среќна мисла да остане сега само како набљудувач „Така е подобро, — си помисли тој, — не одговараш за ништо, а ќе видиш што треба... ете така! То ест сметката му беше најточна и ставаше точка на сè. Штом се успокои се засолна пак под тивката закрила на својот мирен и сигурен куп дрва, и почна внимателно да гледа во прозорците. Овој пат не мораше да гледа и чека долго. Наеднаш во сите прозорци истовремено се покажа некакво необично движење, се појавија силуети, се отворија завесите, цели групи луѓе се тискаа на прозорците на Олсуфиј Иванович; сите нешто бараа и разгледуваа во дворот. Заштитен од својот куп дрва и нашиот јунак исто така почна љубопитно да ја следи општата мешаница и со интересирање ја истргаше главата налево и надесно, колку што му дозволуваше кусата сенка од купот дрва што го криеше. Наеднаш тој се здрви, затрепери и одвај не седна на место од ужас. Му се стори, подобро речено, се сети дека оние таму не бараат некого или нешто, туку го бараат токму него, господин Голјаткин. Сите гледаат кон него, сите покажуваат на таа страна. Да избега не можеше — ќе го забележат... Здрвениот господин Голјаткин се прилепи колку што можеше посилно кон дрвата и дури тогаш забележа дека нивната предавничка сенка го измами, дека не го покриваше сиот. Со најголемо задоволство би се согласил сега нашиот јунак да се пикне меѓу дрвата во некоја глувчешка дупка. Но тоа беше апсолутно невозможно. Во својата агонија почна тој најпосле решително и право да гледа во сите прозорци истовремено, така е и подобро... И наеднаш пропадна од срам. Го видоа јасно, сите наеднаш го видоа, сите му мавтаа со раце, сите му кимаа со главите, сите го викаа. Крцнаа и се отворија неколку прозорчиња за проветрување, неколку гласови почнаа истовремено да му викаат нешто... „Се чудам зошто тие девојчишта не ги тепаат уште од малечки“ — мрмореше за себе јунакот наш, сосема изгубен. Наеднаш од тремот стрча тој (се знае кој) само по мундир, гологлав, зади-

шан, ситно одејќи и потскокнувајќи, покажувајќи вероломно најужасна радост за тоа што најпосле го видел господин Голјаткин.

— Јакове Петрович, — зацрцори познатиот по својата ништожност човек. — Јакове Петрович, тука ли сте? Ќе настинете. Тука е ладно, Јакове Петрович. Повелете внатре.

— Јакове Петрович! Не, не, јас само така, Јакове Петрович, — промрмори нашиот јунак со понизен глас.

— Не, не може така, Јакове Петрович: тие ве молат, најпокорно ве молат, нè чекаат. „Усреќете нè, велат, и доведете го ваму Јакова Петрович". Ете така.

— Не, Јакове Петрович; јас, гледате ли, јас подобро би сторил... Подобро дома да си одам, Јакове Петрович... — зборуваше нашиот јунак, горејќи на тивок оган и смрзнувајќи се од срам и ужас истовремено.

— Не-не-не-не! — зацрцори одвратниот човек. — Не-не-не, по никој начин! Да одиме! — рече тој решително и го повлече кон влезот господин Голјаткин-постариот. Господин Голјаткин-постариот сакаше воопшто да не оди, но бидејќи сите гледаа, и да се противи и прави инает би било глупо, нашиот јунак тргна; воопшто не знаеше што се случува со него и затоа не може да се рече дека тргна. Но штом тргнало нека оди!

Пред да успее нашиот јунак да се поврати и дојде на себе се најде во сала. Тој беше блед, разбушавен, измачен; со матните очи ги разгледа сите и — ужас! Салата, сите соби, — сè беше преполно. Мноштво луѓе, дами — цела оранжерија; сите се тискаа крај господин Голјаткин, сите итаа кон господин Голјаткин, сето тоа го изнесуваше господин Голјаткин на раменици, којшто јасно забележи дека го туркаат на некоја страна. „Сигурно не е кон вратата", — му светна во главата на господин Голјаткин. Навистина не го туркаа кон вратата, туку кон удобната фотелја на Олсуфиј Иванович. Крај фотељата од едната страна стоеше Клара Олсуфјевна, бледа, уморна, тажна, но богато облечена. На господин Голјаткин особено

му го привлекоа вниманието белите цветчиња во нејзината црна коса, што правеше вонреден впечаток. Од другата страна за фотељата се држеше Владимир Семјонович, во црн фрак, со својот нов орден во дупчето. Господин Голјаткин го водеа под рака и, како што беше веќе речено, право кон Олсуфиј Иванович — од едната страна го водеше господин Голјаткин-помладиот, што беше си ставил маска на невиност и добронамерност и што нашиот јунак бескрајно го израдува, а од другата страна беше Андреј Филипович со најсвечен израз на лицето. „Што значи ова?“ — си помисли господин Голјаткин. Кога виде дека го водат кон Олсуфиј Иванович како молња да му светна пред очите. Низ главата му мина мислата дека го имаат фатено писмото. Со неопишана мака застана нашиот јунак пред фотељата на Олсуфиј Иванович. „Што да правам сега?“ — си помисли тој. Се разбира, тој ќе истапи смело, то ест отворено, но истовремено и благородно; вака и вака, ќе рече, итн. Но од она што се плашеше нашиот јунак не се случи. Олсуфиј Иванович го прими многу убаво господин Голјаткин и макар што не му пружи рака, сепак, гледајќи го, заврте со својата бела, достојна за почит глава — заврте некако свечено и тажно, но и благонаклоно. Така барем му се стори на господин Голјаткин. Нему дури му се стори дека во матниот поглед на Олсуфиј Иванович блесна солза; тој ги крена очите и виде дека и на клепките на Клара Ивановна, која стоеше тука, како да блесна солзичка; па и во очите на Владимир Семјонович како да имаше нешто слично; најпосле и непоколебливото и спокојно достоинство на Андреј Филипович беше во согласност со општото сочувство и солзи, а оној младич, што некогаш толку личеше на важен советник, горчливо плачеше користејќи го овој момент... Или сето ова можеби само му се стори на господин Голјаткин, затоа што тој самиот се расплака и јасно чувствуваше како жешките солзи му течат по ладните образи. Со глас полн со липање, помирен со луѓето и судбината, сакајќи го во овој момент не само Олсуфиј Иванович, не само сите негови гости, но дури и својот злобен близнак, што сега,

изгледа, воопшто не беше злобен, па дури не беше и близнак на господин Голјаткин, туку сосема туѓ и многу љубезен човек, — му се обрати нашиот јунак на Олсуфиј Иванович, сакајќи да ја излее трогателно својата душа; но преполн од сето што се насобра во него, не можеше ама баш ништо да објасни, а само со мошне красноречив гест молчејќи покажа на своето срце... Најпосле Андреј Филипович, веројатно сакајќи да ја поштеди чувствителноста на седиот старец, го тргна малу настрана господин Голјаткин, го остави слободен, впрочем, во наполно независна положба. Насмевнувајќи се и мрморејќи си нешто за себе, колебајќи се по малу, но речиси наполно помирен со луѓето и судбината, нашиот јунак почна да се пробива некаде низ густата маса гости. Сите му правеа пат, сите гледаа на него со некакво чудно љубопитство и со некакво несфатливо, загадочно сочувство. Нашиот јунак помина во другата соба — истото внимание насекаде; нејасно чувствуваше како целата толпа се тиска по него, како гледаат на секој негов чекор, како кришум сите меѓусебно расправаат за нешто мошне интересно, нишаат со главите, зборуваат, разгледуваат и шепотат. На господин Голјаткин мошне многу му се сакаше да узнае за што тие толку расправаат и шепотат. Се обрна нашиот јунак и го забележа крај себе господин Голјаткин-помладиот. Откако почувства потреба да го фати за рака и да го одведе настрана, господин Голјаткин на најубедлив начин го замоли другиот Јаков Петрович да му помага во сите идни акции и да не го напушта во критични случаи. Господин Голјаткин-помладиот важно кимна со главата и цврсто му ја стегна раката на господин Голјаткин-постариот. Му се разигра од изблик на чувства срцето на нашиот јунак. Впрочем, тој се задишуваше, чувствуваше дека нешто го притиска, притиска; дека сите тие очи што се насочени кон него некако го притискаат и задушуваат... Господин Голјаткин патем го виде оној советник што носеше перика. Советникот гледаше на него со строг, испитувачки поглед што општото сочувство ни најмалку не го смекнуваше... Нашиот јунак, значи, реши да

отиде кај него за да му се насмевне и веднаш да се објасни со него, но работата некако не одеше. Во еден момент господин Голјаткин речиси сосема се загуби, се лиши од свест и чувства... Кога дојде на себе виде дека се врти во широк круг на гости што го окружиле. Наеднаш од другата соба го повикаа господин Голјаткин; повикот одекна низ целата толпа. Сите се раздвижија, сите дигнаа врева, сите јурнаа на вратата од првата сала, нашиот јунак го изнесоа речиси на раце, при што суровиот советник со перикаата се најде веднаш до господин Голјаткин. На крајот го зеде за рака и постави крај себе, спроти фотељата на Олсуфиј Иванович, впрочем, на прилично растојание од него. Сите што беа во собите наседнаа во неколку реда околу господин Голјаткин и Олсуфиј Иванович. Сè се стиши, смири, настана сеопшта свечена штама, сите гледаа во Олсуфиј Иванович, очигледно очекувајќи нешто необично. Господин Голјаткин забележа дека крај фотељата на Олсуфиј Иванович и наспрема советникот седат другиот господин Голјаткин и Андреј Филипович. Штамата продолжуваше, нешто навистина се очекуваше. „Апсолутно исто како во некое семејство кога испраќаат некого на далечен пат; сега треба само да станат и да се помолат на бога“ — си помисли нашиот јунак. Наеднаш настана некаква необична мешаница што ги прекина сите размислувања на господин Голјаткин. Се случи нешто што одамна се очекуваше. „Доаѓа, доаѓа!“ — се разнесе низ толпата. „Кој доаѓа?“ — се разнесе во главата на господин Голјаткин и тој трепна од некакво чудно чувство. „Време е!“ — рече советникот, откако внимателно погледна во Андреј Филипович. Андреј Филипович од своја страна погледна во Олсуфиј Иванович. Важно и свечено кимна со главата Олсуфиј Иванович. „Да станеме“ — рече советникот, кревајќи го господин Голјаткин. Сите станаа. Тогаш советникот го фати за рака господин Голјаткин-постариот, а Андреј Филипович господин Голјаткин-помладиот, и свечено ги составија двајцата наполно слични човека среде толпата што ги окружуваше во напнато исчекување. Нашиот јунак со недоумевање погледна околу себе, но

веднаш го запреа и покажаа на господин Голјаткин-помладиот, којшто му пружи рака. „Сакаат да нѐ по-лират“ — помисли нашиот јунак и трогнат му пружи рака на господин Голјаткин-помладиот; потоа ја подаде и својата глава кон него. Истото го стори и другиот господин Голјаткин... Тогаш на господин Голјаткин-постариот му се причини дека неговиот подмолен пријател се насмевнува и дека брзо и шмеќарски ѝ намигна на сета онаа толпа што ги окружува, дека има нешто кобно во лицето на господин Голјаткин-помладиот и дека дури некаква гримаса во моментот на својата Јудина целувка... Во главата на господин Голјаткин почна да му бучи, пред очите му се смрачи, му се стори дека огромна маса, цела низа сосема исти Голјаткини со врева насилно се втурнуваат од сите врати на собата; но веќе беше доцна... Звучен предавнички бакнеж се слушна, и...

Тогаш настана сосема неочекувана ситуација... Вратата за во салата со тресок се отвори и на прагот се појави човек, чијашто појава го здрви господин Голјаткин. Нозете како да му зараснале за земја. Крик замре во неговите стегнати гради. Впрочем, господин Голјаткин знаеше сѐ однапред и одамна веќе претчувствуваше нешто слично. Непознатиот важно и свечено му се приближуваше на господин Голјаткин. Господин Голјаткин ја познаваше мошне добро оваа фигура... Тој често ја гледаше, мошне често ја гледаше, дури и денес ја виде... Непознатиот беше висок, набиен човек, во црн фрак, со закачен крст на вратот и надарен со густи, мошне црни бакенбарди; му недостасуваше само цигара во устата за да биде сосем ист... Погледот на непознатиот, како што веќе рековме, ужасно го здрви господин Голјаткин. Со важен и свечен израз пријде страшниот човек кон несреќниот јунак на нашиот расказ... Нашиот јунак му пружи рака; непознатиот ја зеде неговата рака и го повлече со себе... Со изгубено, шашардисано лице погледна околу себе нашиот јунак...

— Тоа е, тоа е Крестјан Иванович Рутеншпиц, доктор по медицина и хирургија, ваш дамнешен познајник, Јакове Петрович! — зацрцори нечиј одбивен

глас над самото уво на господин Голјаткин. Тој се сврти: тоа беше одвратниот, исполнет со подли душевни особини близнак на господин Голјаткин. Пакосна и злобна радост светеше во неговото лице; тој со воодушевување си ги триеше рацете, со воодушевување ја вртеше на страна главата, со воодушевување се врткаше околу сите; се чинеше дека е готов да заигра од воодушевување; најпосле тој потскокна напред, грабна свеќа од рацете на еден од слугите и тргна напред осветлувајќи им го патот на господин Голјаткин и Крестјан Иванович. Господин Голјаткин јасно слушаше како сите што беа во салата нагрнаа по нив, се туркаа, се задушуваа еден друг, и сите заедно, во еден глас, почнаа да повторуваат по господин Голјаткин: „дека тоа не е ништо; не плашете се, Јакове Петрович, па тоа е вашиот стар пријател и познајник Крестјан Иванович Рутеншпиц . . .“ На крајот излегоа на свечените, силно осветлени скали; и на скалите имаше многу народ; со тресок се отвори влезната врата и господин Голјаткин се најде на влезот заедно со Крестјан Иванович. Пред влезот стоеше кочија со четири коња кои фрчеа од нетрпение. Злорадиот господин Голјаткин-помладиот стрча по скалите во три скока и сам ја отвори кочијата. Крестјан Иванович со убедлив гест го замоли господин Голјаткин да седне. Впрочем, убедливиот гест не беше потребен; имаше доста свет што го тераше да влезе . . . Премирајќи од ужас господин Голјаткин се сврте назад: сета силно осветлена скала беше покриена со народ; од сите страни гледаа во него љубопитни погледи; Олсуфиј Иванович лично претседаваше на најгорното стојалиште од скалите, во својата удобна фотелја, и внимателно и со длабоко сочувство следеше на сè што станува. Сите чекаа. Нетрпелив џагор пролета низ толпата кога господин Голјаткин се сврти назад.

— Јас се надевам дека тука нема ништо . . . ништо за осуда . . . или нешто што би можело да предизвика строгост . . . и внимание на сите, во поглед на моите службени односи? — рече загубено нашиот јунак. Шум и џагор се дигнаа наоколу; сите одречно ги

занишаа главите. Солзи потекоа од очите на господин Голјаткин.

— Во таков случај јас сум готов... јас наполно му се доверувам... и му ја предавам својата судбина на Крестјан Иванович...

Штом господин Голјаткин рече дека му ја предава наполно својата судбина на Крестјан Иванович, страшен, заглушувачки, радосен крик се истргна од сите што го окружуваа и како најзлокобен одјек помина по толпата што чекаше. Тогаш Крестјан Иванович од една страна и Андреј Филипович од друга го зедоа под рака господин Голјаткин и почнаа да го седнуваат во кочијата; двојникот пак, по својот подол обичај, помагаше одзади. Несреќниот господин Голјаткин-постариот фрли последен поглед на сите и на сè, и тресејќи се како маче што го потуриле со ладна вода — ако може да се допушти ова споредување — влезе во кочијата; веднаш по него седна и Крестјан Иванович. Вратата на колата се затвори; се слушна удар на камшик по коњиѓе, коњите ја повлекоа кочијата... сè се спушти по господин Голјаткин. Продорни, бесни крикови на сите негови непријатели забучеа по него како за добар пат. Извесно време некакви лица се меркаа покрај колата што го возеше господин Голјаткин; но малу по малу почнаа да заостануваат и на крајот сосема ги снема. Најдолго издржа пакосниот близнак на господин Голјаткин. Со раце во џеповите на своите зелени панталони трчаше тој со задоволно лице, покажувајќи се час од едната, час од другата страна на кочијата; понекогаш се фаќаше дури и за рамката на прозорецот и овиснуваше на неа, ја залепуваше на прозорецот својата глава и во знак на проштевање му испраќаше на господин Голјаткин бакнежи; но и тој почна да се уморува, се појавуваше сè поретко и поретко, и најпосле сосема исчезна. Тешко го стегаше срцето господин Голјаткин; крвта како жежок извор му удираше во главата; му беше задушно, сакаше да се раскопча, да ги разголи градите, да ги истрие со снег и полее со ладна вода. Најпосле тој падна во заборав... Кога дојде на себе виде дека коњите го носат по некој непознат

пат. Оддесно и одлево се црнееше шума; беше глуво и пусто. Наеднаш тој премре: две пламени очи гледаа во мракот во него, и со злокобна, пеколна радост блескаа тие очи. Тоа не е Крестјан Иванович! Кој е тоа? Или е тоа тој? Тој! Тоа е Крестјан Иванович, но не поранешниот, туку друг Крестјан Иванович! Тоа е страшен Крестјан Иванович!...

— Крестјане Иванович, јас... јас, чинам, ништо, Крестјане Иванович, — почна плашливо и тресејќи се нашиот јунак, трудејќи се со покорност и смиреност макар малу да го смилостиви страшниот Крестјан Иванович.

— Вие добивте државен стан, со дрва, осветление и послуга, за што не сте достоен, — строго и ужасно, како пресуда, одекна одговорот на Крестјан Иванович.

Нашиот јунак извикна и се фати за глава. Ах! Тој одамна го претчувствуваше ова!

СОДРЖИНА

Фјодор Михајлович Достоевски 5
Бедни луѓе 43
Двојник 189